**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет-Скопје**

**Институт за историја**

# Византија и Русија од појавата на Руситe до смртта на Владимир

(Магистерски труд)

Ментор:

Проф. д-р Александар Атанасовски

Кандидат:

Иле Велков

Бр. на индекс 4961/16

**Скопје, 2018**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД.......................................................................................................................стр. 4**

**ГЛАВА I: НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВИЗАНТИЈА ВО VIII ВЕК.......................................................................................................................стр. 11**

1.1 Византија и соседите.......................................................................................стр. 11
1.2 Формирање на руската држава.........................................................................стр. 26

**ГЛАВА II: ПРВИТЕ КОНТАКТИ НА ВИЗАНТИЈА СО РУСИТЕ.............стр. 40**

2.1 Првите руски напади на византиски територии............................................стр. 40
2.2Пратеништвото на Русите во Византија и во Франечката држава 838-839 година.......................................................................................................................стр. 51
2.3 Првиот руски напад на Константинопол.........................................................стр. 56
2.3.1 Хазарската мисија..........................................................................................стр. 70

**ГЛАВА III: НАПАДИТЕ НА РУСКИТЕ КНЕЗОВИ НА КОНСТАНТИНОПОЛ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА X ВЕК...................................................................стр. 77**

3.1 Нападот на кнезот Олег во 907 година............................................................стр. 77
3.2 Првиот напад на кнезот Игор во 941 година...................................................стр. 90
3.3 Вториот напад на кнезот Игор во 943 година..................................................стр. 99

**ГЛАВА IV: ВИЗАНТИЈА И РУСИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА X ВЕК.....................................................................................................................стр. 108**

4.1 Кнегињата Олга во Константинопол..............................................................стр. 108
4.2 Војната на Византија со кнезот Свјатослав.....................................................стр. 127
4.3 Византија и кнезот Владимир............................................................................стр. 143
4.3.1 Покрстувањето на Киевска Русија.............................................................стр. 158

**ГЛАВА V: КУЛТУРНИТЕ ВРСКИ МЕЃУ ВИЗАНТИЈА И РУСИЈА.........стр. 173**

5.1 Културните врски меѓу Византија и Русија......................................................стр. 173

**ЗАКЛУЧОК.....................................................................................................стр. 180**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.........................................................................стр. 188**

**ВОВЕД:**

За односите помеѓу Источната Римска Империја, попозната како Византија* и младата Киевска држава, позната како Киевска Русија, во науката досега е посветено големо внимание и се издадени бројни трудови кои се занимаваат со оваа проблематика.

Со помош на аналитичкиот (внатрешна и надворешна анализа) и критичкиот метод ќе ги анализираме и истражиме изворите и научната литература поврзана со проблематиката која е предмет на проучување во овој труд. Со методот на синтеза ќе се обидеме поединечните елементи да ги поврземе во една целина со цел да се добие една општа слика за темата која е предмет на обработка. Споредувајќи ги историските факти кои се одвивале во дадениот период (крај на VIII – почеток на XI век) ќе направиме директни паралели помеѓу двете држави. Воедно со компарацијата, односно споредувањето на историските факти истовремено ќе добиеме историска реконструкција на состојбите во двете држави поединечно. Преку анализираните поединечни елементи ќе се обидеме да добиеме претстава за општите случувања и состојби и во едната и во другата држава.

Предмет на истражување во овој труд се византиско-руските односи кои со сигурност може да се каже дека започнале во првата половина на IX век, односно во 838-839 г. кога во Константинопол, а потоа и во Франечката држава, дошле руски пратеници. Најнапред ќе се обидеме да дадеме една општа слика за Византија во VIII век, почнувајќи од времето на императорот Лав III Исаврицот, па сè до симнувањето на императорката Ирина од престолот, односно од 717 до 802 г. Потоа ќе напоменеме за почетоците на

---

*Терминот Визанtија со кој се означува Источната Римска Империја, првпат бил употребен во 1557 г. од германскиот историчар Ероним Волф (*Hieronymus Wolf* ) кога го објавил своето дело, збирка историски извори со наслов *Corpus Historiae Byzantinae*. Овој термин потекнува од името на античкиот град – Византион (ст.-гр: Βυζάντιον, лат: Byzantivm) на чиешто место подоцна (во 330 г.) била изградена престолнина на Империјата позната како Константинопол (гр. Κωνσταντινούπολις). Оваа именување за Источната Римска Империја во XIX век на Запад било општо прифатено и од тогаш се употребува во науката. Имено, самите жители на Империјата како и нејзините императорите себеси се сметале за наследници на Римската Империја и се нарекувале Ромеи, а Империјата ја нарекувале Римска Империја, лат: I*mperium Romanum, Imperium Romanorum* и грч: Βασιλεία τῶν Ῥωμαίων. Види повеќе A. P. Kazhdan, The Oxford Dictionary of Byzantinum A-C, New York-Oxford, Oxford University Press, 1991, 344-345

руската држава, територијата на која таа настанала и за теориите за настанувањето на истата.

Византиско-руските односи, освен од воено-политички аспект, можат да се проучуваат и од црковен, културолошки и правен аспект. Во овој труд особено ќе биде посветено внимание на првите руските напади врз поседи на Византија (нападите врз градовите Сурож и Амастрид), а подоцна и на руските напади врз Константинопол (860, 907, 941, 943), војната на кнезот Свјатослав против Бугарија, но и војната на Византија против Свјатослав исто така се предмет на обработка, но и значаен сегмент во односите помеѓу двете држави. Покрај нападите, свое место во овој труд ќе најдат и договорите склучени помеѓу Византија и Киевска Русија. Ќе се обидеме да објасниме какво било влијанието на Византија во развојот на Русија, но и како Русија допринела Византија да се заинтересира за неа и постепено таа да биде воведена во т.н Византиски комонвелт, односно во сферата на влијание на Византија. Големо е значењето на мисионерската дејност на Византија во Киевска Русија, која започнала после првиот руски напад врз престолнината на Византија во 860 г., а која со засилен интензитет се одвивала сè до 988 г. односно, сè до моментот кога христијанството станало државна религија во Киевска Русија. Хазарската мисија како резултат на првиот руски напад на Константинопол исто така ќе биде обработена и објаснета. Хронолошки и по ред ќе бидат обработени настаните поврзани со двете држави - нападите, договорите, резултатите од договорите и поволностите од истите. Покрај ова, врз база на изворите и на научната литература, со критички осврт ќе бидат обработени и нападите на кнезовите Олег и Игор врз престолнината на Империјата.

Прашањето за патувањето на кнегињата Олга во Константинопол исто така е неизбежна и доста значајна епизода од историјата како на Киевска Русија така и на Византија. Врз база на изворите, научната литература, фактите и аргументите ќе се обидеме да го обработиме ова прашање кое може да се каже дека е едно од најдискутабилните прашања од византиско-руските односи. Сојузот на кнезот Свјатослав со Византија, а потоа и неговата војна против истата, како и помошта испратена од неговиот наследник Владимир во Константинопол се доста значајни и покажуваат дека веќе започнала онаа фаза на зближување на Византија и Русија.

Христијанизацијата на Киевска Русија и сите прашања поврзани со оваа проблематика ќе бидат детално анализирани и обработени, како врз база на изворните податоци, така и врз база на научната литература. Христијанизацијата претставува клучен елемент на взаемните односи помеѓу двете држави. Културните врски на Киев со Константинопол се значајни бидејќи преку нив може да се сфати улогата и влијанието на Византија врз земјите кои спаѓале во нејзиниот комонвелт.

Византиско-руските односи освен што се значајни за историјата на двете држави инволвирани во нив, тие се значајни и за Балканот, но и за Македонија. Имено, походите на кнезот Свјатослав како сојузник на Империјата во борбата против Бугарија, допринеле да биде ослабната власта во Бугарија, а како резултат на тоа се јавува востанието на комитопулите и формирањето на средновековното македонско царство кое опстојувало од 969 до 1018 г. Освен ова од Македонија во Киевска Русија биле испратени и првите црковни книги напишани на старословенски јазик кои се користеле во богослужбата во Киевска Русија по христијанизацијата на државата.

За византиско-руските односи податоци, иако скромни, децидни и во голема мера нејасни и мистериозни, црпиме од изворите. Изворите можеме да ги поделиме на византиски, кои се најбројни, западни (латински) и словенски, односно руски. Изворите кои се однесуваат на историјата на Киевска Русија може да се поделат на руски, западни, источни и византиски. Врз база на овие извори, како и врз база на стручната научна литература ќе се обидеме да дадеме една слика за она што се случувало во Киевска Русија и во Византија како и за византиско-руските односи.

Со проблематиката на византиско-руските односи се занимавале и се занимаваат пред сè истражувачи Руси но и странци. Нивните трудови делумно или целосно обработуваат одреден проблем кој се провлекува во насловот на овој труд.

Во 1816 г. во Санкт-Петербург била објавена дванаесет томната „История государства Российского“ од Н. М. Карамзин која ја опишува руската историја почнувајќи од најстарите времиња па сè до Иван Грозни и Смутното доба. Во првиот том од оваа Историја авторот ја обработил средновековната историја на Русија, односно, она што е важно за овој труд, од доаѓањето на Рјурик па заклучно со смртта на кнезот Владимир. Во овој труд авторот помеѓу другото ги обработил и Византиско-руските односи.

Нешто подоцна во текот на XIX век живеел и работел големиот руски византолог В. Г. Василевски, кој во своите „Труды“ т. 1-4 издадени во почетокот на XX век ги обработил житијата на Св. Стефан Сурожски и Св. Георги Амастридски кои даваат податоци за првите руски напади врз територијата на Византија.

Во 1895 г. во списанието Византийски Временник, том II излегла статијата на А. Димитриу „К вопросу о договорах русских с греками“, во која се обработени мировните договори помеѓу Русите и Византијците. Интересно е да се спомене дека прашањето за годината и датумот кога се случил првиот руски напад било решено во 1894 г. Имено, според „Повесть временных лет“ овој напад бил во 866 г., но белгискиот научник Франц Цумонт, во 1894 г. врз база на ракопис пронајден во Кралската библиотека во Брисел, отпечатил една кратка анонимна византиска хроника која го содржела точниот датум – година, месец и ден – на рускиот напад. Со ова тој успеал да докаже дека нападот всушност се случил во 860 г.

Голем е бројот на научна литература која ги обработува прашањата поврзани со оваа проблематика. Прв кој сериозно и детално го обработил првиот руски напад на Константинопол во 860 г. е рускиот историчар-емигрант А. Василев. Тој во своето дело „The Russian attack on Constantinople in 860“, објавено во 1946 г. во Америка, детално ги обработил изворите современи на настаните и подоцнежни, од византиска, руска, арапска и западна (латинска) провиниенција. Покрај тоа што детално ги анализирал изворите, тој ги навел и анализирал научните дела кои се занимаваат со оваа проблематика. Истиот автор го обработил детално и вториот руски напад врз престолнината на Византија од 907 г. Во својата статија „The second Russian attack on Constantinople“, објавена во Dumbarton Oaks Papers, Vol. 6 (1951), детално го обработува нападот. А. Василев направил анализа како на изворите кои сведочат за овој настан, така и на научната литература во која ова прашање нашло свое место.

Во 1956 г. во Москва во печат излегол трудот на М. В. Левченко, „Очерки по истории русско-византийских отношений“, во кој што авторот ги обработува прашањата поврзани со византиско-руските односи. Покрај ова дело, дипломатските активности на Киевска Русија и мировните договори на истата со Византија се обработени во делото на А. Н. Сахаров „Дипломатия Древней Руси“, објавено во Москва во 1982 г. Во ова дело авторот ги обработува дипломатските активности на младата руска држава, односно

руското пратеништво во Константинопол и во Франечката држава од 838/839 г. Покрај ова обработени се и договорите склучени помеѓу Константинопол и Киев во периодот од 860 до 944 г., но и посетата на кнегињата Олга на Константинопол.

Значајно е делото на рускиот византолог Г. Г. Литаврин, „Византия, Болгария и Древняя Русия (IX-начало XII в.)“ објавено во Снакт-Петербург во 2000 г. Во ова дело авторот ги обработил првите контакти помеѓу двете држави, договорите на Византија со Русите од 911 и 944 г. Покрај ова тој ги обработил и дипломатијата на кнегињата Олга, односите на Византија со Русија по христијанизацијата, како и културните односи помеѓу Киев и Константинопол.

С. А. Иванов во своето дело „Византийское миссионерство (можно ли сделатьиз „варвара“ христиана?“ Објавено во Москва во 2003 г. Во овоа дело тој ја обработува мисионерската дејност на Византија во Киевска Русија, нејзините намери и резултати. Византиската дипломатија и нејзината мисионерска активност како во Киевска Русија, така и помеѓу Словените се обработени во делото на F. Dvornik „Byzantine missions among the Slavs - SS. Constantine-Cyril and Methodius“ објавено во New Jersey во 1970 г. Дипломатијата на рускиот кнез Свјатослав, неговите походи и војни, но и изворите-руски, арапски и византиски кои сведочат за него и неговото владеење се обработени во „Дипломатия Святослава“ од А. Н. Сахаров. Покрај ова, во ова дело авторот ги обработил и прашањата поврзани со улогата на Свјатослав во византиско-бугарската и руско-бугарската војна, но и за војната на Русите против Византија.

Црковната историја на Киевска Русија како и христијанизацијата на истата нашле свое место во научните дела кои ја проучуваат црковната историја на Русија. Во Москва во 1901 г. било објавено делото кое се занимава со проучивањето на црковната историја на Русија, односно првиот том од „История Русской Церкви“ на Евгений Е. Голубинский. Покрај ова дело значајно е и делото кое обработува иста тематика. Станува збор за делото на А. В. Карташев „Очерки по истории Русской Церкви“, том I објавен во Париз во 1959 г.

Врз база на изворите, како и на погоре наведената научна литература, но и на другата многубројна научна литература ќе се обидеме да ги објасниме и расветлиме прашањата кои се провлекуваат во темата која е предмет на обработка. Целта на овој труд е да ги опфати односите на Византија и Русија во периодот од крајот на VIII век односно од првиот руски напад на византиски територии т.е од рускиот напад на градот Сурож,

(после 787 г.) па сè до покрстувањето на кнезот Владимир и на рускиот народ во 988 г., односно до смртта на рускиот владетел во 1015 г.

Во овој труд ќе се обидеме на едно место, хронолошки да ги опишеме настаните кои се од големо значење за историјата на двете земји. Покрај Византиско-руските војни, договори, мисионерската активност на Византија во Русија и хриситијанизацијата на Киевска Русија, ќе бидат опфатени и културните врски помеѓу двете држави.




Карта 1: Киевска Русија во X-XII век. (Картата е преземена од книгата на Л. Н. Гумилёв - *Древняя Русь и Великая Степь*, Карта 9: Киевская Русь в X-XII вв)

# ГЛАВА I

# НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВИЗАНТИЈА ВО VIII ВЕК

## 1.2 ВИЗАНТИЈА И СОСЕДИТЕ

Осмиот век претставува доста бурен период за Византија, како на внатрешен така и на надворешен план. На надворешен план ова е период на војни со Арабјаните и Бугарите, чиишто владетели често преземале напади, како во пограничните области, така и врз престолнината на Империјата. На внатрешен план, пак, во VIII век започнува иконоборското движење воспоставено од императорот Лав III. Имено, тој во 726 г. издал едикт со кој биле забранети иконите. Со неговата појава во Византија започнал период на внатрешни борби и конфликти кој траел повеќе од сто години. Иконоборството (гр. εἰκονομαχία) е религиозно-политичко движење насочено против култот кон иконите, фреските и реликвиите во христијанската Црква. За причините за неговата појава, како и за самото движење, неговите карактеристики и одлики во овој труд нема да навлегуваме во детаљи.[1] Овде пред сè ќе се задржиме на надворешната политика на Византија и нејзините односи со соседите.

По смртта на императорот Јустинијан II (685-695 г. и 705-711 г.) на императорскиот престол во Византија во период од неполни шест години, се смениле тројца императори сè додека на престолот не се искачил императорот Лав III Исавриец.

Лав III Исавриецот (717-741 г.) бил основоположник на новата династија, позната како Исавриска или Сириска[2], која владеела со Византија до 802 година. Тој бил роден во

[1]Поопширно за иконоборството во Византија види: Г. Острогорски, Историја Византије, Београд, 1970, 165-192; Г. Острогорски, О верувању и схватању Византинаца, Сабрана дела, кн. V, Београд, 1970, 7-181; А. Карташов, Васељенски сабори, т. II, Београд, 1995, 193-288 и Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, Москва, 2013, 11-213.

[2]За односите на Византија со Бугарите, Арабјаните и Словените, за иконоборството и за внатрешната политика во периодот на Исавриската династија види А. А. Васильев, История Византийской империи, т. I,

градот Германикеја[3] – денешен Караманмараш (тур. Kahramanmaraş), а за неговото потекло постојат повеќе верзии. Неговата војничка кариера започнала во времето на императорот Јустинијан II Ринотмет кој поради неговите заслуги му ја дал титулата спатариј (σπαθάριος), така се нарекувале членовите на императорската гарда – телохранителите на императорот. По еден успешен воен поход во Северен Кавказ, императорот Анастасиј II (713-715 г.) го назначил за стратег на темата Анадолија (Анатоликон, гр. Θέμα Ἀνατολικῶν). Во 717 година, Лав заедно со стратегот на темата Армениакон (Армениак, гр. Θέμα Ἀρμενιάκων), Артавазд на којшто му ја ветил својата ќерка Ана за жена и високата титула куропалат (κουροπαλάτης), извршиле државен удар против императорот Теодосиј III (715-717 г.). Па така, на 25 март 717 г. Лав влегол во Константинопол и во црквата Св. Софија бил крунисан за император.[4]

Неколку месеци по крунисувањето за император, пред Лав III веќе се појавил првиот сериозен предизвик. Арапскиот војсководец Маслама уште есента 716 г. го освоил градот Пергам (гр. Πέργάμον) и таму ја поминал зимата со својата армија. Летото 717 г. минувајќи преку Хелеспонт (Дарданели, гр. Δαρδανελλια, тур. Çanakkale Boğaz) и Тракија и заземајќи неколку тракиски градови, тој се нашол пред престолнината на Византија. Во исто време во водите на Босфор (гр. Βόσπορος, тур. Boğaziçi) пред престолнината се нашла и арапската флота. На овој начин Константинопол бил блокиран од море и од копно од моќната арапска војска. Опсадата на градот започнала на 15 август 717 г., а во септември истата година, пристигнала и нова флота од поголеми бродови како засилување. Нивна задача била да ѝ ги пресечат врските на престолнината со нејзините европски и азиски провинции. Сепак најважно било да ги блокираат контактите со прицрноморските градови Херсонес (гр. Χερσόνησος) и Трапезунд (тур. Trabzon, гр. Τραπεζοῦντα). На Византијците не ѝ преостанувало ништо друго, освен да се борат за спасување на својата престолнина. Од оваа борба, освен судбината на Константинопол, зависела и иднината на

---

Петроград, 1917, 181-212 и И. Божилов, В. Гюзелев, История на Средновековна България VII - XIV, том I, София, 1999, 112-143

[3]Летопись византийца Феофана од Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта, 544; А. Величко, История Византийских императоров, т. III, Москва, 2012, 3; П. Мутафчиев смета дека во именувањето на династијата на Лав III како Исавриска има недоразбирање и наведува дека можеби родителите на Лав имале исавриско потекло, додека пак, тој самиот бил роден во градот Германикеја во Северна Сирија, види П. Мутафчиев, Лекции по история на Византия, 2014, 276; Ф. И. Успенски наведува друга теорија за тоа од каде потекнувал овој император, види Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 13

[4]Г. Острогорски, Историја Византије, 164-165

христијанската цивилизација. Многумина историчари сметаат дека овде требало да се реши прашањето дали Исламот ќе биде господар на светот или повторно ќе се врати во Азија од каде што и потекнувал.[5] Опсадата траела една година, а градот се спасил благодарение на „грчкиот оган“ (Ὑγρὸν Πύρ), цврстите одбрамбени бедеми и епидемијата која ги зафатила Арабјаните.

Војсководецот Маслама направил блокада околу одбрамбените бедеми на градот, односно биле ископани ровови, кои на Арабјаните им служеле за заштита од стрелите кои доаѓале од бранителите на бедемите. Бидејќи императорот не располагал со доволен број на војници не се осмелувал да преземе напад врз непријателот по копно, туку војниците само набљудувале и ги обезбедувале бедемите.

Главната улога во опсадата ја имала флотата која што била поделена на два дела. Едниот дел се наоѓал на малоазискиот брег, а другиот дел се наоѓал на европскиот дел од брегот. Императорот наредил големите византиски воени бродови, опремени со „грчки оган“, да нападнат на непријателската флота. По византискиот напад со „грчки оган“ голем дел од арапската флота била уништена. Разочаран од неуспехот, калифот Сулејман (715-717 г.) наредниот ден наредил да се подготви општ напад на градот од кај морето. На бродовите биле качени одбрани арапски воини добро вооружени и приближувајќи се кон градот од море, се обиделе да ги заземат градските бедеми. Константинополскиот гарнизон не му дозволувал на непријателот да се приближи до бедемите и повторно со помош на „грчкиот оган“ им биле нанесени големи загуби на Арабјаните. Непријателот бил принуден да се повлече од под бедемите на градот и од тогаш повеќе не смеел да им се доближи. Императорот наредил да се спушти синџирот којшто го штител влезот во Златниот Рог (гр. Χρυσό Κέρας, тур. Haliç, е назив за заливот на границата меѓу Босфор и Марморното Море) но непријателот не се осмелил да го искористи тоа, бидејќи се плашеле дека станува збор за стапица.[6] По овие случувања, за да го спаси она што можело да се спаси, Сулејман бил принуден да ја прегрупира флотата и да ја повлече во подалечните заливи, но и таму таа била напаѓана од Византијците.

---

[5]Scylitzes-Cedrenus – Скилица-Кедрин, Гръцки извори за Българската история, том VI, София, 1965, 216 (Понатаму ГИБИ, VI); П. Мутафчиев, Лекции по история на Византия, 278 и F. Hiti, Istorija Arapa od najstarijih vremena do danas, Sarajevo, 1967, 194-195

[6]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 17

Настапила суровата тракиска зима, која таа година била проследена со доста ниски температури и била кобна за Арабјаните. Тие биле навикнати да земаат храна од местата на кои што се наоѓале додека војуваат, па од тие причини со себе не носеле многу храна за луѓето и животните, исто така немале и доволно топла облека. Поради ова Арабјаните умирале во голем број, а истовремено во нивниот табор се појавила и страшна епидемија која однела многу животи. Започнале тешки моменти за војсководецот Маслама и неговоите војници.

На 8 октомври 717 г. починал калифот Сулејман и калиф станал Омар (717-720 г.).[7] По ова Маслама се надевал дека ќе добие наредба да ја прекине опсадата и да се повлече. Новиот калиф горел од голема желба по пат на борба да се стекне со голема слава, па така опсадата продолжила.[8] Пролетта 718 г. две нови ескадри бродови со војници соберени од Африканското и Сириското крајбрежје, пристигнале пред Константинопол како засилување на арапската флота. Поголемиот дел од војниците на овие бродови биле христијани и на нив не можело многу да се смета. Тие биле незадоволни бидејќи нивната положба била отежната со голем арач (тур. haraç, арап. خراج, е данок во исламските држави којшто го плаќаат немуслиманите како еден вид на откуп од ропство) којшто им го наметнал претходниот калиф Абдалмелик. Новодојдените војници откако дознале за „грчкиот оган“ и виделе во каква состојба се наоѓа арапската флота, целосно го загубиле моралот и една ноќ масовно започнале да дезертираат и да бегаат од пред Константинополските бедеми. За да ја искористи таквата ситуација, императорот Лав III наредил да се изврши нов морски напад, па така голем дел од новодојдените бродови биле потопени, а еден дел заробени. Положбата на копнената војска, која се трудела сè уште да се задржи во Тракија, била уште потешка. Завладеал страшен глад, па според соопштенијата од изворите, Арабјаните биле принудени да ги јадат своите мртви другари. Императорот Лав испратил пратеници кај бугарскиот кан Тервел (700-721 г.) од кого била побарана подршка. Канот се одзвал на барањето и ги нападнал Арабјаните од зад грб, со што им нанел тежок пораз.[9] По овие случувања, калифот Омар му наредил на војсководецот Маслама да ја прекине опсадата и да се врати назад.

[7]Летопись византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта, 547
[8]А. Величко, История Византийских императоров, т. III, 7
[9]ГИБИ, VI, 217 и Г. Острогорски, Историја Византије, 165

На 15 август 718 г., точно една година од почетокот на опсадата, непријателската војска се повлекла од под константинополските бедеми. Била извојувана голема победа над Арабјаните, а таа победа е уште по спектакуларна ако се земе во предвид фактот дека Византија речиси не претрпела никакви човечки загуби.[10] Според византискиот хроничар Теофан, откако Маслама ја повлекол опсадата и Арабјаните започнале со повлекување, ги стигнала казната од Бога и казната од Богородица. Ги зафатила страшна бура и нивните бродови биле потопени во Егејското Море и околу околните острови.[11] Победата врз Арабјаните под бедемите на Византиската престолнина може да се спореди со победата над Арабјаните извојувана од Карло Мартел кај Поатје во 732 г.

Во овој период императорот Лав III се справил со двајца узурпатори, па за да ја зацврсти на власт својата династија, тој на Велигден 719 г. за совладетел го крунисал својот син Константин.[12] Со третиот узурпатор се соочил во 727 г., во што му помогнале Бугарите.

По тешкиот пораз кај Константинопол Арабјаните неколку години се занимавале со внатрешни борби, но веќе во 725 г. новиот калиф Исам (724-743 г.) презел напад на Византија но бил поразен. Следната година војсководецот Маслама презел напад врз Цезареја Кападокијска (тур. Kayseri, гр. Καισάρεια) која ја освоиле. Од оваа 726 г., Арабјаните секоја пролет навлегувале во Мала Азија и вршеле напади врз Византија.[13] Во 727 г. Арабјаните на чело со калифот Исам се обиделе да го освојат градот Никеја (тур. Iznik, гр. Νικαια) во Битинија (гр. Βιθυνία), но не успеале. Тие успеале само да срушат дел од одбранбените бедеми и по овој неуспех ја ограбиле околината и се вратиле во Дамаск (арап. دمشق, Димашк). Наредната година Арабјаните ја освоиле тврдината Атеја. Согледувајќи дека секоја година Византија е загрозувана од страна на Арабјаните, императорот Лав III решил да ги повика на помош Хазарите и тие започнале напади врз арапските поседи. Ова бил голем дипломатски успех за Византија, бидејќи веќе во 729 г. Хазарите преземале успешен воен поход во Персија и Ерменија, а наредната година тие го поразиле војсководецот Маслама кој по наредба на калифот тргнал во поход. По овој пораз војсководецот се вратил во Дамаск.

[10]А. Величко, История Византийских императоров, т. III, 8-9 и Г. Острогорски, Историја Византије, 165
[11]Летопись византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта, 549
[12]Исто, 552
[13]Г. Острогорски, Историја Византије, 165

За да биде зацврстен овој сојуз помеѓу Византија и Хазарите, императорот испратил пратеништво кај нив во 732 г., со цел да ја побараат ќерката на нивниот кан за жена на неговиот син и престолонаследник Константин. Канот на тоа се согласил и хазарската принцеза станала жена на престолонаследникот Константин, ја примила христијанската вера и ѝ било дадено името Ирина.[14] Меѓутоа, Арабјаните сè уште биле силни и во наредниот период и понатаму напаѓале на Византиските владенија и освоиле неколку значајни тврдини. До нова голема победа извојувана над Арабјаните од страна на императорот Лав III и неговиот син Константин, дошло во 740 г. во битката кај тврдината Акроин во темата Анатолик.[15]

Во 741 г. починал императорот Лав III, а на престолот седнал неговиот син Константин, познат како Константин V Копроним (741-775 г.) којшто уште од 719 г. владеел како совладетел на својот татко. Константин Копроним бил уште поголем војсководец и уште пожесток иконоборец од својот татко.

Една година откако седнал на престолот против него се кренал узурпаторот Артавазд, оној истиот кој што му помогнал на Лав III и којшто ја добил неговата ќерка за жена.

По победата извојувана над узурпаторот, Константин се посветил на борбата со Арабјаните и Бугарите. Против Бугарите тој водел девет походи, а за време на деветтиот поход починал на боиштето. Најнапред тој се посветил на средувањето на ситуацијата на источната граница на Империјата.

Во 746 г. императорот со војска навлегол во Северна Сирија и го освоил градот Германикеја, од каде што водело потекло неговото семејство. Од овде, императорот голем дел од заробеното население го населил како колонисти во Тракија. Наредната, 747 година, стратегот на темата Кивериот (гр. Θέμα Κιβυρραιωτῶν), којшто бил и командант на византиската морнарица, ги поразил Арабјаните, испратени од Александрија (гр. Αλεξάνδρεια, арап. الإسكندرية, Ал-искандарија) во поморска битка кај островот Кипар. Уште поголем успех во војната со Арабјаните имал походот кој го предводел Константин V во ерменските и месопотамиските покраини во 751 г. Во овој поход Византијците освоиле две важни погранични тврдини, Теодосипол и Мелитин, а заробениците повторно

[14]Никифор Константинопольский, Краткая история со времени после царствования Маврикия, Часть II, 39. Според Г. Острогрски во 733 г., Константин бил оженет со хазарската принцеза, види Г. Острогорски, Историја Византије, 166.
[15]П. Мутафчиев, Лекции..., 281; Ф. Успенский, История..., т. II, 52

биле одведени како колонисти во Тракија.[17] Голем дел од колонистите биле павликијани, па така ова еретичко движење се проширило и на Балканот. Успесите во војната со Арабјаните на Византија не ѝ донеле некои поголеми територијални проширувања, но се значајни бидејќи сега византиско-арапските војни добиле карактер на погранични војувања, а Византија сè повеќе ја имала иницијативата и надмоќта.

Смирувајќи ја состојбата на Исток, далеку по силен и по воинствен непријател се појавил на Запад - тоа биле Бугарите. Во 755 г. Бугарите испратиле пратеништво во Константинопол и барале од императорот да им плаќа годишен данок за тврдините кои тој ги изградил во Тракија, а во кои живееле павликијани.[18] Откако императорот одбил да им плаќа данок на Бугарите, тие во 756 г. навлегле на територијата на Империјата, ја опустошиле Тракија и стигнале до Анастасиевите бедеми. Во Тракија, Византијците им нанеле пораз на Бугарите. Кај тврдината Маркели (гр. Μαρκέλλαι) се одиграла голема битка во која Бугарите претрпеле тежок пораз. Била испратена и византиската флота, но таа не постигнала некои посебни успеси. Во 759 г. Константин V презел друг воен поход против Бугарите, но тие ја пречекале неговата армија во заседа и во Верегавската клисура ѝ нанеле тежок пораз.[19] Голем дел од армијата загинала, а императорот бил принуден на повлекување.

По ова во Бугарија се воделе борби за престолот и на чело на државата во 762 година дошол канот Телец. Како резултат на овие борби 208 илјади Словени биле иселени од Бугарија[20], а по наредба на императорот ги населиле во Мала Азија. Императорот започнал поход против Бугарите предводени од канот Телец (околу 760-763 г.). Имено, била испратена флота кон устието на реката Дунав која однела поголем дел од коњаницата таму, додека пак императорот на чело на пешадијата навлегол во Тракија. Коњаницата од Дунав движејќи се кон Југ и пешадијата на чело со императорот кои се движеле преку Тракија кон Север, се сретнале кај градот Анхијал (гр. Αγχίαλος) на Црното Море. Овде на

[17]ГИБИ, VI, 217
[18]Исто, 217 и А. Величко, История византийских императоров, т. III, 45
[19]П. Мутафчиев, Лекции..., 303 В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, том 1, първо българско царство, част 1, Епоха на хуно-българското надмощие, Трето фототипно издание, София, 2007, 202-208; Битката кај Верегавската клисура, Божилов и Ѓузелев ја датираат во 760 г. Види И. Божилов, В. Гюзелев, , История на Средновековна България VII - XIV, том I, 115
[20]Г. Острогорски, Историја Византије, 176; А. Величко, История византийских императоров, т. III, 46 и Ф. И. Успенский, История..., 59

30 јуни 763 г. – според Г. Острогорски и А. Величко во 763 г., а според Ф. Успенски во 762 г.[21] - се одиграла крвава битка. Византискиот император Константин V Копроним му нанел тежок пораз на канот Телец. Императорот триумфално се вратил во Константинопол, а канот го загубил престолот во Бугарија. Во Бугарија се воделе борби за престолот и во 764 г. кан станал Сабин[22] тој владеел до 766 г. Во 766 година византискиот император започнал нов поход против Бугарија.

Новиот бугарски кан Сабин побарал да биде склучен мировен договор со Византија, но императорот овој предлог го одбил. Бродовите кои биле испратени во поход ги зафатила страшна бура, војниците се даветe и гинеле од ударите во остраите карпи. Илјадници војници ги изгубиле животите и по ваквата катастрофа походот веќе немал смисла. По ова Константин V наредил повлекување на војската. На 17 јули 766 г. императорот и дел од восјката што се спасиле се вратиле во Константинопол. Барањето за мир со Византија го чинело живот канот Сабин, по што во Бугарија следел период на борби околу престолот. Во 770 г. кан станал Телериг, а во 773 г. императорот презел нов поход во кој ја искористил својата тактика на двојна офанзива. Бугарите биле поразени и принудени да бараат мир. Во октомври Телериг се обидел да навлезе во Тесалија, но не успеал. Последниот поход против Бугарите, императорот Константин го презел во 775 г. За исходот од овој поход не знаеме многу, а ова воедно е неговиот последен воен поход, тој починал на бојното поле на 14 септември истата година.[23]

Иако Византија имала успеси во борбите против Арабјаните и Бугарите, сепак работите во Италија не се одвивале добро. За време на владеењето на Константин V византиската власт во Италија доживеал целосен крах. Во 751 г. градот Равена (лат. Ravenna) паднала во раце на Лангобардите со што престанал да постои Равенскиот егзархат (лат. Exzarhatus Ravennatis кој бил основан во 584 г. од страна на императорот Маврикиј (582-602 г.)) последниот столб на византиската власт во Италија.[24] Во Италија

[21]И. Божилов, В. Гюзелев, История на Средновековна България VII - XIV, том I, 116; В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, том 1, 213-214; Г. Острогорски, Историја Византије, 176; Ф. И, Успенский, История..., 59 и А. Величко, История византийских императоров, т. III, 46-47

[22]В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, том 1, първо българско царство, част 1, 216

[23]ГИБИ, VI, 219; Г. Острогорски, Историја Византије, 177 и И. Божилов, В. Гюзелев, История на Средновековна България VII - XIV, том I, 117-120;

[24]Г. Острогорски, Историја Византије, 177

се појавила нова сила, а тоа била младата Франечка држава. Согледувајќи ја ситуацијата, папата Стефан II (752-757 г.) ги поминал Алпите и на 6 јануари 754 г. во Понтион се сретнал со Франечкиот крал Пипин Кусиот (лат. Pippinus Brevis, мајордом (лат. maior domus) на Франките 741-751, а крал 751-768 г.). Пипин го прифатил повикот на папата и презел два похода против Лангобардите во Италија во 754/5 и 756 г. За време на првиот поход папата му ја дал титулата „римски патрициј" и со ова Пипин станал покровител на Рим и заштитник на црквата. Вториот поход на Пипин бил успешен, Лангобардите биле поразени, а нивниот крал Аистулф (лат. Aistulf) бил принуден да му ги врати на папата освоените територии во Римската област, воедно со тоа и некогашните територии на Равенскиот егзархат. На овие територии во Средна Италија во 756 г. била создадена папската држава (лат. Patrimonium Sancti Petri).[25] Иако Византија ги загубила позицииите на латинизираниот Запад, таа успеала да ги зајакне позициите на грцизираниот Исток. Императорот за да го казни папата, бидејќи овој му го свртел грбот, го одвоил Илирик (лат. Illyricum, ст.-гр. Ἰλλυρία) од Рим и го присоеднил кон Константинополската патријаршија. Истото го направил и со Калабрија и Сицилија. Иако имало многубројни протести упатени од папата кон императорот, императорот не се откажал од стореното.[26]

По смртта на Константин V Копроним, престолот во Византија го наследил неговиот син Лав IV Хазар (775-780 г.) кој од својот татко, бил крунисан за совладетел уште во 751 г. Во негово време не се забележани некои поголеми воени успеси. Овој император не бил толку жесток иконоборец како неговиот татко и неговиот дедо. Тој дури им дозволил на прогонетите иконофили да се вратат во своите места.

Во 777 г. од Бугарија во Константинопол избегал канот Телериг, кој во византиската престолнина бил пречекан со почести. Интересно овде е тоа што на овој човек му биле укажувани почести како на владетел, му било доделено достоинството патрикиј (лат. patricius гр. πατρικιος), а освен тоа му била дадена за жена некоја роднина на императорката Ирина.[27] Ова е уште еден брилијантен момент од византиската дипломатија, имено со овој чин Византија можела да се меша во внатрешните работи на Бугарија.

---

[25]Г. Острогорски, Историја Византије, 177-178; Детално за ова види кај: К. Аџиевски, Б. Петровски, Историја на Европа во раниот среден век, Скопје, 2009, 58-59

[26]Г. Острогорски, Историја Византије, 177-178

[27]ГИБИ, VI, 220 и Ф. И. Успенский, История..., 94

Во 778 г., императорот Лав IV ја испратил војската во поход против Арабјаните. Во овој голем воен поход, византиската армија била предводена од стратезите на темите: Тракија (гр. Θέμα Θρᾳκῷον) - Михаил Лаханодракон, Анатоликон - Артавазд, Букелариј (гр. Θέμα Βουκελλαρίων) - Тацан, Армениак - Каристероци и Опсикион (гр. Θέμα Ὀψικίου) - Григориј кои заминале во Сирија и го опколиле градот Германикеја.[28] Овде Лаханодракон бил поткупен од Арабјаните и ја продал својата „пасивност“, односно тој се повлекол од пред градот и започнал да го ограбува населениото од околните населени места. Но тоа многу не им помогнало на Арабјаните, бидејќи истата година тие претрпеле катастрофален пораз. Византијците заробиле многу сириски несторијани и по наредба на императорот тие биле преселени во Тракија. Во 779 г. сакајќи да се одмаздат Арабјаните ја поминале границата, но кај градот Дорилеја (гр. Δορύλαιον) повторно биле поразени од императорот Лав IV. Во 780 г. арапскиот калиф ја променил тактиката. Имено, тој го испратил својот син Осман кон границата со Византија, а тој, прекршувајќи го дадениот од порано збор на Арабјаните-христијани, започнал да ги прогонува православните во Дамаск и Ерусалим. Многу православни христијани настрадале бидејќи не сакале да преминат во Ислам, а меѓу настраданите била и споругата на архиѓаконот на Емес и неговиот син Исаја. Наскоро по ова калифот добил вести дека неговата војска е поразена и неговиот син Осман загинал во битка против Византијците кои биле под команда на Михаил Лаханодракон.[29]

Императорот Лав IV Хазар починал на 8 септември 780 г., а го наследил неговиот десет годишен син Константин. Константин VI владеел од 780 до 797 г., но од 780 па до 790 г. под регентство на неговата мајка Ирина[30], а од октомври 790 до јануари 792 г. Константин владеел самостојно. Од јануари 972 па до 797 г. повторно владеел под регентство на својата мајка Ирина. Уште кога седнал на престолот малолетниот император, според византиската традиција 40 дена по смртта на претходниот император, се случил преврат. Превратот бил во корист на цезарот (гр. καισαρ) Никифор, а

---

[28]Летопись византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта, 621 и ГИБИ, VI, 220

[29]А. Величко, История византийских императоров, т. III, 79

[30]Повеќе за императорката Ирина, нејзниото потекло и улогата во политичкиот живот во Византија, види кај Ш. Дил, Византиске слике, кн. I, Београд, 1927, 59-84; J. Herrin, Women in purple: Ruler of medieval Byzantium, London, 2001, 51-129 и А. Атанасовски, Молкот на жените во Византија меѓу каноните и реалноста, Годишен зборник на Филозофски Факултет- Скопје, том 69, Скопје, 2016, 77-80

енергичната императорка бргу го совладала превратничкото движење кое, најверојатно, било поттикнато од иконоборските елементи во Империјата. Во месец април 781 г., стигнале вести дека стратегот на Сицилија, Елпидиј застанал на страната на цезарот Никифор. Против него била испратена флота на чело со Теофил кој водел неколку битки и извојувал победа над Елпидиј. По поразот Елпидиј побегнал кај Арабјаните.[31]

За разлика од претходните владетели од Исавриската династија, со доаѓањето на власт на Ирина, реставрацијата на култот кон иконите фактички била решена. Дошло до смена на патријаршискиот престол, па така тогашниот патријарх Павле (780-784 г.) абдицирал и за патријарх бил избран Тарасиј (784-806 г.). По овие случувања се започнало со подготовка за нов Вселенски собор којшто требало да ги отфрли одлуките од Иконоборскиот собор од 754 г. и да го воспостави култот на иконите. Со Рим и со Источните патријарси повторно биле воспоставени врски. Во периодот од 24 септември до 13 октомври во 787 г. под претседателство на патријархот Тарасиј се одржал Седмиот Вселенски собор, познат и како Вториот никјески собор (гр. Η Ζ΄ Οικουμενική Σύνοδος; Δεύτερη Σύνοδος της Νίκαιας).[32]

Надворешно-политичката ситуација на Византија многу се влошила во текот на последните две децении. Во овој период државата на Абасидите (арап. اَلْخِلافَةُ اَلْعَبَّاسِيَّة, al-Khilāfatu al-‘Abbāsīyah) доживеала епоха на издигнување. Веќе во 781 г., Арабјаните навлегле во Византија и во темата Тракија извојувале голема и крвава победа. По оваа битка Византија побарала мир – според П. Мутафчиев тоа се случило во 783 г. - и се обврзала да плаќа данок. Наскоро повторно започнала војна со Арабјаните кои навлегувале во Мала Азија.

Користејќи ја настанатата ситуација, востанието во Сицилија и војната со Арабјаните, Словените кои живееле во јужните делови на Балканскиот Полуостров се почувствувале независни од византиската власт. Тие дури започнале да ги напаѓаат околните градови. Во поход против Словените бил испратен евнухот-патрикиј Ставрикиј кој успеал повторно да ги стави Словените под контрола на Византија.[33]

---

[31]Летопись византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта, 627

[32] J. Herrin, Women in purple, 88-89; А. Атанасовски, Молкот на жените во Византија меѓу каноните и реалноста, 79. Повеќе за овој собор види,А. Карташов, Васеленски сабори, т. II, 234-255

[33]П. Мутафчиев, Лекции..., 320-321

Со помош на армијата под команда на стратегот на темата Арменијакон, Алексеј Музелон и други приврзаници, Константин VI успеал да ја принудил својата мајка да абдицира, во 790 г. Тој кратко владеел самостојно, односно веќе во јануари 792 г. под притисок на приврзаниците на императорката Ирина, Константин се согласил неговата мајка да се врати во дворецот. Од тогаш повторно важела првобитната формула - Константин и Ирина. Во 797 г. властољубата императорка-мајка Ирина организирала заговор против Константин VI и наредила да го фатат додека се враќал од Хиподромот и да го уапсат. Сепак Константин успеал да побегне, се качил на еден брод и стигнал до Азискиот брег, но тој на 15 јули 797 г. повторно бил фатен и одведен во Константинопол и затворен во дворецот. Овде во пурпурната соба каде што бил роден, по наредба на неговата мајка Ирина на 19 август 797 г. тој бил ослепен и затворен. Од тогаш Ирина владеела самостојно сè до 802 г. и по нејзина наредба на монетите стоел натписот: „Ирина велики римски василевс-автократор.“[34]

Уште во 789 г., започнале воени походи против Бугарите предводени од императорот Константин VI. Летото 792 г., кај тврдината Маркели во Тракија се одиграла битка и Византијците биле поразени од Бугарите предводени од канот Кардам (777-803 г.). Во 782 г. Арабјаните дошле до Босфорот и речиси до пред бедемите на Константиопол. Императорката Ирина била принудена да бара мир и склучила многу понижувачки договор, со кој била обврзана да им плаќа данок на Арабјаните.[35]

Во периодот од 797 г. кога против Константин VI бил организиран заговор и тој бил ослепен, па до 802 г. Ирина владеела сама како император на Византија. Иако била жена таа ја користела титулата „император и самодржец на Ромеите“ (гр. *Βασιλεύς και Αυτοκράτωρ Ρωμαίων*).[36]

Во овој период значајни се односите со Карло Велики. Тие односи се од голема важност како за историјата на Византија така и за историјата на Франчката држава и на Западна Европа.

---

[34] Г. Острогорски, Историја Византије, 186; J. Herrin, Women in purple, 98-99 и А. Атанасовски, Молкот на жените во Византија меѓу каноните и реалноста, 80

[35] ГИБИ, VI, 220-221; Г. Острогорски, Историј Византије, 188 и F. Hiti, Istorija arapa, 278

[36] Ш. Дил, Византиске слике, кн. I, 79. Повеќе за владеењето на Ирина види кај J. Herrin, Women in purple, 100-129

Историски многу поважно за Византија било губењето на престижот на Запад, отколку воените неуспеси на Балканот и во Азија. Додека Византија се наоѓала во рацете на една жена и на евнусите, во тоа време младата Франечка држава била управувана од еден од најмоќните владетели на Средниот век, Карло Велики (лат. Karolus Magnus). Карло Велики (768-814 г.) по анексијата на Баварија, присоединувањето на Саксонците, уништувањето на Аварското царство и разбивањето и потчинувањето на Лангобардите, својата држава ја направил најсилна држава во Европа во тоа време. Со победата над Лангобардите тој ја извршил онаа задача којашто Византија не можела и со тоа го изгубила својот авторитет во Рим. По ова Римската Црква и свртела грб на Византија, а се повеќе се зближувала со Франечката држава. Ваквата ситуација не можела да биде променета ниту со фактот дека на Седмиот Вселенски собор бил воспоставен договор помеѓу Константинопол и Рим. Рим очекувал дека соборот ќе ги отповика сите мерки донесени во ерата на иконоборците, не само верските, туку и црковно-политичките. Исто така се надевал дека ќе бидат вратени папските патримонии и ќе се воспостави римска јурисдикција во Илирик и Јужна Италија, но за ова Константинопол не сакал да слушне. Папата го губел својот авторитет на Исток, како што византискиот император го губел својот авторитет на Запад.[37]

Имено, уште во 782 г. Ирина испратила пратеништво во Ахен (лат. Aquisgranum) престолнината на Франките, кај Карло Велики, со барање неговата ќерка Ротруда да му биде дадена за жена на императорот Константин VI.[38] Карло Велики се согласил со барањето и двете страни со заклетва го потврдиле договореното. По ова, евнухот и нотариј Елисеј бил оставен во Ахен за да ја научи принцезата Ротруда да зборува на грчки јазик и на традициите на Византија.[39] Согласувајќи се со тоа Карло се надевал дека ќе го реши проблемот кој го задавал лангобардскиот принц Аделгиз кој пребегал во Константинопол, а полагал право на лангобардската круна. Освен тоа и папата Стефан немал ништо против тој брак.[40] Околу 786 г. во Константинопол било испратено пратеништво од Франечката држава, со цел најверојатно да го организира доаѓањето на франечката принцеза во

[37]Г. Острогорски, Историја Византије, 189
[38]А. Атанасовски, Молкот на жените во Византије меѓу канoните и реалноста, 79
[39]Летопись византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта, 627
[40]Ф. И. Успенский, История..., 112

Византија следната година. Но во 788 г. императорката Ирина ги прекинала преговорите со Карло Велики, а воедно со тоа бил раскинат и договорот за брак.[41]

Херцогот на Беневенто, Арихис, бил во добри односи со Ирина и од неа го добил достоинството патриције. Синот на Дезидериј, Аделхиз заминал за Италија и имал за цел да ја освои Равена. Во времето кога се одржувал Седмиот Вселенски собор, Византија се наоѓала во целосен раздор со Франките. Императорката испратила флота под команда на логотетот Јоан и патриције Теодор за да војуваат против приврзаниците на Франките во Калабрија, но Византијците овде биле поразени.

Есента 798 г., кај Карло Велики во Ахен - престолнината на Франечкото кралство - дошле пратеници од Константинопол кои требало да го известат за превратот што се случил во Константинопол, односно за веста дека Константин VI бил симнат од власт и ослепен, а неговата мајка Ирина станала императорка. Во 799 г. во Рим започнал бунт против папата Лав III (795-816 г.) под водство на Пасхалис и Кампул, двајцата блиски луѓе на папата Адријан.[42] На 25 април истата година, вооружена група на луѓе го нападнала папата. Папата Лав III се спасил и побегнал во Падерборн и нашол заштита и покровителство кај кралот на Франките Карло Велики. По овие настани Карло Велики настапувал како арбитар. Испратил во Рим кардинали со цел да ја докажат невиноста на римскиот папа и да докажат дека истиот работел според канонските правила на црквата. По наредба на Карло Велики сите заговорници против папата Лав III биле затворени, а папата во 800 г., со воена придружба бил испратен во Рим. Кон крајот на истата година во Рим пристигнал и Карло Велики. На 25 декември 800 г., во црквата Св. Петар во Рим папата Лав III го крунисал Карло Велики за император, во знак на благодарност за пружената помош.[43] По крунисувањето, според стариот римски церемонијал, папата се поклонил пред новиот император. На тој начин во Западна Европа била создадена нова Империја.

Крунисувањето на Карло Велики за император во Византија било сметано за узурпација. Избувнал жесток спор помеѓу Карло Велики и Источната Римска Империја т.е

[41] А. Атанасовски, Молкот на жените во Византија меѓу канонските и реалноста, 79

[42] Ф. И. Успенский, История..., т. II, 120-121

[43] Исто, 124; К. Аџиевски, Б. Петровски, Историја на Европа во раниот среден век, 64; За крунисувањето на Карло Велики види и кај А. А. Васильев, История Византийской империи, 206-210

Византија, бидејќи според тогашните сфаќања на Земјата можело да постои само едно Царство, исто како што на небото постоело само едно Царство. За единствени наследници на римските императори биле сметани императорите на Византија, како што самата таа била сметана за единствен наследник на Римската Империја. Па така во правен поглед без признавање од страна на Византија новата Империја не била легитимна. Сепак не било доволно да се тврди дека на престолот во Константинопол седела жена или дека Византија западнала во ерес, па на тој начин да се бара легитимитет за новата Империја.

Императорката Ирина којашто во тој период била зафатена со војни против Арабјаните и Словените, а сакајќи да обезбеди заштита за својата позиција, не била склона да истапи со протест поради Карловото незаконско крунисување за император. Во почетокот на 802 г. во Ахен пристигнале пратеници испратени од Ирина со цел утврдување на мир. Како одговор на тоа пратеништво Карло Велики истата година испратил во Константинопол пратеници кои пред Ирина требало да истапат со предлог за брачен сојуз и со тоа да се обединат Истокот и Западот.[44] Набргу по пристигнувањето на пратеништвото во Константинопол, во престолнината избувнал државен удар против императорката. На 31 октомври 802 година Ирина била симната од престолот, а на престолот седнал Никифор, дотогашен логотед на државната благајна. Императорката Ирина починала во прогонство во 803 година на островот Лезбос.[45]

Со симнувањето на Ирина од престолот од историската сцена исчезнала и Исавриската династија. Завршил еден доста интересен и турбулентен период во историјата на Византија и на Европа воопшто. Покрај тоа што на Седмиот Вселенски собор било решено да се почитуваат иконите, во 813 г. иконоборството повторно се појавило и траело сѐ до 842 година кога иконите биле повторно обновени.

---

[44]Летопись византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта, 652
[45]Г. Острогорски, Историја Византије, 192 и J. Herrin, Womeninpurple, 126

## 1.2 ФОРМИРАЊЕ НА РУСКАТА ДРЖАВА

Постојат неколку историографски именувања за средновековната руска држава кои се користат во научната литература. Најпознати и најзастапени се: „Староруска држава“ (Древнеру́сское госуда́рство), „Стара Русија“ (Дре́вняя Русь), „Киевска држава“ (Киевское государство), и „Киевска Русија“ (*Ки́евская Русь*). Руската средновековна држава се формирала на територијата низ која минувал патот „*из Варяг в Греки*“- „од Варјазите до Грците“- односно водениот пат – речен и морски – од Балтичкото Море, преку Источна Европа до Византија.

Најстар пишан извор во кој се споменува племенското име Рос или Рус (Русь), е делото „De origine actibusque Getarum“ или скратено „Гетика“, на готскиот историчар од VI век, Јорданес. Јорданес ова име го споменува во врска со еден настан кој се случил во 370 г. Тој во ова дело набројува разни народи кои живееле на територијата на денешна Украина во соседство на Остроготите, но прецизно не ја лоцира територијата која ја населувала народот Рос. М. Бранд смета дека „племето Рос“ било парцијален назив за некоја потесна целина. Исто така смета дека, иако Јорданес не наведува каде живееле припадниците на ова племе, сепак тие живееле во релативна близина на готските подрачја, а ја признавале и власта на Остроготите.[46]

Иако Јорданес е првиот кој го споменува називот Рос, сепак прв извор кој дава попрецизна географска местоположба на народот Рос е „Описот на светот“ – средина на VI век - којшто претставува анонимен додаток на Хрониката на сирискиот писател Захарије Ритор. Имено, овде помеѓу народите кои живееле северно од Сирија се споменува и народот Рос, кој не живеел војнички живот, ниту пак на коњи како неговите номадски соседи. Овој народ бил сместен Северно или Северозападно од прицрноморските степи. Освен овде, соопштенија за народот Рос имаме и кај иранскиот географ Ибн Хордадбах, кој забележал дека Русите се едно од словенските племиња.

[46]M. Brandt, Povijest Rusije u srednjem vijeku, Zagreb, 1981, 11 и Б. А. Рыбаков, Рождение Руси, Москва, 2004, 20

Константин Порфирогенит разликува „Надворешна Русија“ и „просто Рус“, која се простирала околу Киев.[47]

Рускиот летопис, „Повесть временных лет„ (Повѣсть врємѧнныхъ лѣтъ) – „Повеста за минатите години“ - или познат уште како и летописот на Нестор, кој настанал кон крајот на XI и почетокот XII век во Киев, дава податоци за словенските племиња кои живееле на територијата на денешна Русија. Имено, во Повеста исцрпно се наведени племињата кои живееле во Западна и Северна Русија и племињата кои живееле во Централна и Југозападна Русија.[48]

Според пишаните извори називот Рус и Руска земја се употребуваат во поширока смисла, односно за целото руско етничко подрачје кое ја опфаќа територијата од Ладошкото Езеро до реката Дњестар и од Карпатите до реката Волга, но исто така и во потесна смисла. Називот во потесна смисла се однесува на областа околу Киев, на подрачјето околу реката Рос која е притока на реката Дњестар, западниот дел на подоцнежното Перејеславско кнежество и југозападниот дел на Черниговското кнежество, па до градовите Курск и Трубичевск. Ова е подрачјето на „Внатрешна Русија“ коешто претставува јадро на подоцнежната Киевска држава, односно Киевска Русија.[49]

Освен пишаните извори, докази и податоци црпиме и од археолошките – материјалните - извори. Во гробовите на воините биле пронајдени големо количество на накит и оружје, дел од домашно, а дел од византиско потекло. Најголем број наоди од таа култура – станува збор за т.н култура на „палчести фибули“- биле најдени во долниот тек на реката Рос (Рось), во околината на тврдината Родња (Ро́день) која постоела во првите векови од новата ера, а подоцна го добила називот Кнежева Гора (Княжьей Горе). М. Бранд бележи дека тоа подрачје би можело да се смета за средиште на племето или народот Рос, додека населбата Родња може да се доведе во врска со старословенскиот култ на богот на вегетацијата Рода. Овој бог во верскиот систем на Словените имал

[47]Константин Порфирогенит, О темама-О народима, Београд, 2014, гл. 9, 95 и M. Brandt, Povijest Rusije u srednjem vijeku, 11
[48]Г. Вернадский, Древняя Русь, Москва, 1996, 175-176 и Повесть временных лет, Москва, 2003, 4-5, (понатаму ПВЛ)
[49] M. Brandt, Povijest Rusije u srednjem vijeku, 12

значајно место, а подоцна кнежевската власт го наметнала почитувањето на пантеонот на чие чело стоел богот Перун.[50]

На подрачјето околу тврдината Родња, односно на подрачјето на „Внатрешна Русија" освен племето Рос или Рус живееле и источнословенските племиња Полјани и Северјани. Во VI век овие три племиња во Средното Придњепровие, формирале племенски сојуз. Најверојатно како највлијателно се истакнало племето Рос/Рус, па така неговото име се наметнало на целото подрачје кое го населувало овој сојуз. Овој племенски сојуз постоел околу два века, формирал своја сопствена култура, а неговата територија претставува географско и етничко јадро на подоцнежната Киевска Русија. Ова е првата етапа од формирањето на Киевска Русија.

Втора етапа од историскиот живот на Киевска Русија било претворувањето на Придњепровскиот сојуз на словенски племиња во „супер сојуз", кој во своите граници вклучил уште неколку помали словенски племиња кои дотогаш биле обединети во четири поголеми сојузи. Приближно во VIII или во почетокот на IX век започнала таа втора етапа од развојот на Киевска Русија, која се карактеризира со потчинување на неколку племенски сојузи под власт на Русите, односно под власт на киевскиот кнез. Во составот на овој сојуз влегле сите сојузи на источнословенските племиња. Надвор од овој сојуз останале: Јужните Уличи и Тиверците, Хрватите во Прикарпатието, Вјатичите, Радимичите и Кривичите.[51] Кон крајот на VII па до средината на IX век, првобитната „Внатрешна Русија" се проширила на Север и ги опфатила подрачјата на четирите сродни племиња. Со тоа опсегот на руската држава се протегал од подрачјето на „Внатрешна Русија" кон Север сѐ до обласа на Илменското Езеро.

Во анонимното дело „Области на светот" кое настанало во втората половина на X век, се истакнува дека во средината на IX век Русите живееле на подрачјето помеѓу среден Дњепар и среден Дон, на Југ од нив живееле Печенезите, а на Запад Словените кои го заземале подрачјето од Дњепар до долен Дунав. Приказот на тој анонимен арапски писател се поклопува со податоците кои се наоѓаат во „Повесть за временных лет". Значи,

[50] M. Brandt, Povijest Rusije u srednjem vijeku, 12
[51] Б. А. Рыбаков, Рождение Руси, 22

овде е прикажана етапата во која името Русија сè уште не го опфаќа подрачјето на сите источнословенски племиња, кои писателот ги нарекува со општото име Словени.[52]

За постоењето на руската словенска држава која била лоцирана на средниот тек на реката Дњепар па до Илменското Езеро на Север, сведочат и Бертинијанските анали – Annales Bertiniani[53] – чиј автор е бискупот Пруденциј, а во нив е опишана историјата на Франечкото кралство. Имено, во аналите е забележано дека во 839 г. кај кралот Лудовик Побожниот дошле пратеници од Византија. Заедно со византиските пратеници дошле и некои скандинавски пратеници кои лажно се претставиле како пратеници на народот Рос, но биле разоткриени. Важно е тоа дека авторот на аналите дава податоци за постоењето на руска држава и дека на нејзино чело стоел хакан – кан (тур. khān, мон. 'qāān'). М. Бранд седиштето на оваа држава го лоцира околу градот Киев или околу тврдината Родња. Значајно е тоа дека писателот на аналите прави разлика помеѓу скандинавските Швеѓани и словенските Руси.[54]

Почетоците на државноста во Стара Русија се врзани за двата државотворни центри, едниот на Север со средиште во градот Новгород (Вели́кий Но́вгород) и вториот на Југ со средиште во градот Киев (Кыѥвъ). Со обединувањето под една власт на овие два центри се појавува руската ранофеудална држава. Обединувањето го направил кнезот Олег во 882 г. Тогаш околу Киев се обединиле бројни племиња на Источните Словени и нивните територии.[55]

Во рускиот летопис е зачувана легендата за основањето на градот Киев. Според податоците кои ги дава Нестор, Полјаните живееле во посебни родови коишто имале свое сопствено управување. Потоа е запишано дека биле тројца браќа Киј, Шчек и Хорив кои биле старешини на родот кој го населил брегот на Дњестар и тие ја наметнале својата власт над останатите родови од истото племе. Секој од тројцата браќа седел на по еден рид, а потоа тие се обединиле и така основале еден град, кој во чест на најстариот брат Киј го нарекле Киев.[56]

---

[52] M. Brandt, Povijest Rusije u srednjem vijeku, 13

[53] Повеќе за соопштенијата за Русите, во овој извор и во други извори, детално е разработено и опишано кај С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 700-1200, С. Петербург, 2000, 49-80

[54] Бертинские анали - Annales Bertiniani, Восточная литература, pdf. и M. Brandt, Povijest Rusije u srednjem vijeku, 13-14;

[55] Д. Николиќ, Древноруско словенско право, Београд, 2000, 1

[56] ПВЛ, 5; Види повеќе кај В. Я. Петрухин, Крещение Руси: от язычества к христианству, Москва, 2006, 20-24

Обединувајќи се околу едена цврста племенска заедница, на чие чело стоел еден старешина, довело до тоа првобитното родовско уредување на Полјаните да започне да преминува во облик на државно уредување. Откако се прекинала лозата на Киј, која управувала со Полјаните, родовите започнале да се континуираат како територијални заедници, селски општини, а нивната племенска заедница започнала да личи на некоја вид на сојуз на селски општини. Иако летописецот Нестор како година на основање на Киев ја дава 854 г. сепак некои историчари не се согласуваат со тоа. Така Мирослав Бранд смета дека времето на управување на кнезот Киј треба да се бара кон крајот на VI најдоцна до средината на VII век. Вестите за владеењето на Киј во Киев ги забележал и ерменскиот писател Зенобиј Глак во VIII век.[57]

Илмените биле најголемото и најсилното источно словенско племе кое го населувало рускиот Север. Според преданието тие се првите кои се доселиле од Дунав во новите северни предели. Според легендата нив таму ги затекнал уште светиот апостол Андреј Првоповикан. Илмените биле опкружени со фински племиња и за да опстанат, граделе градови и го организирале својот живот внатре во селските општини. Својата доминација над околните фински племиња ја спроведувале не со силата на оружјету, туку со словенизацијата. На реката Волхов која истекува од Илменското Езеро го основале градот Новгород – Велики Новгород - кој во изворите за првпат се споменувал во 859 г. Наскоро потоа ги покориле и останатите соседни племиња. За да ги држат во покорност тие на нивните територии основале градови како што се Псков, Ладога (денешна Стара Ладога), Ростов и други. Сите несловенски племиња од Финскиот Залив до ограноците на планината Урал ја признавале зависноста од Велики Новгород.[58]

Историјата на територијата на Новгород до почетокот на владеењето на Рјурик, односно до 862 г. е малку позната. Рускиот летопис тврди дека до доаѓањето на Рјурик Новгородците владееле час сами со себе, час биле кнежевство, односно имале кнезови.[59] Општествено политичкото уредување на новгородските територии после 862 г. условно може да се нарече ранофеудална монархија, додека уредувањето кое започнало со владеењето на Рјурик, може да се нарече сојуз на градови кои му биле потчинети на Новгород.

---

[57]M. Brandt, Povijest Rusije u srednjem vijeku, 15 и Б. А. Рыбаков , Рождение Руси, 18
[58]Д . Николић, Древноруско словенско право, 14
[59]ПВЛ, 9

Во врска со погоре напишаното треба да го спомeнеме и податокот забележан во „Повесть временных лет“, односно легендата за повикувањето на Варјазите. Варјази (рус. Варя́ги, старо-сканд. Væringjar, гр. βάραγγοι) е името со кое Византијците и Источните Словени ги именувале Викинзите, односно Скандинавците.

Викинзите живееле на територијата на Скандинавскиот Полуостров, а во средината на VIII век започнал периодот на експанзија на овој скандинавски народ на територијата на денешна Русија Овој период е познат како епоха на Викинзите. Викинзите биле морепловци и пирати кои пловеле по моришата како на Запад така и на Исток. Варјазите – ќе го употребуваме овој термин за Скандинавците, како што тие биле именувани во Стара Русија и од византиските автори - се појавиле на источниот брег на Балтичкото Море долго пред  да започне епохата на Викинзите. Имено, уште во VI и VII век Скандинавците го истражувале течението на реката Западна Двина, а потоа дошле до средноруското меѓуречие, односно до реонот на горниот тек на реките Волга и Ока. Овде нема да се задржам детално на тоа како се одвивала експанзијата на Викинзите на територијата на Русија.[60]

Во „Повесть временных лет“ е зачувана легендата за повикувањето на Варјазите. Имено, според легендата, Варјазите коишто живееле зад морето (Балтичкото Море) земале данок од Чудите (назив за Естонците), од Словените, од Мерите и од Кривичите. Додека пак Хазарите земале данок од Полјаните, Северјаните и Вјатичите - по една сребрена монета и една верверичка, од секое огниште. Во 862 г. како што запишал Нестор, Словените ги протерале Варјазите зад морето, не им го платиле редовниот данок и започнале сами со себе да владеат, но бидејќи немало правда помеѓу нив започнала војна помеѓу родовите. Се согласиле дека треба да си најдат кнез кој ќе владее со нив. „*И отишле по морето кај Варјазите, кај Русите*“.[61] Отишле со цел да побараат помеѓу варјашките првенци некој кој би им бил кнез. Биле избрани тројца браќа Рјурик, Синеус и Трувор. Рјурик започнал да владее во Новгород, а неговите браќа, Синеус во Белоезер и

[60]Види детално за оваа проблематика Г. Вернадский, Древняя Русь, Москва, 1996, 151-158. Детално за епохата на Викинзите т.е Варјазите види кај Г. С. Лебедев, Эпоха Викингов в Северной Европе и на Руси, Санкт-Петербург, 2005
[61]ПВЛ, 9

Трувор во Изборск.[62] Во летописот стои дека од тие Варјази коишто дошле на територијата на Новгорд, територијата го добила името Руска земја, а Новгородците коишто пред тоа биле Словени сега веќе биле од варјашки род.

Според направените анализи на имињата на браќата на Рјурик, Синеус и Трувор, Б. А. Рибаков дошол до заклучок дека всушност Рјурик во Новгород, дошол со својот род „Синеус – sinehus – " и со својата верна дружина „Трувор - thruwaring –".[63]

Откако по две години од доаѓањето на таа територија починале браќата на Рјурик тој започнал да владее сам, а престолнина на државата бил градот Новгород. Со неговото доаѓање во Новгород со државата започнала да владее династијата позната како Рјурикова, односно Рјуриковци.

Во врска со настаните опишани во рускиот летопис, М. Бранд е на мислење дека откако Новгородците се побуниле и ги протерале Варјазите, тие во 867 г. повторно се вратиле под водство на Рјурик и го освоиле градот Ладога, а во 870 г. Рјурик со договор или со сила се наметнал како воен командант во Новгород.[64] Имено, М. Брандт не се согласува со хронологијата која ја дава летописецот Нестор.

Откако бољарите што дошле со Рјурик во Новгород, започнале спротивно договорот со жителите на градот, да градат тврдини по другите градови во новгородската територија, против Рјурик избувнал народен бунт. На чело на бунтот бил Вадим Храбар, но наскоро тој бил убиен, бидејќи на бунотвниците не им се придружиле највлијателните жители на Новгород. По две години од овој бунт се случил и втор неуспешен бунт, а водачите на бунтот по неговиот неуспех заминале во Киев. Три години по смртта на Рјурик неговиот наследник Олег го освоил градот Киев во 882 г. Овде населението го прифатило без спротивставување, него и неговите воини, Варјази, Словени и Чуди. Од тогаш Киевската земја или Придњепровието започнало да се нарекува Руска земја, а Новгород со своите поседи - Новгородска земја.[65]

Легендата запишана во „Повесть временных лет" дава скудни и пред сè легендарни информации за руската држава во IX век, како и за потеклото на името Руси. Детално оваа

---

[62]Детално за Рјурик види кај Е. Пчелов, Рюрик и начало Руси, К 1150-летию российской государственности, Москва, 2012, 2-43 и А. А. Шахматов, Разысканя о древнейшихь Русскихь летописныхь сводахь, Санкт-Петербург, 1908, 314

[63]Б. А. Рыбаков, Рождение Руси, 27

[64]M. Brandr, Povijest Rusije u Srednjem vijeku, 17-18

[65]Д . Николић, Древноруско словенско право, 18-19

проблематика ја има објаснето, анализирано и разработено рускиот историчар и археолог Владимир Петрухин. Тој покрај своите истражувања во врска со легендата, наведува и опширна библиографија која се занимава со проучување на таа проблематика.[66]

Досега честопати беше споменат терминот Рос, Рус и Руска земја. Во рускиот летопис се споменуваат термините руски кнезови, Руси и Руска земја после космогонскиот вовед. Имено, Нестор забележал дека во 852 г. кога во Византија започнал да владее императорот Михаило III (842- 867 г.) – тој започнал да владее во 842, а не во 852 г. - започнало да се користи името Руска земја. За тоа име во Византија дознале на тој начин што кај императорот во Константинопол отишле пратеници од Русија. Овој податок, пишува Нестор, бил запишан во грчките (византиските) летописи.[67]

Веќе споменавме дека најстар пишан извор во кој се споменува племенското име Рос или Рус, е делото „De origine actibusque Getarum“ или скратено „Гетика“, на готскиот историчар Јорданес од VI век. Види погоре стр. 26. Исто така и во Бертинските анали во врска со настаните од 839 г. се споменува терминот Рос. Види за ова погоре стр. 28.

Името „Рос“ во форма Hros или Hrus се појавува во VI век во сириските извори, односно во хорниката на Захариј Ретор.[68]

Сметаме дека од интерес на темата е овде даposветиме внимание на тоа како Русите биле именувани во византиските и во изворите од Западна Европа.

Познато е дека византиските автори, кога пишувале за Русите, никогаш не го користеле терминот „Рус“, туку секогаш го користеле терминот „Рос“ – οἱ ‘Ρῶς. Додека пак, во руските летописи е обратно, се користи терминот „Рус“,па според тоа терминот ‘Ρῶς, се преведува како „Рус“.[69]

Името ‘Ρῶς се среќава уште во грчкиот превод на Светото Писмо – Библијата – во делот за Пророците. Имено, во Библијата името на народот ‘Ρῶς се поврзувало со пророштвото за крајот на светот, па затоа тоа често се употребувало во црковната

---

[66]Види повеќе В. Петрухин, Русь в IX—X веках. От призвания варягов до выбора веры, 2-е изд. Москва, 2014, 137-186

[67]ПВЛ, 8

[68]Цитирано според А. В. Соловьев, Византийское имя Росии, ВВ, т. XII, 1957, 135

[69]М. Я. Сюзумов, К происхождении слова ‘Ρῶς, ‘Ρωσια, Россия, Вестник древней истории, Москва, 1940, т. II (11), 121

литература со што им станало познато на Византијците. Во грчкиот превод на пророкот Езекил исто така се среќава терминот ‘Ρώς.[70]

Може да се заклучи дека името ‘Ρώς на Византијците им било добро познато уште пред тие да се појават на историската сцена, односно уште пред настаните поврзани со руските напади на византиските поседи на Црноморското крајбрежје.

Точната грчка транскрипција на името Руси се појавила во беседите на константинополскиот патријарх Фотиј искажана по повод првиот рускиот напад на Константинопол во 860 г. Освен во беседите транскрипцијата се појавила и во Окружното послание на истиот патријарх кое го испратил до Источните патријарси. Треба да се обрне внимание дека овде името Руси било напишано со омега –ω- и со долг акцент. На тој начин тоа име било пишувано и во подоцнежните официјални акти.[71] Формите οί‘ Ρώς се среќаваат освен кај патријархот Фотиј, уште и кај патријрхот Никола Мистик, Симеон Логотед и продлжителот на Теофан.

Кај учениот император Константин VII Порфирогенит (913-959 г.), којшто своите дела ги пишувал во средината на X век се запишани повеќе различни форми на руското име. Кај него првпат се споменува името Русија -‘Ρωσια.[72] Според историчарот А. Соловјев зборот ‘Ρωσια се појавил во времето кога Византија и Русите ги склучувале мировните договори во 907 и 911 г., но за првпат тоа е зачувано во делата на Порфирогенит.

Императорот Константин Порфирогенит, рускиот кнез Игор го нарекува άρχων ‘Ρωσιας, а кнегињата Олга άρχοντισσης ‘Ρωσιας. Освен кнегињата на цела Русија Олга (се мисли на титулата Велики кнез, во случајов Велика кнегиња) Порфирогенит знае и за άρχοντισσαι ‘Ρωσιαςт.е руски кнегињи и за άρχωντες ‘Ρωσιας т.е руски кнезови.[73]

Лиутпранд епископот Кремонски, којшто го посетил Константинопол во X в. двапати. во своето дело „Antapodosis“, кое го напишал по враќањето од Константинопол кадешто во 949 г. заминал како пратеник и таму се задржал четири месеци, дава податоци за

---

[70]М. Я. Сюзумов, К происхождении слова ‘Ρώς, ‘Ρωσια, Россия, Вестник древней истории, Москва, 1940, т. II (11),, 121

[71]А. В. Соловьев, Византийское имя Росии, ВВ, т. XII, 135

[72]Константин Багрянородный, Об упралениии империей, Москва, 1991, 44-50, овде се спомеува термините ‘Ρωσιας, ‘Ρώς ‘Ρωσιστι

[73]Constantini Porphyrogeniti imperatoris, De ceremoniis aulae Byzantinae, libri duo, Rsc. I. I. Reiske, Bonnae, 1829, Vol.1, 594-597 (понатаму De ceremoniis, II ); Види подетално за ова и А. В. Соловьев, Византийское имя Росии, ВВ, т. XII, 136-137

Русите. Тој соопштува дека Русите своето име го добиле од грчкиот збор ‘Ρώσιος што на грчки јазик значи црвено.[74]

Западноевропските извори уште во XI век Русија почнале да ја нарекуваат Russia, Rusica, Ruzzia, а поретко и Ruthenia. Сепак има случаеви кога западноевропските извори ја користеле византиската терминологиа за името Русија. Германскиот хроничар од XII в. Отон Фрејзингенски под годината 1142 г. бележи дека императорот Јован Комнен му пратил писмо на германскиот император Конрад, во кое се споменува терминот Rossia. Според А. Соловјев тоа е точно датирање на појавувањето на името Русија во латински текст, очигледно преведено од грчки јазик. Во француската „Историја на Ерусалим“ од XII в. стои податок дека во битка кај Никеја покрај крстоносците имало и витези од Полска, од Русија – de Rossi – и од Норвешка. Освен овие, има и други примери кои се зачувани во западноевропските извори, а кои се однесуваат на името Русија.[75]

Во врска со почетоците и настанувањето на средновековната руска држава треба да споменеме дека во историографијата се појавиле неколку теории за нејзиното настанување. Најпознати теории се норманската и антинорманската т.е словенската теорија за потеклото на Русите и за нивната држава. И двете теории имаат бројни приврзаници исе поткрепена со факти и докази, превземени од изворите.

Норманската теорија е најстарата теорија и нејзините приврзаници сметаат дека народот - племето Рус (Русь) потекнува од Скандинавија, а дошло во Русија во времето на експанзијата на Викинзите - Варјазите. Норманистите сметаат дека Варјазите – на Запад познати како Нормани - кои имаат скандинавско потекло, се тие коишто ги основале првите држави на Источните Словени, односно Новгородска, а подоцна и Киевска Русија.

Норманската територија во Русија се појавила во првата половина на XVIII век благодарение на германските историчари кои биле членови на Руската императорска Академија на науките.

Словените во IX-X век, според рускиот летопис, живееле на сличен начин како и животните, а за основачи и создавачи на државата се сметале северните разбојнички одреди на Варјазите - Норманите. Тие биле најмувани како воини и служеле кај различни

[74]М. Я. Сюзумов, К происхождении слова ‘Ρώς, ‘Ρωσια, Россия, Вестник древней истории, 121. Види, Лиудпранд Кремонски, Разплата-История на Отон-Пратеничество в Константинопол, превод од латински и коментар Лиляна Симеонова, София, 2015, кн. I, гл. 11, 51 и белешка 59 на стр.51-52 и кн. V, гл. 15
[75]А. В. Соловьев, Византийское имя Росии, ВВ, т. XII, 139

владетели, а ширеле страв и трепет на територијата на Северна Европа. На овој начин под перото на Зигфрид Баер, Герхард Милер и Август Шлецер се родила идејата за норманизмот. Основните прописи на норманизмот се појавиле тогаш кога и германската и руската наукасѐуште се наоѓале во своите почетоци и кога кај историчарите претставата за сложениот многувековен процес за раѓањето на државноста бил сѐ уште во магла.[76]

Како аргумент за својата теорија, норманистите ја земаат „Легендата за повикувањето на Варјазите“ од „Повесть временных лет“. „*Се договорија Словените да побараат кнез кој ќе владее со нив. И отидоа зад морето кај Варјазите, кај Руситe...и рекоа Русите, Чудите, Словените и Кривичите: земјата наша е голема...дојдете, кнезувајте и владејте со нас*“.[77] Рускиот историчар Фјодор И. Успенски смета дека всушност овие зборови запишани во летописот претставуваат „јаболко на раздорот“ и се причина за непријателство помеѓу научниците.[78] Норманистите кои се познати и како Несторовци, имаат буквален начин на интерпретација на фактите.

Норманистите покрај пишаните извори ги користат и материјалните, односно археолошките извори. Имено, арапскиот патеписец Ибн Фадлан запишал дека влијателните Руси – благородници (болјарите) и великодостојници – ги погребувале така што биле ставани во чамец, а потоа биле палени, а по овој чин се подигнувала гробница во вид на насип (рус. курган). Овој податок се однесува на 922 г. кога Русите сѐ уште се разликувале од Словените. Гробници од ваков вид во текот на археолошки ископувања биле најдени во Ладога, а подоцна и во Гнездов.[79]

Предмети од скандинавско потекло, со археолошките ископувања, биле пронајдени во сите трговско-занаетчиски населби, како што се: Ладога, Тимерево Гнездово, Шестовица и др.

Освен материјалните извори, норманистите во своја корист ја користат и лингвистиката. Многу зборови од старорускиот јазик имаат староскандинавско потекло.

---

[76]Б. А. Рыбаков, Рождение Руси, 4-5

[77]ПВЛ, 9

[78]Види детално кај Ф. И. Успенский, Русь и Византия в X веке, Речь произнесенная 11 мая 1888 г. в торжественном собрании Одесского славянского благотворительного общества в память 900 - летнего юбилея крещения Руси. - Одесса, Кирилло-Мефодиевский кн. склад при Одесском славянском о-ве, 1888 г. 1-3

[79]Г. С. Лебедев, Шведские погребения в ладье VII-XI веков, Скандинавский сборник XIX. – Таллин „Ээсти Раамат“, 1974, детално е опишан овој начин на погребување и го дава целосниот историјат за истиот.

Такви се не само лексички термини во трговијата, туку и морски термини, термини за власта и управувањето, па дури и лични имиња.

Како противници на норманистите и на норманската теорија, се појавила антинорманската т.е словенската теорија. Антинорманизмот е правец во историографијата на Царска, Советска и постсоветска Русија. Нејзините претставници се обидуваат да ја негираат норманската теорија за потеклото на првата владеачка династија во Русија и за создавањето на Староруската држава.

Едни од најистакнатите норманисти се: М. П. Погодин, С. М. Соловјев, А. А. Куник и К. Н. Бестужев-Рјумин.

Словенската теорија била воспоставена од В. Н. Татишчев и М. В. Ломоносов. Таа произлегува исто така од еден пасус од „Повесть временных лет“. „*...од тие Словени – сме и ние Русите...А словенскиот нарот и рускиот се едно исто, од Варјазите ете се нарекоа Руси, а пред тоа биле Словени, иако и Полјани се нарекуваа, сепак зборуваа словенски.*“[80]

Антинорманистите сметаат дека кога бил пишуван Несторовиот летопис, рускиот народ себе си се сметал за словенски. Имено, сметаат тие, дека во XI век етносот Рус, произлегол од Словено-Полјаните, а од Варјаго-Русите, го добиле својот етноним.

Ф. И Успенски смета дека податокот во рускиот летопис е легенарен, па според тоа Русите не треба да се бараат некаде позади Балтичкото Море, туку некаде во Русија. Тој смета дека тоа би било на Балтичкото крајбрејжје, на бреговите на Црното Море, на реката Дунав или во Киев. Поради своите размислувања антинорманистите се познати уште и како антинесторовци, бидејќи за разлика од норманистите, антинорманистите немаат буквален пристап во интерпретацијата на фактите и веруваат во реалното постоење на словенството во Русија.[81]

Претставници на словенската т.е антинорманската теорија се: Н. И. Надеждин, Ј. И Венелин, М. А. Максимович, М. Т. Каченовски и др. Како најистакнати антинорманисти се покажале С. А. Гедеонов и Д. И. Иловајски.

Во советската историографија за татковина на Русите се сметало Средното Подњепровие, а за нивни предци се сметале Полјаните. Позната е теоријата на В. В. Седов за „рускиот каганат“ којшто според пронајдените археолошки материјали ги сместува

---

[80]ПВЛ, 13
[81]Ф. И. Успенский, Русь и Византия в X веке, 2

Русите во меѓуречието помеѓу реките Дњепар и Дон - тоа е т.н волинцевска култура (археолошка културна старите Словени во раното Средновековие (VIII – IXв.)) која што ја истакнал и ја именувал Д. Т. Березовец – и ги определил Русите како словенско племе.

Антинорманистите како докази ги користат пишаните извори, руски, византиски, западни и изворите од арапските и други источни автори, но сепак голема важност им придаваат и на материјалните извори. Од гледна точка на антинорманистите, археолошките истражувања вршени покрај реките и езерата во северозападна Русија укажуваат на јужнобалтичко потекло на Русите и не ја потврдуваат теоријата на норманистите.

На почетокот на XXI век за водечки антинорманист во Русија се смета В. В. Фомин. Голем е бројот на литературата која е напишана во врска со оваа теорија. Треба да се спомене делото на Лав Клејн, „Спорот за Варјазите. Историјата на спротивставеностите и аргументите на страните“, издадена во Санкт-Петербург, во 2009 г. Во оваа книга археологот и историчар Л. С. Клејн ја изложил тривековната историја на спорот за етничката припадност на Варјазите и нивната улога во создавањето на Староруската држава.

Важно е да се напомене дека и едната и норманската и антинорманската теорија имаат голем број на свои приврзаници.

Имајќи ги во предвид податоците од рускиот летопис, може да се заклучи дека владетелската династија позната како Рјуриковци, која владеела со Киевска Русија од 862 па до 1598 г., чиј основоположник бил Рјурик (старонордиски Rørik), имала скандинавско, односно варјашко потекло. Исто така, покрај владетелската династија која имала скандинавско потекло и голем дел од болјарите (благородниците) во Киевска Русија биле Скандинавци, односно Варјази. Во прилог на ова говори фактот дека кога бил потпишан византиско-рускиот договор од 911 г. 15-те руски пратеници кои го потпишале договорот имале скандинавски односно, варјашки имиња. Пример: Карл, Ингел, Фарлаф, Веремуд, Рулав, Гуди, Руалд и др. Исто така и во договорот од 944 г. имињата на руските пратеници се варјашки. Еден од позначајните команданти на кнезот Свјатослав, Свенелд, исто така според името бил Варјаг. По смртта на кнезот Игор, во Киев, како помошници на кнегињата Олга и нивниот син Игор останале војводите Свенелд и Асмуд исто така

Варјази. Додека владетелската династија, бољарите и повидните команданти на војската биле Варјази ситуацијата со обичното население во Киевска Русија е поинаква.

Склони сме да прифатиме дека на територијата на Русија, дошло до мешање помеѓу словенското население и населението дојдено од Скандинавија. Како мнозинско население кое живеело во Киевска Русија, сметаме дека биле Словените, пред сѐ бидејќи словенскиот јазик бил јазикот кој се употребувал во државата, како за внатрешна, така и за надворешна употреба, за што сведочат византиско-руските договори. Овие договори се зачувани на старословенски јазик, а биле потпишувани на грчки и на старословенски јазик. Друг важен факт кој говори за тоа дека Словените биле мнозинство е и митологијата, односно врз база на Византиско-руските договори дознаваме дека кога биле потпишувани овие договори, Русите се колнеле во своите богови Перун и Волос. Несомнено е дека во северните делови на Киевска Русија по текот на реката Волхов, околу беговите на Ладошкото Езеро и градовите Новгород, Псков, Гнездово, Ладога и др. како што сведочат материјалните (археолошките) извори имало варјашко население коешто дошло од Скандинавија. Ситуацијата во јужните делови на државата, по текот на реката Дњепар, околу Киев, бреговите на Црното и Азовското Море и др. мнозинството население било Словени. Сепак ова не значи декана Север немало Словени или дека на Југ не дошле Варјази. Во процесот на етногенезата на Киевска Русија дошло до мешање помеѓу овие два елементи, но Словените како мнозинство преовладале, односно скандинавските доселеници се претопиле во масата Словени и со текот на времето тие се словенизирале.

# ГЛАВА II

# ПРВИТЕ КОНТАКТИ НА ВИЗАНТИЈА СО РУСИТЕ

## 2.1 ПРВИТЕ РУСКИ НАПАДИ НА ВИЗАНТИСКИ ТЕРИТОРИИ

Името Рус или Руси на Византијците им било познато уште пред тие да дојдат во директен контакт со нив. Како што споменавме, тоа име е запишано во Светото Писмо, а со неговиот превод на грчки јазик, Византијците се запознале со името Руси, но до тогаш немале никаков контакт со нив.

Како можна претпоставка за соработка помеѓу Русите и Византија, В. Г. Вернадски во своето дело „Древна Русија“, Глава VII, наслов 5. Првиот руски кагант, ги зема податоци запишани кај Теофан Исповедникот и кај Константин Порфирогенит, па според тие податоци смета дека уште во 773 г., започнале да се среќаваат руски морнари во служба на Империјата.[82]

Имајќи во предвид дека Скандинавците биле морепловци, тие граделе бродови во устието на реката Дон и пловеле по Азовското и Црното Море. Треба да се напомене дека уште пред да дојдат Скандинавците, Асите и Русите пловеле по Азовското Море.

Во врска со тоа, треба да се посвети особено внимание на фрагментот од хрониката на Теофан Исповедник, кој е посветен на „руските бродови“ во византиската флота. Зборувајќи за кампањата на Константин V (741-775 г.) против Бугарите во 773 г., Теофан забележал дека, најпрвин Константин против Бугарите ја насочил својата основна флота, составена од двеста бродови (chelandia), а потоа самиот навлегол во морето со својата лична флота составена од „руски бродови“ (ρουσια χελανδια).[83] Латинскиот преведувач на хрониката на Теофан, библиотекарот на папата Анастасиј, којшто пишувал кон крајот на IX век, го превел грчкиот збор ρουσια не како „руски“ туку како „црвени“ (rubea). Г.

[82]Види повеќе, В. Г. Вернадский, Древняя Русь, 159-163

[83]Летопис византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сина его Феофилакта, 615

Вернадски забележува дека црвената боја била типична за руските бродови. „Руските бродови“ биле окарактеризирани како „црвени бродови“. Што се однесува до можното присуство на руски бродови или морнари во составот на византиската флота во 773 г., тоа не може да остане незабележано без проучување на овој проблем. Од своите агенти во Херсонес византиската управа би требало да има добиено сведоштва за појавувањето на Скандинавците во Азовскиот регион, набргу после нивното доаѓање на оваа територија.[84]

Треба да се обрне внимание дека во многу подоцнежно време, односно во X век имаме точно сведоштво за руски морнари кои се наоѓале во служба на Византија. Согласно книгата „За церемониите“ од императорот Константин VII Порфирогенит, Русите земале учество во походот на Крит во 903 г. Подоцна седум руски бродови ѝ се приклучиле на византиската флота исто така и во походот на Италија во 935 г. Зборувајќи за руските морнари во служба на Иперијата, Константин Порфирогенит зборува за тоа со самодоверба така што во тоа тој не гледа нешто ново или необично.[85]

Г. Вернадски предлага дека таквата пракса започнала многу порано. Ништо не ѝ противречи на хипотезата дека првиот случај на соработка помеѓу руските морнари и Византија започнал уште во 773 г. Од друга страна, мора јасно да се сфати дека сето ова не е ништо повеќе од претпоставка.[86]

Сепак до првите контакти помеѓу Византија и Русите дошло кон крајот на VIII или почетокот на IX век. Податоци за овие настани се забележани во житијата на двајца светци, односно во „Житието на Св. Стефан архиепископ Сурожски“ и „Житието на Св. Георгиј Амастридски“.

Во пространото „Житие на Св. Стефан Сурожски“ е забележан податокот за нападот на Русите на Кримското крајбрежје, неколку години по смртта на светецот – починал во 787 г.- и за ограбувањето на византискиот град Сурож, односно Сугдеја (гр. Σουγδαία.) денешен Судак. Имено, В. Г. Василевски ги обработил и краткото и пространото „Житие на Св. Стефан Сурожски“, првото напишано на грчки јазик, а второто зачувано на старословенски (старословенски-руски) јазик.[87]

---

[84] Г. В. Вернадский, Древняя Русь, 160

[85] De ceremoniis, II, гл. 44, 651-664

[86] Г. В. Вернадский, Древняя Русь, 160

[87] В. Г. Василевский, Труды, т. III, Петроград, 1915 г., 72-97. За Сурож види A. P. Kazhdan, The Oxford Dictionary of Byzantinum P-Z, 1931

В. Г. Василевски, којшто детално го обработил и краткото и пространото житие на овој светец, смета дека пространото житие кое е сочувано на словенски јазик од XV век[88] било создадено во VIII – IX век на грчки јазик, но тоа не е зачувано. Тој смета дека најверојатно податоците за нападот на Русите на градот Сурож и на кримските поседи на Империјата, се случиле непосредно пред да биде напишано житието.[89] Ваквиот заклучок на В. Г. Василевски предизвикал долга дискусија во науката, која што и ден денес не е завршена. Противници на ваквиот став на В. Г. Василевски биле А. А. Василев[90], А. Грегуар, П. Оргелс  Ж. Коста-Луји други. Овие историчари сметале дека податоците во житието на Св. Стефан Сурожски се апсолутно фантастички, а главните напори пред сè биле насочени кон критика на „теоријата на Василевски“ за сигурноста во податоците дадени во житието на Св. Георги Амастридски за заземањето на Амастрид, (гр. Ἀμάστριδος)  денешна Амасра (тур. Amasra), од страна на Русите до 842 г.[91]

В. Г. Василевски докажал дека издадените житија на Св. Стефан Сурожски, и краткото – напишано на грчки јазик - и пространото – напишано на старословенски јазик – биле далеку од оригиналот како по содржината, така и по времето на нивното настанување. Тој смета дека нив ги составиле не многу образовани луѓе. Во житијата има многу противречности и многу  грешки во историските факти, но исто така има и многу реални и историски точни податоци. Норманистите во XIX и XX век, сметале дека опишаниот настан во житието, се однесувал во времето на кнезот Владимир, - втора половина на X век -, а не порано, го одразуваат фактот за покрстувањето на овој кнез и сметаат дека житието е напишано не порано од XI век. Скептик бил и Ф. И. Успенски кој сметал дека житието не може да се смета за целоснен точен историски извор. По негово мислење, тоа имало местно потекло, не дава сведоштва за релативна историска ситуација, односно самото споменување на кнезот Бравлин не е во контекст со историјата на животот на светецот, туку е во контекст со настаните после неговата смрт.[92]

---

[88]В. Я. Петрухин, Крещение Руси: от язычества к христианству, 25

[89]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь (IX- начало XII в.), Санкт-Петербург, 2000, 25

[90]A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, CAMBRIDGE: MASSACHUSETTES, 1946, 71-89

[91]A. P. Kazhdan, The Oxford  Dictionary of  Byzantinum A-C, 74-75 и Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь (IX - начало XII в.), 25

[92]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., Москва, 1980, 26

Контра аргументите кон изданието на „Житието на Св. Стефан Сурожски“ во „Трудовите“ на В. Г. Василевски том III, детално се наведени кај А. Н. Сахаров и Г. Г. Литаврин.[93]

Походот на новгородксиот кнез Бравлин, истражувачите го датираат кон крајот на VIII или првата третина на IX в. Русите го заземале градот Сурож (денешен Судак), а нивниот кнез се покрстил.Б. А. Рибаков смета дека примањето на христијанството на некаков дел од Русите, може да се објасни со споменатиот податок кај Ибн Хордадбах за тоа, дека Русите се претставувале како христијани кога оделе во земјата на Калифот и како такви плаќаале данок по глава од човек. Во врска со ова пишува и М. В. Левченко, „*Има неоспорливи докази дека Русите им биле познати на Арабјаните и Византијците во првата половина на IX в.*“ Тој го наведува истиот цитат од Ибн Хордадбег каде се споменува дека Русите се христијани и врз база на цитираното заклучува дека „*Во соопштението на арапскиот писател има еден важен детаљ: тоа е соопштението дека Русите се припадници на словенско племе*“[94]

Според податоците во житието, да видиме каков бил, тој напад, како се одвивал и кои биле резултатите кои произлегле од него.

„*По смртта на светецот”,* – починал после 787 г.[95] на 15 декември, годината не е позната, се смета дека починал по 787 г. бидејќи во 787 г. го имаме како учесник на Седмиот Вселенски собор –*”малку години поминаа и дојде до голема војна со Русите од Новгород. Кнезот Бравлин силен, започнал да ограбува од Корсун до Керч и со многу голема сила дојде до Сурож. 10 дена градот го држеше под опсада, а 10-от ден ја скршија железната врата и влезе во градот. Го зема својот меч и влезе во црквата Св. Софија.*“[96]

Како што може да се види од горенаведениот цитат од пространото житие на Св. Стефан Сурожски, имаме соопштение дека се случил напад врз територија на Византија. Биле нападнати византиските поседи на Крим, но нема податоци за тоа кога се случил нападот и кои биле причините за него. Во науката е прифатено дека овој напад се случил

[93]За контра аргументите види, А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 26-28 и Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь (IX - начало XII в.), 32-36

[94]Види детално Б. А. Рыбаков, Рождение Руси, 24 и М. В. Левчентко, Очерки по истории русско-византийских отношений, Москва, 1956, 45

[95]Г. В. Вернадский, Древняя Русь, 161, како година на смртта на Св. Стефан Сурожски ја наведува 786 г.

[96]В. Г. Василевский, Труды, т. III, 95

кон крајот на VIII или почетокот на IX век. Многумина историчари со право се сомневаат дали всушност се случил напад, бидејќи за вакво нешто сведоштво немаме во византиските извори.

Понатаму следува раскажување за ограбувањето на градот и црквата од страна на Русите. Имено, откако ја скршиле вратата на храмот, влегле внатре и кнезот го забележал гробот на Св. Стефан. На гробот имало „*царска облека и бисери и злато и скапоцени камења и кандила златни и садови златни, сè ограбија...*“.[97] Од овде опишаното можеме да заклучиме дека овој напад пред сè имал ограбувачки, а не освојувачки карактер. Наспроти моќната Византија, стоело племе коешто тешко можело да си дозволи да се впушти во освојувачки поход знаејќи со каква сила располага Византија, но можело да си дозволи една авантура и да се врати со богат плен, знаејќи со какви богатства располагале византиските градови.

Откако се случил грабежот, во житието е опишано чудото на Св. Стефан. Станува збор за казната којашто го стигнала кнезот на паганите. Откако ја ограбиле црквата, кнезот се разболел. Неговото лице се свртело наопаку „*неговото лице се сврте назад...*“ и останал неподвижен. Кнезот откако го стигнала казната Божја им наредил на своите луѓе да вратат сè што украле од гробот на светецот, но тоа не му помогнало и тој останал во истата положба. Кнезот Бравлин тогаш ѝ наредил на неговата војска да излезе од градот, да го остави целиот плен што го украле од овој град како и оној плен од Хероснес и Керч. Светителот Стефан му се јавил на кнезот во визија и му рекол: „*Додека не се покрстиш во мојата Црква, ти од тука нема да излезеш и да се вратиш назад*“.[98] Како што е запишано понатаму, кнезот исплашен од состојбата во која се наоѓал се согласил со тоа што го побарал светецот од него. Дошле свештеници на чело со архиепископот Филарет – тој е наследникот на Св. Стефан на архиепископското место во Сурож – и му прочитале молитва на кнезот. „*И го покрстија него* (кнезот б.м) *во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, и се исправи леицето негово, се покрстија и сите болјари*“.[99] Откако се покрстил, кнезот со војската си заминал од градот, а сите мажи, жени и деца што биле заробени од тој град и од Херсонес и Керч биле ослободени.

[97]В. Г. Василевский, Труды, т. III, 95
[98]Исто, 96
[99]Исто, 96

Особено е интересен податокот за покрстувањето на кнезот Бравлин и за неговите болјари. Но поради недостиг на информаци, не можеме со сигурност да тврдиме дека кнезот Бравлин се покрстил. В. Г. Василевски смета дека, правилно би било да се утврди дека опишаните настани во житието, никогаш не се ни случиле. Според него, на раскажаното требало да се гледа само како на легенда, која имала за цел да го прослави чудотворецот.[100]

А. Н. Сахаров смета дека опишаната во житието казна која го снашла кнезот како и неговото согласување со условите, во реалноста би можело да се разгледаат како согласување за мировен договор. Според него, што се случило во Сурож и дали се случило воопшто ние не знаеме и никогаш нема ни да дознаеме. Житието настаните ги опишува под влијание на светите чуда, но сепак тој смета, дека постоеле некакви реални причини поради кои Русите биле принудени да отстапат. За податоците со кои се истакнува дека вратиле сѐ што украле, А. Н. Сахаров смета дека тоа се карактеристики на согласување за склучување на мировен договор во до Рјурикова Русија. Во лицето на архиепископот Филарет, А. Н. Сахаров гледа преговарач - а според неговиот висок црковен чин можеби бил и на чело на преговарачите - кој се залагал на прво место да бидат вратени украдените црковни предмети.[101]

Интересно е да се спомене образложението на А. А. Василев којшто се сомнева во овие настани. Имено, А. Василев е на мислење дека името на кнезот Бравлин не е сигурно. Според него ракописите ни даваат различни облици на тоа име, Брејлин, Бравалин, коешто понекогаш дури не е вистинско име, туку приврзаник на „бранлив“ што значи караница. Некои истражувачи се на мислење дека ова име е поврзано со местото Бравала во Скандинавија каде што се одиграла значајна битка.[102] На исто мислење, дека кнезот Бравлин е всушност епитет на некој кнез којшто бил учесник во битката кај Бравала во 770 г. е и Н. Т. Белјаев.[103]

Врз база на податоците за овој руски напад, Г. Вернадски е на мислење дека, Скандинавците појавувајќи се во Приазовието во средината на VIII век се измешале со

[100] В. Г. Василевский, Труды, т. III, CCLXXIV; Е. Е. Голубинский, История русской церкви, том I, период первий Киевскiй или домонгольскiй, Москва, 1901, 53-62

[101] А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 28-29

[102] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 82

[103] Цитирано според, Г. В. Вернадский, Древняя Русь, 161

локалните племиња Аси и Руси и кон крајот на тој век собрале сила за да го загрозуваат Крим. Може да се каже дека во тоа време тие успеале да создадат не само вооружена сила, но и организирана држава. Нивниот водач ја присвоил хазарската титула кан. Ибн Руста сведочи дека „*Русите имале водач кој се нарекувал кан*“. Иако тој пишувал во почетокот на X век, тој најверојатно користел извори пишувани во средината на IX век, па според тоа, Г. Вернадски смета дека тој негов податок можеби се однесувал на тоа време.[104]

Појавувајќи се во Црното Море со вооружена флота, Русите не се ограничиле да дејствуваат само на југоисточниот брег, туку преземале морски походи и врз јужниот, анадолскиот брег на Црното Море во првата половина на IX век. За ова зборуваат податоците запишани во „Житието на Св. Георги Амастридски“. Податоците од ова житие зборуваат за нападот на Русите на градот Амастрид, главен град на областа Пафлагонија (гр. Παφλαγονια), кој се случил во првата половина на IX век.

По мислење на В. Г. Василевски, кој детално го обработил, превел и анализирал „Житието на Св. Георги Амастридски“ во „Трудови“ т. III, житието настанало во периодот на првата половина на IX век, односно до 842 г. Како основен аргумент во полза на тоа датирање, авторот го зел во предвид фактот дека во житието отсуствува споменувањето на иконите, што јасно укажува дека тоа настанало во периодот на иконобрството, а овој период завршил со смртта на императорот Теофил во 842 г.[105]

В. Г. Василевски смета дека автор на ова житие е ѓаконот Игнатиј, автор на повеќе значајни црковни дела од тој период.[106] В. Г. Василевски забележал дека, ако се прифати дека нападот споменат во ова житие се случил во првата половина на IX век, тогаш според тоа, заклучил тој, името Руси во тоа време веќе не само што било познато, туку било и општо прифатено барем на јужниот брег на Црното Море. Ваквиот негов став бил прифатен и од И. И. Шевченко кој извршил детална анализа на житието. И. Шевченко додал дополнителен аргумент за тоа дека автор е ѓакон (ст.-гр. διάκονος) Игнатиј, докажал дека дата на смртта на Св. Георги е 825 г., а ова го утврдува и времето кога се случил рускиот напад, односно тоа би бил периодот од 825 до 842 г. Ф. И. Успенски го датира

[104]Г. В. Вернадский, Древняя Русь, 161

[105]А.Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 30; Житието детално е обработено од В. Г. Василевский, Труды, т. III, I-CXLI,

[106]Исто, LXXXVIII - CVIII

нападот во периодот до 843г.[107] Житието на овој светец било напишано и е зачувано на грчки јазик.

Како и претходно во врска со „Житието на Св. Стефан Сурожски", така и во врска со ова житие, во науката има спротивставени ставови. Како и претходно, така и во овој случај се спротивставуваат норманистите и антинорманистите, црпејќи факти како свои докази пред сè од различниот начин на интерпретација на податоците прикажани во житието.

Како противници на В. Г. Василевски во врска со неговите размислувања и заклучоци за „Житието на Св. Георги Амастридски" се јавуваат истите они кои биле противници и на неговите размислувања и заклучоци за „Житието на Св. Стефан Сурожски". Тоа се погоре споменатите автори кои имаат различен пристап кон податоците од житието, тие сметале дека тоа е неверодостојно, како и дека е напишано во подоцнежен период, односно податоците во него ги поврзуваат со нападот на кнезот Игор на Константинопол во 941 г.[108] А. А. Василев смета дека опишаниот во житието народ Руси, не бил толку многу познат во почетокот на IX век, туку неговото споменување како добро познат и доста распространет народ укажува на подоцнежно настанување на овој споменик.[109]

Поинакво е размислувањето на Г. Вернадски. Имено, тој е на мислење дека житието било создадено наскоро по смртта на светецот, односно во почетокот на IX век, а нападот на Русите на градот Амастрид се случил во периодот од 820 до 842 г., поточно во 840 г.[110]

Постојат сомнежи во врска со тоа дали податоците за рускиот напад на Амастрид запишани во житието се веродостојни и дали воопшто се случил ваков напад. Сомнежите се оправдани ако се земе во предвид фактот дека византиските извори за овој напад, како и за претходниот молчат, не даваат никакви податоци.

Треба да се има во предвид фактот дека во времето од 820 до 842 г. кога според В. Г. Василевски се случил овој напад, во Јужна Русија не постоела никаква словенска

---

[107]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 31 и Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 26

[108]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 31

[109] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 76

[110]Цитирано според А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 31

држава која би можела да ја загрозува Византија. Ваков е ставот на Х. Грегуар и на да-Коста Луј кои сметаат дека нападот се случил во 941 г. Според нив во тоа време Русите биле трговци кои најверојатно живееле на просторот околу Балтичкото Море, а истовремено биле пријатели и наемни војници на Империјата.[111]

Русите не осмелувајќи се да го нападнат Константинопол започнале со напад врз визнатиските владенија во Пропонтида, односно врз источниот влез на Босфор и нанеле удар по целиот Малоазиски брег на Црноморското крајбрежје. Овде се наоѓала богатата област Пафлагонија со главниот градна областа – Амастрид.[112] Во овој град се наоѓале богати пазари и во него доаѓале трговци од целиот тогашен свет. Токму овде, според податоците од „Житието на Св. Георги Амастридски“, кој бил епископ на градот Амастрид, Русите извршиле воен напад.[113] Ќе го прифатиме мислењето на В. Г. Василевски дека нападот се случил во периодот од 820 до 842 г. кога било напишано и самото житие.

„*Се случил напад од страна на варварите Руси, народ којшто сите го знаат, див и груб, кој во себе нема никакво човекољубие*“.[114] Вака започнува податокот за рускиот напад, но за причините за нападот не се зборува, па според тоа претпоставуваме дека и овој напад бил со ограбувачки карактер како и претходнот.

Г. Г. Литаврин смета дека малку е веројатно или сосема е неверојатно дека Крим треба да се смета како пункт од кој Русите ги почнувале своите напади долж источниот брег на Црното Море или преку морето. Потоа тој мисли дека Русите дошле од устието на реката Дњепар и тие умееле да ги преминуваат дњепровските брзаци веќе во првата третина на IX век. Според него, треба да се мисли дека доаѓајќи кон Босфорот руският одред умеел да помине преку плитката вода од источната страна на теснецот како што тоа тие го правеле и во 941 г. Г. Литаврин понатаму смета дека Русите знаеле за состојбата во Византија. Поточно дека во престолнината на Империјата отсуствувал голем дел од копнената и морска воена сила. Во првата третина на IX век, Византија војувала со Бугарите 809 – 814 г., со узурпаторот Тома Словенинот 821 - 823 г., со Арабјаните 837 –

---

[111]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 46-47

[112]Види П. В. Кузенков, Топография походов руси на константинополь в IX – XI в., Византийски временник, т. 74 (99), 2015, 95

[113]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 33

[114]В. Г. Василевский, Труды, т. III, 64

839 г. во Сицилија и на Малоазискиот брег. Па според последново Г. Литаврин смета дека можеби во еден од овие периоди се случил и рускиот напад на Амастрид.[115]

Во житието стои дека „*...почнаа со напад од Пропонтида низ целото крајбрежје, пристигнаа на крај и до татковината на светецот* (до градот Амастрид б.м.) *го колеа секого без разлика на полот и на возраста... Ги испоганија храмовите и во нив светите работи...* “[116]

Понатаму во житието се опишани ѕверствата и злосторствата кои ги извршиле Русите во градот. Интересен е податокот дека кога варварите влегле во храмот го забележале горбот на Св. Георги Амастридски и тие помислиле дека таму има богатство и започнале да го раскопуваат гробот. Кога решиле да го раскопаат гробот тие од нејасни прични почнале да се чувствуваат изнемоштени и слаби. Им снемало сила ниту во рацете ниту во нозете и останале неподвижни. Нивниот водач - за разлика од претходното житие каде што беше забележана титулата на водачот – кнез – овде не е дадена неговата титула - Кога видел што се случило го обземал страв и ужас, наредил да доведат некои од заробените граѓани и го прашал од каков бог е таа сила, што има таму закопано, па таква казна ги снашла воините. Во продолжени следува објаснувањето на заробеникот – станува збор за граѓанин на градот и христијанин - кој многу добро му објаснува за Господ Бог на рускиот водач, а водачот го потпрашува различни прашања во врска со христијанската религија и Бог. На крајот следува прашањето „*А со какви дарови можеме да му угодиме Нему* (на Господ Бог б.м) *и какви понуди Тој прима?* “. На ова прашање следува скромниот одговор на граѓаниот „*Масло и восок, каков што е обичајот кај христијаните, ослободување на заробениците и да се зачува почитта кон храмовите. Ако сето тоа го направиш, ќе се спасат воинте твои.*“[117]

Како што можеме да забележиме овде повеќе внимание е посветено на разговорот помеѓу рускиот водач и заробениот граѓанин, отколку на описот за целта на нападот и како тој се одвивал. Водачот на Русите, после разговорот со заробеникот, ветил и ги ослободил заробените христијани.

---

[115]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 31

[116]В. Г. Василевский, Труды, т. III, 64 и М. В. Бибиков, BYZANTINOROSSICA Свод византийских свидетельств о Руси, т. II, Москва, 2009, 136

[117]В. Г. Василевский, Труды, т. III, 67

Е. Е. Голубински сметал дека во Амастрид бил склучен „сојуз за мир и дружба". Додека А. Н. Сахаров смета дека таков договор обично се склучувал како резултат на некој крупен меѓу државен судир, а не како резултат на некоја локална воена кампања. Во житието е запишан и редоследот на самиот преговор, имено, водачот на Русите повикал кај себе некој заробеник којшто всушност ги формулирал и условите за мир.[118] Иако не е наведено во житието кој е тој човек, судејќи според тоа дека можел да формулира услови за мир, а тоа значи и да склучува мировен договор, и имајќи го во предвит фактот дека добро го познавал црковното учење, правилно е да се смета дека не станува збор за обичен граѓанин, туку за некој градски великодостојник. Можеби тој христијанин имал некое црковно достоинство. Дека црковен достоинственик можел да склучи мировен договор го имаме примерот со епископот Филарет од Сурож.

Во житието не е наведено што добиле Русите како замена, исто така не е познато каде отишле тие после овие настани. Походот на Амастрид за разлика од оној на Сурож допрел до област која се наоѓала недалку од Константинопол. Мировниот договор бил склучен не во далечните кримски владенија на Империјата, туку на територија на главниот град на областа Пафлагонија, недалеку од престолнината на Империјата. Според тоа В. Г. Василевски е на мислење дека нападот на Амастрид имал извиднички карактер пред општиот руски напад на Константинопол. А. Н. Сахаров смета дека мировниот договор склучен во Амастрид бил првиот официјален договор помеѓу „Грците" и Русите запишан во изворите.[119]

За овој руски напад, како и за претходниот, молчат византиските автори и рускиот летопис. Па така расказот за нападот на Амастрид може да се разбере како разбојнички напад на Русите којшто започнал од Пропонтида. Бидејќи за Константинопол ништо не е кажано во расказот нема основа да се мисли дека во тој момент истиот бил загрозен.[120]

Од податоцитие во житијата кои ги опишуваат двата руски напади може да се заклучи следново. Имено, и двата напади започнале долж Црноморското крајбрежје. Едниот напад долж Кримското крајбрежје, а другиот долж Малоазиското крајбрежје. Териториjалните рамки на походите се одредени. Првиот напад од Херсонес до Керч, а вториот од Пропонтида до Амастрид. Во двата воени напади Русите ги загрозуваат

[118]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 33-34
[119]Исто, 34
[120]В. Г. Василевский, Труды, т. III, CXXIX

провинциските градови на Византија, не осмелувајќи се да нападнат на престолнината. Во двата случаи како мети на грабеж се јавуваат христијанските храмови во кои имало многу скапоцености. На крај и двата напади завршиле со мировни договори кои се идентични. Имено, било договорено да се прекинат воените дејствија, да бидат ослободени заробениците, да се врати сè што било ограбено од храмовите и да се изнесе војската на напаѓачот од градот.

## 2.2 ПРАТЕНИШТВОТО НА РУСИТЕ ВО ВИЗАНТИЈА И ВО ФРАНЕЧКАТА ДРЖАВА 838-839 ГОДИНА

Веќе погоре стана збор за односите на Византија со Русија, односно за првите контакти помеѓу цивилизираната Источна Римска Империја и суровиот и варварски непријател - Русите. Според изворите, уште кон крајот на VIII век, поточно во 773 г., се спомнуваат Руски морнари, односно руски бродови во служба на флотата на Византија. Судејќи според ова најверојатно од втората половина на VIII век Русите веќе биле најмувани во слжба на Империјата, но сепак тоа не значи дека тие имале организирано некакво државно уредување. До поголеми воени судири доаѓа, според двете житија на Св. Стефан Сурожски и на Св. Георги Амастридски, кон крајот на VIII или почетокот на IX век, па така некои историчари сметаа дека овде дошло и до мировни преговори.

Бертинијанските анали – лат. Annales Bertiniani, или познати и како аналите на Пруденциј - се хроника на манастирот Сен-Беретен, кои ја опфаќаат историјата на државата на Франките од 830 до 882 г. Пвиот дел од аналите од 830 до 835 г. биле составени од непознат автор. Вориот дел од 835 до 861 г. ги напишал шпанецот Галиндо, односно Св. Пруденциј Труаски – светец на католичката црква, епископ на градот Труа - којшто бил капелан на првиот крал на Западно - Франечкото кралство, Карло Ќелавиот. Третиот дел од 861 до 882 г. го составил Хинкмар архиепископот на Ремс.[121]

[121] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 6

Најраните записи за односите меѓу Русите и Византиската Империја, како што напоменавме, со сигурност потекнуваат од првата половина на IX век. За прва официјална и од изворите позната посета на руски пратеници во Константинопол и во Ингелхајм на реката Рајна – престолнина на Франечкото кралство - зборуваат Бертинијанските анали. Имено, оваа посета во аналите е ставена под годините 838-839 г.[122]

Пруденциј во аналите запишал: „*Дојдоа пратеници Грци* (Византијци, б.м), *испратени од императорот Теофил,* (предводени од б.м) *епископот на Калцедонската* (Халкедонската б.м) *митрополија Теодосиј и спатариј Теофан носеа дарови и писмо за императорот, императорот* (овде се мисли на кралот Лудвик Побожниот 814-840 г. б.м) *ги примил во Ингелхајм...“* на 18 мај[123] *„...Тој* (императорот Теофил б.м) *испратил со нив и пратеници кои својот народ го нарекувале Рос (Rhos), коишто нивниот крал кој го нарекуваат Каган, ги испратил порано со писмо за да изјават барање за пријателство кај него* (императорот Теофил, б.м).“ Во писмото напишано од императорот Теофил било побарано од кралот Лудвиг *„...доколку би можело тие* (пратениците, б.м) *да ја добијат благонаклонетоста на императорот* (кралот, б.м) *и негова заштита преку целата негова власт* (преку целата територија со која владеел, б.м) *за да можат да се вратат. Тој* (императорот Теофил, б.м) *не сакал да се враќаат по истиот пат и да се најдат во опасност, затоа што патот по којшто дошле во Константинопол минувал низ предели во кои живееле бесчовекољубиви и страшни варваски народи.“*[124]

Според она што го соопштува Пруденциј, кралот Лудвиг Побожниот ги прашал пратениците за причините поради кои тие дошле во земјата на Франките и дознал дека тие се „Швеѓани“. Пратениците биле разоткриени дека се шпиони и ги задржале во Ингелхајм се додека не била откриена вистинската цел за нивното доаѓање, но наскоро било откриено дека тие дошле да шпиноираат, а не да бараат пријателство. Со одговорот испратен од кралот Лудвиг до императорот Теофил, било соопштено дека, ако се докаже дека пратениците не се виновни или ќе ги пуштат да си заминат во нивната татковина или

---

[122]Д. Оболенски, Византискиот комонвелт, источна Европа 500-1453, Скопје, 2002, 185

[123]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 37, белешка 3 и Бертинские анали - Annales Bertiniani, Восточная литература, pdf .

[124]Бертинские анали - Annales Bertiniani, Восточная литература, pdf.

ќе бидат испратени во Византија. Со овој податок запишан од Пруденциј во Бертинијанските анали се завршува споменувањето на руските пратеници.[125]

Се поставува прашањето кои биле тие Швеѓани кои се представиле како Руси? Шлецер смета дека луѓето кои во Германија се нарекувале Швеѓани во Константинопол себеси се нарекувале Руси.[126]

Во престолнината на Франките пратениците од Византија, а со нив и пратениците Руси дошле во месец мај 839 г. Најверојатно двете пратеништва дошле во Ингелхајм во раната пролет истата година, што би значело дека Русите презимиле во Константинопол. Руските пратеници најверојатно дошле во Константинопол најдоцна есента 838 г. Судејќи според тоа дека руските пратеници долго време биле во Константинопол укажува на тоа дека нивниот статус бил определн: Русите не биле случајни патници, туку политички мисионери, што може да се утврди од рокот на престој во престолнината којшто бил типичен за тогашната дипломатска практика.[127]

Интересен е податокот за тоа дека кралот на Русите се викал Каган, односно Пруденциј со овој податок ја наведува титулата на владетелот на Русите. Г. Вернадски забележал дека Скандинавците дошле во Приазовието и се измешале со Аситe и Русите. Нивниот владетел со текот на времето ја присвоил хазарската титула каган (кан или хан). Ибн Руста дава податок дека „*Кај Русите бил владетел којшто се нарекувал каган на Русите.*“ Според овој податок и податокот во Бертинијанските анали, Вернадски смета дека без сомнение веќе во првата половина на IX век постоел Руски каганат, но помеѓу истражувачите на историјата на Русија нема согласие за тоа каде се наоѓал каганатот. Ортодоксалните норманисти се склони кон тоа дека престолнина на каганатот бил Новгород, но според географските и политичките услови на тој период, Новгород не одговара за да биде престолнина на каганатот.[128]

М. В. Левченко е на мислење дека народот којшто им пречел на Русите да се вратат во својата татковина -„*...патот по којшто дошле во Константинопол минувал низ предели во кои живееле бесчовекољубиви и страшни варварски народи.*“- можеле да бидат

---

[125]Бертинские анали - Annales Bertiniani, Восточная литература, pdf. и А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 37

[126]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 37

[127]Исто, 42

[128]Г. В. Вернадский, Древняя Русь, 161. За рускиот каганат види кај К. Цукерман, Два этапа формирования Древнорусского государства, Славяноведение, № 4, 55-69

само Унгарците. Имено, во тоа време Унгарците веќе се наоѓале во јужноруските степи и со своето движење на Запад ја пресекле реката Дњепар. Затоа најдобро би били, смета Левченко, да се претпостави дека тоа биле пратеници на руското кнежество кое се наоѓало на средниот тек на реката Дњепар со главен град Киев. Руските писатели ја применуваат хазарската титула кан како титула на руските кнезови, а тоа пак го објаснува хазарското влијание во руската терминологија.[129]

Како контра теза за тоа каде се наоѓало седиштето на рускиот каганат, С. Франклин и Д. Шепард ги наведуваат, некаде во централна Шведска, Стара Ладога, Рјуриковото Градиште кај Новгород, или некаде во реонот на горното течение на реката Волга. Ниту Киев ниту реонот на средното течение на Дњестар, според нив не заслужуваат сериозно внимание во врска со тоа прашање.[130]

Во Бертинијанските анали стои дека Русите биле разоткриени како шпиони, сепак сомнежот на кралот Лудвиг дека тие се шпиони е разбирлив, ако се земе во предвид општата политичка ситуација на франечката држава. Веќе во голема мера Норманите ја напаѓале Франечката држава. Од 834 г. Норманите, - Данците и Норвежаните - секоја година го напаѓале брегот на државата на Франките, а во 838 г. кралот одлучил да биде изградена флота и да се организира стража на брегот против овие пирати. Не е изненадувачки тоа што мистериозните руски пратеници кои го криеле своето шведско потекло биле обвинети за шпијунажа и Лудвиг многу внимателно ги истражувал нивните мотиви. За жал, не ја знаеме неговата конечна одлука и дали пратениците можеле да преминат преку неговата Империја за да се вратат до нивната северна татковина или биле вратени во Константинопол. Бидејќи Пруденциј не споменува дека пратениците Руси биле вратени во Константинопол, А. А. Василев е на мислење дека тие на крајот биле ослободени од сомнежот дека се шпијуни и им било дозволено да го напуштат Ингелхајм и да се вратат во својата земја.[131]

Како што не е позната понатамошната судбина на пратениците, не е познато ниту дали тие успеале претходно, во 838 г. да воспостават пријателски односи со византиската влада. Според А. Шахматов, пратениците имале две цели: воспоставување на пријателство со Византија и да се воспостави пат до Шведска преку Западна Европа. Равндал заклучува

[129]М. В. Левчентко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 56
[130] С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 55
[131] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 12

дека во 838 г. бил постигнат договор за пријателство и трговија со Византија, но за ова нема докази. Меѓутоа од текстот на Пруденциј може да се утврди дека ставот на императорот Теофил кон руските пратеници бил пријателски, бидејќи тој Русите ги ставил на грижа на неговите пратеници и барал од кралот Лудвиг да им го олесни враќањето дома. Како и да е треба да се забележи дека посетата на Русите на Константинопол во 838-839 г. во византиските извори не оставила никаква трага.[132]

Г. Г. Литаврин смета дека, можеби преговорите на пратениците со императорот Теофил завршиле со официјално согласување, односно Русите добиле право да тргуваат во Константинопол, обврзувајќи се, - поради тоа што можеле да продаваат на пазарите во престолнината - на империјата да и плаќаат со тоа што ѝ давале воена помош.

Кај Пруденциј е запишано дека Русите отишле кај императорот Теофил со цел да бараат пријателство. Согласно со разбирањето на тогашните меѓународни односи од тоа време, таа формула не подразбирала конкретен политички сојуз, воен договор или воспоставување на одржлив однос на „мир и љубов“. Може да се каже дека поради таков вид на односи во престолнината на Франките биле испратени епископот Халкедонски Теодосиј и спатраиј Теофан. Руското пратеништво, имало многу по ограничена задача, да договори пријателски односи со Византија, што можеби било во врска со рускиот напад на градот Амастрида. Со иста причина руското пратеништво отишло и во Франечката држава. Во Византија пратеништвото било добродојдено, така што воспоставувањето на пријателски односи со Русија содејствувало со целите на Империјата. Појавувањето на Русите во Константинопол може да се сфати и како крај на изолацијата во којашто се наоѓале Источнословенските племиња после нападите на Аварите, а подоцна и во врска со зависноста од Хазарите.[133]

[132] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 12
[133]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 46

## 2.3 ПРВИОТ РУСКИ НАПАД НА КОНСТАНТИНОПОЛ ВО 860 ГОДИНА

За првпат Византијците својот северен непријател, Русите, ќе го видат под бедемите на својата престолнина Константинопол во јуни 860 г.

За време на владеењето наимператорите Теофил (813-842 г.) и неговиот наследник Михаило III (842-867 г.) со Византија, Империјата се сретнала со Русите, - според податоците зачувани во изворите - двапати. Првиот пат како што напоменавме, во 838-839 г. кога во градот на Босфорот дошле руски пратеници, а веќе вториот пат Русите се покажале како непријатели и го опсадиле градот.

По смртта на императорот Теофил, кој починал на 20 јануари 842 г., императорскиот престол го наследил неговиот син Михаило кој имал само три години.[134] Како регент на малолетниот император Михаило, владеела неговата мајка Теодора, а меѓу советниците на императорката-мајка главна улога имал Теоктис. Имено, откако било ликвидирано иконоборството, Византија се зафатила со борба против павликијаните – павликијанството е еретичко и антидржавно движење кое се појавува во VII век во Ерменија[135] - коишто најверојатно се бореле на страна на Арабјаните. Во времето на императорот Михаило III продолжила борбата со Арабјаните. Во 853 г. византиската флота се појавила на египетското крајбрежје и била освоена и запалена тврдината Дамиета недалеко од устието на реката Нил. Поттикнат од својот вујко Варда, младиот император Михаило III во 856 г. направил преврат и ја зел власта во свои раце. Ако Теоктист бил вистински владетел додека владеела Теодора, сега вистинска власт имал Варда. Императорот како главен непријател ги имал Арабјаните па така во времето кога Русите извршиле напад на престолнината на Империјата тој се наоѓал на боиштето во борба

[134] Продолжатель Феофана жизнеописания византийских царей, Санкт-Петербург, 2009, 100

[135] Повеќе за павликијанството како еретичко движење види S. Ransiman, Srednjevekovni maniheizam, Beograd, 2008, 23-66

против Арабјаните. Штом дознал за рускиот напад на Константинопол веднаш се вратил за да ја спаси престолнината.[136]

Со нападот на Русите во 860 г. врз Константинопол, тесно се поврзани две имиња, тоа се имињата на киевските кнезови, Асколд (ст.-сканд. Haskuldr или Höskuldr рус. Асколдъ или Осколдъ) и Дир (рус. Диръ). Овие имиња не се забележани во изворите од византиска провиниенција, туку ги среќаваме само во рускиот летопис.

Името Дир освен во рускиот летопис го среќаваме и во делото на арапскиот географ од X век Масуди. Кај него е забележано дека: „*Прв меѓу кралевите на Словените е кралот ал-Дир, којшто поседува огромни градови и земја. Мухамеданските трговци одат во неговата престолнина со различни видови на роба*.“ Иако има спротивставености помеѓу историчарите во врска со исказот на Масуди, А. Василев не го игнорира во целост овој податок.[137]

Според рускиот летопис, Асколд и Дир биле двајца благородници – бољари во служба на кнезот Рјурик – владетелот на Новгород - но тие не биле во никаква роднинска врска со него. Добиле дозвола од него да одат во Константинопол со своите семејства и пловејќи по реката Дњепар го виделе градот Киев кадешто останале. Тие завладеале со градот, а подоцна и воспоставиле своја доминација над соседните територии. Оттука тие во 860 г. го извршиле нападот на Константинопол и според рускиот летопис во 882 г. токму овде тие биле убиени од кнезот Олег. Тој по смртта на Рјурик завладеал со државата како регент на малеолетниот син на Рјурик Игор и од Новгород дошол во Киев и всуштност го направил Киев престолнина на својата држава.[138]

Асколд и Дир се одделиле од Рјурик, но тие не заминале да служат кај друг сизерен. „Повесть временных лет“ го поврзува нивниот поход со Рјуриковото доделување на градови на своите бољари, односно Асколд и Дир претставувале градски старешини во служба на рускиот кнез во новоосвоените територии. Најверојатно таа функција во новоосвоениот Киев тие не ја исполниле и започнале таму да владеат. Иако Асколд и Дир

---

[136]Г. Острогорски, Историја Византије, 219-229. Податоци за рускиот напад од 860 г. на Константинопол иако скудни има и во Хрониката на Јован Скилица види, М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси-Наратиевние памятники, т. II, 318-319

[137]Цитирано според, A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 177-178

[138]A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 178; Види В. Т. Пашуто, Внешняя политика Древней Руси, Москва, 1968, 58 и С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 92

биле бољари во IX век, врската со нивната татковина во прекуморските краеви за нив била проблематична, исто како и за бољарите од X в., смета В. Петрухин.[139]

Иако во науката има сомневања околу тоа кои се и што се Асколд и Дир и дали тоа е име/имиња на еден или на двајца луѓе, А. Василев дал свое размислување и свој личен став во врска со ова прашање. Имено, тој смета дека голем број на научници гледаат во Асколд и Дир два различни лика, руските извори пружаат најдобри докази во врска со ова мислење. Доказите се зачувани во приказната за нивното убиство и за нивното погребување од страна на кнезот Олег. Двајцата, Асколд и Дир, биле погребани на две различни места. Во летописот стои: "*А тие ги убиле Асколд (Осколд) и Дир и ги носеле нивните тела на ридот кој сега се нарекува Угријска населба, кадешто сега стои Олмската палата (вратата на Олмин). Над таа гробница (на Асколд) била изградена црвква посветена на Св. Никола, а гробницата на Дир се наоѓа позади црквата Св. Ирина*“. Асколд и Дир не биле само двајца различни кнезови, туку и вистински историски личности. Скандинавските имиња на сите први руски владетели кои ги содржат хрониките се апсолутно автентични: Рјурик, Асколд и Дир, Олег, Игор и Олга.Фактот дека последните две имиња, Игор и Олга, се забележани не само во руските летописи, туку и во византиските и западните извори, индиректно ја потврдуваат историчноста на првите четири имиња иако не се наведени во бико каков друг извор.[140]

Како уверен приврзаник на фактот дека Асколд и Дир се навистина историски ликови, А. Василев ја прифаќа верзијата дадена во рускиот летопис во врска со тоа дека тие биле водачи на нападот од 860 г. и покрај фактот дека нивните имиња не се споменуваат во византиските извори. Фактот дека според рускиот летопис нападот се состоел од 200 руски бродови, покажува дека станувало збор за голема воена експедиција, а тоа морало да биде организирано и водено од водач или во овај случај од двајца водачи кои истовремено оделе во напад. Иако византиските автори кои го опишале нападот на Русите молчат за имињата на нивните водачи, тоа не може да се земе како безусловен доказ дека нивните имиња се фиктивни, а лидерите дека никогаш не постоеле.[141]

[139]В. Я. Петрухин, Русь в IX-X веках, от призвания варягов до выбора веры, 259
[140]A. A. Vasiliev, THERUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 179. За Асколд и Дир види, М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 63-64
[141] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 181-182

Асколд и Дир претрпеле пораз бидејќи се одделиле од Новгород, а сметале само на својата сопствена војска составена од Руси. Но и таа војска била голема, според она што е посведочено во византиските извори го нападнала Константинопол со 200 бродови. Овој настан не ја потресол само Византија, туку и Рим. За да се собере и прехрани толкав број на војска, било потребно да се има добра организација по целиот пат „*од Варјазите до Грците*“.[142]

Рускиот напад на Константинопол од 860 г. ги возбудил современиците од Константинопол па сè до Рим и бил забележан во византиските хроники, црковните извори и државните преписки и акти. Подоцна, кон крајот на XI и почетокот на XII веккога во Киев, односно во Киевско-Печерската лавра под перото на монахот Нестор настанал рускиот летопис „Повесть временных лет“, сведоштвата за овој напад биле забележани и во него.

„*Во годината 6374 (866) тргнале Асколд и Дир во војна против Грците* (Византијците б.м.) *и дошле кај нив во 14-та година од царувањето на Михаило. Царот во тоа време бил во поход против Агарјаните* (Арабјаните б.м.) *веќе бил стигнал до Црна река, кога епархот* (градоначалникот на Константинопол б.м.) *му јавил дека Русите доаѓаат во поход кон Цариград и царот се вратил.“*[143]

Рано утрото на 18 јуни 860 г. престолнината на Византија била нападната од руската војска. Русите се појавиле од страната на морето, дошле до бедемите на Константинопол и го опсадиле градот.[144]

Иако рускиот летопис ја наведува 866 г. како година во која се случил овој напад сепак историчарите како година во која се случил нападот ја земаат 860 година.

Прашањето за годината и датумот кога се случил овој напад било решено во 1894 г. Таа година белгискиот научник Франц Цумонт, врз база на ракопис пронајден во Кралската библиотека во Брисел отпечатил една кратка анонимна византиска хроника која го содржела точниот датум – година, месец и ден – на рускиот напад. Годината била

[142]В. Я. Петрухин, Русь в IX-X веках, от призвания варягов до выбора веры, 260

[143]ПВЛ, 9. Интересна е статијата на П. В. Кузенков, Топография походов руси на Константинополь в IX – XI в. 83-101, овде авторот на статијата ги обработил така наречените морски походи на Русите. Започнува со нападот од 860 г. Тој смета дека сите руски напади на Константинопол се движеле по една единствена и добро позната маршрута која е определена од географските услови на регионот.

[144]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 48 и К. Цукерман, Два этапа формирования Древнеруского государства, 60-62

означена дури на три начини: со индикт, според годините на владеење на императорот Михаило III и според византиската година од создавањето на Светот. Сите овие три датуми целосно се совпаѓале еден со друг. Датумот бил 18 јуни 860 г. Според соопштението од хрониката тој ден Русите дошле натоварени на 200 бродови, но со помош од Богородица биле победени, сериозно поразени и уништени. Според Ф. Цумонт хрониката најверојатно била составена во XI век од страна на некој свештеник од Константинопол, можеби монах од манастирот Студион. Покрај точниот датум на нападот, записот од хрониката спаѓа во групата извори кои зборуваат за тоа дека Русите биле поразени под бедемите на престолнината.[145]

Значи според датумот забележан во оваа анонимна хроника од XI век историчарите нападот го датираат на 18 јуни 860 г., а не како што стои во рускиот летопис шест години подоцна, односно во 866 г.[146]

Најзначаен византиски извор за нападот на Русите на Константинопол претставуваат соопштенијата на константинополскиот патријарх Фотиј (858-867 и 877-886 г.) којшто бил очевидец и учесник во настаните. Станува збор за двете негови проповеди - беседи искажани во врска со нападот на Русите и неговото Окружно послание испратено до Источните патријарси напишано во 867 г., во коешто има вест за покрстување на Русите.[147] Станува збор за споменици пишувани во време кога се одвивале настаните или кратко време после нив. Втор византиски современик на настаните е Никола Пафлагониски биограф на Константинополскиот патријарх Игнатиј (847-858 и 867-877 г.).

---

[145] A. A. Vasiliev, THERUSSIANATTACKONCONSTANTINOPLEIN 860, 102

[146]Овој датум го прифаќаат: A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 1946; А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 1982; Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 2000; Г. Острогорски, Историја Византије, 1970; С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 2000; В. Я. Петрухин, Русь в IX-X веках, от призвания варягов до выбора веры, 2014; В. Я. Петрухин, Крещение Руси: от язычества к христианству, 2006; В. Т. Пашуто, Внешняя политика Древней Руси, 1968; М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 1956; П. Коматина, Црквна политика Византије од краја иконоборства до смрти цара Василија I, 2014; Д. Оболенски, Византискиот Комонвелт Источна Европа 500-1453, 2002 и други.

[147]Беседите на патријархот Фотиј прв ги обработил архимандритот Порфириј Успенски. Архимандрит Порфирий Успенский, Четыре беседы Фотия святейшего архиепископа константинопольскаго и расуждение о них, Санкт-Петербург, 1864, потоа В. П. Кузенков, Поход 860 г. на Константинополь и первое крещение руси в средновековных писменых источниках, Древнейшие государства Восточной Европы. 2000 г., Проблемы источниковедения, редактор Л. Д. Столярова, Москва, 2003. Истиот автор на ова место го обработил и Окружното послание на Патријархот Фотиј и М. В. Бибиков, BYZANTINOROSSICA Свод византийских свидетельств о Руси, т. II, Москва, 2009

Никола Пафлагониски во „Житието на светиот патријарх Игнатиј"  напишано по смртта на патријархот кој починал во 877 г. дава сведоштво за рускиот напад. Трет современ византиски извор на овие настани е црковно-литературниот споменик познат како „Слово за положувањето на ризата на Богородица во Влахерн". Ова „Слово" излегло на свет во 1648 г. во Париз, а било заборавено се до 1895 г. кога било публикувано со превод на руски јазик од страна на Х. М. Лопарев. Четвртото современо известие во кое се одразил фактот за рускиот напад му припаѓа на римскиот папа Никола I. Станува збор за едно писмо од 28 септември 865 г. кое папата го упатил до императорот Михаило III. Освен во византиските изворите современи на настаните, белешки за рускиот напад има и во изворите од X и XI век.[148]

Кратко пред да се случи рускиот напад императорот Михаило III со 40 иљадна војска заминал од Константинопол во Мала Азија во борба против Арабјаните кои ја притискале Империјата и од Исток и од Запад. Во истото тоа време византиската флота се наоѓала кај островот Крит во борба против пиратите. Престолнината на Византија фактички била без заштита. Во градот останал мал број на војници под команда на друнгариј на флотата патрикиј Никифор Орифа којшто бил истакнат воен командант и патријархот Фотиј. Двајцата великодостојници во овој случај можеле да сметаат само на цврстите одбранбени бедеми.[149]

Русите нападнале и го опсадиле градот. Додека траела опсадата на градот била одржана и првата беседа на патријархот Фотиј. Според Л. Милер, Фотиј им се обратил на жителите на градот во неделата на 23 јуни 860 г.[150] Во својата прва беседа Фотиј зборува со доста емоционален тон, употребува силни епитети, силно е изразена старозаветната фразеологија, и има доста реторички прашања, метафори и хиперболи. „*Што е тоа?... Од каде не нападна нас тој далеку северен гром?...Зарем за гревовите наши сето тоа е*

[148] А. Н. Сахаров,  Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 49-51 и М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 57-61; Повеќе за изворите кои содржат податоци за овој напад види кај A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860. Исто така и кај В. П. Кузенков, Поход 860 г. на Константинополь и первое крещение руси в средновековных писменых источниках, Древнейшие государства Восточной Европы. 2000 г., Проблемы источниковедения, редактор Л. Д. Столярова. 1

[149]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 52; Ф. И. Успенский, История Византийской империи, 207

[150]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 48

*испратено против нас?...Тие* (гревовите б.м.) *се меч со две острици за секој кој им е верен на нив* (на гревовите б.м.).“[151]

Според она што го искажал патријархот во беседата може да се заклучи дека Русите нападнале брзо и неочекувано. Жителите на градот истовремено ги гледале и слушнале за нив. Императорот заедно со војската бил далеку, а престолнината била речиси незаштитена. Варварите дошле од далечни места „од крајот на екуменaта“, поминале преку многу неплoвни реки и морињa без пристаништа, собрале разни народи (племиња). Сметајќи на тоа дека порано тие биле робови, тие на градот му се потсмевале како на роб. Лишени од управувањето на еден човек, тие не умееле да војуваат, туку грабале и убивале сѐ под ред што се наоѓало пред бедемите. Г. Г. Литаврин наведува дека се согласува со Л. Милер во врска со тоа дека Приазовието не можело да се смета како пункт од каде Русите пошле во напад.[152]

Утрото на 18 јуни 860 г. Константинопол се нашол под опсада, а неговите предградија и соседните острови во Босфор и во Марморното Море биле сурово ограбени и разрушени. Сепак бедемите на градот биле силни па градот не можеле да го освојат ни многу посилни и подобро опремени непријатели од Русите. Повеќе успех Русите имале во ограбувањето на константинополските предградија, а нивните бродови дошле и до Принцовите острови во Мраморното Море каде што нанеле огромни штети на манастирите кои таму ги основал поранешниот патријарх Игнатиј. Имено, и самиот патријарх Игнатиј кој бил во прогонство се наоѓал на еден од островите, односно на островот Теревент.[153]

Според рускиот летопис, Русите навлегле внатре во заливот Златен рог, убиле многу христијани и го опсадиле градот со двеста брода. Императорот се вратил од походот против Арабјаните и со тешкотии се пробил и влегол во градот. Цела вечер заедно со патријархот Фотиј се молеле во црквата Св. Богородица во Влахерн (гр.

[151]Архимандрит Порфирий Успенский, Четыре беседы Фотия святейшего архиепископа константиопольскаго и расуждение о них, 1-2; М. В. Бибиков, BYZANTINOROSSICA Свод византийских свидетельств о Руси, 156-157; В. П. Кузенков, Поход 860 г. на Константинополь и первое крещение руси в средновековных писменых источниках, Древнейшие государства Восточной Европы. 2000 г., Проблемы источниковедения, редактор Л. Д. Столярова, 31-33

[152]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 49

[153]П. Коматина, Црковна политика Византије од краја иконоборства до смрти цара Василија I, Београд, 2014, 145

Βλαχέρναι). Потоа со божествени песни била изнесена ризата на Пресвета Богородица и едниот крај од ризата го ставиле во морето. До тој момент морето било тивко и мирно, а откако ја ставиле ризата тоа се разбранувало и се појавила страшна бура со ветер. Се појавиле големи бранови и бродовите на безбожните Руси биле уништени, а на малкумина им успеало да побегнат од бедата која ги снашла и да се вратат дома.[154]

Според зборовите на очевидецот на настаните, патријархот Фотиј, во својата втора беседа одржана непосредно по повлекувањето на опсадата известува дека Русите се повлекле откако граѓаните на чело со патријархот спровеле црковна поворка околу градските бедеми. Поворката ја носела најстарата светиња во градот, тоа била ризата на Богородица таа свечено била пренесена долж градските бедеми. Патријархот Фотиј во поворката не го споменал присуството на императорот. Може да се заклучи дека Русите се повлекле од под бедемите пред да се врати императорот Михаило од походот против Арабјаните. Оваа руска опсада траела кратко и била завршена во текот на летото 860 г.[155]

Втората беседа[156] на патријархот Фотиј била одржана по заминувањето на Русите и по повлекувањето на опсадата на 25 јуни, или како што предлага Л. Милер во почетокот на јули.[157]

Во беседата е запишано дека си заминале, неочекувано и не надејноисто како и што дошле оние, се мисли на Русите, за кои некогаш гласините за Ромеите се покажале како закани. Според зборовите на Фотиј, Русите биле народ порано невиден, незнаен и по име за нив – Ромеите - сè до нападот непознат. Русите според зборовите на патријархот биле етнос невиден, етнос непрочитан, етнос кој и помеѓу робовите бил непознат. Откако нападнале Русите на Константинопол, Византијците дознале за нив и ги виделе, понатаму следува описот на Русит и говорот на Фотиј за нив. Имено, беседата била проткаена со верски елементи и разни епитети. Треба да се забележи дека императорот не учествувал во церемонијата со положувањето на ризата на Богородица, односно императорот не бил во

---

[154]ПВЛ, 9-10

[155]П. Коматина, Црквона политика Византије од краја иконоборства до смрти цара Василија I, 145-146

[156]За втората беседа види: Архимандрит Порфирий Успенский, Четыре беседы Фотия святейшего архиепископа константиопольскаго и расуждение о них, 14-31; М. В. Бибиков, BYZANTINOROSSICA Свод византийских свидетельств о Руси, 173-190; В. П. Кузенков, Поход 860 г. на Константинополь и первое крещение руси в средновековных писменых источниках, Древнейшие государства Восточной Европы. 2000 г., Проблемы источниковедения, редактор Л. Д. Столярова, 56-66

[157]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 49

градот кога била одржанавтората беседа на патријархот Фотиј. Непријателот се повлекол од под бедемите кога видел дека градот е неосвоив и немаат никакви шанси, а Византијците пак тоа го разбрале како чудо, односно дека им помогнала Богородица, заштитничката на Константинопол.[158]

Јасно е дека императорот Михаило, иако ги добил вестите дека градот е нападнат од Русите, сè уште се немал вратено од боиштето каде војувал против Арабјаните. Присуството на императорот во поворката не го споменува ниту продолжувачот на Теофан. Од друга страна пак, Симеон Логотед хроничар од X век, забележал дека откако императорот бил повикан од Никифор Орифа тој се вратил ипристигнал во градот кој бил под опсада. Императорот и патријархот, според Логотед, ја предводеле церемонијата на ставањетона ризата на Богородица во морето. Но ваквиот тек на настаните не е познат и не е веродостоен бидејќи од беседата на Фотиј јасно е дека кога била вршена церемонијата императорот не бил во градот.[159]

Овој прв руски напад длабоко ја потресол престолнината на Византија, а народот и наредните императори на Византија никогаш не го заборавиле овој настан. Кога во 1422 г. престолнината била опсадена од Турците, некој епископ им држел проповед на граѓаните составен од цитати преземени од двете беседи на патријархот Фотиј.[160]

Се поставува прашањето: Како се завршил овој напад? Кој е победникот, а кој е победениот?

Нападот на Русите од 860 г. без сомнеж завршил со неуспех. Русите ја напуштиле територијата на Византија брзо исто како и што дошле. Ова може да се забележи според она што го кажал Фотиј во неговата втора беседа. „*Неочекувано дојде до непријателска инвазија, но нивното повлекување се покажа надвор од секоја надеж...*“ Од овие зборови може да се заклучи дека Русите побегнале, но патријархот не ја наведува причината поради која се случило тоа. Исто така тој не зборува ништо ниту за бурата која се појавила откако била ставена во вода ризата на Богородица, можеби до таква бура не ни дошло. Хрониката на Симеон Логотед бележи дека Русите биле поразени и уништени од

[158]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 50
[159]П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти цара Василија I, 147, белешка 230
[160]Д. Оболенски, Византискиот комонвелт Источна Европа 500-1453, 186-187

некоја чудесна бура, а Бриселската хроника зборува за тоа дека тие претрпеле пораз под бедемите и биле уништени со посредство на Богородица.[161]

Рускиот летописец бележи дека Асколд и Дир се вратиле во Киев со малку војска. Ниту еден извор не дава никаква детална причина за рускиот пораз. А. А. Василев смета дека било како било рускиот напад во 860 г. завршил со целосен неуспех.[162]

Бриселската хроника е единствен византиски извор којшто зборува за тоа дека Русите претрпеле пораз. Но и таа говори за тоа дека Русите биле разбиени и уништени со помош на чудо, односно со помошта на Богородица.[163]

На Фотиевото соопштение не му противречи ниту писмото напишано на 28 септември  865 г. од папата Никола I испратено до императорот Михаило III. Ова писмо содржи податоци кои се однесуваат на Русите „*На крајот ние не убивме многу луѓе, не запаливме многу цркви свети и предградија на Констанинопол…Сепак не им било наложена никаква казна на тие кои беа пагани, иноверци и непријатели Христови коишто секогаш им се противат на проповедниците на вистината. А во однос на нас...се применуваат закани и разни навреди.*“ Според ова, папата Никола сметал дека рускиот напад на Константинопол поминал без никаква казна.[164]

Сепак мора да се признае дека не се познати точните околности под кои бил прекинат рускиот напад и поради кои тој завршил со нуспех. Византиската флота била отсутна за време на нападот, но таа секако можела да се врати од Егејското Море и Медитеранот за да ѝ нанесе решавачки удар на руската флота. Но за жал, ниту еден од изворите, ниту современи ниту подоцнежни, па и втората беседа на Фотиј не споменуваат за тоа дали византиската флота земала учество во борбата против Русите. Исто така не е познато дали и копнените сили на императорот дејствувале против Русите.[165]

А. Василев смета дека општата причина за неуспехот на Русите треба да се бара во тоа дека тие се измориле од ограбувањата и опустошувањата. Освен тоа можеби, смета тој, им дошло засилување на бранителите на градот од Исток. Целта на Русите да го заземат градот била надвор однивните можности и способности. Не е претерано да се

---

[161] А. А. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 226
[162] Ibidem, 226
[163] М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 74
[164] Исто,73-74
[165] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 227

претпостави дека таков смел и, според А. Василев, глуп план бил присутен во умовите на руските Викинзи. Хрониката на Симеон Логотед исто така јасно наведува дека Русите го обиколиле градот. Иако нападот завршил неуспешно, сепак Русите заплениле доста голем плен, од различен вид. Сосема е можно, смета А. Василев, дека по завршувањето на нивните пиратски операции големи ветрови помогнале Русите да бидат уништени, па според ова малку е веројатно напаѓачите да успеале да се вратат дома со голем плен.[166] Рускиот летопис сведочи дека Асколд и Дир во Киев се вратиле во жалосна состојба.

Сепак јас сметам дека главна причина за неуспехот е фактот дека бедемите на Константинопол биле доста цврсти и неосвоиви за овие „авантуристи“.

Тврдењето на Џ. Бјури дека Русите претрпеле воен пораз, како и за тоа дека флота од византиски бродови била испратена од Амастрид по барање на императорот, не е потврдено во изворите. Во изворите нема забележано податоци за дејствување на византиските воени сили против Русите. Сепак по прифатливо е да се смета дека Русите немале намера да го освојат градот, туку дека нивниот напад имал само ограбувачки карактер, а откако дознале дека се враќаат византиските сили тие се повлекле и се вратиле назад.[167]

Изворите не даваат точни податоци и за тоа од каде тргнале Русите во нападот на Константинопол. Историчарите анализирајќи ги изворите прифаќаат различни аргументи и даваат различни локации како почетни точки на нападот.

Во својата прва беседа Фотиј изговорил дека „*...народот од Север како да брза кон вториот Ерусалим* (се мисли на Константинопол б.м.) *и* (тој б.м.) *народ се крена од крајот на Земјата...* “[168] Од овде не може точно да се разбере од каде дошле Русите.

Сепак ова прашање е дискутабилно. Дали нападот е започнат од Киев пловејќи по реката Дњепар па до устието во Црното Море или од полуостровот Таврик т.е Крим? Многу историчари кои се занимаваат со оваа проблематика не го проучуваат прашањето од каде дошле напаѓачите. Некои сметаат дека Русите дошле од Киев пловејќи по реката Дњепар, но има и такви кои тврдат дека нападот го презеле Русите кои живееле на полуостровот Таврик.

[166] A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 228
[167] М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 74
[168] М. В. Бибиков, BYZANTINOROSSICA Свод византийских свидетельств о Руси, 159

Е. Е. Голубински потпирајќи се на податоците од некои арапски извори и разни второстепени изучувања, според кои Црното Море се именнува како „руско“, прифаќа како доказ дека под Русите кои го нападнале Константинопол треба да се подразберат азовско-кримските или Азовско-црноморските Руси. В. Г. Василевски пак, смета дека тоа биле Тавроскитите, но според него, недозволиво е да се смета дека походот од 860 г. бил започнат од Тавричевскиот или Таманскиот Полуостров. Сепак М. В. Левченко се согласува со А. Василев дека овој поход бил поход од големи размери. За организацијата на таков воен поход требало време и подготовки и не можело тоа да биде започнато од Таврида или нејзината околина, а тоа да биде тајна за Византија, бидејќи во IX век Византија имала во Таврида бази какви што имала и во Херсонес.[169]

Според А. Василев, прашањето кои Руси го нападнале Константинопол, а потоа според соопштението од Фотиј го примиле и христијанството останува нерешено. Тој се сомнева дека тоа биле Руси кои живееле во Киев, а ги предводеле Асколд и Дир. Според Е. Голубински тие Руси биле Нормани кои се појавиле и го населиле Црноморското крајбрежје и Крим во првата половина на девети век, пред Норманите да дојдат во Киев и Новгород. На Крим, Норманите се мешале со остатоците од кримските Готи и тие Гото-Нормани го нападнале Константинопол во 860 година.[170]

Според Г. Литаврин, Фотиј сметал дека овој напад го извршиле приднепровските Руси.[171] Литаврин исто така забележал дека Манго и Ханак сметале дека Русите дошле не од Северна Европа, не од Крим, не од Приазовието, туку од реонот на Киев, дека и Словените учествувале во овој поход но под водство на Норманите, бидејќи Словените немале искусни и вешти во воените работи водачи. Д. Шепард мислел дека зборовите на Фотиј за многуте реки и народи, кои ги поминале Русите во текот на походот го исклучуваат Дњепровскиот пат. Сепак Ханак забележал во врска со тоа дека патријархот Фотиј всушност доста слабо ја познавал географијата на Источна Европа, бидејќи патот по реката Дњепар бил освоен од Варјазите неколку десетици години порано.[172]

Походот врз Константинопол бил преземен и започнал од Киевска Русија, која потчинила голем број на соседни племиња, а за напад бил одбран добар момент. Рускиот

---

[169]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 61-62
[170]Цитирано според: A. A. Vasiliev, THE RUSSIAN ATTACK ON CONSTANTINOPLE IN 860, 170
[171]Детално за ова тој објаснува во: Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 58, белешка 1
[172]Исто, 58-59

напад на Константинопол немал за цел да ја блокира престолнината на Византија на подолго време, туку имал ограбувачки карактер, немале намера да ја освојат, туку да ја опустошат престолнината. Овој поход и покажал на Византија дека источнословенските племиња започнале веќе делумно да се обединуваат.[173]

П. Коматина е на мислење дека Русите кои го извршиле овој напад се Скандинавци, кои во воени дружини познати како Варјази, источна варијанта на Викинзи од Северна и Западна Европа, доминирале на трговските патишта и во пространствата на Источна Европа. Според него, во изворите првпат се споменуваат во 838 г. Доаѓајќи од Скандинавија преку Балтичкото Море тие во првата половина на IX век загосподареле со источнословенските и финските племиња во Источна Европа. Се утврдиле во два значајни центра, Новгород на Север и Киев на Југ.[174]

Откако Русите се повлекле од пред Константинопол, императорот го продолжил походот против Арабјаните. На границата меѓу Империјата и Калифатот во близина на Сивас кај Дазимон во 860 г. се одиграла битка во која императорот Михаило III бил поразен од Арабјаните. Додека траел рускиот напад на престолнината на Византија, критските Арапи извршиле напад на Кикладите и дошле до Проконис.[175]

Според податоците забележани во изворите кои се однесуваат на рускиот напад на Константинопол од 860 г. некои историчари се склони кон тоа дека под бедемите на градот било склучено примирје.

По неуспешната руска опсада на Константинопол во 860 г. Русите се повлекле од пред бедемите на градот. Византиските извори соопштуваат дека откако поминало малку време од руското повлекување од под бедемите на престолнината на Византија, во градот дошле руски пратеници. Податоци за доаѓањето на руските пратеници имаме во „Окружното послание на Фотиј патријарх константинополски до Источните Архиерејски престоли“, кај продолжувачот на Теофан и во биографијата на императорот Василиј I, за која се смета дека е напишана од неговиот внук Константин Порфирогенит, исто така зачувана кај продолжувачот на Теофан.[176] Исто така овие во овие извори наоѓаме и

---

[173]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 76

[174]П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти цара Василија I, 145, белешка 225

[175]Ф. И. Успенский, История византийской империи, т. II, 207

[176]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси, 59-60

податоци и за првото покрстување на Русите, односно за т.н Фотиево покрстување на Русите.

Во соопштението за овие настани кое го дава продолжувачот на Теофан, прашањето за преговорите меѓу Византија и Русија повторно се поврзуваат со идејата за покрстувањето на Русите, но во соопштението се појавува и нов факт. Имено, овде се зборува и за пристигнувањето на руското пратеништво во Константинопол, по завршувањето на воените дејствија. Тешко е хронолошки да се утврди кога точно овие Руси дошле во Константинол. Исто така тешко е да се утврди од каде тие дошле и дали освен намерата да се покрстат бил склучен и мировен договор за кој во изворите немаме податоци.

А. Н. Сахаров предлага дека пратениците дошле во престолнината на Источната Римска Империја за да преговараат и да склучат договор за „мир и љубов“ помеѓу младата Киевска држава и моќната Византија. Според него, во сложениот процес на дипломатски контакти на Византија со Русите, Русија постигнала сложен дипломатски арсенал со соседните држави и пред сѐ со Империјата. Секоја етапа од овие преговори резултирала со практика на конверзирање на дел од Русите во христијанската религија како очигледен признак на созревање на староруската државност во монотеистичката религија.[177]

Додека пак, според податоците забележани во Фотиевото Окружно послание испратено до Источните патријарси напишано во 867 г. и кај продолжувачот на Теофан стои податокот дека Русите дошле во Константинопол со пратеништво за да бараат да бидат покрстени. Покрстувањето ќе биде обработено во Глава IV, 4.3.1 под наслов Покрстувањето на Киевска Русија, каде ќе биде обработен целосниот историјат на христијанизацијата на државата почнуваќи од соопштенијата на патријархот Фотиј па се до конечното покрстување на Русите во времето на кнезот Владмир.

[177]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси, 82

## 2.3.1 ХАЗАРСКАТА МИСИЈА

Како резултат на првиот руски напад на Константинопол во 860 г. се јавува Хазарската мисија - на чело со Константин-Кирил наречен Филозоф и неговиот брат Методиј којшто му бил советник и помошник - од 860-861 г.[178] Хазарската мисија претставува илустрација на црковно-политичките амбиции на Источната Римска Империја-Византија, во тој временски период.

Хазарите биле полуномадски народ од турско потекло, сродни со Аварите, Угрите, Прабугарите и др. Нивната држава постоела од VII до X век. Хазарската држава била создадена во срдината на VII век во долното течение на реката Волга, помеѓу реката Дон, Каспиското Езеро и планината Кавказ. Формирањето на Хазарската држава се поврзува со политичкото распаѓање на Западнотурскиот каганат.[179] Хазарската држава била уништена во 965 г. од киевскиот кнез Свјатослав.На чело на државата стоел каган.

По рускиот напад во летото 860 г. на чело на мисионерска мисија бил испратен Св. Константин-Кирил наречен Филозоф и неговиот брат Св. Методиј.[180] Основната задача на оваа мисија имала воено-политички карактер. Односно да биде склучен договор меѓу Византија и Хазарите за взаемна помош и сојуз против нивниот заеднички непријател на Црното Море и на тие кои од Север се спуштале кон бреговите на ова море.[181]

Нам и од порано ни е познато дека Хазарите се јавуваат како сојузници на Византија. Како пример ќе го спомeнеме фактот дека во 733 г. императорот Лав III го оженил својот син и наследник Константин V Копроним со хазарската принцеза, за да го

---

[178]Види кај Х. Поленаковиќ, Дипломатскиот значај на мисиите на браќата Кирил и Методиј со особен осврт на Моравската мисија, Во мугрите на словенската писменост, Скопје, 1988, 88. Поленаковиќ ја датира Хазарската мисија во периодот од 859-861 г. Детално за Хазарската мисија види кај: F. Dvornik, Byzantine missions among the Slavs. SS. Constantine-Cyril and Methodius, The State Universitu of New Jersey, 1970, 49-72

[179]Х. Трендафилов, Хазарската полемика на Константин-Кирил, София, 1999, 17

[180]Дека првиот руски напад на Константинопол е причина за Хазарската мисија прифаќаат: Ф. И. Успенский История Византийской империи, т. II, 234; В. Т. Пашуто, Внешняя политика Древней Руси, 59; А. В. Назаренко, Древняя Русь на международных путях, 51-52; Г. Острогорски, Историја Византије, 226 и др.

[181]Х. Поленаковиќ, Дипломатскиот значај на мисиите на браќата Кирил и Методиј со особен осврт на Моравската мисија, Во мугрите на словенската писменост, 89

зацврсти сојузот со Хазарите, кои му помогнале во борбите против Арабјаните.[182] Прогонетиот император Јустинијан II нашол прибежиште кај Хазарите и за жена му била дадена сестрата на хазарскио каган, која го добила името Теодора.[183] Императорот Константин VII Порфорогенит во своето дело „За народите“ – „De administrando imperio“ зборува за податокот дека на барањето на каганот на Хазарите, императорот Теофил наредил да се изгради тврдината Саркел (хазарски Бела куќа). „*Каганот и бегот на Хазарија испратиле пратеници кај императорот Теофил да побараат за нив да биде изградена тврдината Саркел*“. Императорот се согласил и на реката Дон била изградена тврдината Саркел под надзор на спатарокандидатот Петрон.[184]

Дека Хазарите и Византија биле сојузници од порано говори и податокот запишан во Житието на Св. Констанин-Кирил „*Затоа ви се обраќаме вам, држејќи се до старото пријателство и љубов...*“[185]

Од погоре наведните примери можеме да заклучиме дека Византија во Хазарите секогаш наоѓала сојузници, но и тоа дека Хазарите знаејќи за јачината на Империјата во неа гледале свој заштитник, за што сведочи барањето за изградба на тврдината Саркел.

Сепак има историчари кои сметаат дека всушност Хазарите се тие кои испратиле пратеништво во Константинопол кај императорот Михаило III, односно, Хазарите биле тие на кои дипломатското зближување со Византија им било од пресудно значење. Живеејќи во соседство на Русите, Хазарите биле соочени со опасноста од Русите многу повеќе отколку Империјата. Хазарите многу добро ја познавале нивната сила и нивните политички стремежи. Нив секако многу ги израдувала веста за рускиот пораз кај Константинопол, па така во тој момент политичкото поврзување со Византија им делувало како најкорисен надворешно-политички чекор. Иницијативата на Хазарите подразбирала и повикување на христијански мисионери, доколку тоа би дало допринос во зближувањето со големата христијанска држава. Хазарите испратиле пратеништво во Константинопол после руската опсада на градот, некаде во втората половина на 860 г.[186]

---

[182]Види: Г. Острогорски, Историја Византије, 166

[183]Никифор Константинопольский, Краткая история со времени после царствования Маврикия, Часть II, 29

[184]Константин Порфирогенит,О темама- О народима, глава 42, 178-179

[185]Ј. Таковски, Д. Миловска, Панонски легенди, Житие и живот на блажениот учител наш Константин Философ, првиот наставник на словенскиот народ, 8, Скопје, 2001, 42 (понатаму ПЛ-ЖК); Ј. Таковски, Д. Миловска, Македонската житијна литература (IX-XVIII век), Скопје, 1996, 78

[186] П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти цара Василија I, 149-150

Податоци за Хазарската мисија на Свв. Кирил и Методиј црпиме од извори пишувани на словенски, латински и на еврејски јазик. „Панонските легенди“ - најстаро дело од словенската средновековна литература – составено од: Пространото житие на Константин-Кирил и пространото житие на Методиј. Освен од овј извор податоци наоѓаме и во: Кратките житија на Константин-Кирил и Методиј, житието на Константин-Кирил и Методиј од Дмитриј Ростовски. Потоа од латинските извори: Италската легенда, од писмото на Анастасиј Библиотекар, Дукљанската Хроника и Моравската легенда. Треба да се спомене и Кембричкиот аноним, тоа е всушност извор напишан на еврејски јазик.[187]

Кај императорот Михаило III дошле пратеници од кај Хазарите кои молеле и колнеле императорот да ги удостои со маж, кој на правилен начин ќе ги подучува на вселенската вера.[188]

Императорот Михаило III му се обратил на Константин Философ кој се наоѓал на планината Олимп „*...кај брата си Методија и таму живееше и непрестајно Му се молеше на Бога, разговарајќи само со книгите.*“[189] Императорот му ја изложил содржината на хазарските пратеници, и му рекол: „*Оди Филозофекај тие луѓе, зборувај им и дај им одговор...зошто никој друг не може достојно да го изврши тоа*“.[190]

Св. Константин-Кирил се согласил и заминал кај Хазарите. Во цитираните зборови од житието на Св. Кирил се крие и се објаснува мотивот со кој императорот и овојпат му доверил значаен подвиг. Оваа мисија во голема мера требала да биде слична на Сараценската (Арапската) мисија од 851 г. Како и тогаш и сега требало да биде изложено христијанското учење. Хазарите само сакале да им се изложи христијанското учење и тоа да се спореди со еврејското и муслиманското. За завршување на ваква работа достоен бил Константин Филозоф.

Одејќи на својот пат, Св. Константин Философ пристигнал во Херсонес на полуостровот Крим кој бил посед на Империјата. Според податоците од неговото житие тој таму „*...ги изучи еврејскиот јазик и книги, ги преведе осумте делови од граматиката и*

---

[187]Види детално за изворите за мисијата кај Х. Трендафилов, хазарската полемика на Константин-Кирил, 21-47

[188]Р. Угринсовска-Скаловска, Љ. Басотова, Сведоштва за Кирил и Методиј (словенски и латински извори), Скопје, 1989, 75

[189] ПЛ-ЖК, 8, 41

[190]Исто, 8, 42

*со тоа се здоби со знаење.*“[191] Понатаму според зборовите на житиеписецот, Философот се сретнувал со некој Самарјанец, кој носел со себе самарјански книги. Откако бил просветлен од Бога Св. Кирил започнал да ги чита тие книги без грешка.

Можеби најинтересен настан од Кириловиот престој во Херсонес е настанот којшто според житиеписецот се случил во периодот пред да бидат пронајдени моштите на Св. Климент - моштите биле пронајдени на 30 јануари 861 г. -[192] а откако го научил еврејскиот и самарјанскиот јазик. Станува збор за податокот од Св. Климентовото житие за наоѓањето на „*...Евангелие и Псалтир, пишувани со руско писмо, а најде и човек што зборуваше на тој јазик.*“ Понатаму е забележано дека тој разговарал со човекот и ја разбрал смислата на неговиот јазик, а откако ги споредил различните гласови, самогласките и согласките со својот јазик и по молитвите упатени кон Бога, Св. Кирил започнал да зборува и на тој јазик.[193]

Податоците од житието кои се однесуваат на руските зборови сѐ уште за историчарите претставувваат нерешен проблем. Некои историчари, под руски зборови го подразбираат писмото на кримските Готи. Други пак, се на мислење дека е во прашање грешка направена од препишувачот на житието, односно дека во првобитниот ракопис стоело сириски зборови т.е сурски зборови, со чиешто постоење и со богатата традиција на христијанската книжевност биле запознаени Св. Кирил и Методиј. Но против оваа теза јасно зборува податокот од житието на Св. Константин, а тоа е дека тој јазик имал согласки и самогласки, а сириската азбука и азбуките на другите семитски народи немале знаци за самогласки.[194]

Предраг Коматина дава едно посебно толкување на податокот за руските зборови.Тој смета дека Русите во периодот кога е составено житието на Св. Константин помеѓу 869 и 882 г, а особено во времето на кое се однесува податокот, 860-861 г. не биле Словени, туку Нормани. Имајќи го во предвид фактот дека Норманите како писмо за пишување ги користеле „руните“ или футарк, Коматина смета дека нема причина за сомнеж дека истото писмо, односно руните го користеле и Русите кои се источен огранок

[191]ПЛ-ЖК, 8, 42
[192]П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти цара Василија I, 151
[193]ПЛ-ЖК, 8, 43
[194]П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти Василија I, 152

на скандинавските Нормани. Според него наведеното место од житието на Св. Констанин-Кирил всушност тоа и го потврдува.[195]

Во Херсонес Константин ги пронашол моштите на Св. Климент.[196] „*Кога слушна дека Св. Климент уште лежи во морето, се помоли и рече...Откако го убеди архиепископот тој седна во коработ заедно со сето свештенство и благочестивите мажи, па отидоа на тоа место...*" Откако пристигнале онаму каде се наоѓале моштите на светецот и започнале да копаат, почнало да се шири пријатен мирис, а потоа се покажале имоштите. Моштите ги земале и ги однеле во градот Херсонес.[197] КонстантинФилософ по тој повод напишал канон, а потоа и кратка беседа за положувањето на моштите во новиот гроб во црквата Св. Леонтиј во Херсонес, а откако ги пренел моштите во Рим го напишал и „*Словото за пренесувањетоа на моштите на преславниот Климент*". Всушност овој спис на Константин Философ содржи клучни хронолошки податоци за хазарската мисија. Имено, пронаоѓањето на моштите се случило на 30 јануари 6369 год. од Создавањето на светот, одноно 861 г. од раѓањето на Христос.[198] Според овој податок може да се заклучи дека во втората половина на 860 г. започнала Хазарската мисија.

Интересен е податокот забележан во Кириловото житие дека некој хазарски војвода дошол со сопствената војска и обиколил и опсадил некој христијански град. Откако дознал за опсадата на градот Философот заминал таму и разговарал со војводата. Тој сепокрстил и си заминал без да им наштети на луѓето од градот.[199] Во врска со ова, Ф. Успенски е на мислење дека тој војвода не бил Хазар, туку Словен.[200]

Според редоследот на настаните опишани во Кириловото житие, по овие случувања Константин Филозоф се качил на кораб и се упатил кон Хазарската земја која се наоѓала „*меѓу Меотидското Езеро* (назив за Азовското Море) *и Касписката врата*

---

[195]Види, П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти Василија I, 152-154

[196]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 237

Св. Климент е третиот епископ римски. Со Црквата во Рим управувал од 92 до 101 г. Бил прогонет на Херсонес во времето на императорот Трајан (53-117 г.) бидејќи ја ширел христијанската вера. На Херсонес маченички и загинал. Според Преданието му било обесен камен околу вратот и бил фрлен во Црното Море. Неговите мошти ги нашле Свв. Кирил и Методиј и ги пренеле во Рим. Биле положени во црквата која и ден денес го носи неговото име, односно Св. Климент. Цитирано според, ПЛ-ЖК, 43, белешка 17

[197]ПЛ-ЖК, 8, 43-44, види и Р. Угриновска-Скаловска, Љ. Басотова, Сведоштва за Кирил и Методиј, Италска легенда, 75-83

[198]П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти Василија I, 151

[199]ПЛ-ЖК, 8, 44

[200]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 234

(теснината меѓу Кавказ и Каспиското Езеро) *на Кавкаските планини.*“[201] Овде бил пречекан и бил одведен кај каганот. Престолнина на Хазарскиот каганат бил градот Атил, но не е познато дали светите браќа биле пречекани во престолнината или во некој друг град. Константин го напуштил Херсонес на 2 февруари 861 г.[202]

Според податоците од житието на Константин Философ, тој најпрвин почнал полемика со каганот околу Св. Троица, и во таа полемика Константн Философ ги покажал своите знаења и вештини. Веќе наредниот ден „*Кога седнаа пак со каганот...*“ се развила долготрајна полемика со Евреите и Муслиманите за која имаме податоци во Панонските легенди.[203] Имено, кај Хазарите јудејската и муслиманската религија била масовно и успешно наметната, а христијанската имала мал број на приврзаници. Константин-Кирил на учесниците во полемиките, меѓу нив бил и каганот, им објаснил многу работи кои ним не им биле познати за догмите, а особено за значењето на Св. Троица.

Според податоците од Кириловото житие, околу 200 Хазари се покрстиле откако се одрекле од паганството. Каганот во писмо упатено до императорот напишал дека Философот многу добро им ја објаснил суштината на христијанството. Она што е особено важно во ова писмо, освен дека каганот наредил да се покрстат неговите луѓе е податокот кој говори за сојузништвото меѓу Хазарскиот каганат и Византија. Имено, во Панонските легенди стои „*Сите ние сме пријатели на твоето царство и готови сме да ти служиме каде што ќе биде потребно.*“[204] Овој податок од житието на Св. Кирил несомненое доказ дека мисијата имала за цел да го обнови  и зацврсти сојузништвото со Хазарите. Уште поважно е тоа што, имајќи ги во предвид зборовите на каганот, оваа мисија била успешна звршена и целта на Источната Римската Империја – Византија била остварена.

На тргнување за дома, каганот му дал многу дарови на Философот, овој ги одбил и побарал да бидат ослободени „грчките“ т.е византиските заробеници. По ова биле ослободени 200 заробеници, а светите браќа тргнале на пат.

Патот кон Константинопол го одвел Философот повторно преку Крим и Херсонес. Во Херсонес се сретнал со тамошниот архиепископ и несомнено тогаш ги зел моштите на Св. Климент кои неколку месеци порано ги пронашол. Житиеписоецот директно не

---

[201]ПЛ-ЖК, 9, 44

[202]П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти Василија I, 157

[203]ПЛ-ЖК, 9, 45-56

[204]Исто, 11, 59

говори за овој податок, но подоцна кога зборува за заминувањето во Рим после Моравската мисија во 867 г. бележи дека со него ги однел и моштите на Св. Климент римски папа. Моштите единствено можел да ги земе кога се враќал од кај Хазарите.[205]

Помеѓу оние народи кои ја примиле Христовата вера за време на Хазарската мисија се споменува Фулскиот народ.[206] Тој народ имал некој даб сраснат со цреша под кој вршеле обредикога било суша, а жените немале пристап таму.[207] Константин Философ дошол таму и започнал да врши проповед, паганите се противеле на неговото учење за христијанството и рекле дека тие своите обичаи ги наследиле од нивните дедовци и татковци. Философот успеал да им ги објасни нивните заблуди и тогаш старешината на тој народ дошол до него и го бакнал Евангелието, а по него тоа го сториле и сите присутни. Потоа дрвото било исечено, Константин се помолил и вечерта заврнал дожд. Ф. Успенски е на мислење дека станува збор за населението на градот или областа Фули, местоположбата на овој град не е позната, но тој смета дека се наоѓал во јужниот дел на Крим близу градот Судак.[208]

Откако се вратил во Константинопол, Философот отишол кај императорот Михаило III и му ги пренел искуствата стекнати во оваа мисија. После тоа „*...живееше во безмолвие во црквата Свети Апостоли молејќи Му се на Бога.*“[209] Таму останал да живее сè додека пред него и неговиот брат не се појавил нов предизвик и нова задача, не помалку важен од претходниот.

---

[205]П. Коматина, Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти Василија I, 163

[206]Тоа било паганско племе кое живеело во Херсонес на Крим. Тоа племе било покрстено во почетокот на X век. Види за ова ПЛ-ЖК, 60, белешка 24, наведена е литературата која се однесува на оваа проблематика.

[207]ПЛ-ЖК, 12, 60

[208]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 234 и ПЛ-ЖК, 12, 60-61

[209]ПЛ-ЖК, 13, 61

## ГЛАВА III

# НАПАДИТЕ НА РУСКИТЕ КНЕЗОВИ НА КОНСТАНТИНОПОЛ ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА X ВЕК

## 3.1 НАПАДОТ НА КНЕЗОТ ОЛЕГ ВО 907 ГОДИНА

Во септември 867 г. императорот Михаило III бил убиен од страна на идниот император Василиј I и неговите приврзаници, со овој чин се ставило крај владеењето на Аморејската (Фригиската) династија во Византија. По неговата смрт со Византија започнал да владее императорот Василиј I Македонецот (867-886 г.)[210] кој бил основоположник на Македонската династија која владеела со Империјата сè до 1056 година.

Василиј I Мекдонецот живеел во мир со своите соседи, особено со Арабјаните. „*По смртта на Василиј* (Василиј I б.м.) *дваесет и пет години и осум месеци владеел самодржецот Лав* (Лав VI Мудри б.м.).“[211] Во времето на  неговиот наследник Лав VI Мудри (886-912 г.) ситуацијата се променила. Уште кога Лав седнал на престолот, на 30 август 886 г.[212] започнала несреќна за Византија војна против Бугарите, а во исто време, на границата на Империјата се појавиле и Угрите. Кон крајот на владеењето на Лав VI под Константинопол повторно се појавиле Русите. Ерменија која ѝ била сојузник на Византија не можела да очекува помош од истата во борбите против Арабјаните. Силен внатрешен немир предизвикал четвртиот брак на императорот. Борбите со Арабјаните немале некој посебен успех.[213]

---

[210]А. А. Васильв, История Византийской империи, т. I, 236-238

[211]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, 220

[212]Исто, 220, белешка 1

[213]А. А. Васильв, История Византийской империи, т. I, 239; Види детално за Василиј I и Лав VI Мудри, Г. Острогорски, Историја Византије, 230-252 и А. Величко, История Византийских императоров, т. IV, 8-85. Извор за владеењето на Василиј I и Лав VI Мудри, Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. V и VI, 139-234

Во 879 г. починал Рјурик и *„го предал кнезувањето свое на Олег-својот роднина*“-, според „Повесть временных лет“ Рјурик нему му го дал синот Игор којшто бил малолетен.[214] Олег (кнез Новгородски од 879 до 912 г. и кнез Киевски од 882-912 г.) започнал да владее во Новгород во 879 г. како регент на Рјуриковиот малолетен син Игор и владеел сè до својата смрт во 912 г. Тој во 882 г. според податоците од рускиот летопис започал воен поход. Повикал и со себе повел мноштво воини, во летописот детално се запишани племињата кои дале свои воини како и маршрутата по која се движел од Новгород кон Киев. Дошол Олег со војска во Киев, а таму владееле Асколд и Дир. Олег им забележал дека: *„Не сте кнезови вие и не сте од кнежевски род, туку јас сум од кнежевски род.*“ Тогаш го покажал Игор синот Рјуриков и наредл Асколд и Дир да бидат убиени. *„И седнал* (започнал б.м.) *Олег да владее во Киев и рекол: „Да биде тој* (Киев б.м.) *мајка на градовите руски“*“.[215] Всуштност, со освојувањето на Киев од страна на кнезот Олег[216] и преместувањето на престолнината на руската држава од Новгород во Киев, започнува државата да се именува како Киевска Русија.[217] Може да се каже дека Олег е основоположник на Киевска Русија. Тој уште е познат и како Олег Пророкот (рус. Ве́щий Оле́г).

Со основањето на Киевската држава започнале и морските походи на руските кнезови насочени против Византија, кои започнале во почетокот на X век, а се одвивале до средината на XI век. Тие походи се јавуваат како продолженија на смелите експедиции на Источните Словени. Во дадениот период Русите веќе стекнале искуство во морепловството и може да се каже дека тоа ги определувало успесите на морските походи превземани од киевските кнезови.

Пред да преминеме на рускиот напад врз Константинопол во 907 г. треба да напоменеме збор-два за надворешната положба на Византија.

---

[214]ПВЛ, 10

[215]Исто, 10-11; С. М. Соловьев, Исто́рия Росси́и с древне́йших времён, кн. I, С. Петербург, 1851, 114-116; Види повеќе кај А. А. Шахматов, Разысканя о древнейшихь Русскихь летописныхь сводахь, 319-323; G. Vernadsky, Kievan Russia, New Haven-Yale University Press, London, 1948, 22-23 и М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 91-93

[216]За тоа дали Олег бил кнез или војвода види кај В. Я. Петрухин, Русь в IX—X веках. От призвания варягов до выбора веры, 260-269

[217]Види повеќе кај, G. Vernadsky, Kievan Russia, 19-22

Во почетокот на X век во Византија владеел императорото Лав VI Мудри кој бил во конфликт со Црквата поради неговиот четврти брак.[218] Главен непријател на Византија во тој период биле Сарацените, односно Арабјаните, кои настапувале во Мала Азија во териториите кои биле под контрола на Византија. Еден од најпознатите арапски напади е оној предводен од пиратот Лав Триполиски од јули 904 г. кога нападнат бил градот Тесалоника (гр. Θεσσαλονίκη) - (Солун). Флотата на Империјата под команда на друнгаријот на флотата на Византија не можел да ја спречи арапската флота. По упорната опсада Арабјаните успеале да го освојат градот.[219] Градот бил освоен на 31 јули 904 г. По овој настан Византија ги зацврстила бедемите на градот, а во 908 г. во Егејското Море Империјата извојувала значајна победа над Арабјаните.[220]

По освојувањето и ограбувањето на Солун од страна на Арабјаните во 904 г. бугарскиот цар Симеон (893-918 владеел како кнез, а од 918-927 како самонаречен цар) имал намера да завладее со Солун. Императорот Лав VI се ослободил од Симеоновата намера отстапувајќи им на Бугарите други територии. Од 904 г. е зачуван еден споменик, станува збор за пограничен столб меѓу Византија и Бугарија, со натпис за договор помеѓу двете држави. Од оваа година, па до смртта на императорот ЛавVI во 912 г. нема никаквинепријателски дејствија меѓу Бугарија и Византија.[221]

До 900 г. на Балтичко-Црноморскиот воден пат веќе цврсто била вкоренета Киевската држава. Но се чини дека за кнезот Олег и неговите наследници новата престолнина Киев била само почетна точка на патот кон новите попривлечни хоризонти. Исто како и во 860 г., така и сега Константинопол, тој град од бајките, бил посакуван со ист толкав ентузијазам.[222]

---

[218]Г. Острогорски, Историја Византије, 251-252, види детално за браковите на Лав VI, Ш. Дил, Византиске слике, кн. I, 152-167; А. Величко История Византийских императоров, т. IV, 59-73

[219]ГИБИ, VI, 245-246 и А. А. Васильв, История Византийской империи, т. I, 239-240. Повеќе за нападот на Солун види, Две византийские хроники Хвека-Псамфийская хроника и Иоанн Камениата Взятие Фессалоники, редактор М. Я Сюзумов, Москва, 1959, 141-249

[220]Г. Острогорски, Историја Византије, 250-251

[221]А. А. Васильв, История Византийской империи, т. I, 249. За војната помеѓу Бугарија и Византија види Г. Острогорски, Историја Византије, 248-249 и А. Величко, История Византийских императоротв, т. IV, 73-79. За текстот на пограничниот столб и воопшто за столбот види кај Ф. И. Успенский, Пограничный камень между Византией и Болгарией при Симеоне, Известия Русского Археологического института в Константинополе, т. 3, 1898, 184–194

[222]Д. Оболенски, Византискиот комонвелт, Источна Европа 500-1453, 188

Следниот руски поход против Византија бил во 907 г. Повторно Русите, избрале поволен момент за напад, односно го искористиле моментот кога императорот Лав VI бил зафатен во борба против побунетиот феудалец Андроник Дука, кој бил подржан од Арабјаните.[223]

Треба да се истакне дека податоци за овој напад има само во Несторовиот летопис, односно во „Повесть временных лет“. Фактот дека за овој напад византиските извори молчат, им дал повод на многу историчари да се сомневаат во тоа дека всушност се случил напад.

Многумина историчари се сомневаат во податокот забележан во „Повесть временных лет“ каде што под 907 г. е опишан походот на киевскиот кнез Олег против Византија. Всушност станува збор за вториот руски напад на Константинопол. Во својата статија „Походот на кнезот Олег на Цариград во 907 година“ Г. Острогрски детално го анализира и разгледува прашањето за точноста на овој напад. Острогорски остроумно и вешто докажува дека всушност овој податок не е измислен и легендарен како што тврдат некои историчари. Освен податоците за нападот, некои историчари го негираат и самото постоење на кнезот Олег.[224] Освен за постоењето на Олег, за нападот на престолнината на Империјата во 907 г. С. Рансиман сметал дека и најстариот дел од Несторовиот летопис, вклучувајќи ги и Олег и Игор се легендарни.[225] Историчарите тврдат дека, всушност податокот за руски напад на Константинопол во 907 г. бил легендарен, односно не се случил, а во летописот бил внесен од страна на Нестор од патриотски причини.

Г. Острогорски докажал дека овој напад всушност навистина се случил, а објаснил и зошто византиските извори молчат во врска со нападот. Имено, тој објаснува дека за владеењето на Лав VI Мудри податоци црпиме само од една единствена хроника, тоа е хрониката на Симеон Логотед. Хрониката на Логотед која настанала во втората половина на X век и содржи доста скудни податоци за владеењето на Лав VI, а во неа не се споменува походот на Олег. Значи, имајќи во предвид дека за времето на Лав VI имаме

[223]В. Т. Пашуто, Внешняя политика Древней Руси, 60

[224]Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград 907 године, Византија и Словени, Сабрана дела, кн. IV, Београд, 1970, 96-117

[225]Исто, 96-97

само една хроника, а во неа нема податоци за походот на киевскиот кннез, не треба да се тврди дека ниедна византиска хроника не содржи податок за Олеговиот поход.[226]

Треба да се земе во предвид тоа дека е зачувана преписката на патријархот Никола Мистик (901-907 и 912-925 г.), а во неа нема податоци за било каква војна со Русите, а сепак има податоци за војните против Симеон. Треба да се забележи дека од февруари 907 па до мај 912 тој не бил патријарх. Г. Острогорски смета дека всушност тоа е причината поради која и тој молчи, односно за време на нападот тој немал функција на патријарх, а неговата преписка потекнува од времето кога тој седел на патријаршискиот трон.[227]

По исцрпната анализа која Острогорски ја направил во својата статија, тој смета дека „*многу е јасно дека молчењето на единствениот византиски извор за Олеговиот поход не ни дава ни најмало право да ја одрекуваме неговата историска вистинитост.*“[228]

Г. Г. Литаврин пак, молчењето на византиските автори за овој поход го објаснува со фактот дека нападот бил краткотраен и дека всушност отсуствувале сериозни судири помеѓу Русите и Византијците.[229]

Во стариот киевски летопис зачуван е расказот за походот на кнезот Олег на Константинопол од 907 г.[230] „*Во годината 6415* (од создавање на Светот б.м.) *(907 г.) тргна Олег против Грците* (Византијците б.м.)*, го оставил Игор во Киев.*“ Понатаму во летописот се наброени сите племиња кои земале учество во походот, а кои биле на страната на кнезот Олег. По описот за тоа кој сè земал учество, летописецот забележал дека откако ги собрал сите нив, кнезот тргнал во поход, „*на коњи и со бродови, а имало 2000 бродови.*“[231]

Овој податок, дека учествувале 2000 руски бродови во нападот, е уште една причина за сомнеж за вистинитоста на Олеговиот поход. Сепак, според А. А. Шахматов

---

[226]Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград 907 године, 98
[227]Исто,101
[228]Исто, 102
[229]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 63
[230]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 99; A. A. Vasilev, The second Russian attack on Constantinople, Dumberton Oaks Papers, Vol. 6, 1951, 168-169; В. Т. Пашуто, Внешняя политика Древней Руси, 60; А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси IX первая половина X в., 84; Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 63 и G. Vernadsky, Kievan Russia, 19-28
[231]ПВЛ, 13

кој детално го обработил и анализирал летописот, бројот на бродови бил 100, што секако е по прифатлива и по реална бројка, отколку бројката од 2000 бродови.[232]

Која била причината и каков бил карактерот на овој напад не е познато. Византија во времето на нападот се наоѓала во тешка ситуација. Преговорите за мир со Арабјаните не биле завршени и покрај тоа што византиската флота извојувала победа над арапската флота во Егејското Море. Наскоро после ова управникот на пограничната област во Мала Азија преминал на страната на Арабјаните и кренал востание против императорот Лав VI Мудри. Во вакви услови бил извршен вториот руски напад на престолнината на Империјата.

Понатаму во летописот стои: „*И дошол до Цариград, а Грците го затвориле Златниот Рог и градот го затвориле. И излегол Олег на брегот и почнал да војува и многу Грци убил во околината на градот, ограбил многу палати и цркви.*“[233] Повторно според Нестор, Византијците го кренале синџирот во Златниот Рог и ги затворил портите на градот, со што Русите биле спречени да влезат во него. Сепак, на милост и немилост на Русите останале објектите и предгаријата кои се наоѓале надвор од Констанинополските бедеми. Всушност овде ѝ била нанесена најголема штета на Византија. Летописот соопштува дека имало и заробени жители од кои „*едните ги заклале, другите само ги мачеле, трети ги убиле со стрели, а некои ги фрлиле во морето и многу други злодела им направиле Русите на Грците, како што обично прават непријателите.*“[234]

Треба да се има во предвид податокот кој зборува за почетокот на рускиот напад, односно дека Русите тргнале на коњи и со бродови кон Константинопол. Ако го прифатиме податокот дека во походот учествувала и руска коњаница, тогаш се поставува прашањето по кој пат коњаницата се движела и дошла до Константинопол. Очигледно би било тој пат да поминува преку територијата на Бугарија, но бидејќи веќе од 904 г. Бугарија и Византија се во добри односи, после договорот од истата година со кој била утврдена границата меѓу двете земиј, па се до крајот на владеењето на Лав нема вооружени судири, оваа претпоставка отпаѓа. Според А. Василев, ако се прифати податокот за руската коњаница, тој смета дека таа дошла до Константинопол движејќи се

[232]А.А. Шахматов, Разысканя о древнейшихъ Русскихъ летописныхъ сводахъ, 335 и 542
[233]ПВЛ, 14
[234]Исто, 14

долж источниот брег на Црното Море, преку Кавказ и преку северните региони на Мала Азија.[235]

Синџирот со кој бил затворен влезот во Златниот Рог е добро познат историски факт, тој за првпат бил користен против Арабјаните во 717-718 г. кога тие го нападнале Константинопол.

Интересно е да се напомене за тоа како Русите ги пренеле своите бродови преку копното. Во летописот стои дека Олег наредил да се направат тркала и тие да се стават на бродовите и кога задувал поволен ветер „*тие ги подигнале во полето едрата на бродовите и отишле кон градот*."[236] Русите ги извадиле бродовите од вода, им ставиле тркала и ги однеле пред бедемите на градот. Споменувањето во летописот на бродови на тркала е исто така, реален историски настан. Имено, ова е норманска тактика која се користи за пренесување на бродовите во предели кои се наоѓаат помеѓу две реки, односно онаму каде што не можеле бродовите да пловат на овој начин се префрлале од една до друга река. Сепак иако има научници кои тврдат дека ова е легендарен податок, како пример треба да се земе фактот дека во 1453 г. Турците-Османлии на сличен начин ги пренеле своите бродови кога го нападнале Константинопол.[237]

Сепак не може да се одрече и тоа дека во рускиот летопис има некои легендарни елементи во врска со Олеговиот поход. Според летописот, откако Византијците виделе дека Русите ги пренесуваат бродовите по копно се исплашиле и го замолиле рускиот кнез да не го уништува градот, а тие се обврзале дека ќе му платат данок колку што тој ќе побара. Кнезот Олег наредил да се прекине со нападот, а од градот му донеле вино и јадење, но тој не сакал да јаде и пие бидејќи почувствувал дека храната и виното се отровни. По ова Византијците се исплашиле и извикале: „*Ова не е Олег, ова е самиот Св. Димитрија испратен кон нас од Бога.*"[238] Освен што станува збор за легенда, А. Шахматов истакнува дека таа легенда не е од руско потекло. Според него таа можела да се

---

[235]A. A. Vasilev, The second Russian attack on Constantinople, 172

[236]ПВЛ, 14; Види A. A. Vasilev, The second Russian attack on Constantinople, 172-173и Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград, 98

[237] Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград, 111-112 и Д. Оболенски, Византискиот комонвелт, Источна Европа 500-1453, 189. За нападот од 1453 г. види детално во нападот на Константинопол од страна на султанот Мехмед II, С. Рансиман, Пад Цариграда 1453, Београд, 2009, 137-191

[238]ПВЛ, 14; Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград, 108; А. А. Шахматов, Разысканя о древнейшихь Русскихь летописныхь сводахь, 466 и A. A. Vasilev, ThesecondRussianattackonConstantinople, 173-174

роди единствено во средина кадешто почитувањетоа на Св. Димитрија Солунски било особено распространето. Исто така тој смета дека таа легенда е од бугарско потекло, а Г. Острогорски пак смета дека подобро е да се каже дека таа е од грчко или бугарско потекло.[239] Покрај ова, А. Шахматов вложил многу напори да докаже дека Олег не бил војвода во служба на Игор, туку полноправен кнез и претходник на Игор, а наследник на Рјурик.[240]

Кнезот Олег побарал да му платат данок за сите 2000 бродови по 12 гривени од човек – гривен е даночна единица во Стара Русија, сребрена или златна со тежина околу една фунта - „*и се согласиле на ова Грците* (Византијеците б.м.) *и започнале тие да бараат мир, и да не војува* (се мисли на Олег б.м) *во Грчката земја“*.[241] Овде несомнено се мисли воопшто да не војува против Византија.

Олег се повлекол недалеку од под бедемите на градот и започнал, според летописот, преговори за мир со императорите Лав VI и Александар и кај нив во престолнината испратил свои пратеници. Од имињата на пратениците може да забележеме дека сите тие биле Варјази т.е Викинзи (Нормани) - Карл, Фарлаф, Вермуд, Рулав и Стемид. Побарано било да се плати и данок за руските градови, пред се за Киев, потоа за Чернигов, Перејаслав, Полоцк, Ростов, Љубеч и за дуги градови во коишто кнезувале кнезови кои му биле потчинети на Олег. Понатаму во летописот е наведено што сè побарал Олег од императорите, а тие се согласиле на тоа што го барал.[242]

Императорите ЛавVI и Александар – Александар владеел како совладетел на својот татко Василиј I и на својот брат Лав - склучиле мир со Олег, се обврзале да плаќаат данок. Потоа си дале клетва едни на други, императорите бакнала крст, а Олег и неговите бољари дале клетва според „*законот руски*“ и се заколнале над своето оружје и во боговите, Перун и Волос и го потврдиле мирот. По ова Олег го закачил својот штит на Константинополската капија во знак на победа и си заминал од пред престолнината на Византија.[243]

[239]Цитирано според: Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград, 108-109
[240]А. А. Шахматов, Разысканя о древнейшихь Русскихь летописныхь сводахь, 315-316
[241]ПВЛ, 14
[242]Види детално, ПВЛ, 14
[243]ПВЛ, 14

Сепак ова не е конечниот договор за мир, ова е прелиминарен мировен договор кој бил составен под бедемите на Константинопол[244], додека мировниот договор бил потпшан во 911 г. Мировните договори помеѓу Византија со Киевска Русија претставуваат исклучителноважни правни споменици коишто сведочат за големиот удел на Киевска Русија во меѓународните односи во X век. Тие се сведоци за политичките, економските и културните врски помеѓу Киевска Русија и Византија. Византиско-руските договори биле пишувани во два примерока, односно, еден примерок, бил пишуван на староруски јазик (бил писмен јазик што се користел од 10 век па сè до 14 век од источните Словени) во име на Русија кој имал печати и потписи од пратениците и трговците, се чувал во Византија. Вториот примерок кој бил пишуван на грчки јазик во име на Византија и со византиските идентификациски знаци кои биле користени во вакви случаи бил испраќан во Русија. Потоа согласно со обичајот за составување на меѓународни договори во X век, секоја од страните инволвирана во договорот правела превод на свој јазик на копијата од договорот на другата страна и тој се чувал во нивните архиви.[245] Текстовите на договорите помеѓу Византија и Русија се зачувани во „Повесть временных лет"[246] и тие претставуваат копии со списоци, напишани на старословенски јазик превземени од грчка копија, приближно во времето кога овие договори биле составувани.

Долго време после првиот руски напад на Константинопол од 860 г. имало период на мир помеѓу Константинопол и Киев. До нова војна доаѓа во 907 г. кога во Киев владеел кнезот Олег, а во Константинопол императорот Лав VI Мудри. Дека во периодот од 860 па до 907 г. меѓу Византија и Русија долго време постоеле мирни и пријателски односи говори почетокот на мировниот договор од 911 г. „*...Ние сме од родот руски (*потоа следуваат имињата на пратениците) *испратени од Олег, великиот кнез и од неговите велики болјари, кај вас Лав, Александар и Константин, великите во Бога самодржци и цареви грчки, за да го зацврстиле и сертификуваме многугодишното пријателство, кое постои помеѓу христијаните и Русите...* "[247]

До вториот договор помеѓу Византија и Русија дошло во 911 г., односно, овој договор бил склучен четири години по нападот на Константинопол од 907 г., од страна на

---

[244]Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград, 103 и 107

[245]А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв., 3-4

[246]Види:ПВЛ, 15-17,21-27 и 33-34

[247]Цитирано според, М. В. Левченко, Руско-Византийские договоры907 и 911 гг., ВВ, т. V, Москва, 1952, 107

Русите предводени од кнезот Олег. Во руската историографија има мислење дека, податокот запишан во рускиот летопис кој се однесува на 907 г., а кадешто се опишани преговорите помеѓу Византијците и Русите[248], не претставува мировен договор, туку прелиминарен договорна чија основа во 911 г. бил склучен формалниот мировен договор.[249] Под бедемите на Константинопол во 907 г. било постигната согласност за прекинување на воените дејствија. Имено А. Сахаров е на мислење дека во 907 г. под бедемите на Константинопол бил склучен всушност формалниот мировен договор меѓу Византија и Русија, а не прелиминарен договор, а во 911 г. тој бил потпишан.[250]

Н. А. Лавровски сметал дека станува збор за два договори, едниот склучен во 907, а другиот во 911 г. Според него во договорот од 907 г. недоволно биле определени правата и обврските на двете страни, па затоа Олег во 911 г. во Константинополо испратил пратеништво со цел во догоровот да бидат внесени нови услови. Во овој договор биле повторени и некои статуси коишто ги содржел и претходниот договор.[251]

Овој договор од 907 г. за кој е прифатено дека е прелиминарен договор, е зачуван во „Повесть временных лет“. Овде во Константинопол,додека Русите започнале со подготовќите за повлекување, од кнезот Олег пристигнале пратеници и тие побарале на Русите да им се плати данок, на секој воин по 12 гривени. Потоа кога ќе дошле трговци од Русија во Константинопол тие да имале право да купуваат стока колку сакаат, да имаат шест месечен престој во градот и за тие шест месеци да им се обезбеди храна. По нивна желба, според договорот, требало да им биде направена бања во градот. Кога Русите ќе се враќале назад во татковината, Империјата била обврзана да им дава храна, намирници и сè што им било потребно за по пат. Византијците не се согласиле на овие услови.[253]

Што се однесува до договорот од 911 г. несомнено Византија била заинтересираната страна, а не Русија, за којашто во тоа време по погодно било да биде слободна од секакви пречки во своите стремежи за плен. Во Киев во 911 г. дошле пратеници од Византија со извесни предлози. Реални причини на императорот во Византија, за да ги вовлече Русите во правилно договорени односи со Империјата, било

---

[248]Види, ПВЛ, 14

[249]А. Димитриу, К вопросу о договорахь русскихь сь греками, ВВ, т. II, 1895, 541

[250]А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси, 106

[251]М. В. Левченко, Руско-Византийские договоры907 и 911 гг., 111

[253]А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв., 64-67

тоа што Русија граничела со Кримските владенија на Византија и нивните напади врз Константинопол. Сепак, во 911 г. во Константинопол кнезот Олег испратил свои пратеници и таму бил склучен формалниот мировен договор помеѓу Византија и Киевска Русија на 2 септември 911 г.[254]

Олеговиот договор од 911 г. содржи одредби кои го наговестуваат тогашниот општествен и правен статус на поединечни категории население, како и прописи од граѓанското и кривичното право. Од првата група одредби може да се забележи дека Олег се титулирал како „руски велики кнез“, односно овој договор освен во негово име, се склучувал и во име на светлите кнезови, светлите бољари и цела Русија. Во договорот се споменуваат и слојот на крупни трговци кои со својата роба оделе во другите држави и тие биле третирани како посебен сталеж со сопствени права. Во овој договор има податоци за руското граѓанско право и за руското наследно право. Освен ова во договорот се зачувани и кривично-правни одредби. На крај овој договор го содржи  и правото, Русите сами да ги спроведуваат преку територијата на Византија во Русија, своите сонародници кои извршиле некое кривично дело. Во овој случај Русите единствено биле должни да го известат императорот.[255]

Од овој договор се дознава дека уште пред неговото склучувањето Византија тргувала со Киевска Русија, односно Русите тргувале со Константинопол и доаѓале во престолнината на Византија за да му служат на императорот.

На руските трговци им било дадена многу поволна позиција. Тие биле целосно ослободени од царинските давачки, а исто така добиле и сместување во предградието на Константинопол, околу црквата Св. Мамант. Квартот Св. Мамант се наоѓал надвор од бедемите на градот, на европскиот брег на Босфорот во близина на излезот од Босфор во Мраморното Море. Ова предградие го добило своето име според името на манастирот

[254]А. Димитриу, К вопросу о договорахь русскихь сь греками, 543

[255]Д. Николић, Древноруско словенско право, 95-97. Целосниот текст на овој договор во оригинал, превод и коментари  кај А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв., 6-14

којшто бил основан таму во чест на великомаченикот Мамант.[256] Добивале право таму да престојуваат дури шест месеци, а им било давано и храна во текот на нивниот престој.[257]

Треба да се има во предвид дека согласно со овој договор руските пратеници имале многу поголема позиција и поголем официјален статус во Константинопол, за разлика од руските трговци.

Статутите од договорот им го востановувале на Русите правото непречено да доаѓаат во воена служба кај византискиот император. Со овој договор всушност се потврдило тоа што многу порано влегло во пракса. Од тоа време во изворите се наоѓаат податоци дека цели одреди руски воини се наоѓале во воена служба во Византија. Како пример треба да се спомене дека во неуспешниот за Империјата поход од 910-911 г. во нејзина служба имало 700 руски воини. Во морскиот поход против Лангобардите во Италија предводен од Роман I Лакапин во 935 г. се наоѓале 415 руски воини.[258]

Со договорот иако Русите добиле некои превилегии сепак бројот на руски трговци кои за една сезона можеле да престојваат во Константинопол, односно во предградието Св. Мамант бил ограничен на 1000-1500. Но сите тие во исто време не престојувале таму. Според Г. Г. Литаврин во текот на летото Русите во Константинопол доаѓале со не помалку од две трговски флотили, кои на пат заминувале во различно време.[259]

Мирните и пријателски односи помеѓу Византија и Киевска Русија се одржале цели 30 години. Немаме податоци во изворите како во текот на тие три децении се одвивале взаемните односи помеѓу двете земји. Но пријателските односи по три денцении биле прекинати, а во изворите имаме податоци за нов руски напад.

Најинтересен детал од Олеговиот напад е податокот дека тој го обесил својот штит на Константинополската капија. Ова не е легендарен податок, туку вистинит историски настан. Станува збор за нормански обичај познат во Западна Европа. Според Фулдските анали во 882 г. Готфрид роднина на Рјурик го обесил својот штит на бедемите на градот

---

[256]Г. Г. Литаврин, Условия пребывания древних русов в Константинополе в X в. и их юридический статус, ВВ, т. 54, Москва, 1993, 82

[257]За правниот статус на руските трговци во Константинопол по случувањето на Византиско-рускиот договор од 911 г. види кај Г. Г. Литаврин, Условия пребывания древних русов в Константинополе в X в. и их юридический статус, 81-92

[258]М. В. Левченко, Руско-Византийские договоры 907 и 911 гг., 126

[259]Г. Г. Литаврин, Условия пребывания древних русов в Константинополе в X в. и их юридический статус, 84

Ашлох, откако склучил мировен договор со царот Карло III. Според аналите тој тоа го сторил според стариот обичај на својот народ, за да ги покаже своите мирољубиви намери.[260] Значи на едно доста оддалечено место од Русија и Византија среќаваме друг нормански кнез кој е современик на Олег и кој постапува исто како и Олег. Значи станува збор за мирољубива намера и Олег откако го склучил договорот со Византијците го обесил својот штит на капијата, сепак рускиот летописец погрешно запишал дека тоа бил штитот на победата. Всушност станува збор за штитот на мирот, но на летописецот не му бил познатовој стар нормански обичај и запишал дека тоа е штит на победата.[261]

Расказот за Олеговиот поход завршува со една епизода според која Олег побарал на Русите даим бидат дадени едра од една врста на платно, а на Словените друга врста, односно од свила. Потоа задувал силен ветер и ги искинал едрата на Словените кои биле од свила и тие рекле дека треба да се држат до нивните цврсти едра, додека тенките едра не се за нив.[260] Точната смисла на оваа епизода не е јасна, иако имало обиди таа да се разјасни. Е. Ридзевскаја сметала дека тоа е обичај на норманските водачи, односно тие барале од победениот непријател едра за своите бродови. А. А Шахматов сметал дека ова е нејасна епизода и подоцна е додадена. Сепак според Г. Острогорски, постоело строго разликување на Русите и Словените и овој пасус потсетува на познатиот опис на Константин Порфирогенит во списот „За народите". Тој објаснува дека летописецот се послужил со еден многу стар извор и не можел да ги разбере сите поединости кои ги нашол во тој извор бидејќи не ги познавал старите нормански обичаи.[262]

Може да се заклучи дека, не само што Олег е историска личност, туку тој во 907 г. го нападнал Константинопол, склучил прелиминарен договор, а во 911 и мировен договор со Византија и го обесил својот штит на капијата на престолнината на Византија. Податоците во рускиот летопис се веродостојни, а фактот дека единствениот византиски извор кој дава податоци за времето на Лав VI Мудри не зборува за овој напад не може да се земе како доказ за тоа дека нападот не бил извршен.

Во Киев кнезот Олег се вратил со големо богатство. Како што соопштува летописецот Нестор, тој дошол во Киев со многу злато, ткаенини, плодови и вино. Кога се

---

[260]М. В. Левченко, Руско-Византийские договоры 907 и 911 гг , 103 и 107
[261]Исто, 111
[260]ПВЛ, 14-15
[262]Г. Острогорски, Поход кнеза Олега на Цариград, 112-113

вратил Олег од походот во својата престолнина од луѓето бил наречен Олег Пророкот.[263] Во рускиот летопис нема податоци што се случувало во периодот од 907 до 912 г. Олег починал во 912 г. Според легендата забележана во „ Повесть временных лет ", кнезот Олег починал откако бил каснат од змија. Во летописот детално е прикажана легендата, која е доста интересна.[264]

## 3.2 ПРВИОТ НАПАД НА КНЕЗОТ ИГОР ВО 941 ГОДИНА

На 12 мај 912 починал императорот Лав VI Мудри. Власта преминала во рацете на неговиот брат Александар (912-913 г.), чичко на Константин VII Порфирогенит (913-959 г.). „*Александар царувал со Константин* (Константин VII б.м.) *синот на Лав* (Лав VI Мудри б.м.) *една година и дваесет и два дена.*"[265]

Во исто време, кога во Византија починал императорот Лав VI и во Киевска Русија дошло до смена на престолот откако починал кнезот Олег. По неговата смрт со државата завладеал синот на Рјурик, Игор. Во „Повесть временных лет" стои дека: „*По Олег започнал да владее Игор. Во исто тоа време започнал да владее и Константин* (Константин VII Порфирогенит б.м.) *синот на Лав* (Лав VI Мудри б.м.)."[266]

Успехот на Олег бил тоа што тој успеал да го отвори Црното Море за руските трговци и да го расчисти патот за трговски однос помеѓу Русите и Византијците. Од профитот од оваа трговија зависел просперитетот на Киевска Русија.[267]

Кнезот Игор, синот на Рјурик, владеел 33 години, од 912 до 945 г. Според летописецот Нестор во 903 г. кнезот Игор бил оженет со Олга, благородничка од Псков. Откако Игор станал кнез Древјаните одбиле да му плаќаат данок, тие на нивна територија не го пуштале ниту кнезот, ниту неговите болјари или собирачите на данок. Поради оваа

[263]ПВЛ, 15
[264]Види за легендата во ПВЛ, 17-18. Види и кај С. М. Соловьев, Исторія Россіи сь древнейшихъ временъ,кн. I, т. I-V, 121-122
[265]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Александра брата Льва, 235
[266]ПВЛ, 19
[267]G. Vernadsky, Kievan Russia, 28

причина кнезот Игор отишол кај Древјаните ги поразил и им наметнал поголем данок од оној што тие му го плаќале на кнезот Олег.[268]

Кон почетокот на 40-те години на X век, позицијата на Византија значително се стабилизирала. Бугарија управувана од царот Петар I (927-969 г.), која била исцрпена поради војните, како финансиски така и војнички, потпишала мировен договор со Византија. Во Северното Прицрноморие појавата на Печенизите сериозно ја изменило ситуацијата. Како Русите, така и Хазарите ги сметале Печенезите за голема опасност. Покрај ова пријателството меѓу Хазарите и Византија се влошило поради прогоните на Евреите од страна на Роман I Лакапин. Веќе во 934 г.според соопштенијата од изворите Угрите ја загрозувале границата на Империјата и ја опустошиле цела Тракија. Според А. Н. Сахаров, Византија и Киевска Русија воделе војна во 30-те г. на X век за тоа кој да го има влијанието на Крим и во северното Прицрноморие.[269]

Мирните односи помеѓу Византија и Киевска Русија траеле цели триесет години. По нападот од 907 г. предводен од кнезот Олег и по мировниот договор потпишан во 911 г. Русите извршиле напад на Византија дури во 941 г. Имено, во 941 г. кнезот Игор превзел нов воен поход против Византија и ја нападнал престолнината на Империјата. Податоци за нападот од 941 г. предводен од кнезот Игор, освен во „Повесть временных лет“ има и во византиски извори и тоа: хрониката на Псевдо-Симеон Логотед, продолжувачот на Теофан, Георги Амартол, кај Лав Граматик и во Житието на Василиј Нови. Освен во овие извори податоци има и кај Лиутпранд Кремонски во неговото дело „Antapodosis“.[270] Можеби најинтересен, а воедно и најпроблематичен извор е т.н Кембрички документ-Кембрички аноним, односно, анонимно еврејско-хазарско писмо во кое има податоци за рускиот напад и за руско-хазарска војна, за која нема податоци во друг извор.[271]

---

[268]С. М. Соловьев, Исторія Россіи сь древнеійших времень,кн. I, т. I-V, 123

[269]А. Н. Сахаров, Дипломатия Древней Руси, 223-224

[270]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 138

[271]Детално за овој извор види: К. Цукерман, Русь, Византия и Хазария в середине X века: проблемы хронологии, Славяне и их соседи Гречейски и славянский мир в в середние века и ранее новое время, Москва, 1996, 68-77; В. Мошин, Хельгу хазарского документа, Slavia, XV, 1937-1938, 191-200; Н. Я. Половой, К вопросу о первом походе Игоря против Византии (Сравнительный анализ русских и византийских источников), ВВ, т. XVIII, Москва, 1961, 96-100 и G. Vernadsky, Kievan Russia, 34

Покрај тоа што има голем број на извори[272] - кои може да ги селектираме во три групи и тоа: византиски, руски и западни (латински) -  ниту еден од нив не говори за причините за рускиот напад предводен од кнезот Игор. Има мислења дека рускиот напади од 941 г., како и другите напади во X век, имал ограбувачки карактер, за што сведочат изворите од византиска провиниенција. Сепак многу поверојатно и по прифатливо е мислењето на М. В. Левченко дека нападот на Русите на Константинопол во 941 г. бил предизвикан од потребата киевскиот кнез да ги заштити руските економски интереси.[273]

Благодарение на немирите кои избувнале во Багдад и желбата на емирот Саиф-ад-Даулах да учествува во нив и да се вмеша во настаните кои се случувале во Калифатот, Византија за кратко успеала да се спаси од арапската опасност. Но, привременото затишје на Исток, донело нови немири од Север. Русите, повторно, по трет пат започнале морски поход против Византија и ја опсадиле нејзината престолнина.

Според Кембричкиот документ, - во 1912 г. еврејскиот научник Шехтер го превел на англиски јази и го издал овој документ - пред Византиско-руската војна имало судир помеѓу Русите и Хазарите. Имено, како што соопштува овој аноним, Византискиот император Роман I Лакапин започнал да ги прогонува Евреите. Прогоните се случиле во 30-тите години на X век, а пред рускиот напад на Константинопол во 941 г. На ова хазарскиот цар Јосиф, кој ја исповедал јудејската вера, од Хазарското царство ги протерал сите Христијани. Во ваква ситуација императорот Роман I му се обратил на рускиот кнез, кој во документот е именуван како Хелг (рус. Олег), да започне војна со Хазарите.[274] Тој ги прифатил подароците од Империјата и го нападнал градот Самкерц (Тмутаркан, рус. Тмутаракань), го ограбил и се вратил назад. По ова Хазарите нападнале на Крим и го опустошиле, а потоа ги нападнале и Русите и го вратиле сето она што тие го украле од Самкерц. Во овој документ стои податокот дека по овие настани, Хелг ги нападнал Византијците но бил поразен од „грчкиот оган“. По ова Хелг се повлекол но не успеал да

[272]Види детално кај Н. Я Половой., К вопросу о первом походе Игоря против Византии (Сравнительный анализ русских и византийских источников), ВВ, том 18, 1961 , 85-104
[273]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 139-140
[274]S. Schecht, Au Unknown Khazar Document, Jewish Quarterly Review, N.S. vol. III, 1912–1913, 194

се врати во својата земја, заминал за Персија (перс. ایران امپراتوری) и таму починал. Во науката има дискусија и различни мислења за тоа кој е всушност Хелг.[275]

Според рускиот летопис во 6449 година од создавањето на Светот, односно во 941 г. од раѓањето на Исус Христос, Русите предводени од нивниот кнез Игор тргнале во поход против Византија, а Бугарите го известиле императорот Роман I Лакапин дека Русите се наближувале кон Константинопол.[276] Според податоците од Житието на Василиј Нови (починал во 944 или 952 г., а житието било напишано во Константинопол во втората половина на X век) по веста од Бугарите, дека Русите се движат кон Константинопол, вести со иста содржина дошле и од стратегот на Херсонес. Односно и Бугарите и Херсонците го известиле императорот за движењето на непријателот.[277]

Русите се истовариле на Анадолискиот брег на Црното Море и ги ограбувале византиските провинции Битинија и Пафлагонија. На запад во Никомидија византиските генерали почнале да собираат доволно војници за да ги одвратат напаѓачите. Наскоро руската флота била поразена од византиската флота, кој со себе носела „грчки оган“. („Грчки оган“ (гр. Ὑγρὸν Πύρ), според едни е мешавина од нафта, негасена вар и сулфур, а според други, мешавина од фосфор и шалитра. За првпат се споменува од Теофан Исповедникот според кој византискиот хемичар Калиник од Хелиополис во 670 или 673 г., измислил моќно оружје кое во 674 г. било употребено против Арабјаните кои го опсадиле Константинопол.) Се чини дека по поразот нанесен од „грчкиот оган“, додека Игор се враќал во Киев, голем дел од остатокот од руската војска отишол во Тмутаркан, каде што две години подоцна презеле воен поход на Кавказ.[278]

---

[275]В. Мошин, Хельгу хазарского документа, 191. Детално проблематиката за името Хелг дали тоа е кнезот Олег или некој војвода со истото име кој бил во служба на кнезот Игор, ја обработил В. Мошин, види Исто, 191-200, авторот на статијата мошне сликовито ги објаснува аргументите кои говорат против тоа дека станува збор за Киевскиот кнез Олег кој починал во 912 г. Види повеќе за ова и кај ; Н. Я. Половой, К вопросу о первом походе Игоря против Византии (Сравнительный анализ русских и византийских источников), 96-100; Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 70-71 и К. Цукерман, Русь, Византия и Хазария в середине X века: проблемы хронологии, 68-77; Детално види и кај S. Schecht, Au Unknown Khazar Document, 181-219

[276]ПВЛ, 20

[277]А. Н. Сахаров, Дипломатия Древней Руси, 210

[278]G. Vernadsky, Kievan Russia, 34. За „грчкиот оган“ види повеќе A. P. Kazhdan, The Oxford Dictionary of Byzantium D-J, 873

Походот на кнезот Игор кон Константинопол не бил неочекуван за Византија, за руското движење кон престолнината Византијците дознале од Бугарите, кои биле управувани од Петар кој бил зет на Роман I Лакапин.[279]

За овој руски напад од 941 г. предводен од кнезот Игор историчарите имаат различни размислувања во кој месец всушност тој се случил.

Според она што е зачувано кај продолжувачот на Теофан нападот се случил „*на 11 јуни четиринаесетиот индикт* (односно 941 г.) *десет илјади бродови натоварени со Руси дошле до Константинопол...*“[280] Покрај податокот за датата кога се случил нападот, во овој извор, но и во другите извори се среќава податокот дека Русите дошле натоварени на десет илјади бродови, а имало 400 илјади воини. Ова секако е претерана бројка и не може да се прифати како реална.

Нападот од 941 г., како и другите руски напади од тоа време, бил комбинација од копнен и морски напад, а воените дејствија на море во овој напад имале многу важна улога. Интересно е да се напомене дека водениот пат по којшто Русите се движеле преземајќи походи против Византија е дњепровскиот воден пат, по кој тие навлегувале во Црното Море. Треба да се спомене дека важни се два морски пата, Црноморскиот и Каспискиот. Ал-Масуди Црното Море го нарекува и „Руско Море“, ова го потврдува фактот дека Русите пловеле по Црното Море, било од трговски, било од воени причини.[281]

Русите внимателно го одбрале времето за напад, копнената армија на Византија била испратена на источната граница, а флотата била испратена „*против Арабјаните и да ги штити островите*“ во Егејското Море.[282] Русите со својата флота се појавиле во Босфор, се истовариле во областа Битинија и започнале да го пустошат приодот кон Златниот Рог. Воените сили на Византија набргу биле повикани назад, а должноста за

[279]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 69

[280]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 262 и П. Шрайнер, Miscellanea Byzantine-Russica, BB, т. 52, 1991, 154. Јуни како месец во кој се случил нападот го прифаќа Г. Острогорски, Историја Византије, 266 и Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 69. Ф. И. Успенски, Исторя Византийской империи, т. II, 472, е на мислење дека нападот се случил крајот на мај или почетокот на јуни, на исто мислење е и М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 141. А. Величко, История Византийских императоров, т. IV, 147, е на мислење дека нападот се случил во месец мај. Имајќи го во предвид податокот забележан кај Продолжителот на Теофан, ќе го прифатам фактот дека нападот се случил на 11 јуни 941 г.

[281]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 143

[282]Лиудпранд Кремонски, Разплата, кн. V, гл. XV, 206

одбрана на Империјата императорот Роман I им ја доверил на патрикиј Теофан и на Јован Куркуас.[283] На Русите им пошло од рака некое време да имаат успех, тие ја ограбиле целата малоазиска територија на Босфор, од Рива до Хрисопол.

Руската флота била пресретната од сите дромони (дромон гр. Δρόμος, вид на брод, а воедно и најважниот воен брод на византиската морнарица од V до XII век) и триери кои во тој момент се наоѓале во престолнината. Потоа во градот бил испратен патрикиј и протовестиариј Теофан кој, наредил да се поправат овие стари бродови кои биле во градот, ја довел флотата во ред и бил подготвен да се судри со Русите.[284] Теофан успеал да ги потисне Русите кон устието на Босфор каде што руската флота не можела да ги издржи дејствијата на византиската флота која ѝ нанела пораз благодарение на „грчкиот оган".[285]

Кај продолжувачот на Теофан имаме приказ на битката меѓу двете флоти, а исто така и кај Лиутпранд Кремонски има податоци за поразот кој го претрпела руската флота. Според Лиутпранд откако византиските бродови биле опремени со „грчки оган" и со најобучените луѓе, Теофан дал заповед византиската флота да излезе пред кнезот Игор. Тие тргнале и кога Игор ги видел на отворено море им наредил на своите луѓе да не ги убиваат Византијците, туку да ги фаќаат живи. Понатаму како што забележал епископот Кремонски со Божја помош морето кое било немирно се смирило и Византијците се нашле пред руските бродовии започнале да ги напаѓаат со „грчки оган" од сите страни. Откако Русите го виделе ова почнале да скокаат од своите бродови во морето, некои се удавиле, а некои изгореле. „*Тој ден никој не се спасил, освен оние кои успеале да дојдат до копното.*" Причината поради која успеал да се спаси кнезот Игор – Лиутпранд го именува кнезот Игор како Ингер - Лиутпранд ја наведува како резултат на тоа што руските бродови биле помали од византиските и тие можеле да пловат во плитки води.[286]

---

[283]Д. Оболенски, Византиски комонвелт, Источна Европа 500-1453, 191

[284]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 262. Кај Лиутпранд Кремонски е забележано дека во престолнината имало 15 полу искршени хеландии кои не биле во состав на флотата поради староста. Потоа согледувајќи ја опасноста императорот Роман I им наредил на занаетчиите да ги поправат овие бродови и да направат да може да се прска „грчки оган" не само од носот на бродот, туку и од крмата и тоа од двете страни, Лиудпранд Кремонски, Разплата, кн. V, гл. XV, 206

[285]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 472

[286]Лиудпранд Кремонски, Разплата, кн. V, гл .XV, 206-207

Според продолжувачот на Теофан, кога Русите се доближиле до Фарос – местото на коешто постојано горел оган кој им го осветлувал патот на оние кои патувале ноќе - патрикиј Теофан кој се наоѓал со флотата во Црното Море и неочекувано за Русите ги нападнал кај Иерон (гр. Ἰέρον, Ἱερόν византиско пристаниште на азискиот брег на Босфор на влезот од протокот во Црното Море). Тој го пореметил редоследот на руските бродови, едни запалил со „грчкиот оган“, а другите успеале да побегнат. Но патрикиј Теофан наредил да тргнат по оние кои се повлекувале за да ги доуништат руските бродови. Многу руски бродови биле потопени заедно со морнарите, многу луѓе биле убиени, но исто така имало и многу заробеници.[287] Најверојатно во битката кај Иерон дошло до поделба на руската војска: еден дел на чело со Игор од европскиот брег на Босфорот заминала кон татковината, а другиот дел заминал кон малоазискиот брег и војувал таму уште три месеци.[288]

Според продолжувачот на Георги Амартол, Русите во средината на јуни дошле кон византискиот брег со 10.000 бродови. (Повторно претерана бројка на пловни објекти, но тоа е разбирливо ако се има во предвид фактот дека византиската флота извојувала победа, византиските хроничари настојувале таа победа да ја направат по спектакуларна па затоа ја преувеличувале бројката на непријателските бродови. Колку повеќе бродови, толку поголема опасност, но и толку поголема победа и слава за победникот.) Во составот на руската флота имало и варјашки бродови. Русите дошле во Босфор и овде во близина на Иерон биле пресретнати од византиските бродови и поразени со „грчки оган“. По поразот флотата на кнезот Игор заминала на Малоазиската страна каде останала до септември кога биле поразени од византиските војсководци во втората поморска битка.[289]

Мошне сликовито нападот со „грчки оган“ го опишал летописецот Нестор во „Повесть временных лет.“ „*Теофан со своите бродови Кои биле вооружени со грчки оган ги пресретнал и наредил да започнат да пуштаат оган врз руските бродови. И било многу страшно. Русите откако го виделе пламенот се фрлале во морската вода со стремеж да се спасат...И кога се вратиле во својата земја секој од Русите раскажувал*

[287]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 262.
[288]Види детално за мислењето околу тоа дали војската се поделила или не кај, Н. Я Половой., К вопросу о первом походе Игоря против Византии (Сравнительный анализ русских и византийских источников), 91-92
[289]Цитирано според: А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси, 210

*за огнот од бродовите. „Како молња небесна“ веleле тие „да имаат Грците и ја пуштаа на нас и не запалија.“*“[290]

Треба да се напомене дека иако руските бродови претрпеле страв, огромна штета и пораз од византиската флота, сепак тие бродови целосно не биле уништени туку продолжиле во периодот од месец јуни до месец септември да дејствуваат на брегот на Битинија. Интересно е мислењето на Н. Половој базирано врз податоци од Кембричкиот документ, дека по првиот пораз Игор се вратил дома, а воените дејствија ги продолжил неговиот војвода Хелг (Олег) кој потоа остатокот од војската го повел на Исток, во Персија, каде што тој и умрел.[291] Овде руската флота, она што од неа останало, ги подржувала копнените руски одреди кои дејствувале на копно, не покрај брегот, но длабоко во внатрешноста на земјата, доаѓајќи до Никомедија. Откако ситуацијата на источната граница се смирила и се намалила опасноста од Арабјаните, од таму биле повикани стратезите, доместикот на схолите (гр. δομέστικος των σχολών) Јован Куркуас и Варда Фока.[292]

Од сите извори, без разлика на нивната провиниенција, само житието на Василиј Нови (починал 944 или 952 г.) точно го означува реонот во кој Русите дејствувале и го опустошиле. Според податоците зачувани во тоа житие, Русите презеле напади до Ираклија (гр. Ηράκλεια) по морското крајбрежје, а на копно до границата на темата Пафлагонија (гр. Παφλαγονία). На Југ тие ја опустошиле целата територија на Никомедија (гр. Νκομήδεια) и азиското крајбрежје на Босфор до Никомедија.[293] Влезот во Босфор за Русите не бил целосно затворен и покрај поразот од 11 јуни. Источниот брег на протокот бил под нивна власт: во пределите со плитка вода, кои за византиските бродови не биле достапни, бродовите на Русите во втората половина на јуни месец се појавиле во Црното Море.[294]

Продолжувачот на Теофан дава податоци за конечното поразување на Русите. Имено, според него по копно против Русите бил испратен патрикиј Варда Фока со одбрани воини. Русите во Битинија (гр. Βιθυνία, лат. Bithynia) веќе испратиле еден одред,

[290]ПВЛ, 21

[291]Цитирано според: Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 69-70

[292]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 472

[293]Цитирано според: М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 148

[294]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 74

но Варда Фока го пристигнал тој одред, го поразил и ги убил неговите воини. Потоа пристигнал и доместикот на схолите Јован Куркуас кој исто така им нанел пораз на Русите. Тие во страв отстапувале пред него. Според продолжувачот на Теофан, руската војска многу злодела сторила пред доаѓањето на „*римската војска*“. Тие го запалиле брегот на Сгена а од заробениците едни ги распнувале на крст, други ги закопувале живи во земја, а трети ги стрелале со стрели. Исто така и многу христијански храмови срушиле и запалиле. Настапувала зимата и на Русите им снемувало ресурси, се плашеле од војската на Куркуас и од морските битки против Теофан и решиле да се вратат дома.[295]

Императорот Роман I Лакапин против кнезот Игор ја испратил војската од европските теми. Одбран одред составен од македонска коњаница и пешадија на чие чело стоел патрикиј Варда Фока. Исто така заедно со оваа војска била испратена и војската од темата Тракија на чело со стратегот (гр. Στρατηγός) Теодор Спонгарием и доместикот Панфиром. Русите биле приклештени кон морскиот брег и блокирани.[296]

Русите откако ја согледале ситуацијата, во месец септември, според продолжувачот на Теофан на 15 септември 941 г.[297], вечерта се качиле на своите бродови и започнале повлекување кон тракиското крајбрежје. Но по нив тргнал патрикиј Теофан со бродовите и во поморската битка која се одиграла на 15 септември 941 г. им нанел тежок пораз на Русите. Повторно главна улога во поразот имал „грчкиот оган“. Според соопштенијата на византиските извори, кнезот Игор со мал дел од своите воини успеал да избега и да се врати дома во Киев.[298]

Продолжителот на Теофан дава краток опис на оваа втора поморска битка. Според него, многу руски бродови биле потопени и многу Руси биле убиени од страна на патрикиј Теофан кој командувал со флотата на Империјата. Само мал дел од Русите успеале да се спасат и да заминат дома. По извојуваната победа патрикиј Теофан се вратил со триумф и бил унапреден во чин паракимомен (гр. παρακοιμώμενος, оној ко спие околу спалната на императорот).[299]

---

[295]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 262-263

[296]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 148

[297]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 263

[298]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 148

[299]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 263

Според Лиутпранд Кремонски после втората поморска битка од 15 септември 941 „*кралот Ингер* (кнезот Игор б.м.) *се спасил откако со многумина стигнал до копното, а малку потоа се вратил дома*“. Понатаму стои дека, победниците „Грците“ триумфално влегле во Константинопол, носејќи со себе трофеи и голем број на заробени Руси. Императорот Роман I Лакапин наредил сите заробеници да бидат обезглавени.[300]

Војната била насекаде и можно било само да и се воодушевуваат на способноста на Империјата речиси секоја година да одбива воени удари од сите страни. Во јануари 942 г. Византија презела поход кон Алепо(гр. Βέροια, арап .حَلَبْ - Ḥalab) и таму биле заробени 15.000 заробеници. Во октомври 942 г. Јован Куркуас повторно превзел поход на Исток, ја освоил тврдината Арзен во Ерменија на северниот брег на езерото Ван (тур. Van Gölü). Потоа ја освоил и тврдината Диарбек и Нисибис денешен Нусајбин (гр. Νίσιβις, тур. Nusaybin), а на крај и тврдината Дара (гр. Δάρας).[301]

## 3.3 ВТОРИОТ НАПАД НА КНЕЗОТ ИГОР ВО 943 ГОДИНА

Во 943 г. Угрите повторно ја нападнале Византија, но патрикиј Теофан со нив склучил договот. Во тоа време Византија војувала и на Исток, против Арабјанит. Значајно е да се спомене дека кога градот Ефес (гр. Ἔφεσος, лат. Ephesus, тур. Efes) бил обиколен од византиската војска, Арабјаните исцрпени од борбите за да го одбранат градот преку пратеници му предложиле на Роман Лакапин да ја врата иконата на Христос и сите заробеници, а тој да им вети мир. Ова било прифатено и на 15 август 944 г. патрикиј Теофан дошол во Константинопол до Златната врата каде што Роман I, неговите синови и патријархот Теофилакт, заедно со целиот синклит (константинополскиот сенат гр. Σύγκλητος) на колена ја пречекале светата икона. Била одржана Света Литургија и иконата на Христос од Ефес била поставена во црквата Света Софија. Преговорите во Ефес не им пречеле на Византијците да ги продолжат воените дејствија во Месопотамија. Таму византијската војска го освоила градот Рас-Ајн. Враќањето на чудотворната икона на

[300]Лиудпранд Кремонски, Разплата, кн. V, гл. XV, 207
[301]А. Величко, История Византийских императоров, т. IV, 148

Спасителот го подигнал моралот и борбениот дух кај жителите на престолнината на Византија.[302]

По враќањето во Киев, од неуспешниот поход на Константинопол, во рускиот летопис нема податоци што правел кнезот Игор. Следен податок кој се среќава во летописот е податокот забележан во годината 6452 од создавањето на Светот, односно 944 г. од раѓањето на Исус, а тоа е податокот дека кнезот Игор започнал да собира војска. Тој собирал воини од сите племиња кои му биле потчинети. Според летописот во составот на новата руска војска која истата година  наведува летописецот тргнала во поход против Византија имало: Варјази, Руси, Словени, Полјани, Кривичи и Тиверци. Освен овие, Киевскиот кнез „*...ги ангажирал и Печенезите и заложници од нив зел...*“. Вака подготвен и со голема војска Игор тргнал во својот втор поход против моќната Империја.[303]

Како што видовме во рускиот летопис како година во која се одвивал овој втор напад е дадена 944 г. но овој датум претставува предмет на дискусија. Некои историчари[304] ја прифаќаат 944 г. како година во која кнезот Игор го презел својот втор поход против Византија. Сепак, има историчари кои походот го датираат во 943 г.[305] Во историската наука несоглаувања, освен за вториот Игорев поход против Византија, има и за тоа кога бил потпишан мировниот договор помеѓу Византија и Киевска Русија, освен за ова има несогласувања и околу датат за смртта на кнезот Игор.

Проблемот околу датирањето на вториот поход на кнезот Игор произлегува од тоа што, за разлика од првиот поход за кој имаме сведоштва покрај од руските, и од византиски и латински извори, за вториот поход податоци има само во руските извори. Во руските извори овој напад различно е датиран, Лаврентиевскиот летопис го датира во 6452 г., Троицкиот летопис во 6451 г., Елинскиот летопис од втора редакција го датира во 6450 г., а првиот  Новгородски летопис во 6430 г.[306]„Повесть временных лет“ го датира во 6452 година.

---

[302]Исто, 148. За опсадата на Ефес, преговорите за мир и враќањето на иконата на Исус Христос, види кај: Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лав VI, Царствование Романа, 266-267

[303]ПВЛ, 21

[304]А. Величко, История Византийских императоров, т. IV, 148; Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 472 и А. А. Васильев, История Византийской империи, т. IV, 253

[305]Г. Острогорски, Историј Византије, 266 и Н. Я. Половой, О дате второго похода Игоря на Греков и похода русских на Бердаа, ВВ, том XIV, Москва, 1958, 138-147

[306]Н. Я. Половой, О дате второго похода Игоря на Греков и похода русских на Бердаа, 139

Во два, од погоре наведните пет, руски летописи, првиот Новгородски летопис и Елинскиот летопис, е забележано дека од првиот поход на Игор до вториот поход поминале две години. Според првиот Новгородски летопис, првиот поход на Игор бил во 6428 г., а вториот во 6430 г., додека пак, според Елинскиот летопис првиот Игорев поход бил во 6448 г., а вториот во 6450 г. Тешко е да се каже од каде во овие два руски извори кои се многу постари од „Повесть временных лет" е зачуван податокот дека меѓу двата напади поминале две години. Н. Полевој е на мислење дека многу веројатно е тие сведоштва да биле преземени од народните преданија или пак, од некој постар писмен извор кој не е сочуван.[307] Тој докажал дека вториот напад кнезот Игор го презел во 943, а не во 944 г.

Имајќи го во предвид фактото дека војската на Игор била составена од голем број на воини од различни племиња, како и фактот дека Печенезите биле на негова страна, треба да се напомене дека, војската за вториот поход на Игор била составена од морнарица и коњаница т.е пешадија. Познато е дека Печенезите[308] биле полуномадски народ од Централна Азија, тие како полуномади биле добри коњаници. Иако од 920 г. тие биле во војна со Киевска Русија, имало моменти кога биле и нјезини сојузници, таков еден момент е и вториот поход на кнезот Игор.

Според „Повесть временных лет " Игор со војската тргнал против Византија со бродови и на коњи, односно нападот би требало да биде поморски и пешадиски. Како и за претходниот, така и за овој поход, соопштува летописотна Нестор, жителите на Херсонес кога слушнале за движењето на руската војска веднаш испратиле кај императорот Роман I, вест дека „*доаѓаат Русите...и го покриле целото море со бродови*". По Херсонците исто така, вести испратиле и Бугарите „*...доаѓаат Русите, а на нивна страна се и Печенезите.*"[309]

Откако Игор собрал голема војска и ги придобил Печенезите за сојузници, тргнал во поход против Византија движејќи се кон реката Дунав. По вестите од Бугарите и Херсонците дека Русите повторно тргнале во поход, императорот Роман I испратил на реката Дунав пратеници да преговараат со рускиот кнез. Тие му предложиле да го земе

---

[307]Исто, 139

[308]Детално за нив соопштува Константин Порфорогрнит, види К. Порфирогенит, О темама-О народима, гл. 37, 168-170

[309]ПВЛ, 21

понудениот данок кој бил поголем од оној којшто во свое време го земал од нив кнезот Олег.[310] Во меѓувреме, пратеници од Византија биле испратени и кај Печенезите. Императорот Роман I Лакапин кај нив испратил пратеништво со многу пари и скапоцености, со цел да ги поткупат за да го нападнат Киев. Според Ф. Успенски по ова кнезот Игор бил принуден да се согласи со предложените од страна на Византија услови за мир.[311]

Важно е да се напомене дека Печенезите биле соседи на Русите, според соопштенијата кои ни ги дава императорот Константин Порфирогенит во своето дело „За народите" Печенезите често вршеле напад врз руските територии, а Русите се труделе да живеат во мир со нив. Интересен е податокт дека Русите не можеле да војуваат против некоја земја ако не биле во мир со Печенезите.[312] Ова го потврдува и фактот дека кнезот Игор, како што соопштува рускиот летопис, зел воини од Печенезите но исто така и заложницикако гаранција дека тие нема да се побунат против него додека тој бил во поход.

Понатаму според она што го запишал Порфирогенит, ако Русите не биле во добри односи со Печенезите, не можеле да се приближат до Константинопол ниту за да го нападнат, ниту пак, заради трговија.[313] Од ова се гледа причината зошто Русите настојувале да ги придобијат Печенезите, но и колкаво значење тие имале за Византија во својство на нејзини сојузници. Тие всушност биле пречката преку која требало да се помине за да се дојде до Византија, вештата византиска дипломатија честопати успевала да ги придобие на своја страна токму во оние моменти кога тоа најмногу ѝ било потребно на Империјата.

На реката Дунав, кнезот Игор ја повикал својата дружина, односно своите болјари, и започнале да размислуваат и да дискутираат за предлозите на Византија. Ако подобро го разгледаме мислењето на кнезовата дружина, ќе забележеме дека целта на походот не било да се остварат територијални придобивки: „*Ако така зборува царот, тогаш што уште нам ни е потребно, без борба да земеш злато, сребро и ткаенини?*"[314] Според Д.

---

[310]В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 63

[311]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 472

[312]Константин Порфирогенит, О темама-О народима, гл. 2, 91

[313]Исто, гл. 2, 91-92

[314]ПВЛ, 21 и В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 63

Оболенски, Игор застанувајќи на чело на голема војска тргнал во вториот поход против Византија со цел да се одмазди за поразот претрпен во 941 г. за време на својот прв поход.[315] По советувањето со свите бољари, кнезот Игор го зел она што му било дадено од Византија, односно златото, среброто и ткаенините и се вратил во Киев. Печенезите, според рускиот летопис, останале да војуваат на територијата на Бугарија.[316]

Во тесна врска со вториот поход[317] на кнезот Игор против Византије е и походот кој Игор го презел против Бердаа во истата 943 г. по враќањето од походот против Византија. Како и за вториот поход на Игор против Византија, така и за походот на Русите на Бердаа Н. Полевој докажал дека тој се случил во истата 943 г. Н. Полевој детално и вешто го има обработено овој напад.[318] Бидејќи не е во интерес на темата нема да навлегувам во детаљи за овој напад, туку во контекст на повлекувањето на Игор од реката Дунав само го споменав како настан кој е поврзан со кнезот Игор.

Наскоро по повлекувањето на руската војска во Киев дошле пратеници испратени од императорот Роман Лакапин и воделе преговори за мир. По ова и кнезот Игор испратил пратеништво во Константинопол и таму бил склучен мировен договор во 944 г.[319]

Откако во 943 г. на реката Дунав било склучено примирје и Русите на чело со кнезот Игор се вратиле во Киев во 944 г. повторно бил склучен мировен договор помеѓу Византија и Киевска Русија.

Најкомплетниот и најдеталниот текст од Руско-византиските договори претставува договорот на кнезот Игор со Византија склучен во 944 г. Овој договор бил резултат на воените дејствија помеѓу Византија и Русија кои завршиле со склучување на примирје и дипломатски преговори. Податоци за рускиот напад од 11 јуни 941 г. имаме во взантиските, западните, арапските и руските извори.[320]

Рускиот летопис како година во која бил склучен овој договор ја дава 945 г.[321] но споменувањето на императорот Роман I Лакапин во текстот од договорот говори за фактот

[315]Д. Оболенски, Византискиот комонвелт Источна Европа 500-1453, 191-192
[316]ПВЛ, 21 и В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 63
[317]За војните на кнезот Игор со Византија види детално кај, А. Карпов, Княгиня Ольга, Москва, 2009, 59-71
[318]За походот на Бердаа види, Н. Я. Половой, О дате второго похода Игоря на Греков и похода русских на Бердаа, 142-147
[319]В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 63-64
[320]М. В. Бибиков, Русь в Византийской дипломатии: Договоры руси с греками X в. PDF, 10
[321]ПВЛ, 21

дека овој договор бил склучен во 944 г. Општоприфатено во науката е дека во 944 г. бил склучен мировниот договор меѓу Византија и Русија.

Воведот на овој договор се состои од воведен текст од рускиот летопис и наслов на договорот.

Најнапред во Киев дошле пратеници испратени од императорот Роман Лакапин и тројцата негови совладетели, синовите Константин и Стефан и Константин Порфирогенит, синот на претходникот на Роман, Лав VI. Според рускиот летопис ова пратеништво од Византија дошло со цел да се направи првичниот договор за мир. Потоа според летописот Игор разговарал со пратениците за мирот, по што кнезот испратил свое пратеништво во Константинопол кадешто продолжиле преговорите со „грчките болјари и чиновници“. Процедурата на преговорите се открива во следниот краток запис „*И дојдоа руските пратеници и на нив им рекле да зборуваат и да ги запишуваат на хартија зборовите на двете страни*“. Потоа следува текстот на договорот којшто ја открива веќе класичната фраза за Руско-византиските договори „*Списокот со копијата од договорот се наоѓа кај царевите Роман, Константин и Стефан, христољубиви владетели.*“[322]

Овој договор претставува меѓудржавен договор за „мир и љубов“. Ако во договорот од 911 г. имало еден член во кој станувало збор за руска воена помош на Византија и дозвола на Русите да можат да стапуваат во служба на императорската војска како наемници, тогаш во договорот од 944 г. била опфатена целосна програма за воен сојуз и взаемна помош меѓу двете земји. Според Д. Милер, според договорот од 944 г. Русија добила статус на полноправен сојузник на Византија. Интересен детаљ од овој договор е одредбата која се однесува на взаемната помош помеѓу двете земји против општите непријатели, како и заштита на една од териториите на регионот за којшто се заинтересирани двете држави.[323]

Со овој договор бројот на руски трговци кои можеле да доаѓаат на пазарите во Константинопол бил намален. Во текот на денот, според клаузулите во договорот, во градот можела да влегува група руски трговци која броела максимум 50 луѓе. Исто така со овој договор киевскиот велики кнез, како и кнезовите од другите руски градови имале

[322] А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв., 36 и А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси, 233
[323] А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси, 245-246

право да испратат во Византија трговски бродови „колку што сакаат", но пред тоа со грамота да ги известат Византијците за бројот на трговци кој доаѓал во Константинопол.[324]

Интересно е и тоа дека со овој договор се обврзувале Русите да го заштитуваат Херсонес и целата негова територија. „*Ако дојдат црните Бугари и започнат да војуваат во Херсонеската земја, го молиме рускиот кнез да не ги пушта нив да ѝ прават штета на неговата земја.*"[325] В. Пашуто во врска со овој податок заклучил дека тоа се однесува на руската заштитата не само на византиските владенија на Крим, туку и на своите сопствени владенија во Северното Прицрноморие и на Кримскиот Полуостров.[326]

Иако договорот на кнезот Игор со Византија од 944 г. има повеќе одредби за разлика од претходниот договор и иако овие одредби се пообемни и подетални, неговата обемност всушност доаѓа од тоа што има доста повторувања. И. Бељаев издвоил седум важни правни и историски факти на коишто упатува договорот на кнезот Игор. Најпрвин тоа е составот на руските пратеници кои го покажуваат значењето на „земшчината" во Стара Русија. Покрај пратениците на кнезот Игор, неговата сопруга Олга и нивниот син Свјатослав, во делегацијата биле и ополномоштени лица кои ги претставувале крупните трговци и повидните членови на кнежевата дружина. Во договорот се спомнуваат и пратеници на две жени, кои најверојатно самостојно се занимавале со извозна трговија. Па така во заклучувањето на договорот со Византија, преку свои пратеници учествувале различни слоеви на население. Самото појавување на пратеници на две жени во руската делегација зборува прилично многу за исклучително поволната позиција на жената во Стара Русија.[327]

Интересен е уште еден член од овој договор, а тоа е членот кој се однесува на риболовците. Имено, ако Русите откријат рибар од Херсонес како лови риба во устието на реката Дњепар не треба да му нанесуваат никакво зло.[328]

Следниот битен факт се однесува на улогата на бољарите како највисок општествен слој, бидејќи нивните пратеници тогаш рамноправно со пратениците на кнезот учествувале во склучувањето на овој договор. Најкрупните бољари во тоа време

---

324Г. Г. Литаврин, Условия пребывания древних русов в Константинополе в X в. и их юридический статус, 87

325А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв., 39

326А. Н. Сахаров, Дипломатия древней Руси, 248

327Д. Николић, Древноруско словенско право, 97-98

328А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв., 39

имале високо општествена позиција, независно од службата на кнезот. Најкрупните трговци веројатно уште во времето на кнезот Игор, биле не само посебен сталеж, туку и значајна општествена сила, имајќи во предвид дека рамноправно со кнезот учествувале во склучувањето на еден мировен договор. Следен факт којшто го открива договорот од 944г. е верската толеранција помеѓу жителите на Придњепровјето. Во првиот член од овој договор се споменува дека постојат покрстени и непокрстени Руси, па за првите стои дека доколку не го почитуваат договорот ќе ја примаат казната од Бог Седржителот, а за вторите дека нема да им помогне нивниот бог Перун. Пратениците христијани се заколнале во својата црква Св. Илија во Киев и во Светиот крст, а паганите во своите штитови и мечеви.[329]

На крајот во договорот стои дека ако некој од кнезовите или руските луѓе, христијанин или не христијанин би го нарушил она што во договорот било запишано требало да биде казнет од оружјето во кое се заколнал и да биде тој казнет од богот Перун. Понатаму, ако кнезот Игор го зачувал договорот за мир достојно, „*договорот да не биде раскинат додек*а *Сонцето сјае и постои целиот Свет, во сегашно време и во задгробното.*"[330]

Со руските пратеници во Киев пристигнале и пратеници испратени од императорот. Игор ги повикал византиските пратеници и им рекол да зборуваат и да кажат што одговорил императорот Роман I. На прашањето византиските пратеници одговориле дека нивниот император одговорил дека сакал да има мир и љубов со рускиот кнез. Понатаму тие одговориле дека нивниот император ги испратил да пренесат дека и тој се заколнува дека ќе го почитува договореното, како што и руските пратеници ја пренеле заклетвата на кнезот пред императорот. Откако кнезот Игор го утврдил мирот со Византијците, на пратениците им дал крзна, слуги и восок. Тие се вратиле кај императорот и ги пренеле зборовите на рускиот кнез.[331]

Овој договор речиси во целост бил во полза на Византија, односно договорот во себе ја содржел само обврската која Русија ја имала кон Византија, додека за обврските на последната кон Русија речиси нема ниту еден единствен збор.[332]

---

[329]Д. Николић, Древноруско словенско, 98-99
[330]А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв, 40
[331]А. Димитриу, К вопросу о договорахь русскихь сь греками, 549
[332]Исто, 549

Со овој договор руските трговци веќе не биле ослободени од царинските давачки и им било забрането купување на поголемо количество на свилени ткаенини, исто така им се забранувало да презимат во предградиeто на Константинопол во близина на црквата Св. Мамант. Од ова може да се види дека ако во претходниот договор од 911 г. Русите ги диктирале условите за мир, сега ситуацијата драстично се изменила. Византија му наметнувала строги услови на својот трговски партнер и сојузник, а сето тоа се јавува како резултат на поразот претрпен под Константинопол.

## ГЛАВА IV

## ВИЗАНТИЈА И РУСИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА X ВЕК

### 4.1 КНЕГИЊАТА ОЛГА ВО КОНСТАНТИНОПОЛ

Во рускиот летопис под годината 6453 односно 945 г. е зпишано дека кнезот Игор со својата дружина заминал на територијата на Древјаните - словенско племе - за да собира данок. Откако го собрал данокот на враќање кон Киев, кнезот Игор повторно решил да се врати кај Древјаните, се вратил таму но бил убиен. Во Киев останала жената на кнезот Игор - Олга со нивниот малолетен син и наследник Свјатослав.[333]

Според податоците кои ги дава Константин Порфирогенит, рускиот велики кнез, кого тој го нарекува архонт, во месец ноември заминувал од Киев со својата дружинана териториите на племињата кои му биле потчинети, за да собира данок - гира. Порфирогенит забележал дека кнезот од Киев заминувал во словенските земји, односно кај Древјаните, Кривичите, Драговичите, Северјаните „*и останатите Словени кои им плаќале данок на Русите*". Таму останувале цела зима се до месец април, кога се топел ледот на реката Дњепар и тие се враќале назад.[334]

Кнезот Игор бил убиен на територија на словенското племе Древјани, кое по сè изгледа било највоинствено од сите источнословенски племиња, но и најпроблематично за киевските кнезови. Територијата на Древјаните се наоѓала западно од Киев долж течението на реките Тетерев, Уж и Случ.

Се поставува прашањето кога кнезот Игор заминал да собира данок кај Древјаните? Според „Повесть временных лет" тоа се случило во 6453 г. Согласно септемврискиот стил на сметање на времето во Византија, тоа е периодот од 1 септември 944 до 31 август 945 г., а согласно мартовскиот тоа е од 1 март 945 г. до 28 февруари 946 г. Тешко е да се каже

---

[333]ПВЛ, 25

[334] Константин Порфирогенит, О темама- О народима, 100-101 и А. Карпов, Княгиня Ольга, 81-82

кој од овие два стила ги користел летописецот Нестор при пишувањето на летописот, па поради тоа и историчарите различно го датираат заминувањето на Игор кај Древјаните и неговата смрт. Знаејќи дека мировниот договор меѓу Византија и Киевска Русија бил склучен во 944 г. Заминувањето кај Древјаните и смртта на кнезот Игор можеби била во септември или октомври истата година, односно, можеби Игор заминал кај Древјаните во ноември 944 г., а неговата смртта би била есента 944 или зимата 944/945 г. Ова датирање го прифаќаат повеќето историчари. Сепак А. Карпов потпирајќи се на податоците од летописот, а бидејќи други извори за ова нема, сметајќи според мартовкиот стил смртта на Игор кај Древјаните ја датира есента 945 или зимата 945/946 г.[335]

Откако Древјаните го убиле кнезот Игор, тие испратиле свои пратеници во Киев кај вдовицата на Игор, кнегињата Олга. Сега таа ја имала власта со државата во свои раце како регент на малолетниот Свјатослав. Според пагански обичај на Древјаните тие во Киев дошле со намера Олга да ја побараат за жена на нивниот кнез. Според нивниот обичај, жената на убиениот како и целото негово богатство требало да му припаднат на победникот.[336] Но, Олга ги надмудрила пратениците на Древјаните. Имено, таа наредила да биде ископана голема и длабока јама, утредента ги поканила пратениците на кои им рекла дека ќе се омажи за нивниот кнез по име Мал. Кога тие дошле до дворецот Олга наредила да ги фрлат во јамата и наредила да ги закопаат живи. Потоа таа испратила кај Древјаните свои пратеници и побарала да дојдат подобри мажи од претходите, да ја побараат за жена. Дошле пратениците, а таа наредила да им подготват бања. Откако била бањата подготвена и пратениците на Древјаните влеглевнатре,Олга наредила тие да бидат запалени.[337] По смртта на кнезот Игор, во Киев како помошници на Олга и на Свјатослав кој бил уште малолетен, останале војводите Свенелд и Асмуд.

Олга како кнегиња, односно како регент во Киев владеела од 945 г. по смртта на својот сопруг кнезот Игор, па сè до полнолетството на Свјатослав околу 963 година. Таа била родена во 890 г. во Псков, според Г. Вернадски, во словенско семејство.[338]

До промена на престолот освен во Киев исто така дошло и во Византија. На 16 декември 944 г. синовите на императорот Роман I Лакапин, Стефан и Константин

---

[335]А. Карпов, Княгиня Ольга, 82
[336]Исто, 87
[337]ПВЛ, 26
[338]G. Vernadsky, Kievan Russia, 39

наредиле тој да биде уапсен и испратен во прогонство, сè со цел тие да седнат на престолот во Константинопол. Синовите на Роман сакале да го надмудрат Константин VII, кој  бил единствен претставник на Македонската династија, а според тоа и легитимен наследник на престолот, но не успеале во тоа. Корист од оваа ситуација имал само Константин VII Порфирогенит - тој 33 г. владеел како совладетел -  конечно успеал да седне на престолот. На 27 јануари 945 г. по налог на Константин Порфирогенит синовите на Роман I биле уапсени и Константин станал единствен владетел на Империјата.[339] Константин VII владеел до 959 г. Интересно е да се напомене дека владеењето на кнегињата Олга во Киев, се поклопува со самостојното владеење на Константин Порфирогенит во Константинопол.

Главна задача на Олга откако дошла на власт по смртта на Игор, била да го задуши востанието на Древјаните.[340] Според податоците од рускиот летопис во 946 г. Олга со синот Свјатослав и многу воини заминала на територијата на Древјаните. Овде дошло до битка помеѓу војската на кнегињата и војската на Древјаните, во која што Древјаните претрпеле пораз. Потоа, во летописот е даден детален опис за тоа како се одвивале настаните и преговорите на Олга со Древјаните и откако се потчиниле,тие ѝ ветиле дека ќе плаќаат данок,а таа со Свајтослав се вратила во Киев.[341]

Од претходно напишаното видовме дека византиско-руските војни завршувале со мировни договори, поволни или за едната или за другата страна. Сепак од меѓусебните односи на Византија со Киевска Русија можеби најинтересно е патувањето на руската кнегиња Олга во престолнината на Византија, Константинопол.

Со ова прашање се занимавале голем број на истражувачи.

Како што видовме односите помеѓу Источната Римска Имерија, Византија и Киевска Русија во црковна, економска и политичка сфера започнале уште во 860 г. по првиот руски напад на Константинопол. Меѓутоа, најинтересна епизода од овие односи, покрај мировно-трговските договори е посетата на кенгињата Олга на престолнината на Империјата.

---

[339]Г. Острогорски, Историја Византије, 268; М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 172 и А. Величко, История Византийских императоров, т. IV, 151-152. За симнувањето на Роман I од престолот види кај Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. VI, Лav VI, Царствование Романа, 268 и Лиудпранд Кремонски, Разплата, кн. V, гл. 21-25, 210-215

[340]С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 198

[341]ПВЛ, 26-27

Изворите кои содржат информации за Олгината посета на Константинопол можеме да ги поделиме во три групи.[342] Станува збор за извори од: руска провиниенција „Повесть временных лет“[343] и „Споменот и пофалбата на кнезот Владимир“ од Јаков Мниха.[344] Извори од византиска провиниенција, на прво место делото на учениот император и современик на настаните Константин VII Порфирогенит „De ceremoniis aulae Byzantinae“ - „За церемониите на византискиот двор“[345] и подоцнежниот византиски извор Хрониката на Јован Скилица.[346] Од латинските извори кои говорат за посетата на Олга во Константинопол треба да се спомене продолжувачот на Хрониката на Регино од Прум.[347]

Покрај тоа што овие извори содржат податоци за престојот на кнегињата во Константинопол и нејзиниот прием кај императорот Константин VII Порфирогенит и императорката Елена, тие содржат и податоци за нејзиното покрстување. Сепак треба да се прави разлика и да се разграничува датумот на приемот на кнегињата кај владетелот на Византија, од датумот на нејзиното покрстување.

Поради различните податоци зачувани во изворите оваа проблематика во науката предизвикала жестоки дискусии кои се активни и денес. Најдискутабилни прашања во врска со Олгиното патување се: 1. Кога всушност Олга патувала во Константинопол? и 2. Кога и каде таа го прифатила христијанството?

Треба да се спомене дека во рускиот летопис, кој за доста работи може да се кажеме дека има грешки во хронологијата, стои податокот дека во 6463 г. т.е во 955 г. Олга заминала за Константинопол. Таа, според летописот, заминала во Константинопол кога таму император бил Константин VII. Летописецот Нестор дава опис за настаните кои се одвивале во Константинопол. Тој соопштува дека во 955 г. во Константинопол од

---

[342]Изворите кои даваат сведоштва за оваа проблематика се наброени кај: Ж.-П. Ариньон, Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, ВВ, том. 41, 1980, 113 и Г. Г. Литаврин, Путешествие Русской княгини Ольги в Константинополь. Проблема источников, ВВ, том 42, 1981, 35 и А. Н. Сахаров, Дипломатия Древней Руси, 260-242, детално ги анализирал изворите поврзани со оваа проблематика.

[343]ПВЛ, 25-30, 28-30; Ж.-П. Ариньон, Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, 113 и Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 157-161

[344]А. А. Зимин, Память и похвала Иакова Мниха и Житие Кнеза Владимира по древнейшему списку, Москва, 1963, 15, 16-14 и Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 157-161

[345]De ceremoniis, II, 594-598; Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь,168-174; М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 250-254 и М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA - Свод византийских свидетельств о Руси, т. I, 74-81

[346]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 165-167

[347]Исто, 161-165

страна на константинополскиот патријарх Олга била покрстена и дека го примила името Елена, како и царицата Елена мајка на Константин I Велики.[348] Оваа година како точна ја прифаќа А. Величко.[349]

Вториот извор од руска провиниенција, „Споменот и пофалбата на кнезот Владимир“ од Јаков Мниха соопштува дека кнегињата Олга по смртта на својот сопруг, кнезот Игор, заминала во Константинопол за да се покрсти и да го потврди христијанството.[350] Овде не е дадена годината во која Олга заминала во Константинопол, но забележано е дека кога се покрстила го земала името Елена. Кнегињата Олга, според податокот којшто е зачуван во овој извор, како христијанка живеела 15 години и починала на 11 јули 6477 г. односно на 11 јули 969 г.[351] Според ова следува дека Олга се покрстила во 954-955 г.

Според податоците на Јаков Мниха некои историчари се на мислење дека таа станала христијанка во 954/955 г. во Киев, а заминала во Константинопол во 957 г. како христијанка, а не да бара таму да биде покрстена. Според Г. Острогорски ова е доказ зошто Порфирогенит во делото „За церемониите“ не пишува ништо за покрстување на Олга.[352]

Хрониката на Продолжителот на Регино, латински извор, современик на настаните соопштува дека: „*Пристигнаа кај кралот Отон пратениците на Елена, кралицата на Русите* (во оригинал на Rugorum) *којашто била покрстена во Константинопол, при императорот Роман* (се мисли на Роман II, син на Константин VII)... “.[353]Овде може да се забележи дека кнегињата на Русите била покрстена во Константинопол во време на императорот Роман II и го добила името Елена. Потоа дека Олга-Елена испратила кај Отон I пратеници, најверојатно смета Ж-П. Арињон, за да побара епископи и свештеници. Прашањата за назначување на тој епископ довеле до интриги во германските црковни

---

[348]ПВЛ, 28

[349]А. Величко, История византийских императоров, т. IV, 154

[350]А. А. Зимин, Память и похвала Иакова Мниха и Житие Кнеза Владимира по древнейшему списку, 16

[351]Исто, 17; А. Карпов, Княгиня Ольга, 152. Види А. А. Шахматов, Разысканя о древнейшихь Русскихь летописныхь сводахь, 111-115; Г. Г. Литаврин Путешествие русской княгини Ольги в Константинополь. Проблема источников, 36-37 и Ж.-П. Ариньон, Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, 116-117

[352]Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, Византија и Словени, Сабрана дела, кн. IV, Београд, 1970, 127

[353]Цитирано според Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 162

кругови.[354] Ж.-П. Арињон е на мислење дека - според сведоштвата од „Повесть временных лет“ и продолжувачот на Регино - Олга се покрстила во Константинопол и тоа до крајот на 959 г.[355]

Од византиските извори како што споменав, иако од подоцнежен период, втора половина на XI век, треба да се спомене и Јован Скилица кој дава информации за кнегињата Олга во Константинопол. Имено, според Скилица „*Жената на некој си, којшто заминал со бродови против Ромеите, руски архонт (Игор), по име Елга, кога умрел мажот ѝ, дошла во Константинопол. Покрстена и избирајќи ја вистинската вера, таа по изборот за оваа висока чест се вратила дома.*“[356] Ваквото сведоштво на Скилица било потврдено и од подоцнежните византиски историчари Георги Кедрин и Јован Зонара. Во минијатурата на Мадридскиот ракопис на Хрониката на Јован Скилица од средината на XII век е прикажан приемот на „архонтесата на Русите Елга (Олга) кај императорот Константин VII.[357] Скилица не дава точна датација кога всушност Олга била во Константинопол. Тој своето соопштение го сместил од средината на 40-те до средината на 50-те години на X век за време владеењето на Константин Порфирогенит (25.I 945 – 09.X 959 г.).[358]

За покрстувањето на Олга, Скилица споменал пропратно во врска со известувањето за покрстувањето во Константинопол, крај на 940-те, почетокот на 950-те г., на двајцата унгарски архонти, Булуч (Вулсудис, Вулцус) и Гилас.[359]

Сепак најзначајно дело за ова прашање е делото на Константин Порфирогенит „De ceremoniis aulae Byzantinae“, односно „За церемониите на византискиот двор“. Од сите погоре споменати извори описите дадени во ова дело се најзанчајни за патувањето на

[354] Ж.-П. Ариньон, Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, 115

[355] Исто, 123-124; интересни се мислењата на Арињон кои тој ги дава во својата статија Ж.-П. Ариньон, Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, 113-124, но треба да се спомене и статијата на Литаврин, Г. Г. Литаврин, Путешествие русской княгини Ольги в Константинополь. Проблема источников, 35-48, во која авторот всушност дава контра аргументи на мислењата на Арињон

[356] John Skylitzes, A Sinopsis of Byzantine History 811-1057, Translated by John Wortley, Cambridge University Press, New York, 2010, 231

[357] Synopsis Historiarum incipiens A Nicephori Imperatoris a Genicis obitu ad Isacii Comneni imperium conscripta A Joanne Scylitza Curopalata u Magno Drungario Vigilae, стреница 279 во PDF, на сајтот: http://bdh-rd.bne.es/viewer.vm?id=0000022766. Види и А. Карпов, Княгиня Ольга, 153

[358] Повеќе за ова види кај Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 165-168

[359] А. Карпов, Княгиня Ольга, 153

кнегињата Олга во престолнината на Византија. Прво, ова е единствено дело не само на очевидецот и учесник во настаните, туку и на главниот организатор на приемите, кое зборува за руската кнегиња, императорот Константин VII. Делот од книгата „За церемониите“ кој во себе вклучува и пасус задвата приема на кнегињата Олга, бил составен или од Константин Порфирогенит лично или го составиле неговите помошници, а тој бил главниот редактор.[360]

Во делото „За церемониите“ Константин ништо не зборува за тоа кои биле целите и причините поради кои Олга заминала во Константинопол.[361] В. Пашуто смета дека за време на нејзината посета веројатно бил потврден и проширен договорот од 944 г. и таа добила подароци.[362] Според Ф. Успенски, таа го посетила Константинопол не со цел да се покрсти и не со воена цел. Судејќи според бројот на трговци во нејзината придружба, од 88 луѓе, 44 биле трговци, тој смета дека нејзината посета имала цел да ја зајакне трговијата.[363]

Расказот за приемот на кнегињата Олга кај императорот Константин Порфирогенит во делото „За церемониите“ е поместен во книга II, глава 15. Таму под насловот „Што е важно да се почитува при приемот во големиот Триклин во Магнаур, кога господарите седат на тронот на Соломон.“ Во оваа глава детално е изложен церемонијалот при приемот кај императорот на пратениците на странските држави.[364]

Во прилог на нашата работа, сметаме дека е значајно да дадеме краток опис на тоа како се одвивал приемот на странски пратеници кај императорот на Византија.

„При приемот кој се одржувал во најраскошната сала во дворецот, во Хрисотриклинот (ст.-гр. Χρυσοτρίκλινος, „златна палата“) на Магнаурскиот дворец, кога императорот седел на тронот (престолот) на Соломон приемот на пратениците во салата следувал откако, оние Византијци - носители на високи титули, кои учествувале во церемонијата застанувале на своите места, секој по својот редослед. Странците ги внесувал вратарот кој стоел пред вратата. Прв се движел логотетот на дромот (гр. λογοθέτης τοῦ δρόμου). На определено растојание од престолот странецот паѓал ничкум,

---

[360]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 168
[361]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 218
[362]В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 66
[363]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 435
[364]Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 169

чинејќи проскинеза (гр. προσκύνησις). Во тој момент свиреле оргули и придвижуван од скриени механизми се извишувал престолот на Соломон на кој седел императорот издигнувајќи се високо и потоа повторно се враќал во првобитната положба. Станувајќи од земјата странецот се придвижувал неколку чекори кон престолот. Свитата која одела заедно со пратеникот го правела истото тоа во тоа време кога го правел и тој самиот и се разделувала на две страни на патот до престолот. Кога странецот ќе застанел на пропишаното растојание од престолот, логотетот во име на императорот му поставувал прашања во врска со неговиот император. Потоа протонотаријот на дромот (гр. πρωτονοταρϊ,) началникот на канцеларијата за надворешни работи) ги носел подароците за странецот. Откако ќе ги добиел подароците, пратеникот чинејќи проскинеза излегувал од салата. Ако имало уште странски пратеници кои чекале прием, по излегувањето на првиот, по истиот тој церемонијал бил воведуван вториот, третиот и т.н. Откако ќе излезел и последниот странец препозитот извикувал „Молам“и со извикот „Многу години“ излегувале магистрите, патрициите и сите сенатори. По заминувањето на сите императорот станувал од престолот, ја симнувал парадната круна и облека и одејќи по царските ходници се враќал во делот за живеење во дворецот. Приемот бил завршен.„[365]

Расказите за двата приема на руската кнегиња Олга забележани кај императорот Константин Порфирогенит веќе два века се предмет на расправа помеѓу историчарите. Во овие раскази најважни и заедно со тоа и најспорни се два прашања.

Првото прашање се однесува на времето на престој на кнегињата Олга во Константинопол, однсно за датата на нејзиното пристигнување во престолнината на Византија. Второто прашање кое се однесува за покрстувањето на кнегињата е причина за различни мислења меѓу научниците. Имено, опишувајќи го приемот на Олга, архонтесата на Русија – αρχοντισσης ‘Ρωσιας[366], Константин Порфирогенит не споменува ниту еден збор за нејзиното покрстување.[367]

Приемот на Олга се одржал во дворецот Магнаур (гр. Μαγναύρα). Во величествената сала каде се наоѓал Соломоновиот престол, каде што се одржувале сите свечени приеми. Овде кнегињата Олга со целата своја придружба се претставила пред

[365]Цитирано според Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 170 и Г. Г. Литаврин, Путешествие русской княгини Ольги в Константинополь. Проблема источников, 46
[366]De ceremoniis, II, 594
[367]А. Карпов, Княгиня Ольга, 155 и 157

императорот Константин Порфирогенит. Откако Константин VII ја облекол својата свечена облека, седнал на престолот на Соломон и кога церимонијал-мајсторите ги подредиле дворските чиновници по својот редослед од лево и од десно на престолот, тогаш по знакот даден со златниот жезол завесата на главниот влез се кренала и кнегињата влегла. Таа дошла до престолот се поклонила стоејќи на чело на својата придружба. Стоејќи пред императорот таа разменила поздрави со него со посредство на логотетот.[368]

Најнапред да посветиме внимание на прашањето поврзано со патувањето на кнегињата Олга во престолнината на Византија.

Како што веќе споменавме, рускиот летопис ја забележал 955 г. како година кога Олга заминала во Константинопол[369], но историчарите не го прифаќаат овој податок, бидејќи го имаме зачувано делото на Порфирогенит, во кое има податоци за приемот на кнегињата кај императорот.

Првото прашање кое се однесува на времето на доаѓање и престојот на руската кнегиња Олга во Константинопол е проблематично само по себе бидејќи Порфирогенит не ја забележал годината во која таа дошла во престолнината на Византија. Тој само ги забележал датумите, денот од неделата, месецот и индиктот, со што им ја отежнал работата на современите историчари. Имено, првиот прием на кнегињата Олга бил на „*Девети септември, во четвртиот ден* (од неделата б.м.) *беше одржан прием по пристигнувањето на Елга архонтесата на Русија.*“[370] Значи кнегињата Олга била примена кај Константин на 9 септември, во среда (бидејќи за прв ден во неделата во Византија се сметал денот недела, четвртиот ден од неделата е среда).

Вториот прием на кнегињата кај императорот бил одржан „*На осумнаесетти октомври во недела се одржал прием...*“[371]

Дадените датуми, 9 септември среда и 18 октомври недела во годините на самостојното владеење на Константин VII ( од 945 до 959 г.) се совпаѓаат само двапати, и тоа во 946 и во 957 година.[372]

---

[368]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 218

[369]ПВЛ, 28. Единствено А. Величко, История византийских императоров, т. IV, 154, ја прифаќа оваа година како година во која Олга заминала во Константинопол.

[370]М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 251 и De ceremoniis, II, 594

[371]М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 254 и De ceremoniis, II, 598

Всушност помеѓу овие два датума,се поделиле и мислењата на историчарите. Од крајот на XVIII- почетокот на XIX век како традиционална дата за патувањето на кнегињата Олга во Константинопол се приафаќал 957 г.[373]

Сепак ваквото мислење и интерпретација на изворниот материјал базиран врз податоци од делото на Константин Порфорогенит не го прифаќа Г. Г. Литаврин, којшто патувањето на Олга го датира многу порано, но не и нејзиното покрстување. Според Г. Г. Литаврин, Олга заминала во Константинопол во 946 г.[374] Спротивно на тезата на Литаврин е А. В. Назаренко кој исто како и претходниот издал серија од статии во кои ја брани својата теза. Имено, може да се каже дека А. Назаренко е најжестокиот бранител на тезата дека кнегињата Олга во 957 г. била во Константинопол.[375]

Да наведеме само некои примери од тезите на двајцата спротивставени автори.

Сите протоколи на 15-та глава книга 2-ра од делото „За церемониите" се распоредени по строг хронолошки редослед сместени последователно. Имено, во нив се раскажува за приемот на арапските пратеници од Тарс и Мелитин и за приемот на кнегињата Олга. Овие настани се случувале по следниот редослед: 31 мај, 6 август, 9 август, 30 август, 9 септември-првиот прием на Олга- и 18 октомври-вториот прием. Со ова завршува 15–та глава. Пред описот на приемот од 31 мај забележан е индикт 4-ти. Според Г. Литаврин, во самостојното управување на Константин VII, 4-от индикт се совпаѓа само еднаш и тоа во 946 г.[376]

---

[372]А. Карпов, Княгиня Ольга, 156

[373]Историчари кои ја прифаќаат оваа година: Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, 130; Ж.-П. Ариньон, Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, 115; Ф. И. Успенский, История Византийской империи, 434; Д. Оболенски, Византискиот комонвелт, Источна Европа 500-1453, 193; А. А. Васильев, История Византийской империи, т. I, 253; В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 66; Е. Е. Голубинскй, Исторія Русской сцеркви, т. I, 76; А. В. Назаренко, Когда же княгиня Ольга ездила в Константинополь? ВВ, т. 50, 1989, 68-83; А. В. Назаренко, Еще раз о дате поездки княгини Ольги в Константинополь: Исторические заметки, Древнейшие государства Восточной Европы. Материалы и исследования 1992-1993, 1995, 154-168; G. Vernadsky, Kievan Russia, 42; М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 222 ; А. Карпов, Княгиня Ольга, 158

[374]Може да се каже дека Г. Литаврин бранејќи ја својата теза напишал цела серија на статии, од кои ќе ги споменеме само оние кои ги користиме, види: Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 194-190; Г. Г. Литаврин, Путешествие русской княгини Ольги в Константинополь. Проблема источников, 35-48 и Г. Г. Литаврин, К вопросу обстоятельствах, месте и времени крещения княгини Ольги, Приводится по изданию: Г. Г. Литаврин. Византия и славяне. СПб., Алетейя, 2001, 429-437

[375]А. В. Назаренко, Когда же княгиня Ольга ездила в Константинополь?, 68-83; А. В. Назаренко, Еще раз о дате поездки княгини Ольги в Константинополь: Исторические заметки, 154-168

[376]Г. Г. Литаврин, К вопросу обстоятельствах, месте и времени крещения княгини Ольги, 429

Истражувачите, а со нив и Рајске (првиот издавач и коментатор на „За церемониите“) ваквиот редослед на настаните го делеле на два дела: приемите до 30 август ги датирале во 946 г., а приемите од 30 август до 9 септември, заедно со ова и приемот на Олга, 11 години подоцна односно во 957 г. Константин Порфирогенит запишал дека на 9 септември за време на десертот во салата „седеле василевсот, Роман-родениот во пурпур василевс и во пурпур родените нивни деца, снаата и архонтесата“, односно (Константин VII, Роман II, нговата сопруга, кнегињата Олга и според текстот децата на Константин и Роман). Но во 957 г. Роман кој имал 19 години сѐ уште немал деца, неговото прво дете, синот Василиј II се родил во почетокот на 958 г. Според ова, смета Г. Г. Литаврин, на масата со Олга можеле да седат и во 946 и во 957 г. само децата на Константин и Елена, кои покрај Роман имале уште пет ќерки.[377]

Важен факт за тоа дека приемот на Олга бил во 957 г. дал Рајске, којшто укажал дека на двата приеми на Олга кај императорот и императорката, присуствувала нивната снаа, чие име не е забележано. Имено, Рајске сметал, во полза на 957 г., дека тоа била втората сопруга на Роман II, Теофано со која тој се оженил во 956 г.[378] Ова го прифатил и Г. Острогорски којшто смета дека 9 септември и 18 октомври се совпаѓале само во 957 г.[379]

А. Назаренко пак смета дека приемот на Олга не може да биде во 946 г. бидејќи во тоа време Роман II имал само 7 години и не било можно да има деца, но во 957 г. тој секако можел да има деца, иако, како што тврди тој, не може да се потврди дека есента во 957 г. дали Роман имал деца.[380]

Како што видовем на 9 септември за време на десертот во салата седела и снаата на Константин VII и Елена, односно сопругата на нивниот син Роман. Според податоците во книгата „За церемониите“ императорката седела на престолот додека снаата на златна царска фотеља. Но бидејќи фотељата била ниска и не удобна за 7-8 годишно дете, смета Г. Литаврин, императорката Елена ја сместила снаата да седи до неа на престолот.[381] Така

---

[377] Г. Г. Литаврин, К вопросу обстоятельствах, месте и времени крещения княгини Ольги, 430

[378] Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 175

[379] Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, 126

[380] А. В. Назаренко, Когда же княгиня Ольга ездила в Константинополь?, 66. Г. Литаврин има контра аргумент на ова, тој смета дека најстарото дете на Роман II и Теофано, Василиј се родил во 958 г. Види: Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 175-177

[381] Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 187

таа се нашла на престолот на императорот Теофан, лево од Елена и десно од Олга.Г. Литаврин мисли, навистина остроумно и аргументирано, дека тоа била првата сопруга на Роман 7-8 годишното девојче Берта-Евдокија која починала во 949 г.[382] Во врска со ова мислење на Г. Литаврин, А. Назаренко смета дека заедничото седење на императорката и сопругата на совладетелот т.е нејзината снаа, на еден престол не се совпаѓа со византискиот дворски обичај. Според него тоа би било возможно само ако престолот на Теофил – на кој според книгата „За церемониите“ седеле императорката и нејзината снаа - бил двоен.

А. Назаренко како факт против тезата на Литаврин го прифаќа податокот од руският летопис дека во периодот од 945 до 947 г. Олга била зафатена со смирувањето на востанието на Древјаните и нејзиното заминување во Новгородската територија. Тој според ова смета дека Олга не можела да патува во Константинопол во 946 г.[383]

Доказите и на едниот и на другиот навистина се бројни и изворно потврдени, предсѐ врз база на податоците од книгата „За церемониите“, но и од другите извори. Сметаме дека горе наведените примери се доволни за да видиме како и едниот и другиот автор ги поткрепуваат своите тези. Премногу долго би било излагањето, ако детално ги опишуваме доказите и фактите и на едниот и на другиот автор.

Кнегињата Олга најпрвин, на 9 септември, ден среда, ја примил императорот Константин Порфирогенит. Пред него Олга се појавила со целата нејзина придружба. Тоа бил официјален свечен прием, полн со сјај и раскош, со свечена музика на оргули, театрални ефекти, вештачки позлатени птици, позлатени дрва и лавови. По оваа церемонија Олга била примена и од императорката. Императорката Елена седела на раскошно украсен престол, поставен на издигнат подиум, а во приемот учество земала и нејзината снаа, односно сопругата на престонаследникот Роман II. Таа според законот на хиерархискиот редослед седела од страна покрај императорката на златна царска фотеља. Во главно овој прием бил сличен на императорскиот прием, иако тој не се одликувал со иста таква театралност. На приемот кај императорот му претходел традиционално свечено излегување на членовите на сенатот и великодостоинствениците на Империјата, кои се појавувале според рангот. Слично на тоа пред почетокот на приемот кај императорката се

[382]Види повеќе, Г. Г. Литаврин, К вопросу обстоятельствах, месте и времени крещения княгини Ольги, 431
[383]А. В. Назаренко, Еще раз о дате поездки княгини Ольги в Константинополь: Исторические заметки, 155

појавиле високите дворјанки според оној ист хиерархиски редослед. Кнегињата Олга пред императорката излегла само со женскиот дел од својата придружба. За време на овие приеми Олга стоела на чело на својата придружба пред императорот кој седел на престолот,а потоа исто така и пред императорката. По церемониите руската кнегиња и нејзините домаќини се сретнале во поинтимен амбиент. Преминувајќи во внатрешните императорски одаи, императорот седел со императорката и со нивните во пурпур родени деца, па била повикана и кнегињата Олга. По наредба на императорот таа седела со нив и зборувала за што сакала.[384]

Истиот ден, во чест на руската кнегиња во Јустинијановата сала бил приреден свечен ручек. Пред да преминат на трпезата императорката седела на престолот со својата снаа, а кнегињата стоела од страна. Придружничките на императорката Елена при влегувањето во салата ја поздравиле со проскинеза, додека пак Олга само лесно ја наведнала главата. Најинтересно е тоа што за време на самиот свечен ручек пеел хорот од црквите Св. Апостоли и Св.Софија. Олга на царската трпеза седела заедно со зостите (гр. ζωστη πατρικία) т.е опојасаните патрикии.[385]

Додека Олга ручала со императорката Елена, нејзината снаа и нивните зости, императорот најверојатно ручал во Хрисотриклинот каде бил приреден ручек за машкиот дел од руското пратеништво. Потоа бил сервиран десерт на златна маса на која седеле Константин VII и неговиот син Роман, нивните деца, снаата на императорот и кнегињата Олга.[386]

На 18 октомври во недела, во Хрисотриклинот бил одржан банкет на кој седел императорот (василевсот) со Руситe. Во Пентакувуклионот на Св. Петар исто така се одржал банкет на кој присуствувале императорката, со родените во пурпур нејзини деца, нејзината снаа и архонтесата.[387]

Следува прашањето каде и кога кнегињата Олга го прифатила христијанството?

---

[384]Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, 130-131 и М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA - Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 251-253

[385]“Опојасана патрикија” или „зости“ (гр. ζωστη πατρικία) била првата дворска дама, најголемата дворјанка на империјата. Според Г. Острогорски изедначена во ранг со зостите, Олга седела на императорската трпеза. Повеќе за титулата зости види кај A. P. Kazhdan, The Oxford Dictionary of Byzantinum P-Z, 2231

[386]Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, 132-134

[387]М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 254 и М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 221-222

Имено, во историографијата е забележано дека сите извори зборуваат за тоа дека Олга се покрстила во Константинопол, а ниту еден не соопштува дека таа тоа го направила во Киев.

Ова прашање уште повеќе ги заострува спротивставеностите помеѓу историчарите. Опишувајќи го приемот на кнегињата Олга, Порфирогенит не кажува ниту еден единствен збор за нејзиното покрстување. Многумина историчари сметаат дека ако се случило покрстувањето на Олга во Константинопол, Порфирогенит тоа не би пропуштил да го напише. Според тоа некои историчари, како Г. Острогорски на пример, сметаат дека Олга не се покрстила во Константинопол, туку во Киев. Но нема никаков сомнеж дека тоа се случило под патронажа на Константинопол, бидејќи кога се покрстила го добила името Елена, името на сопругата на Константин Порфирогенит.[388] На исто мислење е и Е. Е. Голубински. Според него, таа се покрстила во Киев, а заминала во Константинопол за да ја види престолнината на Византија и центарот на христијанството. Ова свое мислење тој исто така го аргументира со молчењето на Порфирогенит за покрстувањето на Олга.[389]

Ж.- Пол Арињон е на мислење дека Олга се покрстила во Киев во 959 г. Присоединувајќи се со тоа кон христијанството, според него, немало големо значење и сериозни последици за младата руска држава.[390]

Д. Оболенски бележи дека Олга дошла во Константинопол во 957 г., а пред тоа или после тоа таа го примила христијанството и го зела името на императорката Елена, сопругата на Константин VII.[391]

Г. Г. Литаврин за место каде што се покрстила Олга го прифаќа Константинопол. Според него кнегињата сакала да се покрсти во центарот на праволсавието од рацете на константинополскиот патријарх, при учеството на императорот.[392]

---

[388]Г. Острогорски, Византија и руска кнегиња Олга, 127

[389]Е. Е. Голубинскй, Исторія Русской церкви, т. I, 77-78

[390]Ж.-П. Ариньон, Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, 124

[391]Д. Оболенски, Византискиот комонвелт, Источна Европа 500-1453, 193 и D. Obolensky, Russia and Byzantium in the Mid-Tenth Century: The Problem of the Baptism of Princess Olga, The Greek Orthodox Theological Review 28, n. 2, summer 1983, 157- 171 во оваа статија авторот негира и потврдува факти и аргументи на историчари кои се занимаваат со ова прашање, а на крај констатира дека прашањето за тоа каде Олга се покрстила останува отворено.

[392]Г. Г. Литаврин, К вопросу об обстоятельствах, месте и времени крещения княгини Ольги, 433 и Г. Г. Литаврин, Виззантия, Болгария и Древняя Русь, 208

М. В. Левченко смета дека не може да се отфрли фактот дека Олга се покрстила во Константинопол, а да се прифати дека била покрстена во Киев, бидејќи за ова второто не зборува ниту еден извор, додека за покрстувањето во Константинопол зборуваат сите извори поврзани со оваа проблематика.[393]

Г. Вернадски смета дека покрстувањето на Олга се случило во Киев, но тоа било спонзорирано од Константинопол. За ова, според него сведочи фактот дека таа кога се покрстила го зела името Елена, односно името на жената на императорот Константин VII.[394]

А. Н. Сахаров го прифаќа мислењето дека таа се покрстила во Константинопол. Тој смета дека ако таа се покрстила во Киев во средина каде што паганството имало голем улога, покрстувањето не би имало голем политички ефект. Додека пак покрстувањето во Константинопол би имало доста поголемо значење и поголем ефект.[395]

Можеби исто како и прашањето за тоа каде Олга се покрстила е и прашањето, кога таа се покрстила?

Што се однесува до тоа кога, во која година Олга се покрстила, Е. Голубински, еден од најдобрите црковни историчари во Русија, смета дека Олга по смртта на Игор останала непокрстена се додека била регентна државата и Свјатослав бил малолетен. Е. Голубински смета дека Олга се покрстила во периодот од 952-957 г.  Но тој поаѓајќи од податокот на Јаков Мниха дека Олга живеела како христијанка 15 г., сè до својата смрт на 11 јули 969 г. ја зема 954 г. како година во која се покрстила кнегињата.[396]

Мислењето на Г. Острогорски е базирано врз податоците од рускиот летопис и податокот забележан кај Јаков Мниха. Според тоа, Г. Острогорски прифаќа дека Олга се покрстила во 954-955 г. Во рускиот летопис како година во која Олга се покрстила стои 6463 г., а тоа е 954/55. – септемвриска година-, а според Јаков Мниха Олга умрела во 6477 г. односно 969 г. кога ќе се одземат 15 години  се добива 954/55 г.[397]

---

[393]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 228
[394] G. Vernadsky, Kievan Russia, 40
[395]А. Н . Сахаров, Дипломатия древней Руси, 276-277
[396]Е. Е. Голубинскй, Исторія Русской церкви, т. I, 78-79
[397]Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, 126-127

Според А. Карпов, очигледно е дека за време на првиот прием на кнегињата Олга, на 9 септември, таа била паган. Според него за тоа сведочи фактот дека Константин ја нарекува со нејзиното паганско име Олга, а не со хрстијанското Елена.[398]

Олга се покрстила во Константинопол, но не во 946 г. кога била таму, смета Г. Литаврин, тешко е според него да се мисли дека таа се покрстила во последните денови од нејзиниот престој во престолнината на Византија, по средбата со императорот. Тој смета дека Олга била двапати во Константинопол и дека таа се покрстила таму кога била вторпат, а датата на покрстување е онаа која ја дава рускиот летопис. Тоа е 6463 г. која според септемвриската година се совпаѓа со 1 септември 954-31 август 955 г., а според мартовската година, 1 март 955 - 28 февруари 956 г. Своите докази Г. Литаврин ги базира на податоците од рускиот летопис и на податоците од Јаков Мниха, а воедно и на Хрониката на Скилица според која Олга се покрстила меѓу 952 и 956 г.[399] Г. Литаврин додава дека при првата посета на Олга, таа со императорот не успеала да се договори и одбила да се покрсти под условите на императорот. Но ситуацијата се изменила во 950-те години и Константин Порфирогенит, по мислење на Г. Литаврин, бил принуден да ја покани Олга во Константинопол. Според него, Олга дошла во 954/955 г. , преговорите биле успешни и таа се покрстила. Ја добила, по мислење на Г. Литаврин, титулата опојасана патрикија или зоста и називот „ќерка“ на императорот.[400]

Сепак Г. Вернадски смета дека теоријата за двете патувања на Олга во Константинопол е вештачка и тешко прифатлива. Пред сè, бидејќи, според него во изворите нема известувања дека нејзината посета во 955 г. била прва. Освен тоа, тој смета, дека ако кнегињата Олга патувала двапати во Константинопол тоа секако ќе било запишано бидејќи тоа не бил некој вообичаен настан. Според него поверојатно е во 955 г. таа да се покрстила во Киев.[401]

Во книгата „За церемониите“ во свитата на Олга е забележано и присуството насвештеникот Григориј– „...*τώπαπᾶ Γρηγοριώ*...“.[402] Императорот опишувајќи ја

[398]А. Карпов, Княгиня Ольга, 163

[399]Г. Г. Литаврин, Виззантия, Болгария и Древняя Русь, 208-210

[400] Г. Г. Литаврин, Виззантия, Болгария и Древняя Русь, 211-212 и Г. Г. Литаврин, К вопросу об обдтоятельствах, месте и времени крещения княгини Ольги, 434-435

[401]G. Vernadsky, Kievan Russia, 40

[402]De ceremoniis, II, 598 и М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 254

церемонијата за приемот на кнегињата Олга во дворецот, забележал дека таа дошла со свештеникот Григориј. Тој според својот социјален статус на приемот бил изедначен со „одбраните слуги“ на кнегињата. Според тоа што во 944 г. кога бил склучен мировниот договор меѓу Византија и Русија имало и христијани, Г. Литаврин смета дека неколку од нив патувале со Олга во Константинопол. Понатаму тој мисли дека свештеникот Григориј, најверојатно бил член на клирот на црквата Св. Илија или некоја друга киевска црква.[403]

Г. Острогорски смета дека свештеникот Григориј бил исповедник на руската кнегиња кој заедно со неа заминал на патувањето.[404]

Ж. - Пол Арињон смета дека всушност Григориј припаѓал во категоријата дипломати-клирици којшто императорот честопати ги искористувал за водење на дипломатски преговори. Тој улогата на Григориј ја изедначува со улогата на Свв. Константин-Кирил и Методиј, еден век порано. Според Ж. П. Арињон, Григориј имал за задача да разработи со Русите систем на взаемни односи во коишто нивната држава би имала главна улога.[405]

Имајќи го во предвид сето ова погоре напишно,склони сме да прифатиме дека кнегињата Олга го посетила Константинопол во 946 г. како што докажува Г. Литаврин. Дека во оваа година патувала Олга во престолнината на Византија, говори фактот дека Константин Порфирогенит не запишал ништо за нејзиното покрстување. Константин Порфирогенит запишал дека во Константинопол дошла „архонтесата на Русија Елга, односно, Олга“ и оваможе да се земе како факт кој говори дека посетата била во 946 г. Имено, ако посетата била во 957 г. тој би запишал дека дошла Елена владетелката на Русија, односно би го запишал или само нејзиното христијанско име или пак би запишал Олга-Елена. Како пример ќе го наведам само дека продолжувачот на Регино запишал дека во 959 г. владетелката на Русите Елена испратила пратеници кај владетелот Отон I. Константин Порфирогенит не би пропуштил да запише дека Олга се покрстила во Константинопол за време на нејзината посета.

---

403 Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 208. Види и Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 435

404 Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, 124

405 Ж.-П. Ариньон, Международные отношения киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги, 119

Уште еден доказ кој е во прилог на тоа дека Олга била во Константинопол во 946 г. е податокот запишан во книгата „За церемониите“. Овде е запишано дека на банкетот покрај императорот, императорката и нивниот син, присуствувала и нивната снаа. Имено, на банкетот одржан во чест на кнегињата, императорката и нејзината снаа седеле заедно на големиот престолот (на престолот на императорот Теофил)[406], но овде името на снаата не е забележано. Која е таа снаа? Знаеме дека Роман II бил женет двапати. Првиот пат со Берта-Евдокија, ќерка на кралот Хуго од Прованса, додека биле уште малолетни, односно деца, а вториотпат со Теофано. Берта-Евдокија починала во 949 г., а со Теофано се оженил во 956 г. Според податокот дека на престолот заедно седеле императорката Елена и нејзината снаа, а на престолот на Теофил можел да седи само еден човек – неговиот престол е насликан во Мадридскиот ракопис на Хрониката на Скилица (види: Synopsis Historiarum incipiens A Nicephori Imperatoris a Genicis obitu ad Isacii Comneni imperium conscripta A Joanne Scylitza Curopalata u Magno Drungario Vigilae)[407] - веднаш се исклучува можноста на него да седеле две возрасни жени, односно Елена и Теофано. Сметам дека по прикладно е да се смета дека на престолот седеле Елена и првата жена на Роман II, Берта-Евдокија, бидејќи на престол за еден човек полесно и по удобно ќе се сместат возрасна жена и мало девојче. Значи снаата чиешто име не е споменато во изворот била Берта-Евдокија. Имајќи во предвид дека таа починала во 949 г., ова е уште еден доказ дека Олга всушност во 946 г.го посетила Константинопол.

Присуството на свештеникот Григориј во придружбата на кнегињата Олга, може да се објасни на следниов начин. Знаејќи дека кога бил склучен мировниот договор меѓу Визанитја и Русија во 944 г. во Киевската држава имало христијани, претпоставуваме дека Григориј бил испратен од Византија во Русија по склучувањето на договорот од 944 г., а во 946 г. тој бил во руската делегација која го посетила Константинопол. Неговата задача во Киевска Русија можеби била да ја организира црковната општина во Киев, која се појавува по т.н. Фотиево покрстување кон крајот на 860-те години.

---

[406]М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 253

[407]Минијатурата ја видовме во Synopsis Historiarum incipiens A Nicephori Imperatoris a Genicis obitu ad Isacii Comneni imperium conscripta A Joanne Scylitza Curopalata u Magno Drungario Vigilae, стреница 94 во PDF, на сајтот: http://bdh-rd.bne.es/viewer.vm?id=0000022766

Како година во која Олга се покрстила ја прифаќаме годината која ја дава Јаков Мниха и рускиот летопис, односно 954/955 г. Во контекст на ова е и податокот на Јован Скилица кој забележал дека таа се покрстила во периодот од 940-те до 950-те г. во времето на Константин Порфирогенит (945-959 г.).

Како место на покрстување на Олга може да се прифати Киев. Иако според руските извори таа се покрстила во 955 г. во Константинопол, бидејќи нема податоци за две посети на кнегињата, склони сме кон тоа дека таа се покрстила во Киев под патронажа на Византија и на константинополскиот патријарх.

Знаеме дека при покрстувањето Олга го земала христијанското име Елена, за кое многу од историчарите сметаат дека тоа е според името на сопругата на Константин VII Порфирогенит. Мислиме дека правилно би било ако се прифати податокот од „Повесть временных лет", односно дека Олга го добила името Елена според името на мајката на Константин I Велики. Императорката Елена била првата владетелка која го прифатила христијнството, кнегињата Олга е првата владетелка на Русија која го прифатила христијанството. Според тоа Олга може да се изедначи со Елена, па според неа да го добие и христијанското име.

Дека Олга заминала во Константинопол во 946 г. може да се земат во предвид и податоците кои ги даваат Јаков Мниха и Јован Скилица. Имено, и едниот и другиот пишуваат дека по смртта на својот сопруг, Игор, кнегињата Олга заминала во Константинопол.[408] Според податокот од двата извори, едниот руски, другиот византиски, може да се претпостави дека откако починал кнезот Игор во есента 945 или зимата 945/946 г. кнегињата Олга заминала во Константинопол за да го потврди договорот склучен во 944 г. Според ова следува дека Олга во септември и октомври 946 г. заминала во Константинопол, да го потврди договорот склучен две години порано и судејќи според бројот на трговци во нејзината придружба, да побара нови трговски олеснувања за руските трговци.

В. Пашуто смета дека Олга заминала во Константинопол за да биде потврден и проширен мировниот договор од 944 г. со таа разлика што тој ова го датира во 957 г.[409]

[408]Види А. А. Зимин, Память и похвала Иакова Мниха и Житие Кнеза Владимира по древнейшему списку, 16 и Г. Г. Литаврин, Византия, Болгария и Древняя Русь, 166

[409]В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 66

Сметаме дека посоодветно е да се прифати дека кнегињата Олга патувала во Константинопол во 946 г., а се покрстила во 954/955 г. во Киев, под патронажа на Византија и на Константинополскиот патријарх.

## 4.2 ВОЈНАТА НА ВИЗАНТИЈА СО КНЕЗОТ СВЈАТОСЛАВ

Кога Свјатослав пораснал и станал маж, запишал летописецот Нестор, тој во 964 г. собрал многу храбри воинии често војувал. Според податоците од летописот Свјатослав заминал на реките Ока и Волга и ги прашал Вјатичите на кого му плаќаат данок, откако тие му одговориле декаим плаќаат на Хазарите, Свјатослав тргнал во поход против нив. Во 965 г. откако разбрале Хазарите дека кон нивната тврдина Саркел, која се наоѓала на реката Дон, доаѓа Свјатослав тие на чело со својот каган тргнале во пресрет на руската војска. Овде се одиграла битка во која Хазарите претрпеле пораз. Потоа Русите ги покорилевоинствените Јаси и Касоги, кои живееле по течението на реката Кубан, а во 966 г. и Вјатичите, на кои им наметнале и данок.[410]

Во походот од 964-965 г. Русите освен што им нанеле тежок удар на нивните непријатели на Исток и Југоисток, тие се обиделе и да ја зацврстат својата власт на таа територија. Нивна намера било воедно да ја прошират територијата на Киевска Русија во реонот помеѓу реките Волга и Дон.[411]

По смртта на Константин Порфирогенитна 9 ноември 959 г.,[412] на престолот во Византија седнал неговиот син Роман II (959-963 г.).[413] Тој владеел кратко и бил слаб владетел. По смртта на Роман II на 15 март 963 г., власта најпрвин ја зела неговта сопруга императорката Теофано, која била и регент на малолетните Василиј II и Константин VIII.

---

[410]ПВЛ, 30; С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 212 и В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 69

[411]А. Н. Сахаров, Дипломатия Святослава, Москва, 1982, 99

[412]Г. Острогорски, Историја Византије, 272

[413]Детално за владеењето на Роман II види кај: А. Величко, История Византийских императоров, т. IV, 166-176

Меѓутоа во Цезареја (во Кападокија) војската за император го прогласила Никифор Фока, истакнат војсководец кој во март 961 г. го освоил Крит од Арабјаните, а во 962 г. освоил низа градови во Азија и во декември истата година го освоил и Алепо престолнината на Саиф-ад-Даулах. Младата императорка стапила во врска со Никифор Фока, тој на 15 август влегол во Константинопол, го скршил отпрот на Јован Вринги и на 16 август во Св. Софија од страна на патријархот бил крунисан за император. По ова, стариот војсководец се оженил со младата императорка. Никифор II Фока владеел од 963 до 969 г.[414]

Во времето на Никифор II Фока дошло до нарушување на византиско-бугарскиот договор од 927 г. и започнала војна во која била инволвирана и Киевска Русија

Бугарија, која била сосед на Византија, не го сфатила порастот на моќта на Империјата. Есента 965 г. во Константинопол пристигнало пратеништво од Бугарија кое побарало од Византија да им плаќа данок, како што плаќале претходните императори. Императорот Никифор II Фока се разгневил поради барањето на бугарските пратеници и наредил тие да бидат камшикувани. По ова византиската војска навлегла во Бугарија, според изворите тоа се случило во „*Четвртата година од своето владеење во месец јуни индикт 10-ти Никифор Фока заминал да ги освојува градовите во Тракија..“*. и уништил неколку тврдини кои се наоѓале на границата помеѓу двете земји. Според податокот кој го дава Скилица тоа се случило во 967 г.[415] Бугарскиот историчар В. Златарски походот на императорот Никифор II Фока против Бугарија го датира во 966 г. Императорот Никифор навлегол во Бугарија и му испратил писмо на царот Петар I (927-969 г.) во кое барал тој да не им дозволува на Угрите да го минуваат Дунав и да ги опустушуваат византиските територии. Петар истакнал дека тие сега се сојузници со Угрите и дека не може да се сврти против нив. Ова дополнително го разгневило императорот Никифор II Фока.[416]

Никифор Фока бил зафатен и со други војни, па не можел да започне подолготрајна војна со Бугарија. Тој нашол решени за проблемот со Бугарите. Императорот испратил пратеници во Киев, предводени од Калокир синот на управникот на Херсонес, кај кнезот

[414] Г. Острогорски, Историја Византије, 273. Детално за Никифор II Фока, види кај А. Величко, История византийских императоров, т. IV, 176-203

[415] Лев Диакон, История, Дополнения, Скилица-О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия, 121; ГИБИ, VI, 259; John Skylitzes, A Sinopsis of Byzantine History, trans. by. J. Wortley, 265-266; и П. Мутафчиев, Лекции по история на Византия, 471

[416] В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, т. I първо българско царство, част II, 572-573

Свјатослав и го повикал во име на императорот да ги казни Бугарите.[417]*„...патрикиј Калокир бил испратен кај Тавроскитите* (Лав Ѓакон го користи овој термин кога зборува за Русите б.м.) *по наредба на императорот* (Никифор II Фока б.м.) *и тој дошол во Скитија* (Русија б.м.)*...Калокир го наговорил него* (владетелот на Русија во случајов Свјатослав б.м.) *да собере голема војска и да настапи против Мизите* (вака Лав Ѓакон ги именува Бугарите б.м.)*, а по победата над нив да ја потчини и задржи нивната земјата и вонеа да престојува.*“[418] Во врска со пратеништвото во Киев, Скилица бележи:*„Тогаш* (императорот Никифор Фока б.м.) *го испратил Калокир...кај владетелот на Русија, Свендослав* (Свјатослав б.м.) *да му вети дарови и големи почести за да ги придобие и тие да ја нападнат Бугарија.*“[419]

Кнезот Свјатослав се одзвал на барањето на императорот Никифор II Фока и во 967 г. како што бележи рускиот летопис, тој тргнал кон реката Дунав, против Бугарите.[420] Јован Скилица забележал дека Русите предводени од нивниот кнез тргналево поход против Бугарија „*Во петтата година од владеењето на Никифор Фока во месец август индикт 11-ти...*“[421] Според Скилица Русите тргнале во поход во 968 г. Лав Ѓакон во својата Историја не ја забележал годината кога Свјатослав тргнал кон Дунав против Бугарите.

Освен во овие три пишани извори, податоци за руско-бугарската војна и за византиско-руската војна, имаме и во две литературно-уметнички дела кои настанале во X век во Византија. Станува збор за стихотворбите на Јован Геометар, современик на Никифор II Фока, Јован I Цимискиј и Василиј II, од една и за сатиричниот диалог „Филопатрис“ од друга страна.[422]

---

[417]Г. Острогорски, Историја Византије, 278 ; П. Мутафчиев, Лекции по история на Византия, 471 и И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век (История на България в три тома. Том I), София, 1999, 296

[418]Лев Диакон, История, кн. V, гл. I, Москва, 1988, 43-44

[419]ГИБИ, VI, 259; Лев Диакон, История, Дополнения, Скилица - О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия, 121; John Skylitzes, A Sinopsis of Byzantine History, trans. by. J. Wortley, 265. Види и А. Н. Сахаров, Дипломатия Святослава, 108-111

[420]ПВЛ, 30. Види и G. Vernadsky, Kievan Russia, 42-47

[421]ГИБИ, VI, 259; Лев Диакон, История, Дополнения, Скилица – О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия, 121 и John Skylitzes, A Sinopsis of Byzantine History, trans. by. J. Wortley, 265-266

[422]Филопатрис, ГИБИ, V, 295; Йоан Геометър, ГИБИ, V, 318-321; П. О. Карышковский, К истории балканских войн Святослава, ВВ, т. VII, Москва, 1953, 224-225

Јован Геометар бил византиски поет од X век, тој гледал околу власта пијанства, тиранија, насилства и убиства, но со љубов се сеќавал на владеењето на Никифор Фока. Негов омилен херој бил императорот Никифор Фока, на кого поетот му се восхитувал во своите стихотворби. Една негова стихотворба била напишана во моментот кога Бугарите преминале на страната на Русите и заедно настапиле против Византија, односно оваа стихотворба со наслов „На василевсот господин Никифор" („Εις τόν Νικηφότος τό βασιλεα") се однесува на вториот руски напад на Балканот т.е војната на Свјатослав со Византија.[423]

Некои податоци за големината на опасноста која ја загрозувала Византија за време на војната со Свјатослав, може да се најдат и во диалогот „Филопатрис" (Φιλόπατρις ἢ Διδασκόμενος). Овој уметнички литературен споменик бил зчуван во единствен ракопис заедно со диалозите напишани од Лукиан. „Филопатрис", од една страна дава сведоштва за значењето на рускиот напад на Византија во есента 969 г, а од друга страна помага да се утврди точната хронологија на настаните.[424]

Освен во уметничките дела, податоци за хронологијата на настаните за Балканските војни на рускиот кнез, дава и Јахја Антиохијски, сириски писател од X-XI в. Јахја, како и многу други средновековни автори од Сирија, своето дело го напишал на арапски јазик. Имено, неговиот летопис содржи неколку споменувања за Русите. Покрај податоците за покрстувањето на Русите и нападите на кнезот Игор, треба да се обрне внимание и на неговите соопштенија за Балканските војни на Свјатослав од 968-971 г. Јахја соопштува за издигнувањето на Никифор Фока на престолот и детално раскажува за неговите војни против Арапите. Потоа тој забележал дека Бугарите во тоа време ги опустошиле предградијата на Империјата, а императорот Никифор склучил мир со Русите и со нив се договорил тие да ги нападнат Бугарите. Покрај ова дава податоци и за почетокот на војната на Свјатослав против Бугарија. Според Јахја, во почетокот на војната Русите се покажале како победници и го освоиле градот Доростол. Овој расказ тој го сместил покрај случувањата од 359 г. по хиџра, односнодекември 967-24 ноември 968 г.[425]

По известувањата за заземањето на Антиохија (гр. Ἀντιόχεια), Јахја дава опширна карактеристика на Никифор Фока и повторно соопштува дека тој им дал власт на Русите

[423]Йоан Геометър, ГИБИ, V, 318-321 и П. О. Карышковский, К истории балканских войн Святослава, 229
[424]Филопатрис, ГИБИ, V, 295 и П. О. Карышковский, К истории балканских войн Святослава, 229 и 232
[425] П. О. Карышковский, К истории балканских войн Святослава, 232-233

над Бугарија. Потоа соопштува за убиството на Никифор и за искачувањето на престолот на Јован Цимискиј. Сирискиот историчар дава податоци за опсадата на градот Доростол и за победата на „Грците“ над Русите што резултирало со нивно повлекување во својата татковина, а Бугарија потпаднала под власт на Византија. Походот на Цимискиј во Бугарија тој го сместил во 360 г. од хиџра, односно помеѓу 4 ноември 970-23 октомври 971 г.[426]

Друг источен автор кој зборува за овие настани е ерменскиот историчар Стефан Таронски – Асохих. Имено, кај него е зачуван податокот за сојузот на Русите со Бугарите, против Византија. Асохих наведува повеќе сведоштва за источните походи на императорите Никифор II Фока, Јован I Цимискиј и Василиј II. Укажувајќи на расказот за околностите при искачувањето на тронот на Цимискиј, кој Асохих го датира во 481 г. според ерменската ера, односно 29 март 969-28 март 970 г., тој пишува и за востанието на Варда Фока. Според Асохих по победата над Варда Фока од страна на Цимискиј, тој заминал во војна во земјата бугарска, а Бугарите со помош на Русите војувале против Цимискиј. Асохих овие случувања ги опишува дека се случиле во 971 г.[427]

Податоци во врска со овие настани може да се сретнат и кај Лиутпранд Кремонски кој во 968 г. го посетил Константинопол по вторпат. Опишувајќи го неговото доаѓање и престој во градот на Босфорот, неговите соопштенија содржат податоци кои се во контекст на византиско-бугарските односи од тоа време и за Свјатослав и неговите војни на Балканот.

На прво место треба да се спомене известувањето на Лиутпранд, во кое тој забележал дека ги видел пратениците на Бугарите во Костантинопол. Според него, тоа пратеништво таму било на 28 јуни 968 г., а следниот ден било примено кај императорот. На ручекот кој следувал потоа, додека седеле на масата, пратеникот на Бугарите бил поставен повисоко од епископот, а на Лиутпранд му објасниле дека бугарскиот цар Петар ја имал титулата василевс (ст.-гр. Βασιλεύς, vasileus), која што „Грците“ упорно не сакале да му ја признаат на господарот на Саксонија. Според ова, летото 968 г. односите меѓу Византија и Бугарија биле пријателски, но во секој случај посѐ изгледа, соопштението на Лав Ѓакон за несогласувањата помеѓу Византија и Бугарија не бил целосен точен.

[426] П. О. Карышковский, К истории балканских войн Святослава, 233-234

[427] Исто, 234-235 и Всеобщая история Степ’аноса Таронского Асох’ика по прозиванию, писателя XI века, переведена с армянского и обьяснена Н. Эминым, Москва, 1864, 55-56

Најверојатно тој ја претпочитал верзијата која ја даваат хроничарите, кои ништо не знаат за навредата на бугарските пратеници, а соопштуваат само за походот на Никифор Фока.[428]

Од сето ова погоре изложено може да се види дека овие извори го потврдуваат гледиштето дека Балканските војни на Свјатослав се воделе во периодот од 968-971 г. Освен тоа, кај Асохих и кај Јован Геометар наоѓаме податоци за сојузот меѓу Русите и Бугарите за време на вториот поход на Свјатослав во 969-971 г.

Во науката се дискутирало околу тоа кога всушност Калокир бил испратен во Киев и кога Свјатослав дошол во Бугарија да војува против Бугарите како сојузник на Византија.

М. Левченко смета дека во раната пролет 966 г. императорот Никифор Фока го започнал походот во Бугарија и освоил во Тракија неколку погранични тврдини.[429] Бидејќи од 964 до 965 г. Никифор се наоѓал во Азија, не може походот против Бугарија да биде во 965 г. Во пролетта од третата година на своето владеење (966 г.) тој повторно бил во Азија и таму останал до декември истата година, не може повторно походот да биде во 966 г. Затоа според П. Каришковски, исправно е да се прифати податокот кој го дава Скилица дека походот против Бугарија императорот го започнал во јуни месец 10-ти индикт во четвртата година од своето владеење, односно во 967 г.[430]

Пратеништвото испратено од Византија во Киев на чие чело бил патрикиј Калокир било во 967 г.[431] Сепак по правилно е да се смета дека тоа било кон крајот на 967 г. или во почетокот на 968 г.[432] Основа за вакво барање од киевскиот кнез императорите во Византија полагале врз база на договорот од 944 г. со кој киевскиот кнез бил обврзан да му пружа на византискиот император воена помош во одредени ситуации.[433] Ќе наведеме само еден пример кога за време на владеењето на Никифор Фока, односно во 964 г. Русите

---

[428]П. О. Карышковский, К истории балканских войн Святослава, 239-242

[429]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-визнтийских отношений, 252

[430]ГИБИ, VI, 259; John Skylitzes, A Sinopsis of Byzantine History, trans. by. J. Wortley, 265 и П. О. Карышковский, О хронологии русско-византийской войны при Святославе, ВВ, т. 5, Москва, 1952, 137

[431]В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 69; В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, т. I, част втора, 576, пратеништвото го датира во почетокот на 967 г. Според М. Бибиков, BYZANTINOROSSICA-Свод византийских свидетельств о Руси - Наратиевние памятники, т. II, 284, белешка 1, тоа е околу 968 г.

[432]П. О. Карышковский, О хронологии русско-византийской войны при Святославе, 137

[433]К. Базилевич, Из истории морских походов в VII-XII вв., 11

учествувале во неуспешната за Византија сицилијанска експедиција против емирот Али-Хасан.[434]

Во Бугарија во тоа време владеел царот Петар I (927-969 г.) кој во октомври 927 г. се оженил со внуката на Роман I Лакапин, Марија која во Бугарија го добила името Ирина, во чест на мирот којшто бил склучен меѓу двете држави.

Поради различните податоци за годината во која Свјатослав го започнал својот поход против Бугарија кои ги даваат изворите, има несогласувања помеѓу историчарите кога всушност тој се случил. Погоре видовме дека „Повесть временных лет" го датира походот во 967 г.,[435] а според Јован Скилица походот бил во 968 г. Сепак П. Каришковскиј докажал дека првиот поход на Русите во Бугарија, во својство сојузници на Византија против Бугарите, несомнено бил летото 968 г.[436]

Кнезот на Русија се спуштил по реката Дњепар кон Црното Море и од таму отишол на реката Дунав. Според рускиот летопис Свјатослав во походот повел 10.000 воини.[437] За разлика од рускиот летопис, византиските извори ја преувеличуваат бројката на руските воини. Лав Ѓакон тврди дека имало 60.000 руски воини.[438] Со Свјатослав во Бугарија дошол и патрикиј Калокир.

Доаѓајки во устието на реката Дунав, воините на Свјатослав ја преминале Добруџа и ја разбиле и поразиле војската на бугарскиот цар Петар. *"Дознавајќи дека Свендослав* (Свјатослав б.м.) *веќе се наближува кон Истар* (Дунав б.м.) *и се подготвува да се истовари на брегот, Мизите собрале против него фаланга од 33.000 вооружени мажи.*" Потоа според Лав Ѓакон овде дошло до битка помеѓу Русите и Бугарите во којашто Русите извојувале победа и Бугарите срамно се повлекле во тврдината Доростол (буг. Дръстър, ден. Силистрија).[439] Соопштението дека бугарската војска е разбиена го потресло царот

[434]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-визнтийских отношений, 252
[435]Исто, 257-259. М. Левченко го датира походот во јуни 967 г.
[436]П. О. Карышковский, О хронологии русско-византийской войны при Святославе, 138. Историчари кои ја прифаќаат 968 г., Ф. И. Успенский, История Византийской империи, т. II, 512; С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-120, 215;В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 64; Г. Острогорски, Историја Византије, 278 и И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 296; В. Златарски, История на Българсата държава през средните векове, т. I, част II, 577-578. Детално за првиот поход на Свјатослав во Бугарија и руско-бугарската војна види кај, M. J. Leszka, K. Marinow, Carstwo Bułgarskie, polytika-społeczeństwo-gospodarka-kultura 866-971, Warszawa, 2015, 174-185
[437]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-визнтийских отношений, 259
[438]Лев Диакон, История, кн. V, гл. 2, 44 и Leonis Diaconi, Historiae – Лав Диакон, История, ГИБИ, V, 248
[439]Лев Диакон, История, кн. V, гл. 2, 44 и Leonis Diaconi, Historiae – Лав Диакон, История, ГИБИ, V, 248-249

Петар и тој добил епилепсичен напад. По оваа битка Русите веќе не наидувале на отпор од страна на Бугарите и ги освојувале еден по еден бугарските градови.

Според рускиот летопис Свјатослав освоил 80 градови по текот на реката Дунав, меѓу кои и Перајаславец.[440] Од историчарите е востановено дека станува збор за Мал Преслав (гр. μικρά Περσλάβα), град кој се наоѓал на реката Дунав. Овој град го привлекол вниманието на Свјатослав и тој сакал да го направи своја постојана резиденција, односно престолнината од Киев да ја премести овде. М. Левченко смета дека целта на Свјатослав била да ја освои Добруџа, а не цела Бугарија. На реката Дунав, Свјатослав добил ветување од императорот Никифор дека ќе биде награден за својата услуга.[441]

Во меѓувреме во Константинопол била откриена интригата на Калокир. Имено, Калокир, како што соопштува Лав Ѓакон, кога дошол во Киев како византиски пратеник испратен од императорот, му ја ветил на Свјатослав цела Бугарија ако тој ги победи Бугарите и му помогне на Калокир да се искачи на престолот во Византија. Односно, Калокир сакал со помош на рускиот кнез да се искачи на престолот во Константинопол. Интригата во Константинопол предизвикала голема тревога, особено кај императорот Никифор Фока, бидејќи таа го засегала неговиот престол. Византиската дипломатија наскоро се уверила дека Свјатослав повеќе не ѝ бил послушен на Византија. Свјатослав и Калокир во Бугарија настапиле не само со оружје, туку и со пропаганда убедувајќи ги Бугарите да истапат против Византиската Империја.[442]

Императорот Никифор II Фока согледал дека ситуацијата во Бугарија излегла од контрола. Успесите на киевскиот кнез многу ја растревожиле Византија, а бидејќи бил зафатен со војна во Сирија, тој не можел да се судри со Русите во Бугарија, сето ова го поттикнало императорот Никифор Фока да ги потплати Печенезите да го нападнат Киев. Ова би ги спречило Русите да продолжат со воените дејствија во Бугарија. Нападот на Печенезите на Киев се случил пролетта или почетокот на летото 969 г. Дознавајќи за опасноста од Печенезите Свјатослав голем дел од својата војска ја оставил во Бугарија и со коњаницата заминал кон Киев, во борба против Печенезите кои го опсаделе градот.[443]

[440] ПВЛ, 30

[441] М. В. Левченко, Очерки по истории русско-визнтийских отношений, 260

[442] Исто, 261 и В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, т. I, част II, 577

[443] Г. Острогорски, Историја Византије, 278; К.В. Базилевич, Из истории морски походов, 7-12 вв, 11 и П. О. Карышковский, О хронологии русско-византийской войны при Святославе, 138

Никифор Фока согледал дека Русите се далеку поопасни од Бугарите, па затоа не сакал тие да бидат новиот сосед на неговата држава. Поради ова тој решил да ја смени политиката кон Бугарија. Според Лав Ѓакон императорот Никифор II испратил пратеништво во Преслав кај царот Борис II. Според зборовите на Лав Ѓакон, императорот „*сфатил дека не може да се договори со Таврите* (Русите б.м.)*...тој испратил пратеници кај истоверците Мизите* (Бугарите б.м.)*... Никифор ги потсетил за нивната вера и побарал од нив девици од царски род...*“.[444] Никифор Еротик и митрополитот на Евхаитија, Филотеј, биле пратениците кои заминале во Преслав (се мисли на Велики Преслав кој е престолнина на Бугарија). Покрај предлогот да бидат воспоставени мирни односи меѓу Византија и Русија, пратениците побарале да им дадат девојки од „царски род“ или од „царска крв“ за да се омажат со синовите на императорот Роман II, Василиј II и Константин VIII, легитимните василевси во Константинопол. Овој двоен брак требало да ги зацврсти соработката и пријателството меѓу двете завојувани држави, Бугарија и Византија.[445] Според податоците кои ги дава Лав Ѓакон, Бугарите ова го прифатиле и испратиле во Константинопол девојки од царски род.[446] Со оваа постапка, преку бракот меѓу легитимните василевси во Византија и бугарските принцези, императорот Никифор Фока сакал да ја придобие Бугарија не само како сојузник, туку таа да биде и еден вид тампон зона помеѓу Русите и „Ромеите“.[447] Проблем претставува кога ова пратеништво дошло во Преслав, па така М. Ј. Сјузумов и С. А. Иванов, сметаат дека пратеништвото дошло во Преслав есента 969 г.[448] Ова пратеништвото кај Бугарите императорот Никифор го испратил за време на византиско-руската војна од 969-971 г.[449]

Откако Свјатослав ги избркал Печенезите од Киев, на 11 Јули 969 г. починала неговата мајка Олга. Откако Свјатослав ја погребал мајка сѝ, тој го поставил својот син Јарополк за наместник во Киев, во земјата на Древјаните го испартил синот Олег, а во Новгород синот Владимир. Може да се каже дека со ова тој ја поделил државата на своите

---

[444]Лев Диакон, История, кн.V, гл. 3, 45 и Leonis Diaconi, Historiae – Лав Диакон, История, ГИБИ, V, 249. Види детално кај В. Златарски, История на Българсата държава през средните векове, т. I, част II, 595-598
[445]И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 297
[446]Види повеќе за ова кај Лев Диакон, История, кн. V, гл. 3, 44 и Leonis Diaconi, Historiae – Лав Диакон, История, ГИБИ, V, 429-430
[447]И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 297
[448]Лев Диакон, История, Комментарий, белешка 21, 190
[449]П. О. Карышковский, О хронологии русско-византийской войны при Святославе, 136

синови. По овие настани рускиот кнез повторно се подготвил да замине во Бугарија. На зборовите од жителите на Киев, кои го обвинувале нивниот кнез дека војува за други држави, наместо да ја заштити својата престолнина Свјатослав одговорил дека во Мал Преслав на реката Дунав е средината на неговата држава. Тој им раскажал дека оттука поминуваат сите богатства: од „Грција” пристигнувало злато, ткаенини и вино, од Чешка и Унгарија сребро и коњи, од Русија восок, мед, крзно и риба. Всушност Свјатослав сфатил дека тој што го владее Преслав во исто време е и стопан на многу важен центар на Прицрноморската трговија.[450]

Рускиот кнез Свјатослав во 969 г.[451] повторно дошол во Бугарија, цврсто решен да ја покори и таму да создаде ново царство. Но во Бугарија ситуацијата драстично се изменила.[452] Царот Петар I умрел на 30 јануари 969 г., а неговата смрт се поврзува со поразот претрпен кај Дористол во 968 г.

Царот Петар бил наследен од неговиот син Борис II (969-972 г.), но тој веднаш не можел да седне на престолот бидејќи заедно со неговиот брат Роман се наоѓале во заложништво во Константинопол. Имено, синовите на Петар и Марија - византиска принцеза - како заложници во Византија биле испратени како гаранција за Византиско-бугарскиот мир од 968 г.[453] Овој мир го склучил царот Петар I, откако починала неговата сопруга византиската принцеза Марија која дотогаш била гаранција за мир.[454] Откако Никифор согледал дека Свјатослав имал успеси во Бугарија, тој ја сменил политиката кон Бугарија и поради тоа бил склучен овој мировен договор, за кој сведоштва даваат Јован Скилица и Лиутпранд Кремонски. Лиутпранд во 968 г. бил во Константинопол кога дошле бугарските пратеници и дури се сретнал со еден од нив.[455]

---

[450]ПВЛ, 31,

[451]П. О. Карышковский, О хронологии русско-византийской войны при Святославе, 136. Види и M. J. Leszka, K. Marinow, Carstwo Bułgarskie, polytika-społeczeństwo-gospodarka-kultura 866-971, 189-200

[452]П. Мутафчиев, Лекции по история на Византия, 472

[453]А. Атанасовски, Влијанието на Русија за создавањето на Самуиловата држава и црковно-дипломатските врски на Самуил со Киевска Русија, Материјали од Третата македонско-руска научна конференција, Охрид 9-11. 08. 2001, Руско-македонските јазични, литературни и културни врски, 3, Скопје, 2006, 528 и А. Атансовски, В. Саракински, Кои биле комитопулите и од кого „отпаднале?“, Самуиловата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на македонија, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Струмица, Струмица, 2015, 18

[454]С. Антољак, Средновековна Македонија, т. I, Скопје, 1985, 308-309 и белешка 46, 309

[455]А. Атансовски, В. Саракински, Кои биле комитопулите и од кого „отпаднале?“, 19

По смртта на царот Петар I, а во време кога неговите синови се наоѓале во заложништво во Константинопол, во Македонија избувнало востанието на комитопулите, синовите на комесот Никола, Давид, Мојсеј, Арон и Самуил.[456] Комитопулите имале успех во своите планови. Поради војната на Бугарите против Византија и Киевска Русија, која се водела во бугарските предели по текот на реката Дунав, ослабнале бугарските позиции во Македонија и се создале поволни услови за кревање на востание.[457] Јадрото на нивната држава било во Југозападна Македонија, со центар во градот Преспа. Востанието брзо се проширило и во другите македонски области. Откако во Константинопол дознале за востанието, веднаш ги испратиле Роман и Борис во Бугарија за да ја зачуваат државата. Значи овие двајца византиски штитеници требало да добијат поддршка од Империјата и да ја зачуваат бугарската држава, против која комитопулите востанале.[458] Сепак бугарските историчари и некои српски историчари, негираат дека во 969 г. избувнало востание, туку тврдат дека востанието се случило само во 976 г. и тоа против Византија.[459] Иако Борис седнал на престолот, тој не успеал да ги спречи комитопулите во нивното напредување, а во нивна полза било и второто навлегување на рускиот кнез во Бугарија. Зафатеноста на Бугарите во војната против Свјатослав, како и заробувањето на нивниот цар од страна на рускиот кнез, било погодно за Самуил и неговите браќа. Тие останале слободни и непокоренина својата територија, а се наоѓале и далеку од воените операции на Русите.[460]

Русите го започнале вториот поход во Бугарија и стигнале до реката Дунав. Овој пат Свјатослав бил привлечен од Перејеславец односно Мал Преслав на Дунав кој го сметал за центар на својата држава. Неговата намера била да формира своја држава во Бугарија.[461] Според зборовите на Скилица тоа се случило“*...на шестата година од неговото* (на Никифор I Фока б.м.) *владеење тие* (Русите б.м.) *повторно нападнале во*

---

[456]С. Антољак, Средновековна Македонија, I, 311-313; А. Н. Сахаров, Дипломатия Святослава, 150 и . В. Левченко, Очерки по истории русско-визнтийских отношений, 284-285

[457]А. Атанасовски, Влијанието на Русија за создавањето на Самуиловата држава и црковно-дипломатските врски на Самуил со Киевска Русија, 528

[458]С. Антољак, Средновековна Македонија, т. I, 313. Види и А. Атансовски, В. Саракински, Кои биле комитопулите и од кого „отпаднале?“, 20-22

[459]Види Г. Острогорски, Историја Византије, 286

[460]А. Атанасовски, Влијанието на Русија за создавањето на Самуиловата држава и црковно-дипломатските врски на Самуил со Киевска Русија, 529-530

[461]А. Атансовски, В. Саракински, Кои биле комитопулите и од кого „отпаднале?“, 23

*Бугарија...*".[462] Според бугарските историчари И. Божилов и В. Ѓузелев, овој поход се случил веројатно пролетта или летото на 969 година,[463] но познато е дека вториот руски напад се случил во јули или август 969 г. Но сега ситуацијата на Балканот се изменила и била непогодна за Свјатослав, тој порано бил целосен господар на Источна Бугарија, а сега требало повторно да води војна за да ги поврати изгубените територии. До прва битка дошло кај градот Мал Преслав. Во почетокот Бугарите имале надмоќ, но крајниот исход бил позитивен за Русите.

Во Византија ситуацијата се сменила и дошло до промена на престолот. Во 969 година од платеници на Јован Цимискиј бил убиен императорот Никифор Фока ноќта меѓу 10 и 11 декември. Царскиот престол го зазел Јован I Цимискиј (969-976 г.) константинополскиот патријарх Полиеукт (956-970 г.) побарал од Цимискиј да се покае, да ги казни убијците на императорот Никифор и да ја оддалечи од дворецот царицата Теофано. Новиот император се потчинил на барањата на патријархот и дури потоа му било дозволено да влезе во црквата и да биде крунисан за император на Византија.[464]

Откако ја согледал ситуацијата во Бугарија по неговото враќање од Киев, на Свјатослав не му останувало ништо друго, освен со сила да ги принуди на потчинување областите коишто ги имал освоено во првиот поход. Новиот цар, БорисIIсогласно договорот со Византија, започнал воени дејствија против Русите. Руските гарнизони биле истерани од дунавските тврдини, Мал Преслав опсаден и потоа освоен. Бугарија повторно се нашла во војна со Киевска Русија.[465]

Откако разбрал дека односите на Византија кон него станувале непријателски и дека византискиот император не му е непријател, Свјатослав започнал воени дејствија на територијата на Империјата.Свјатослав ја покорил Бугарија и ги заробил двајцата синови на Петар I, Борис II и Роман. „*А народот Руси којшто ја покорил Бугарија и ги зел во плен синовите на Петар, Борис и Роман...*"[466]

---

[462]ГИБИ, VI, 259

[463]И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 298

[464]Лев Диакон, История, кн.VI, гл. 1, 51, Leonis Diaconi, Historiae – Льв Дякон, История, ГИБИ, V, 250-251 и Г. Острогорски, Историја Византије, 279

[465]А. Н. Сахаров, Дипломатия Святослава, 146-147

[466]Лев Диакон, Дополнения, Скилица - Овойне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия, 121 и ГИБИ, VI, 260

Свјатослав одбивал да преговара со пратениците на новиот император. Јован Цимискиј, сфатил дека дипломатијата не дала резултат и дека прашањето требало да се реши по пат на војна. Тој наредил дел од источните војски да бидат префрлени на Запад т.е. на Балканскиот Полуостров. За командант на овие одреди го поставил магистер Варда Склир.[467]

Свјатослав исто така дејствувал, особено откако слушнал за преместувањето на источната војска на Империјата од Азија на Балканот. Тој се договорил со поробените Бугари и на своја страна ги придобил Печенезите и Унгарците. По ова, откако во Мал Преслав го оставил војводата Свеналд со руска војска, Свјатослав со неговата војска ја преминал Стара Планина, навлегол во Тракија и заминал кон градот Филипопол (гр. Φιλιππούπολη, ден. Пловдив) кој успеал да го освои.[468] По заземањето на Филипопол дошло до преговори помеѓу Русите и „Ромеите". Јован Цимискиј му предложил на Свјатослав да ја земе наградата која му ја ветил императорот Никифор за тоа што ги нападнал Бугарите и да се врати назад во Керч на Крим. Преговорите не довеле до очекуваните резултати. Свјатослав поставил услов којшто Византија дури не го ни очекувала. Условот бил Империјата да ги откупи сите градови кои тој ги освоил исите заробените луѓе, а ако не го стори тоа, Ромеите требало да ја напуштат Европа, којашто не им припаѓала на нив и да се преселат во Азија. Според неговото барање престолнината на Византија, Константинопол требало да им биде оставен на Русите.[469]

Според византискиот историчар Лав Ѓакон, Свјатослав бил многу горд на своите победи над Бугарите и тој ја завладеал целата нивна земја. Според него кога бил освен Филипопол, 20.000 Бугари биле наденати на колец.[470]

Во битката која се одиграла кај Аркадиопол (грч. Αρκαδιουπολη, буг. Люлебургаз), Византијците извојувале голема воена победа.[471] Тоа ги принудило Русите да ги прекинат воените дејствија во Тракија и да заминат северно од Стара Планина. Јован Цимискиј

---

[467]Лев Диакон, История, кн. VI, гл. 11, 57-58

[468]ГИБИ, VI, 253-255 и П. Мутафчиев, Лекции..., 477

[469]Лев Диакон, История, кн. VI, гл. 8, 9 и 10, 55-56, И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 297-298 и Г. Острогорски, Историја Византије, 281

[470]Лев Диакон, История, кн. VI, гл. 10, 56

[471]Детален опис на битката даваат Лав Ѓакон, Leonis Diaconi, Historiae – Львъ Дякон, История, ГИБИ, V, 255-257 и Јован Скилица, ГИБИ, VI, 260-263. Види и Д. Ангелов, Б. Чолпанов, Българска военна история през средновековието X-XV век, София, 1994, 15-18

повторно наредил сите војски на Империјата, од Азија да дојдат во Европа за да презимат во Тракија и да бидат подготвени за пролетната офанзива.[472] Сето ова се случувало пролетта и летото 970 година.

Додека Јован Цимискиј бил зафатен во војната со Русите во Тракија, во Мала Азија избувнало востание под водство на Варда Фока син на куропалатот (гр. κουροπαλάτης) Лав Фока. Востанието, чијшто центар бил градот Цезареја во Кападокија и каде Варда Фока се прогласил за император, брзо се проширило и во централните делови на Мала Азија. Војсководецот Варда Склир успеал да го ликвидира востанието, Варда Фока бил заробен и однесен со целото семејство во манастир на островот Хиос (гр. Χίος). Куропалатот Лав исто така пробал да ја узурпира власта но бил совладан и ослепен.[473]

Според византискиот историчар Јован Скилица „*Во втората година од своето владеење* (971 г. б.м), (императорот б.м.) *се подготвувал за поход против Русите.*“[474] Односно офанзивата против Русите започнала април 971 година откако било загушено востанието во Мала Азија, императорот Јован I Цимискиј тргнал кон Велики Преслав. Тој ја освоил бугарската престолнина на јуриш.[475] Царот Борис II, кој Свјатослав го тргнал од престолот и го заробил, Цимискијго „ослободил“ од руско заробеништво.[476] Престолнината на Бугарија ја преименувале во Јованопол.[477] Сето ова се случувало во месец април 971 г. пред Велигден. Оваа тактика на императорот и победоносното навлегување на визнатиската војска оставиле големо влијание врз Бугарите и тие започнале да го напуштаат Свјатослав и да му приоѓаат на византискиот император. По ова, Јован Цимискиј тргнал кон Доростол - М. Левченко смета дека Доростол бил неговата постојана резиденција - (буг. Дръстър, ден. Силистрија) на реката Дунав, каде што Русите

[472]И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 298

[473] И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 298 и Г. Острогорски, Историја Византије, 280. Види Лев Диакон, История, кн. VII, 60-67. За византиско - руската војна види и кај Д. Ангелов, Б. Чолпанов, Българска военна история през средновековието X-XV век, 19-32

[474]ГИБИ, VI, 260-263 и Лев Диакон, Дополнения, Скилица – О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия, 124

[475]Види за битката кај Д. Ангелов, Б. Чолпанов, Българска военна история през средновековието X-XV век, 19-25 и Г. Острогорски, Историја Византије, 281

[476]А. Атанасовски, Влијанието на Русија за создавањето на Самуиловата држава..., 530. Лав Ѓакон детално ја опишува офанзивата на императорот Јован I Цимискиј, Лев Диакон, История, кн. VIII, 68-74 и Јован Скилица дава податоци во врска со офанзивата, ГИБИ, VI, 260-275 и Лев Диакон, Дополнения, Скилица – О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия, 124-129

[477]И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, 299; Г. Острогорски, Историја Византије, 281 и П. Мутафчиев, Лекции..., 478

се повлекле во тврдината. Тримесечната опсада на градот започнала на 23 април 971 г.[478] Градот бил опколен од копно, а истовремено на Дунав се појавила византиската флота, вооружена со “грчки оган”. Кон крајот на месец јули 971 година откако им пропаднал последниот обид да ја пробијат опсадата, и откако Русите по доста тешката борба уште еднаш биле одбиени, Свјатослав се предал на победникот. Последната битка била водена на 21 јули 971 г. Според Скилица последната битка од византиско-руската војна се одиграла на 20 јули 971 г.[479]

По оваа битка и поразот на рускиот кнез бил склучен мировен договор помеѓу Византија и Киевска Русија. Текстот на договорот е зачуван во „Повесть временных лет“.[480] Откако Свјатослав се убедил во фактот дека неговата војска е малубројна и испратил свои пратеници кај Цимискиј со барање за мир. Првиот предлог испратен од Свјатослав, Византијците го пречекале расположени, а потоа во рускиот логор дошле пратеници испратени од Цимискиј кои на Свјатослав му донеле дарови. Јован Цимискиј рано утрото ги примил руските пратеници кои дошле во византискиот логор. Рускиот пратеник започнал да ги изговара зборовите на Свјатослав, а тие од збор до збор биле запишани.[481] Од руска страна договорот бил склучен во име на кнезот Свјатослав и неговиот војвода Свенелд, а од византиска страна во име на императорите Василиј II и Константин VIII со учество на императорот Јован Цимискиј. За склучувањето на овој договор, освен рускиот летопис податоци има и во Историјата на Лав Ѓакон.[482]

Основна тема на договорот било согласувањето на кнезот Свјатослав да не војува со Византија, Бугарија и Херсонеската земја. Покрај ова, друг услов било рускиот кнез да не и помага на другите во војните со Византија.

---

[478]А. Величко, История византийских императорот, т. IV, 218. Детално за битката кај Доростол види кај Д. Ангелов, Б. Чолпанов, Българска военна история през средновековието X-XV век, 25-32

[479]Leonis Diaconi, Historiae – Львь Дякон, История, ГИБИ, V, 273 и С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси..., 220; В, Пашуто, Внешная политика..., 74; ГИБИ, VI, 269-274 и Лев Диакон, Дополнения, Скилица – О войне с Русью императоров Никифора Фоки и Иоанна Цимисхия, 129 и Г. Острогорски, Историја Византије, 281. Битката кај Доростол А. Величко ја датира на 24 јули 971 г. . А. Величко, История византийских императоров, т. IV, 219. Истиот датум го прифаќаат и Д. Ангелов, Б. Чолпанов, Българска военна история през средновековието X-XV век, 31

[480]ПВЛ, 34

[481]А. Н. Сахаров, Дипломатия Святослава, 183 и 190

[482]Лев Диакон, История, кн. 9, гл. 10-11, 87-88

Условите под кои Русите се предале и го склучиле мировниот договор со Империјата биле следните: Русите да го отстапат Доростол на Византијците, да ги ослободат заробениците, да си заминат од Бугарија и да се вратат во својата татковина и да не ги напаѓаат византиските територии на Крим. Освен ова Свјатослав се обврзал дека веќе никогаш повеќе намало да се враќа на Балканот. Во замена Византијаците ќе им дозволеле на Русите мирно да отпловат кон Русија, дека немало да ги напаѓаат на својот пат кон дома со бродови кои носеле „грчки оган". Освен ова Византијците ветиле дека ќе ги снабделе Русите со прехрамбени намирници и ќе ги сметале за пријатели оние кои ќе оделе во Византија поради трговија. Императорот ги прифатил овие услови со радост, го склучил со нив сојузот и договорот и им дал на Русите леб, по две медимни на секој воин.Покрај ова Јован Цимискиј ги обновил и трговските привилегии кои ги имале Русите.[483]

Првиот член од договорот бил воспоставување на двојна состојба на „мир и љубов" помеѓу завојуваните страни, односно враќање на Русите на нивниот статус пријатели и сојузници на Византија. Свјатослав се заколнал дека ова ќе го зачува до крајот на векот.[484]

Свјатослав се заколнал во свое име и во име на цела Русија и сите негови бољари во боговите Перун и Волос "*...и да пожолтееме како злато и да бидеме исечени од своето сопствено оружје...*"[485]

Мировните договори склучени помеѓу Византија и Киевска Русија кои ги склучиле кнезовите Олег, Игор и Свјатослав со императорите, Лав VI, Роман I Лакапин и Јован I Цимискијсе од големо историско значење за Русите. Со помош на овие договори може верно да се прикаже карактерот на Византиско-руските односи, а воедно и да се разберат причините зошто киевските кнезови преземале походи против Византија и не еднаш тие се нашле под бедемите на нејзината престолнина.

Според податоците од изворите двајцата императори се сретнале лично на брегот на реката Дунав. Императорот Цимискиј дошол на коњ, а кнезот Свјатослав со чун и додека разговарал со императорот тој седел во својот чун.[486]

---

[483]Г. Острогорски, Историја Византије, 281-282 и М. В. Бибиков, Русь в Византийской дипломатии: Договоры руси с греками X в. PDF, 13
[484]А. Н. Сахаров, Дипломатия Святослава, 199
[485]А. А. Зимин, Памятники права Киевского государства X –XII вв, 60
[486]С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси..., 221 и Г. Острогорски, Историја Византије, 282

По личниот состанок со византискиот владетел, кнезот Свјатослав тргнал да се враќа во Киев. Но пролетта во 972 г. некаде по течението на реката Дњестар, руската војска на чело со кнезот Свјатослав била нападната од Печенезите предводени од нивниот кан Курја. Во битката Свјатослав загинал, а неговата глава ја зеле Печенезите, ја оковале и од неа направиле чаша од која пиеле вино. Истото го потврдува и византискиот историчар Лав Ѓакон.[487] Според некои историчари Византија ги потплатила Печенезите за да го убијат рускиот кнез. Војводата Свенелд со остатокот од војската дошол во Киев кај Јарополк.[488]

Откако императорот Јован Цимискиј ги протерал Русите и завршила византиско-руската војна, не го оставил Борис II на престолот во Бугарија. Тој заедно со неговиот брат Роман биле одведени во престолнината на Византија, таму на Борис му ги симнале царската круна и инсигнии и круната на бугарските цареви била однесена во Св. Софија и Цимискиј му ја подарил на Бога за успехот во војната. Од патријаршискиот престол во Бугарија бил симнат и бугарскиот патријарх Дамјан. По завршувањето на војната Бугарија била претворена во провинција и била вклучена во тематскиот систем на Византија.[489]

## 4.3 ВИЗАНТИЈА И КНЕЗОТ ВЛАДИМИР

Јован I Цимискиј успеал на дипломатски начин да ги среди односите со Отон I (912-973 г.). Иако на неговиот син Отон II не му ја испратил за жена легитимната принцеза, туку ја испратил неговата роднина Теофана. Свадбата на Отон II со Теофана се одржала на 14 април 972 г. во Рим.[490]

Летото 972 г. Цимискиј со војската заминал на Исток. Главната борба се водела во Сирија за да ги заштити вратените на Византија сириски територии и да ги ослободи од Арабјаните останатите територии. Византиската војска успеала да ги освои градовите

[487]Лев Диакон, Истирия, кн. IX, стр.82 и Г. Острогорски, Историја Византије, 282
[488]ПВЛ, 34
[489]Д. Ангелов, Б. Чолпанов, Българска военна история през средновековието X-XV век, 32; А. Атанасовски, Влијанието на Русија за создавањето на Самуиловата држава..., 530; А. Атансовски, В. Саракински, Кои биле комитопулите и од кого „отпаднале?“, 24 и П. Мутафчиев, Лекции..., 478.
[490]Г. Острогорски, Историја Византије, 282

Мартиропол (Миефарким, денешен Хилван, тур. Hilvan) во Месопотамија (грч. Μεσοποταμία; араб. الجزيرة) и Нисибис (гр. Νίσιβις, денешен Нусајбин, тур. Nusaybin). Откако Византија ги потчинила тие и соседните области, Цимискји продолжил кон градот Екбатан, престолнината на месниот арапски емир. Откако ја завршил оваа победоносна кампања, зимата 974 г. императорот со војската се вратил во Константинопол.

Пролетта 975 г. Цимискиј заминал во нов поход на Исток. Се упатил кон Палестина и го освоил градот Мемпец. Во градот Габаон кој го освоила византиската војска, биле пронајдени свети реликвии - сандалите на Исус Христос, нив ги однеле во црквата Св. Богородица во Влахерн и коса од Св. Јован Претеча, која ја однеле во црквата Св. Јован Крстител.[491]

За време на овој поход биле освоени низа градови кои се наоѓале на Блискиот Исток. Се предал Дамаск, кој ја признал византиската власт иѝ плаќал данок на Империјата. Потоа, Тиберија (гр. Τιβεριάς), Назарет (гр. Ναζαρέτ), Акон и најпосле Цезареа, главното упориште на африканските Арапи во предна Азија. Императорот Јован Цимискиј дошол близу до Ерусалим, но понатаму не продолжил. На враќање ги освоил градовите Бејрут (арап. بيروت, Bayrūt) и Сидон (грч. Σιδώνα) Јован Цимискиј се вратил во Константинопол смртно болен. Се претпоставува дека починал од тифус на 10 јануари 976 г.[492]

Како претенден на престолот во Византија по смртта на Цимискиј се јавил неговиот шура Варда Склир. Но во тоа време синовите на Роман II, Василиј II (од 963 владеел како совладетел на Никифор Фока, а потоа и на Јован Цимискиј, а од 976-1025 г. со својот брат) и Константин VIII (976-1028 г.), легитимните наследници на престолот, веќе биле полнолетни. Со помош на нивниот вујко, паракимомен Василиј тие ја презеле власта во свои раце. Со државата всушност управувал Василиј II бидејќи Константин VIII бил лекомислен човек којшто само го интересирале задоволствата.[493]

[491] А. Величко, История византийских императоров, т. IV, 221

[492] Г. Острогорски, Историја Византије, 283

[493] Исто, 284 и А. Величко, История византийских императоров, т. IV, 237. Според Јахја Антиохијски, Василиј II започнал да владее на 11 јануари 976 г. Види. В. Р. Розен, Императорь Василій Болгаробойца, Излвлечения из летопис Яхьи Антіохийскаго, Санкт-Петербург, 1883, 399. Според Стефан Таронски-Асохих Василиј II, започнал да владее во 976 г. Види, Всеобщая история Степ'аноса Таронского Асох'ика по прозиванию, писателя X века, переведена с арамянского и обьяснена Н. Эминым, 58

По смртта на кнезот Свјатослав во 972 г. во Киев останал да владее неговиот син Јарополк (пролетта 972 - есента 978 г.), кај Древјаните неговиот син Олег и во Новгород неговиот син Владимир. Престојот на Владимир во Новгород бил исполнет со драматични настани кои се случувале во Придњепровјето и е поврзан со непријателството кое започнало помеѓу неговите браќа Јарополк и Олег.[494]

Откако со остатокот од војската во Киев се вратил војводата Свенелд, тој повеќе бил совладетел на Јарополк отколку негов советник. Имајќи намера да завладее со Древјаните, Свенелд ја користел својата позиција за да интригира против Олег, кој владеел кај Древјаните.[495]

Неколку години по смртта на Свјатослав, односно во 977 г. се разгорела војна помеѓу двајцата браќа Јарополк и Олег. Според рускиот летопис омразата помеѓу браќата се појавила кога Олег го убил синот на војводата Свенелд, Љут. По убиството на неговиот син, Свенелд постојано го наговарал Јарополк да се одмазди за Љут: „*Нападни го братот твој и власта негова освој ја.*“[496] Јарополк тргнал во војна против Олег, го победил и го убил. Откако слушнал за настаните кои се одвивале јужно од Новгород, третиот брат Владимир побегнал преку морето, а во Новгород оставил свои намесници. Во меѓувреме од преку морето, во Русија дошол војводата Рогволод којшто, според рускиот летопис започнал да владее во Полоцк на реката Западна Двина. Владимир во Скандинавија успеал да собере голема војска составена од Варјази-Викинзи.[497]

Владимир во Новгород се вратил со војската. Покрај Олав, еден од поистакнатите водачи на оваа војска, дошле и Норвежани, Швеѓани, Данци и Готландци. Владимир не останал во Скандинавија долго време. А. Карпов предлага дека кон крајот на 977 или почетокот на 978 г, тој се вратил во Новгород со војската составена од Варјази и ги истерал од градот намесниците на Јарополк.[498]

Владимир успеал да го порази и го убил кнезот Рогволод и неговите двајца синови од Полоцк. Со својата голема војска Владимир тргнал против својот брат Олег и дошол до Киев. Таму го потплатил Блуд, командантот на војската која го бранела градот. Блуд го

[494]А. Карпов, Владимир Святой, Москва, 2004, 73
[495]G. Vernadsky, Kievan Russia, 56
[496]ПВЛ, 34-35 и С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 223-224
[497]С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 225
[498]А. Карпов, Владимир Святой, 84-86

убедил Јарополк да не се судри со Владимир на бојното поле, туку да побегне од Киевбидејќи граѓаните сакале да го убијат. Јарополк побегнал и се повлекол во тврдината Родња. Тој не го послушал советот на својот војвода Варјашко кој му предлагал да замине кај Печенезите и таму да собере војска. Помеѓу Владимир и Јарополк биле водени преговори во Киев во палатата на нивниот татко Свјатослав. Овде Јарополк бил убиен, а неговиот војвода Варјашко побегнал кај Печенезите, тој често го напаѓал Киев со воена помош од Печенезите.[499]

На 11 јуни 978 г. на престолот во Киев како велики кнез седнал Владимир кој владеел се до својата смрт во 1015 г.[500] Според дуги историчари, Владимир започнал да владее како Велики кнез во Киев во 980 г.[501] Откако седнал на престолот, тој водел војни за зацврстување на својата внатрешна положба и за обезбедување на границата од надворешен непријател.

Владимир водел два похода против Вјатичите, коишто пред него ги покорил неговиот татко Свјатослав, но најверојатно по неговата смрт тие се отцепиле од Киевската држава. Владимир повторно ги покорил и им наметнал данок. Во областа на Горен Дњепар тој ги покорил Радимичите.[502]

Откако започнал да владее со државата, кнезот Владимир покрај својата палата во Киев наредил плејада на пагански идоли, односно богови чиишто имиња редоследно се запишани во рускиот летопис.[503] На чело на овој пантеон бил словенскиот врховен бог Перун, богот на молњата и громот. Овој идол на врховниот словенски бог бил направен од дрво, имал сребрена глава и мустаќи од злато. Најверојатно луѓето на овие идоли им пренесувале жртви. Интересно е тоа што првите податоци за организиран пагански култ во Киевска Русија потекнуваат од времето непосредно пред тој формално да биде укинат, односно само неколку години пред христијанизацијата на државата.[504]

[499]С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 225-226; G. Vernadsky, Kievan Russia, 57-58. Види повеќе кај А. Карпов, Владимир Святой, 73-99 и ПВЛ, 35-37

[500]А. Карпов, Владимир Святой, 100 и С. Франклин, Д. Шепард, Начало Руси 750-1200, 227

[501]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 343; В. Пашуто, Внешная политика..., 73; М. В. Левченко Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, ВВ, т. VII, 1980, 196 и К. Аџиевски, Б. Петровски, Историја на Европа во раниот среден век, 105. Ова всушност е годината која што ја запишал летописецот Нестор во „Повесть временных лет“, 37

[502]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 343

[503]ПВЛ, 37

[504]Д. Оболенски, Византискиот комонвелт Источна Европа 500-1453, 196

Во рускиот летопис има податоци за покрстувањето на Киевска Русија иако тие информации се доста измешани. Овде се забележани податоци дека кај Владимир доаѓале емисари од различни земји за да ја пропагираат секој својата вера. Дошле емисари од кај Бугарите од средна Волга кои биле муслимани и го пропагирале исламот. Потоа дошле пратеници од кај папата од Рим, но нема податоци зошто и како тие си заминале и се вратиле во својата земја. Потоа дошле емисари испратени од хазарскиот двор, кои го проповедале јудаизмот. Ова учење кнезот не го прифатил бидејќи, како што тој им рекол на емисарите, Евреите поради своите гревови биле казнети и расштракани насекаде низ светот и немале своја држава. На крајот дошол еден „грчки“ (византиски) филозоф од Византија, тој ги побил тврдењата на сите претходни емисари кои што дошле кај Владимир и имал одговор на секое негово прашање. Иако ова последново учење на моменти на кнезот му изгледало невистинито и чудно, сепак го подзамислило. По наговор на своите сонародници, Владимир испратил емисари за да дознаат по нешто за овие религии. Откако тие се вратиле му поднеле извештај на кнезоти кажале по нешто за сите религии, но најмногу за христијанството. На емисарите испратени во Византија најмногу впечаток и оставил пречекот во Константинопол. Таму биле одведени во црквата Св. Софија каде била служена литургија на која присуствувал и константинополскиот патријарх.[505]

Веќе во летото 976 г. претставникот на една од најугледните фамилии во Византија, Варда Склир, доместик на Истокот, од неговите трупи бил прогласен за император. Откако во повеќе битки ја победил војската на легитимниот император, Склир постепено завладеал со цела Мала Азија. Во почетокот на 978 г. откако ја освоил Никеја, Варда Склир се приближил кон Константинопол. Во овој критичен момент паракимоменот Василиј се обратил за помош кон Варда Фока. Тој му нанел пораз на Варда Склир, но не како слуга на легитимниот император, туку како претставник на моќната фамилија Фока. Во првата битка водена помеѓу узурпаторот Варда Склир и војсководецот на императорската војска Варда Фока, Фока претрпел пораз, но во мај 979 г. се одиграла втората битка во Панкалејската рамнина, близу до Аморион и Варда Фока најпрвин во двобој го поразил својот противник, а потоа целосно ја поразил и неговата

[505]ПВЛ, 39-40 и Д. Оболенски, Византискиот комонвелт Источна Европа 500-1453, 196

војска. Варда Склир побегнал кај арапскиот калиф и со тоа завршила првата граѓанска војна во Византија која траела три години.[506]

Неколку години подоцна дошло до судир помеѓу императорот Василиј II и паракимоменот Василиј. Откако почувствувал декаќе биде поразен, паракимомен Василиј се договорил со Варда Фока и подготвувал завера против императорот. Императорот го надмудрил и паракимоменот бил уапсен како бунтовник, му биле конфискувани огромните имоти. Бил испратен во прогонство и наскоро таму починал.[507]

Во исто време, во 976 г. кога се одметнал Варда Склир, во Македонија избувнало второто востание на комитопулите против Византија. Востанието земало голем замав и за кратко време Самуил го освоил поголемиот дел од Балканскиот Полуостров.[508] Во Македонија се формирало Самуиловото Царство со центар во Преспа, а потоа во Охрид. До првиот поголем судир помеѓу Василиј II и царот Самуил дошло во битката кај Ихтиман (Трајановата порта гр. Μάχη στις Πύλες του Τραϊανού) на 17 август 986 г. Овде византиската војска била поразена од војската на цар Самуил.[509]

Во врска со оваа битка интересен е податокот кој го дава Лав Ѓакон современик и учесник во битката, „*Едвај не се лизнаа* („едвај се задржав да не се лизнам“ б.м.) *моите нозе, инаку и јас ќе бев мета на скитскиот меч...*“[510] Имено, Лав Ѓакон за Скити ги смета Русите. Ова е навистина интересен податок и според Ѓакон во битката кај Трајановата порта, царот Самуил имал помош од Русите. Ф. И. Успенски во својата Иторија на Византијската империја, том II, запишал дека кнезот Владимир како и неговите претходници имал претензии кон Византија. За таа цел, според Ф. Успенски, во 985 и 986 г. со копнена војска и со флота рускиот кнез Владимир заминал во Бугарија и дејствувал овде во својство на сојузник на „Бугарите“ против „Грците“.[511] Знаеме дека во 971 г. императорот Јован I Цимискиј, ја ликвидирл Бугарската држава, а во 969 г. избувнало

[506]Г. Острогорски, Историја Византије, 284-285; М. В. Левченко, Очерки по истории..., 249-250 и Г. Острогорски, Кијевски кнез Владимир и Византија, Византија и Словени, кн. IV, Београд, 1970, 138
[507]Г. Острогорски, Историја Византије, 285
[508]Исто, 286; Г. Острогорски, Кијевски кнез Владимир и Византија, Византија и Словени, 138-139. Детално за востанието на комитопулите види кај С. Антољак, Средновековна Македонија, т. I, 342-380
[509]Детален опис на оваа битка има кај Лав Диакон, История, кн. X, гл. 8, 89-90, Лав Ѓакон бил учесник во оваа битка. В. Р. Розен, Императорь Василій Болгаробойца, Излвлечения из летопис Яхъи Антіохийскаго, 404
[510]Лав Диакон, История, кн. X ,гл. 8, 90
[511]Ф. И. Успенский, История Византийской империи, том. II, 550

востанието на комитопулите, според она што го запишал Ф. Успенски, следува дека Владимир му помагал на цар Самуил во борбата против Василиј II. Според Ф. Успенски, резултат на овој поход бил поразот кој им бил нанесен на „Грците“ кај Сердика (лат. Serdica) односно во битката кај Трајановата порта на 17 август 986 г.[512]

Во врска со ова В. Пашуто, имајќи ги во предвиде овие зборови на Лав Ѓакон, запишал дека Русите, најверојатно биле во некаков сојуз со „Западно Бугарското Царство“ – се мисли на Самуиловото Царство. Тој освен врз база на податокот запишан кај Лав Ѓакон, до ваква констатација дошол и од податокот запишан кај Јован Геометар кој пишувал за „руско-бугарскиот“ сојуз.[513]

М. В. Левченко доаѓа до заклучок дека Лав Ѓакон покрај Русите, Скити ги нарекувал и Бугарите. Потоа дека Лав Ѓакон соопштува само за напад на Мизите врз војската на Василиј II, а не дека и Скитите нападнале на неговите војници. Според М. Левченко, податокот кај Јахја Антиохијски, дека кога Василиј побарал помош од Русите, тие му биле нему непријатели, не означувал, како што мислел Ф. Успенски дека меѓу Византија и Русија се водела војна. М. Левченко смета дека по правилно е толкувањето на В. Р. Розен, дека во односите меѓу Византија и Русија постоле тензии.[514] Мислењата на историчарите се интересни како и самиот податок, кој го дава Лав Ѓакон. Сепак поради недостиг на извори, прашањето за тоа дали имало взаемни односи помеѓу Киевска Русија и Самуиловата држава, како и за тоа дали Руси учествувале на страната на Самуил во битката кај Трајановата порта останува отворено.

Василиј II кој владеел во Византија и којшто му бил современик на рускиот кнез Владимир, успеал да ја зајакне Империјата и да освои големи територии. Поразот кој Самуил му го нанел на Балканот, допринесол претендентите на Исток да имаат успех. Варда Склир во почетокот на 987 г. повторно се вратил во Византија и се прогласил за император. Варда Фока којшто бил симнат од својата функција поради врските со паракимоменот Василиј, повторно бил вратен на позицијата врховен командант на војската во Азија, за да војува против Варда Склир. Но наместо тоа Варда Фока се прогласил за император на 15 август 987 г. Во почетокот Фока се договорил со својот непријател Склир, да ја поделат Империјата. Фока да го добие европскиот дел со

[512] Исто, 550
[513]В. Пашуто, Внешная политика Древней Руси, 73
[514]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 344

Константинопол, а Склир азиските покраини. Но кратко по ова Фока го отстранил Склир.[515] Варда Фока кој ја имал подршката на целото малоазиско благородништво, постепено усепал да ги освои малоазиските територии на Империјата и во почетокот на 988 г. дошол до самиот Константинопол. Еден дел од неговата војска под команда на неговиот брат Никифор и на Калокир Делфин бил сконцентриран околу Хрисопол (гр. Χρυσουπολης), а другиот дел под команда на Лав Мелисен околу Абидос (гр. Ἄβῡδος). Позицијата на легитимниот император Василиј II, била очајна. Загрозен од војската на узурпаторот, опкружен со предавство, императорот се наоѓал на работ на пропаст. Тој во својата држава не наоѓал никаде и во никого доволна поткрепа. Него го спасило тоа што откако увидел дека се подготвува голема опасност, тој за помош се обратил кон рускиот кнез Владимир.[516] За таа цел од Константинопол било испратено пратеништво во Киев.

Важни информации за пратеништвото од императорот Василиј II во Киев се зачувани кај Јахја Антиохијски. Според него откако се појавила голема опасност за Василиј, која доаѓала од Варда Фока, тој бил приморан да побара помош од кнезот Владимир. Иако, според Јахја, тие биле непријатели сепак склучиле помеѓу себе договор за сватовство и женидба. Односно кнезот Владимир требало во знак на благодарност поради укажаната помош, да ја добие за жена византиската принцеза Ана, сестра на Василиј II, но услов за тоа било Владимир и целиот негов народ да го прифатат христијанството. Потоа императорот испратил митрополити и епископи, а тие го покрстиле Владимир и сите други кои живееле во таа земја, потоа Василиј ја испратил својата сеста кај него и таа изградила многу цркви во руската земја. Кога бракот бил склучен, дошла руската војска и се соединила со војската на Василиј и заминале во борба против Варда Фока.[517]

Се поставува прашањето кога било испратено византијското пратеништво во Киев за да побара помош? Според рускиот летопис тоа било во 986 г. но тоа пратеништво дошло во Киев со мисионерски цели.[518] Според А. Карпов на крајот од летото 986 г. по

[515]Г. Острогорски, Историја Византије, 288
[516]Г. Острогорски, Кијевски нез Владимир и Византија, 139 и М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 352-353
[517]Цитирано според М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 202
[518]ПВЛ, 39-40

поразот кај Трајановата порта во Киев дошло пратеништво од Империјата.[519] Според В. Г. Василевски пратеништвото во Киев дошло во 986 г. како што соопштува рускиот летопис, односно после поразот на Василиј II кај Трајановата порта.[520] Г. Острогорски смета дека пратениците во Киев не дошле подоцна од јануари-февруари 988 г.[521] Според Н. М. Богданова пратениците од Византија во Киев дошле кога рускиот кнез веќе го освоил Херсонес. Потоа, според договорот за сојуз Владимир го прифатил христијанството и се оженил со принцезата Ана, дури потоа во периодот април-септември 988 г. тој во Византија го испратил одредот од 6.000 воини. Таа смета дека кометата за која зборува Лав Ѓакон се појавила пред победите на византиската војска кај Хрисопол и Абидост, и според неа, тоа значело дека пред тие битки Херсонес бил освоен од страна на Владимир.[522]

Според договорот склучен помеѓу Византија и Киевска Русија, односно помеѓу кнезот Свјатослав и императорот Јован I Цимискиј, во 971 г. Киевска Русија била обврзана да му испраќа воена помош на византискиот император, доколку некој ја нападне неговата држава. Но Владимир исто како и неговиот татко Свјатослав, не сакал да биде само наемник на императорот во Византија. Тој за воената помош којашто бил решен да му ја испрати на Василиј, побарал голема награда, односно побарал сестрата на императорот, Ана, да му биде дадена за жена.[523]

Потребата на Владимир - за жена да му биде дадена сестрата на императорот - ја означувало потребата гордите Византијци да го признаат рускиот кнез за рамен на нив. Појавувајќи се во Киев, византиските пратеници можеби не биле ополномоштени да ја признаат таа потреба. Имајќи ја во предвид ситуацијата во која се наоѓал, Василиј II тој се согласил да му ја даде на Владимир својата сестра за жена, но само ако тој и целиот негов народ го примаат христијанството од Византија и бидат покрстени. Но пред тоа рускиот кнез требало да испрати итна воена помош во Византија. Откако бил склучен договорот, Владимир испратил воен одред во Константинопол, а неговиот брак со принцезата Ана

[519]А. Карпов, Владимир Святой, 196
[520]В. Г. Василевский, Труды, т. II, Выпуск первий, Санкт-Петербург, 1909, 87-88
[521]Г. Острогорски, Кијевски кнез Владимир и Византија, 145
[522]Н. М. Богданова, О времени взятия Херсона князем Владимиром, ВВ, т. 47, 1986, 42 и 46
[523]М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 203

требало да се одржи после неговото покрстување и покрстувањето на сите Руси. Владимир ги прифатил тие услови.[524]

Воената помош испратена од Киев, броела 6.000 Варјази и таа дошла во Константинопол пролетта или летото 988 г.[525] Како што можеме да видиме оваа варјашка дружина не била многубројна, но таа била војнички добро подготвена и способна и таа ја спасила Империјата од узурпаторот.

Прва битка во која учествувала војската испратена од Киев, на страната на Василиј II, се одиграла кај Хрисопол (гр. Χρυσόπολις). Оваа битка од научниците различно е датирана, според Шлумбарже февруари-март 989 г., а руските историчари, В. Р. Розен, Ф. И. Успенски и В. Г. Василевски потпирајќи се на податоците од Јахја Антиохијски, ја датираат летото 988 г.[526]

Пристигнувањето на Русите во Константинопол, според М. Левченко, во 988 г. го потврдил и ерменскиот историчар Асохих Доронски. Според неговото соопштени битката кај Хрисопол се одиграла во 437 г. според ерменската ера т.е во 988 г., а битката кај Абидос (гр. Ἄβῡδος) во 438 г. според ерменската ера. Византиските извори даваат скудни информации за ова, Лав Ѓакон за ова не зборува ништо. Михаил Псел забележал дека императорот Василиј, добил помош од Тавро-скитите.[527]

Во битката кај Хрисопол на чело на руската воена помош стоел императорот Василиј II, кој по битката се вратил во Константинопол за да се подготви за конечната пресметка со узурпаторот Варда Фока. Тој се наоѓал во Никеја и таму разбрал за неуспехот на неговата војска кај Хрисопол, не се разочарал, туку ги собрал своите воени сили и со војководецот Лав Мелисен се соединиле кај Абидос. Според податоците кои ги

524Исто, 203 и М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 354-355

525В. Г. Василевский, Варяго-русская и варяго-английская дружина в Константинопле XI и XII веков, Труды, т. I, Санкт-Петербург, 1908, 199. Види, М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 204, смета дека Варјазите пристигнале после месец април 988 г.; Г. Острогорски, Историја Византије, 289 пишува дека Варјазите од Киев дошле во Константинопол пролетта 986, а во својата статија, Г. Острогорски, Кијевски нез Владимир и Византија, 139, во летото 988 г. Дека руската војска дошла летото 988 г. во Византија смета  и А. Карпов, Владимир Святой, 207

526В. Г. Василевский, Варяго-русская и варяго-английская дружина в Константинопле XI и XII веков, Труды, т. I, 199 и . В. Р. Розен, Н. М. Богданова, О времени взятия Херсона князем Владимиром, 1986198 и 208

527М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 204

даваат Михаил Псел и Асохих, покрај Византијците во неговата војска имало и Грузијци. Грузијската пешадија ја сочинувала најдобриот дел од војската на Варда Фока.[528]

Императорот Василиј, својата војска ја поделил на два дела. На чело на едниот дел застанал брат му Констанин VIII, а на чело на вториот застанал тој. Руските воини претставувале негова основна сила. Истоварајќи се кај Лампсак (гр. Λάμψακος), Василиј II и Константин VIII со војската тргнале кон логорот на Варда Фока. До конечната пресметка дошло ноќта помеѓу 12 и 13 април 989 г. Василиј изненадно ја нападнал војската на противникот. Во исто време, одредот под команда на Константин ја запалил флотата на непријателот. Овој неочекуван напад создал безредие во непријателските редови и непријателот почнал да се повлекува. Откако воспоставил каков-таков ред во својата војска, Варда Фока со својот грузиски одред настапил право против императорто Василиј, но во тоа време Фока доживеал епилепсичен напад. Тој починал од срцев ударза време на битката.[529] Изненадната смрт на водачот довела до паника во неговата војска, таа била делумно уништена, а еден дел успеал да побегне. На овој начин руската помош го спасила императорот Василиј II.[530]

Со ова завршиле немирите предизвикани од Фока, но не и граѓанската војна во Византија. Имено, откако сопругата на Варда Фока слушнала дека тој загинал, таа го пуштила од затвор Варда Склир. Тој околу себе ја собрал разбиената војска на Фока и се прогласил себеси за император. Кон него се приклучил и синот на Варда Фока, Никифор наречен Кривошија. Овие немири продолжиле најдоцна до есента 989 г., а можеби и подоцна. Според Јахја Антиохијски примирјето помеѓу императорот Василиј II и Варда Склир било склучено на 11 октомври 989 г. Според Михаил Псел тоа се случило многу подоцна. Во ноември истата година ги прекинал спротивставувањата Лав Фока синот на Варда Фока. Императорот Василиј освен што му простил на Варда Склир го наградил со титулата куропалат и му дал големи земјишни поседи. Варда Склир почина на 4 февруари 991 г.[531]

---

[528]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 357. Детално за битката види кај А. Карпов, Владимир Святой, 209

[529]Г. Острогорски, Кијевски кнез Владимир и Византија, 139

[530]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 357-358 и М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 205

[531]А. Карпов, Владимир Святой, 210

Според В. Г. Василевски и Ф. И. Успенски, кнезот Владимир лично дошол во Константинопол на чело на руската војска иако византиските извори за тоа не даваат никакви податоци.[532]

Според договорот, откако руската војска му помогнала на византискиот император, кнезот Владимир требало да се покрсти и за жена да ја добие сестрата на Василиј II. Кнезот Владимир се покрстил, односно го примил христијанството и го покрстил и својот народ. Во врска со покрстувањето на Киевска Русија постојат различни мислење во која година всушност тоа се случило, но обично се прифаќа дека тоа се случило во 988 г. Покрстувањето на кнезот Владимир и на Киевска Русија детално ќе биде разгледано и обработено во Глава IV, наслов 4.3.1 Покрстувањето на Киевска Русија.

Давајќи и воена помош на Империјата, а во исто време и спасувајќи ја, потоа според договорот примајќи го христијанството, на кнезот Владимир сепак не му била дадена принцезата Ана за жена. За да го добие тоа што според договорот му припаѓало тој применил сила.[533] Кнезот Владимир продрел во византиските области кои се наоѓале на северниот брег на Црното Море и по долга опсада го освоил градот Херсонес во летото 989 г. Според податоците од рускиот летопис и од житието на Св. Владимир, Руситe својот поход на Херсонес го започнале во годината 6469 од создавањето на Светот, односно во 988 г. Во истата година, тие го освоиле Херсонес и во исто време била и женидбата на Владимир со Ана. Според В. Г. Василевски и В. Р. Розен, Херсонес не можел да биде освоен порано од април 989 г. Византиските  и источните – арапските - извори ги потврдуваат соопштенијата на руските извори за прифаќањето на христијанството на кнезот Владимир и неговата женидба со принцезата Ана. Односно и тие ја потврдуваат 988 г. како година на покрстувањетона Владимир.[534] Опсадата на Херсонес според податоците од житието на кнезот Владимир траела 6 месеци, а според некои ракописи на истото житие дури 9 месеци. Градот од Русите бил освоен во периодот од 7 април до 27 јуни 989 г.[535]

---

[532]Види повеќе за ова кај М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 205-207
[533]Г. Острогорски, Кијевски кнез Владимир и Византија, 144
[534]Н. М. Богданова, О времени взятия Херсона князем Владимиром, 39-40 и 42
[535]В. Мошин, Новгородски листичи и Остромирово јеванђеле, Охридската Архиепископија и покрстувањето на Русија, Зборникот излегува по повод 1000 годишнината од покрстувањето на Русите, Скопје, 1988, 23

Според податоците кои ги дава Лав Ѓакон за небесните појави, односно за појавата на комета[536] која се случила во 989 г., а исто така и според соопштенијата на Јахја Антиохијски и на Ал-Мекин, може да се заклучи дека Херсонес бил освоен од Русите во 989 г. во периодот помеѓу месец април и првата половина на месец јуни. Според Лав Ѓакон „*огнените столбови*"[537] се појавиле како предвесници на заземањето на Херсонес од страна на Русите и заземањето наВерија (гр. Βέροια) од страна на Бугарите. Кометата која се појавила на небото била сигнал за новата страшна несреќа, односно за силниот земјотрес, кој се случил на 25 октомври 989 г. Благодарение на Јахја и на Ал-Мекин кои соопштуваат кога се појавила кометата, нам ни е позната точната дата на нејзиното појавување. Кометата се појавила двапати на 7 април и на 27 јуни 989 г. Според ова, М. Левченко, исто како и В. Г. Василевски и В. Р. Розен смета дека Херсонес, Русите го освоиле после април 989 г. Според А. Карпов Херсонес бил освоен не порано од 7 април и не подоцна од 27 јули 989 г.[538]

Според В. В. Хапаев, кнезот Владимир го опсадувал Херсонес додека траела војната на Василиј II, против узорпаторите и тој пролетта или во почетокот на летото 988 година го освоил градот.[539] Треба да се има во предвид фактот дека руската војска се борела во битката кај Абидос 12-13 април 989 г. што значи дека Херсонес бил освоен после 13 април, а пред 27 јуни 989 г.

Несомнено пролетта 989 г.[540] руските бродови се појавиле под бедемите на Херсонес. Византискиот гарнизон и граѓаните на Херсонес упорно се спротивставувале на опсадата. Според Г. Острогорски, Херсонес бил освоен летото 989 г. Откако го освоил овој град на кнезот Владимир му била испратена принцезата Ана. Таа дошла во Русија во придружба на византиски свештеници и станала жена на киевскиот кнез. Така кнезот Владимир, кој подоцна бил канонизиран за светец, се стекнал со особено висока чест да

---

[536]Види, Лев Диакон, История, кн. X, гл. 8, 89-90

[537]Лев Диакон, История, кн. X, гл. 8, 89

[538]А. Карпов, Владимир Святой, 215. На исто мислење е и М. В Левченко, види М. В. Левченко, Взаимоотношения..., 210. Види и В. Р. Розен, Императоръ Василій Болгаробойца, Излвлечения из летопис Яхъи Антіохиійскаго, 214-215

[539]В. В. Хапаев, Коруснский поход князя Владимира в контексте Византийской смуты 70-80-х гг. X века, III Международные Севастопольские Кирилло-Мефодиевские чтения, сборних научных работ, том II, Севастополь, 2009, 174

[540]М. В. Левченко, Очерки по истории русско-византийских отношений, 360

стапи во брак со легитимна, во пурпур родена византиска принцеза.[541] Кнезот Владимир ја пречекал принцезата Ана, во освоениот од Византија град Херсонес.[542] Откако му ја дале Ана за жена, Владимир повторно ѝ го отстапил градот на Византија.

Откако кнезот Владимир се вратил во Киев од далечниот и тежок поход кој се завршил со славна победа, тој донел големо богатство кое го запленил во Херсонес. Со кнезот во Киев дошла и неговата сопруга, во пурпур родената принцеза Ана. Во науката сè уште се дискутира за тоа каде Владимир го примил христијанството, дали тоа се случило во Киев или пак во Херсонес.

Летописецот Нестор под годината 6497, односно 989 г. забележал дека кнезот Владимир живеел според христијанскиот закон. Тој планирал да изгради црква посветена на Пресвета Богородица, па поради тоа испратил пратеници да повикаат мајстори од „Грчката земја“. Во истата година според летописот, Владимир започнал да ја гради црквата и кога таа била завршена тој ја украсил со икони и во неа служеле свештеници од Херсонес. На црквата и дал сè што зел од Херсонес, икони, црковни садови и крстови.[543]

Во рускиот летопис не наоѓаме податоци за дејноста на кнезот Владимир во периодот од 989 г. до 991 г. Според летописот, Владимир во 991 г. го основал градот Белград (рус. Белгород) и во него населил луѓе од околните градови. Веќе во наредната 992 г. наоѓаме податоци дека кнезот презел поход против Хрватите.[544] Во летописот не е забележано кој победил во походот.

Понатаму стои дека откако се вратил од овој поход, Владимир се сретнал со Печенезита кај реката Трубеж. Овде дошло, според летописот, до двобој помеѓу двајца избраници, едниот Печенег другиот Русин. Во двобојот победил Русинот, а Владимир се вратил во Киев како победник и со голема слава.[545]

Во 996 г. во Киев била завршена изградбата на црквата Пресвета Богородица, наречена уште и Десетинска црква. Таа црква била осветена истата година на 13 мај во ден недела.[546]

---

[541]Г. Острогорски, Кијевски кнез Владимир и Византија, 144
[542]Ф. И. Успенский, История Византийских отношений, т. II, 552 и А. Карпов, Владимир Святой, 235
[543]ПВЛ, 54
[544]Исто, 54
[545]Исто, 54-55
[546]Види повеќе во ПВЛ, 55-56

Во 997 г. Владимир тргнал кон Новгород по своите северни воини за да војува против Печенезите. Додека тој бил отсутен Печенезите го опсадиле градот Белгород. На крај оваа борба се завршила со повлекување на Печенезите.[547]

Во 1011 година починала сопругата на Владимир, византиската принцеза Ана. Понатаму летописот соопштува дека во 1014 г. Јарослав, синот на Владимир не му платил данок на татка сѝ и Владимир решил да тргне во војна против него, но не успеал во тоа бидејќи се разболел. Во 1015 г. на 15 јули во Берестов починал кнезот Владимир.[548] По неговата смрт во Киевска Русија се разгорела војна помеѓу синовите на Владимир, Јарослав и Светополк. Светополк владеел во Киев, а како зет на полскиот кнез Болеслав Храбриот тој ја имал подршката од Полска. Неговиот брат Јарослав владеел во Новгород. Во оваа борба која траела од 1015 до 1019 г. Светополк загинал, како победник излегол Јарослав и тој завладеал во Киев. Владеел од 1019 до 1054 г. како Велики кнез на Киевска Русија.[549]

По своето покрстување, кнезот Владимир го создал „Црковниот Устав на Владимир". Овој извор за црковното право од државно потекло бил составен кон крајот на X - почеток на XI век. Со овој Устав се утврдувала правната позиција на руската црква во феудалната епоха. Имено, руската црква од моментот кога било воведено христијанството се стремела да обезбеди заштита на своите интереси од било чии напади. За таа цел, таа добила специјални акти од великокнежевската власт, а актите го добиле називот црковен Устав. „Уставот на кнезот Владимир" не е зачуван во оригинал, туку е зачуван во шест подоцнежни редакции. Овој Устав претставувал краток кодекс со норми кои ги регулираат взаемнитеодноси помеѓу црквата и државата.[550]

---

[547] ПВЛ, 56-57

[548] Исто, 57-58

[549] К. Аџиевски, Б. Петровски, Историја на Европа во раниот среден век, 107

[550] Повеќе за ова види, Памятники русского права, т. I, редактор С. В. Юшков, Памятники права Киевского государства X-XII вв., составитель А. А. Зимин, Москва, 1952, 235-256 и Д. Николић, Древноруско словенско право, 99-102

## 4.3.1 ПОКРСТУВАЊЕТО НА КИЕВСКА РУСИЈА

Можеби едно од најинтересните прашања од средновековната руска историја е прашањето за покрстувањето на Киевска Русија. Иако знаеме дека кнегињата Олга е првиот руски владетел кој го прифатил христијанството, сепак кнезот Владимир е првиот руски владетел кој јаприфатил оваа религија како религија за целиот негов народ и прифатил таа да стане официјална религија на Киевска Русија.

Сепак, почетоците на христијанството во Русија датираат од многу порано. Во житието на Св. Стефан Сурожски е забележано дека рускиот кнез Бравлин бил покрстен од страна на архиепископот Филарет. Но, имајќи во предвид дека некои од податоците од житието се легендарни, не можеме со сигурност да кажеме дека ова навистина се случило.

Прв извор кој дава податоци за покрстувањето на Русите е Окружното послание на Константинополскиот патријарх Фотиј испратено до Источните патријарси. Имено, по првиот руски напад на Константинопл, во 860 г. во едно свое Окружно послание од 867 г. патријархот Фотиј запишал дека Русите, кои биле познати по својата суровост и биле меѓу најлошите и најсуровите непријатели на Византија, сега станале нивни пријатели, ги прифатиле епископот и свештеникот и покажале голема заинтересираност за христијанската вера.[551]

Според она што патријархот Фотиј го запишал во Окружното послание „*И не само тој народ* (Бугарите б.м.) *ја промени претходната* (паганската б.м.) *вера во Христовата вере, туку тоа го стори и многу по свирепиот и крволочен народ, којшто се нарекува Рос* (Руси б.м.)...“[552] Може да се заклучи дека тој ги известил патријарсите дека и Русите се покрстиле.

Продолжувачот на Теофан запишал дека „*наскоро после тоа* (после нападот од 860 г. б.м) *пристигнало нивно* (руско б.м.) *пратеништво во царскиот град* (во Константинопол б.м.)*, да молатда бидат вклучени во Божјото покрстување. Така и се*

[551] F. Dvornik, Byzantine missions among the Slavs. SS. Constantine-Cyril and Methodius, 267 и D. J. Constanelos, The Greek missionary background of the Christianization of Russia and the respect for its cultural identity, 655

[552] П. В. Кузенков, Патриарх Форий, Окружное послание 867 года, Российский Православный Университет, св. Апостола Иоанна Богослова, Москва, 9

*случи.*“[553] Според податоците кои ги даваат продолжувачот на Теофан и патријархот Фотиј, откако поминало малку време од нападот и Русите се повлекле од пред Константинопол, во градот дошле пратеници од Русија и побарале нивниот народ да биде покрстен. Тешко е да се каже што влијаело на нивниот водач, во случајов водачи, да се решат на тој чекор.[554]

За покрстувањето на тие Руси кои го нападнале Константинопол, дава податоци и Константин Порфирогенит во биографијата на неговиот дедо Василиј I. „*И народот Руси, воинствен и безбожен, императорот* (се мисли на Василиј I) *со подароци од злато, сребро и свилени облеки ги привлекол за да преговараат и склучил со нив мировен договор и ги убедил да станат учесници во Божјото крштевање и тие го прифатиле епископот.*“[555] Односно Порфирогенит забележал дека не Русите, туку Византијците испратиле подароци во Русија и ги привлекле да се покрстат. Односно дека иницијативата за нивното покрстување дошла од Византија, а не од Русија. Во врска со овој податок забележан од Порфирогенит, К. Цукерман заклучува дека Порфирогенит сакал она што го сторил императорот Михаило III, да му го препише на неговиот дедо Василиј I. Според К. Цукерман, иницијативата за покрстување дошла од самите Руси и тоа некое време по нападот од 860 г. кога Фотиј кај нив испратил епископ. Но откако Василиј I го убил Михаило III, тој решил да ги ублажи односите со Русите испраќајќи им подароци. Новиот патријарх Игнатиј, наследникот на Фотиј, на Русите им испратил архиепископ.[556]

Понатаму во расказот за мисијата на Византија кај Русите, Порфирогенит забележал дека архиепископот испратен од Византија кај нив, ја убедувал паствата во јачината и големината на неговата (христијанската) религија со силата на чудата: по барање на Русите, архиепископот го фрлил Евангелието во печката со оган и откако поминало доволно време тој го извадил Евангелието цело и неоштетено.[557]

К. Цукерман смета дека неочекуваното покрстување на Русите во науката сè уште не е објаснето и дека христијанството во Русија, руската архиепископија и

[553]Продолжатель Феофана-Жизнеописания византийских царей, кн. IV, гл. 33, 129-130
[554]П. Коматина, Црквена, политика Византије, 146
[555]Цитирано според, А. Карташов, Очерки по истории Русской церкви, т. I, Париж, 1959, 34
[556]К. Цукерман, Два этепа формирования Древнерусского государства, 62
[557]Цитирано според К. Цукерман, Два этепа формирования Древнерусского государства, 63

христијанството помеѓу Русите исчезнале незабележително исто како и рускиот каганат. Според него нема сомнеж дека и христијанството и каганатот исчезнале истовремено.[558]

Според горе наведеното руските пратеници се појавиле во Константинопол после настанувањето на втората беседа на патријархот Фотиј – во неа не се споменува дека дошле руски пратеници, значи после беседата тие се појавиле во престолнината на Империјата- која настанала во јули 860 г. Податокот на продолжувачот на Теофан го датира пратеништвото немногу по завршувањето на руската опсада, но и тој не е доволно прецизен. Од Окружното послание на Фотиј, пак можеме да забележиме дека покрстувањето на Русите се случило пред 897 г. Петтата книга од продолжувачот на Теофан, овие настани ги сместува за време на владеењето на Василиј I (867 – 886 г.) и вториот патријархат на Игнатиј, односно помеѓу 867 и 877 г.[559] Според ова, руските пратеници дошле во Константинопол после јули 860, а секако пред 867 г.

Според Е. Е. Голубински, ако Русите, односно нивните водачи Асколд и Дир, кои го нападнале Константинопол, го прифатиле христијанството и дозволиле да дојде кај нив епископ од Византија, биле киевски Руси, тогаш било какво предание за нив би требало да биде зачувано во Киев. Но такво предание во Киев немало. Рускиот летописец знае за Асколд и Дир дека дошле од Новгород во Киев и ништо повеќе. Исто така тој ништо не бележи за нивното покрстување. Според ова, Е. Голубински смета дека, тие Руси што нападнале на Константинопол, а потоа и се покрстиле, не биле Асколд и Дир и нивните дружини.[560] Според Е. Голубински, друг факт против тезата дека Асколд и Дир се покрстиле е податокот дека тие во Киев дошле во 862 г., а нападот е во 860 г.[561] Е. Е. Голубински смета дека под Русите кои го извршиле нападот, а потоа и се покрстиле се подразбираат Азовско-Тавричевските или Азовско-Кримиските Руси. Но, додава тој, прашањето за тоа за кои Руси всушност станува збор, останува нерешено прашање.[562]

Навистина е тешко да се даде одговор на ова прашање, пред сѐпоради недостиг на податоци од изворите за тоа за кои Руси станува збор, па така, ова прашање сѐ уште останува отворено и нерешено.

---

[558]К. Цукерман, Два этепа формирования Древнерусского государства, 63
[559]П. Коматина, Црквена политика Византије, 147
[560]Е. Е. Голубинский, История, Русской Церкви, т. I, 37-38
[561]Исто, 40-41
[562]Види повеќе, Е. Е. Голубинский, История, Русской Церкви, т. I, 45

Оваа хипотеза на Е. Е. Голубински, била подржувана и од други историчари, но во советско време таа е оспорена, а прифатено е дека всушност во посланието на Фотиј станува збор за покрстувањето на Асколд и Дир и на мала група Руси од Киевска, а не од некоја друга  Русија. Според историчарите податокот од Окружното послание говори дека се покрстил еден дел Руси, можеби дел од кнезовата дружина или трговци, можеби побогатиот слој на трговци или пак дел од повидните болјари. Секако процесот на христијанизација бил долг и сложен процес, што значи дека  новата религијане била веднаш  прифатена од населението.[563]

О. М. Рапов, првото покрстување на Русите го сместува во периодот од крајот на септември 865 до јануари-февруари 867 г.[564]

Според А. Карташов, податокот забележан во рускиот летопис, дека 862 г. е година во која е основана руската држава, треба да се прифати дека во таа година ја започнала својата историја првата руска епископија, а не првата династија или пак државата. 862 г. според него не е година на почетокот на руската држава, туку година на почетокот на руската црква.[565]

Иако ранохристијанската заедница во Киев била прогонувана од кнезот Олег, сепак таа преживеала и нигогаш не престанала да постои. После 867 г. христијанизацијата на Русија била резултат на спонтаните историски околности – политички, економски и религиозни. Еволуција, а не револуција, придонело за тоа Русија да се промени и од паганска да стане христијанска држава. Христијанските идеи и практики навлегле на руска територија најверојатно пред средината на IX век. Мисионери и трговци од византиските колонии во Херсонес и во устието на реката Дњепар, најверојатно го воведе домородното население во христијанството.[566]

Во 882 г. кнезот Олег го освоил Киев, а Асколд и Дир биле убиени. Затоа каков бил односнот на кнезот Олег кон христијаните во Киев, историчарите имаат различни размислувања. Според В. И Ламански овој кнез-паган благонаклоно се однесувал кон христијаните. Ламански исто така смета дека христијаните учествувале во создавање на

[563]М. Ю. Брайчевский, Утверждение Христианства на Руси, Киев, 1989, 29

[564]О. М. Рапов, Русская церковь в IX - первой трети XII в. Принятие Христианства, 2-е издание, Москва, 1998, 80

[565]А. Карташев, Очерки по истории Руской церкви, 47

[566] D. J. Constantelos, The Greek missionary background of the Christianization of Russia and the respect for its cultural identity, 655-656

договорот помеѓу Русите и Византија и имале значајна улога во взаемните односи помеѓу двете држави. Според овој историчар црквата Св. Илија во Киев која се споменува во договорот на кнезот Игор со Византија од 944 г. била изградена во времето на Олег и најверојатно имала свој црковен клир.[567]

А. Карташов смета дека Олег бил жесток противник на христијанството и во негово време христијаните биле прогонувани.[568] Б. Ј. Рам е на слично мислење како и А. Карташов, имено, според него покрстувањето на жителите на Киев кое се случило после 860 г. можеби на чело со нивниот кнез Асколд, не било широко распространето и по заземањето на Киев од страна на Олег во 882 г. Тој својот факт го базира врз податокот дека во двата договори на Олег со Византија од 907 и 911 г. нема никакви податоци за христијани.[569]

Олег како паган се спротивставувал на непријателските христијански елементи во староруското општество и тој најверојатно вршел антихристијански терор. Но за жал молчењето на изворите не дава можност конкретно да се разјасни дејноста на Олег и да се даде приказ за положбата на христијанската оштина во периодот од 882 до 912 г.[570]

Многу е веројатно првите христијани помеѓу Варјазите да се појавиле уште во времето на Рјурик и Олег. Варјазите заминувале од својата татковина и оделе на служба во Константинопол. Е. Е. Голубински предлага дека можеби тие таму почнувале да го прифаќаат христијанството, па според тоа помеѓу членовите на Рјуриковата дружина можеби имало некои од тие луѓе кои порано служеле во Константинопол и меѓу нив такви што таму го прифатиле христијанството. Но бидејќи летописите молчат за ова и не зборуваат ништо за христијани-Варјази во времето на првите двајца кнезови Рјурик и Олег, Е. Е. Голубински смета дека тие во Киев се појавиле не подоцна од владеењето на кнезот Игор. Дека меѓу киевските Варјази имало христијани тоа е неоспорен факт за кој сведочат податоците од договорот на кнезот Игор во Византија од 944 г.[571] Русите-пагани за да го потврдат договорот се заколнале над своето оружје кога бил потпишан мировниот

---

567 О. М. Рапов, Русская церковь в IX- первой трети XII в. Принятие Христианства, 113
568 А. Карташев, Очерки по истории Русской церкви, т. I, 47
569 Цитирано според О. М. Рапов, Русская церковь в IX- первой трети XII в. Принятие Христианства, 114
570 М. Ю. Брайчевский, Утверждение Христианства на Руси, 56
571 Е. Е. Голубинский, История, Русской Церкви, т. I, 64-66; Види и А. Карташов, Очерки по истории Русской церкви, 49-50

договор, а Русите-христијани се заколнале во својата црква Св. Илија и во чесниот крст.[572] Според текстот од договорот Т. Барсов е на мислење дека уште за време на владеењето на Асколд и Дир во Киев христијанството успеало да се зацврсти. Во времето на Олег, а особено на Игор тоа го добило своето натамошно распространување.[573]

Вториот голем чекор за подобрување на односите меѓу Византија и Русите, што во крајна линија довело до христијанизација на Русија, бил походот на кнезот Игор и мировниот договор склучен помеѓу двете земји од 944 г. Овој договор е значаен од повеќе аспекти, но најмногу поради тоа што укажува на фактот дека помеѓу пратениците кои дошле да го потпишат имало Руси - христијани. Христијаните се заколнале во црквата Св. Илија која не била катедрална црква, туку парохиска црква за верниците во Киев. Паганите се заколнале над своето оружје и во богот Перун.[574]

Ниту рускиот летопис, ниту пак текстот на договорот од 944 г. не зборуваат за тоа дека руските пратеници во Константинопол побарале од константинополскиот патријарх и од императорот право во Русија да создадат афтокефална црква. О. Рапов смета дека ваквата хипотеза на М. Приселков се покажала како неверојатна и не возможна.[575]

По смртта на кнезот Игор, како регент на неговиот малолетен син Свјатослав владеела неговата сопруга, кнегињата Олга. Според Е. Голубински, таа имала варјашко потекло. Тој исто така смета дека во дружината на Игор имало многу Варјази - христијани, кои дошле од Константинопол. Проповедањето на Варјазите - христијани имало големо влијание врз тоа Олга да се реши да го прифати христијанството.[576]

Важно е да се напомене дека покрај „Повесть временных лет", сведоштва за покрстувањето на кнегињата Олга даваат и низа други извори, од византиска, латинска и руска провиниенција. За нас е значајно овде да напомeнеме дека кнегињата Олга, според потатокот кој го дава Јаков Мниха починала во 969 г., а 15 години живееле како

[572] В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 51 и О. М. Рапов, Русская церковь в IX - первой трети XII в. Принятие Христианства, 131-132

[573] О. М. Рапов, Русская церковь в IX - первой трети XII в. Принятие Христианства, 132

[574] D. J. Constantelos, The Greek missionary background of the Christianization of Russia and the respect for its cultural identity, 656-657

[575] О. М. Рапов, Русская церковь в IX - первой трети XII в. Принятие Христианства, 140

[576] Е. Е. Голубинский, История Русской церкви, т. I, 74-75. Литературата која се занимава со проучувањето на покрстувањето на кнегињата Олга е обемна. Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, Византија и Словени; 18-136, А. Карташов, Очерки по истории Руской церкви, т. I, 51-57; О. М. Рапов, Русская церковь в IX - первой трети XII в. Принятие Христианства 142-173; В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 56-63 и др.

христијанка. Од 969 г. ако се одземат 15 години, следува дека Олга се покрстила во 954/955 г. Сепак местото на нејзиното покрстување е дискутабилно. Според мислењето на Г. Острогорски, Олга се покрстила во Киев во 955 г.[577] Иако изворите говорат дека таа се покрстила во Константинопол. Многу поважно е да се напомене дека кнегињата Олга е првиот владетел на Киевска Русија кој официјално ја прифатил Христовата вера и тоа дека таа започнува нова етапа во византиско-руските односи. Односно, тоа што го започнала Олга го завршил нејзиниот внук Владимир, кој како што ќе видиме, освен што се покрстил себеси, го покрстил и својот народ и од тогаш христијанството станала државна религија во Киевска Русија.

Од изворите е познато дека во градот Псков, Олга ја изградила црквата Св. Троица, а во градот Киев во нејзино време била изградена и осветена црквата Св. Софија. Потоа како што соопштуваат изворите кога починала Олга во 969 г. била погребана според христијанскиот обичај.[578]

Подоцна кога во Киев, кнезот Владимир изградил црква, која била градена во периодот од 989 до 996 г. која била посветена на Пресвета Богородица, тој во неа ги пренел посмртните останки на неговата баба, кнегињата Олга.[579]

На кнезот Свјатослав и на неговата држава христијанството и неговите проповеди им биле туѓи. Иако Русија не станала хритијанска земја, сепак со својата надворешна политика Олга успеала во своите намери. Големи држави започнале да претендираат на сојуз со Русија како со христијанска земја. Сепак обидот на Олга да го покрсти својот син Свјатослав наишол на отпор од кнезот. Тој бил воинствен кнез кој го претпочитал традиционалниот систем на војничкиот живот.[580] Свјатослав речиси целиот свој живот го поминал во војување и освојување. Тој значително ја зголемил територијата на неговата држава. Најверојатно неговите амбиции не биле тој да ја издигне Русија преку христијанизацијата, туку преку силата на оружјето и освојувањето.

Сепак додека Свјатослав војувал на Балканот, а во Киев го оставил својот син Јарополк, воспитаник на неговата баба Олга, тој се покажал како кнез - христијанин и иден крстител на целиот свој народ. Тоа може да се заклучи од фактот дека тој се оженил

[577]Види кај Г. Острогорски, Византија и кијевска кнегиња Олга, 118-136
[578]А. Карташев, Очерки по истории Русской церкви, т. I, 55-56
[579]Исто, 56
[580]В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 63-68

со една „Гркиња“ - христијанка, поранешна монахиња, којашто Свјатослав ја донел како заробеник од неговиот поход на Балканот како достојна невеста за својот син Јарополк. Неговите баба и жена оставиле големо влијание врз него во врска со прашањето за неговото покрстување. За тоа доаѓале гласини во Европа и во Рим, особено тие гласини се расшириле по смртта на неговиот татко Свјатослав во 972 г.[581]

Има мислења дека мајката на Јарополк била Унгарка, а тоа значи дека таа била и христијанка. Унгарија во средината на X век станала христијанска земја. Унгарскиот владетел кралот Гејза Велики (972-997 г.) современик на Јарополк и Свјатослав, се покрстил во Константинопол.[582]

Во науката има размислувања за тоа дали Јарополк бил христијанин или не. Некои научници, кои прифаќаат дека тој бил христијанин, тој факт го поткрепуваат со податокот забележан кај Јаков Мниха дека Јарополк починал на 11 јуни. Според нив датумот на неговата смрт можел единствено да биде зачуван, само ако бил забележан во некои црковни документи, па според тоа подржувачите на оваа теорија го сметаа Јарополк за припадник на христијанската црква.[583]

Според податокот од рускиот летопис дека кога ги погребувале кнезовите Јарополк и Олег, ги покрстиле нивните коски, може да се заклучи дека всушност Јарополк не бил христијанин, инаку зошто би било потребно да се покрстуваат неговите коски? Иако тој имал контакти со христијаните, сепак останал паган. Судејќи според тоа дека по доаѓањето на пратениците од Константинопол и од Рим, Јарополк имал намера да се ожени со Рогонда, а во тоа време тој веќе имал една жена, може да се заклучи дека тој не планирал во скоро време да стане христијанин.[584]

Сепак на кнезот Владимир му се паднала историската улога, тој да биде кнезот кој ќе го прифати христијанството како државна религија во својата држава.

Како резултат на воената помош испратена од Киев во Константинопол на кнезот Владимир му била ветена раката на принцезата Ана. Услов за ова било рускиот кнез и целиот негов народ да го прифатат христијанството. Во ова време Русија веќе го достигнала оној степен на политички и културен развој, па примањето на христијанството

[581]А. Карташов, Очерки по истории Русской церкви, т. I, 57
[582]М. Ю. Брайчевский, Утверждение Христианства на Руси, 73
[583]Исто, 73. Види повеќе кај В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 70-79
[584]О. М. Рапов, Русская церковь в IX - первой трети XII в. Принятие Христианства, 188-189

станало неопходно. Покрај верските причини, прифаќањето на христијанството во средниот век значело и влегување на државата во редот на европските народи и нејзино приклучувањ кон европската култура.[585]

Во врска со годината на покрстувањето на Русија во науката има различни мислења. Во периодот од 987 до 990 г.секоја од овие години има многубројни приврзаници. Меѓутоа според Г. Острогорски, Владимир го прифатил христијанството пред походот на Херсонес, а опсадата на овој град, како што докажал В. Г. Василевски започнала после 13 април 989 г.[586]

Опсадата на градот според житието на кнезот Владимир траела 6 или 9 месеци, а Русите го освоиле градот помеѓу 13 април и 27 јуни 989 г. Во тоа време, во април 989 г. императорот Василиј II со помош на варјашкиот одред испратен од Русија, го победил и уништил узурпаторот Варда во битката кај Абидос на 13 април 989 г. В. Мошин смета дека императорот Василиј во тоа време не можел да му пружи помош на Херсонес кој се наоѓал под руска опсада, па Владимир стапил во врска со Самуил поради сојуз против императорот Василиј, а во врска со започнатата акција за покрстување и со организацијата на христијанска црква со словенска богослужба во Русија.[587]

Според зборовите на Јаков Мниха, некои историчари прифаќаат дека кнезот Владимир се покрстил во 987 г., но сепак општо прифатено е дека тоа се случило во 988 г.[588]

Останува спорно прашањето каде рускиот кнез се покрстил во Христовата вера.

Според рускиот летопис, Владимир се покрстил не подоцна од летото или есента во градот Херсонес, а овој свечен чин го вршеле византиски свштеници кои овде дошле заедно со принцезата Ана. Руските извори различно ја именуваат црквата во која тој бил покрстен, според Ипатиевскиот летопис во црквата Св. Софија, според расказот од

---

[585]Г. Острогорски, Кијевски кнез Владимир и Византија, 143
[586] Исто, 144-145
[587]В. Мошин, Новгородски листићи и Остромирово јеванђеље, 23
[588]Исто, 145; М. Ю. Брайчевский, Утверждение Христианства на Руси, 79-115; G. Vernadsky, Kievan Russia, 60-65; К, Аџиевски, Б. Петровски, Историја на Европа во средниот век, 106 и В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 131. А. Карташов е на мислење дека Владимир се покрстил во 987 г. односно ја прифаќа годината која ја дава Јаков Мниха, види, А. Картешев, Очерки по истории Русской церкви, т. I, 63-64

Новгородскиот прв летопис во црквата Св. Василика, но овој назив на црквата е грешка во читањето на грчкиот збор βασιλικον што значи базилика.[589]

Податокот дека Владимир се покрстил во Херсонес го потврдува и Јахја Антиохијски, според него во Херсонес се покрстил кнезот Владимир и го добил името Василиј според императорот Василиј II, а воедно овде тој стапил во брак со Ана. Според други историчари пак, Владимир се покрстил во Киев, пред походот на Херсонес.[590] Прифаќајки го фактот дека Владимир се покрстил во Херсонес, Сергеј Белјаев детално го разработил прашањето кое се однесува на тоа во која од византиските цркви кои се наоѓале во Херсонес, Владимир бил покрстен.[591]

Откако Владимире се покрстил, се покрстиле и болјарите, а под закана од казни започнале да се покрстуваат и жителите на Киев и воопшто на цела Русија. Формално по ова Русија станала христијанска земја. Биле изгаснати огновите на кои ги палеле мртвите, исто така биле изгаснати и огновите на богот Перун околу кои биле принесувани жртви, но во селата уште долго по христијанизацијата биле зачувани некои пагански обичаи. Паганството се измешало со христијанството. Црквата во Русија била организирана на следниов начин: на чело на црквата стоел киевскиот митрополит кој бил назначуван од Константинопол или пак од самиот велики кнез во Киев со накнадно избран собор од епископи (Свет Синод). Во големите градови се наоѓале епископи, кои биле задолжени за сите црковни работи во епархијата (црковно-административна единица). Митрополитот и епископите владееле со земјите, селата и градовите: тие имале свои слуги, робови па дури и сопствена полиција. Кнезовите го подржувале одржувањето на црквите со давање на десеток, односно, давање десетина од даноците и таксите кои им биле плаќани. Црквата имала свој сопствен суд и специјално законодавство, со чија помош силно и беспречено се мешале во семејниот и интимниот живот, како и во мислите и нормите во однесувањето на луѓето.[592]

---

[589]М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 209

[590]Исто, 209; В. Мошин, Новгородски листиħи и Остромирово јеванђеље, 23; С. А. Белаяев, О називание церкви вкоторой был крещен князь Владимир, Православие и церковь, Древняя Русь. Вопросы медиевистики, № 2(4), 2001, 51-68. Е. Голубински и В. В. Мавродин сметаат дека Владимир се покрстил во Киев, М. В. Левченко, Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире, 210

[591] Види детално за ова С. А. Белаяев, О називание церкви вкоторой был крещен князь Владимир, 51-68

[592]Б. А. Рыбаков, Рождение Руси, 81-82

Според „Повесть временных лет“ по покрстувањето, Владимир во Киев ја изградил црквата посветена на Пресвета Богородица, попозната уште и како Десетинска црква. Овој назив Десетинската црква го добила бидејќи за нејзиното издржување била одделувана една десетина од приходите на кнежевската фамилија.[593] Оваа црква била градена во периодот од 989 до 996 г., а била осветена на 12 мај, ден недела во 996 г.[594]

Сепак не располагаме со ниту едно сведоштво за создавање на црковна организација во Киевска Русија по покрстувањето на кнезот Владимир. Единствен извор кој зборува за дејноста на митрополитот Михаил Сирин, назначен во Русија од страна на патријархот Фотиј и шесте митрополити кои нему му биле потчнети е Никоновскиот летопис.[595] Во Киев во моментот на покрстувањето на Владимир постоела и дејствувала епархија, која била создадена во 60-те години на IX век. Руската митрополија која постоела во 80-те години на X век, а за која има податоци во списокот на митрополии потчинети на константиополската патријаршија, била регистрирана под реден број 60. Тоа значи дека тоа не можела да биде штотуку основаната епархија, создадена после покрстувањето на кнезот Владимир.[596]

Според В. Мошин, кнезот Владимир се покрстил во Херсонес, најверојатно од тамошните епископи и свештеници. Двајца од нив посебно се истакнуваат, тоа е Анастас Херсонец, кој му помогнал на Владимир да го освои Херсонес. Имено, тој му кажал на кнезот каде се наоѓаат цевките кои донесувале вода во градот, а за награда ја добил позицијата протопоп во Киевската црква Пресвета Богородица. Вториот е Јоаким Херсонец којшто во 991 г. се наоѓал на висока позиција, односно бил новгородски епископ, којшто, според В. Мошин, му вршел услуги на Владимир во преговорите со цар Самуил. Во црковната историја на Никифор Калист Ксантопул има податок за митрополитот Севастијски Теофилакт, кој бил преместен во Русија во времето на Василиј II. В. Мошин смета дека многу е веројатно тоа лице да е идентично со митрополитот Севастијски Теофилакт, кој според ерменскиот историчар Асохих, од императорот Василиј II им бил испратен на „Бугарите“ односно на цар Самуил, како придружба на

[593]Види за ова кај, Ѓ. Поп Атанасов, Охридската книжевна школа во времето на царот Самоил и почетоците на руската црковна книжевност, Кирилометодиевската традиција и Македонско-Руските духовни и културни врски (по повод 1150 години од Моравската мисија и од словенската писменост), Охрид, 2013, 25
[594]Види, В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 158 и ПВЛ, 54-55
[595]В. Мошин, Новгородски листићи и Остромирово јеванђеље, 23
[596]М. Ю. Брайчевский, Утверждение Христианства на Руси, 112

некоја жена која личела на принцезата Ана, поради склучување на брак којшто бил Самуилов услов за помирување со Византија. Според Асохих, откако таа жена дошла и откако се дознало која е таамитрополитот бил осуден како прељубник и измамник. В. Мошин смета дека во текот на преговорите на Владимир со Самуил се дознало за оваа афера на Севастијскиот митрополит па затоа ниту во руските ниту во византиските извори нема никакви податоци за неговата акција за време на покрстувањето на кнезот Владимир и неговите поданици. Според Кедрин и Зонара вестите за паѓањето на Херсонес и заканата која доаѓала од Владимир за напад на Константинопол предизвикале голема вознемиреност во престолнината на Византија, посебно вознемиреност предизвикале преговорите на Владимир со Самуил. После преговорите за безусловната потреба на Владимир да се покрсти и по неговото покрстување,според летописот, дошла во Херсонес принцезата Ана со великодостојници и со презвитери. Односно откако кнезот Владимир бил покрстен од страна на Херсонскиот епископ, бил извршен чинот на венчавање со принцезата Ана. По ова, Владимир и Ана, заедно со херсонеските свештеници се вратиле во Киев, а Херсонес им го предал на императорите. Не е без значење отсуството на споменот за доаѓањето на византискиот епископ, како и податокот за покрстувањето на кнезот Владимир од страна на Херсонескиот епископ, доколку токму во тоа време биле водени преговори со цар Самуил за проблемите околу организирање на рускатамитрополија со богослужба на словенски јазик.[597]

Според В. Мошин, првиот епископ на Новгород, Јоаким е тој што од Охрид ги донел од Самуил испратените македонски црковни ракописи. Исто така тој смета дека во Киев, како што знаеме, постоела црковна општина и црква Св. Илија уште во Хв. каде што била развиена словенската писменост. Јоаким во Новгород се судрил со цврсто вкоренетото паганство коешто тој требало да го искорени, но освен ова нему му престоела и задачата пресадување на христијанската писменост и подготовката на просветено свештенство. В. Мошин смета дека Јоаким Херсонецот во Новгород донел голем број на калиграфски ракописи од Самуиловиот охридски поклон.[598]

Мислењето на В. Мошин изгледа прифатливо ако се има во предвид дека во времето на цар Самуил фактички Охридската духовно-книжевна школа била единствен

---

[597] В. Мошин, Новгородски листићи и Остромирово јеванђеље, 23-24
[598] Исто, 27-28

активен центар на словенската писменост, а Охридската патријаршија единствена црковна организација на православните Словени. Со проширувањето на Самуиловата држава и освојувањето на Бугарија, границата на Македонија се проширила до долен Дунав и таа станала сосед на Киевска Русија. Со ова се олеснила меѓусебната комуникација помеѓу двете држави и се создале услови за идното црковно и културно влијание на Охридската патријаршија и Охридската школа врз целосната христијанизација на руската држава и народ.[599]

Според академик Ѓорѓи Поп Атанасов денес веќе не е возможно со валидна научна аргументација да се оспорува фактот дека христијанизацијата на Киевска Русија и покрстувањето на Русите во 988 г. било дело на Самуиловата Македонија и Охридската патријаршија. Според него, од Македонија, односно од цар Самуил, во Русија биле испратени епископи, свештеници и ѓакони, но исто така и соодветни црковни книги со што била поставена основата на православната црква во Русија, која добила православна богослужба, своја црковна хиерархија и словенска писменост. Според М. Сперански во почетниот период од христијанизацијата на Русија влијнието од Македонија било најзначајно. Според, Попруженко Охридската патријаршија била „столб на православна Русија“. Според Поп Атанасов првиот Киевски митрополит Михаил – бил митрополит од 988 до 991 г. - потекнувал од хиерархијата на Охридската патријаршија. Тој смета дека, кнезот Владимир се сродил со цар Самуил со тоа што за сопруга јаземал охридската принцеза Ана.[600] Имено, за времето на управување на овој митрополит има две мислења. Едното е дека тој бил прв митрополит во Киев по покрстувањето од 988 г., а другото мислење е дека тој бил вториот киевски митрополит, претходник му бил Леонтиј. Иако ова прашање останува отворено и нерешено, преданието на Руската Црква го признава Михаил како прв, а Леонтиј како втор Киевски митрополит. Киевскиот митрополит Михаил е канонизиран за светец.

---

[599] Ѓ. Поп Атанасов, Охридската книжевна школа во време на царот Самоил..., 22

[600] Исто, 22 и А. М. Пентковский, „Охрид на Руси“: Древнерусские богослужбеные книги как источники для реконструкции литургической традиции охридско-преспанского региона в X-XI столетиях, Кирилометодиевската традиција и Македонско-Руските духовни и културни врски (по повод 1150 години од Моравската мисија и од словенската писменост), Охрид, 2013, 57

Фактот дека најстарите руски книжевни споменици кои настанале во XI век во себе содржеле јасни јазични и други особености, упатувале на тоа дека тие биле пишувани врз основа на јужнословенски антигрифи, кои се поврзани со Охридската книжевна школа.[601]

Според рускиот научник А. Пентковскиј кога кон крајот на X и почетокот на XI век во Киевска Русија започнала да се распространува богослужбата на старословенски јазик единствен независен државен и црковен центар во јужнословенските земји во којшто старословенскиот јазик се користел во богослужбата и од којшто можеле да бидат позајмени словенски книги за богослужба, во тоа време се наоѓал во Охридско-преспанскит крај.[602]

Најголем допринос во врска со ова дал В. Мошин кој открил дека Новгородските листови биле остаток од Самуиловиот евангелски кодекс, кој бил испратен од македонскиот владетел царот Самуил, во Русија во 991 г. Според В. Мошин најстариот датиран руски ракопис Остромировото евангелие од 1056-57 г. претставувал препис од ова македонско евангелие.[603]

Во прилог на масовното движење на книжевни споменици од Охрид кон Киев говори и фактот дека книжевните дела на Св. Климент биле зачувани претежно во руски преписи, а некои од нив се наоѓале во исклучително архаични руски кодекси. Но, од Охрид во Киев, освен книжевни дела и свештеници, биле испраќани и книжевни дејци и мајстори-градители.[604]

Ѓ. Поп Атанасов смета дека по паѓањето на Самуиловото царство под власт на Византија во 1018 г. икога византиските црковни власти под изговор дека содржат еретички текстови, ги уништувале словенските црковни книги, еден дел од македонските книжевни дејци заминале во Русија и со себе тамуоднеле и словенски книги. Тие таму, смета, Поп Атанасов, ја продолжиле својата книжевна дејност.[605]

Први руски светци се браќата - кнезови Борис и Глеб (кога се покрстиле ги добиле имињата Роман и Давид), синовите на великиот киевски кнез Владимир и неговата

---

[601]Ѓ. Поп Атанасов, Охридската книжевна школа во време на царот Самоил..., 22

[602]А. М. Пентковский, „Охрид на Руси“: Древнерусские богослужбеные книги как источники для реконструкции литургической традиции охридско-преспанского региона в X-XI столетиях, 57

[603]В. Мошин, Новгородски листићи и Остромирово јеванђеље, 11- 63

[604]Ѓ. Поп Атанасов, Охридската книжевна школа во времето на царот Самоил, 14-25 и А. М. Пентковский, „Охрид на Руси“: Древнерусские богослужбеные книги..., 56-57

[605]Исто, 25

сопруга Ана, византиската принцеза. Според официјалната верзија за нивната смрт, тие по смртта на нивниот татко Владимир во 1015 г. биле убиени од нивниот брат Светополк. По нивната смрт тие биле канонизирани во ликот на маченици-страстотрпци (во Православната Црква така ги нарекуваат сите христијански маченици кои претрпеле страдања во име на Исус Христос) и тие се сметале за покровители на Руската земја и небесни помошници на руските кнезови.

На Борис и Глеб им биле посветени едни од првите споменици на староруската литература и тоа: „Сказанието“ од Јаков Црноризец и „Читањето за животот и погубувањето на страстотрпителите Борис и Глеб“ од Нестор Летописец. Во нивна чест биле изградени мноштво на цркви и манастири. Тие биле канонизирани во 1072 г.[606]

---

[606]Види повеќе кај А. А. Шахматов, Разысканія о древнейшихъ русскихъ летописныхъ сводахъ, 29-97, ПВЛ, 59-62 и В. Я. Петрухин, Крещение Руси, 177-186

# ГЛАВА V

## 5.1 КУЛТУРНИТЕ ВРСКИ МЕЃУ ВИЗАНТИЈА И РУСИЈА

Во текот на целокупното постоење на Староруската држава најинтересни и повеќе слојни биле нејзините културни врски со Византија. Солидна основа за овие врски претставувале економските и политичките односи на Киев со Константинопол. Со христијанизацијата на Киевска Русија се отвориле уште пошироки можности за проникнувањето на византиската култура во Русија.

Византиската цивилизација се покажала како длабоко и одржливо средство за влијание врз развојот на многу држави во средниот век. Опсегот на распространетоста на влијанието на византиската култура бил многу широк. Тој се чувствувал во Сицилија, Јужна Италија, Далмација, државите на Балканскиот Полуостров, Стара Русија, кај народите во Задкавказјето, Северен Кавказ и Крим, сите овие во помал или во поголем степен биле во контакт со византиското образование. Најинтензивно византиската култура се распространила во оние земји кои го прифатиле православието.[607]

Културните врски помеѓу Византија и Стара Русија не можат да се разделат од целосниот комплекс на нивните меѓудржавни, економски и политички односи. Развојт на овие врски и нивните конкретни форми биле условени како од особините на историите на двете земји, така и од карактерот на таа политичка и историска конјуктура, која еволуирала во различните етапи од односите помеѓу Византија и Киевска Русија на меѓународната сцена.[608]

Античкото и хеленистичкото културно наледство, преку Византија се пренесувало и кај другите народи. Па затоа влијанието на византиската култура во средниот век во голема мера се јавува како продолжение на распространетата илјадагодишна културна традиција на грчко-римскиот и источно-хеленистичкиот свет во земјите од Југоисточна и

[607]З. В. Удальцова, Культурные связи Древней Руси с Византии, ВВ, т. 42, 1981, 25
[608]Г. Г. Литаврин, Культурные связи Древней Руси с Византии в X-XII вв. (опыт исторической характеристики), Балканские исследования проблемы истории и культури, Москва, 1976, 254

Источна Европа. Перцепцијата на елементите од византиската цивилизација во Бугарија, Србија, Грузија, Ерменија и Русија придонеле за понатамошниот развој на феудалното општество во овие држави, одговарале на нивните внатрешни потреби и го подигнале нивниот меѓународен престиж. Но силата и размерот на влијанието на византиската цивилизавија, сепак не треба ниту да се преувеличува, ниту пак да се омаловажува. Влијанието на Империјата во различите културни сфери се појавувало со нееднаков интензитет. Во некои области произлегувала синтеза од византиското наследство и местната културна традиција, а во други области византиските перцепции биле поистакнати и се наметнувале над тенкиот слој на оригиналната култура на еден или на друг народ.[609]

Стабилизацијата на културните врски помеѓу Византија и Киевска Русија придонела исто така никогаш да не бидат прекинати односите помеѓу византиската и руската црква кои во тоа време имале огромно значење во културното општење на народите. Дури и во периодите на остро влошување на политичките односи меѓу двете држави, руската црква била должна да функционира и да ги поддржува стриктно официјалните контакти со константинополскиот патријарх на којшто таа му била потчинета.[610]

Во оценувањето на карактерот и значењето на византиското влијание врз културата на Стара Русија во науката постојат дијаметрално спротивни гледишта. Некои научници сметаат дека византиската цивилизација речиси била единствен извор на културата на Древна Русија, а Староруското уметничко творештво претставувало покраински огранок на префинтетата уметност од Константинопол. Други научници пак, имаат обратно мислење, односно сметаат дека Староруската култура се развивала самостојно и исклучуваат било какви надворешни влијанија во нејзиниот развој. Сепак научната вистина лежи некаде на средината. Во последно време со развојот на науката и со сè поголемиот број на археолошки пронајдоци, станало исклучително јасно дека византиската култура претставувала закономерна и важна етапа во развојот на светската култура.[611]

---

[609]З. В. Удальцова, Культурные связи Древней Руси с Византии, 25-26

[610]Г. Г. Литаврин, Культурные связи Древней Руси с Византии в X-XII вв. (опыт исторической характеристики), 254-255

[611]З. В. Удальцова, Культурные связи Древней Руси с Византии, 26

Кон крајот на X– почетокот на XI век во Стара Русија (во краен случај во Киев) епизодно или со текот на подолго време живееле претставници на културното општество на Империјата, а во Византија постоеле и постојано се обновувале руски колонии и монашки собранија кои ја подржувале врската со татковината и се наоѓале во континуирана комуникација со византискиот културен свет. Оддалеченоста помеѓу овие две држави несомнено ги отежнувала културните комуникации помеѓу нив. Интересот за византиската култура во Староруското општество никогаш не бил комплициран од заканата за директна агресија од страна на Византија.[612]

Најмногу во Стара Русија византиското влијание се чувствувало во областа на црковната идеологија, канонското право, литургијата, богослужбената литература, химнографијата, црковната музика и црковната уметност. Нема сомнеж дека Византија играла голема улога во развојот на Староруската уметничка култура, но ниту овде византиското влијание не било семоќно и стабилно. Силата на влијанието на византиската цивилизација и размерот на византиското влијание врз уметничкото творештво во Стара Русија просторно и временски варирала. Најкорисни и најинтензивни контакти со Византија имале  Јужните и Југозападните области на Русија, додека најслаби контактите биле во Северните области на Русија. Во различни фази од развојот на Староруската култура, степенот на влијание на византиската цивилизација се зголемил, а потоа и исчезнал. Имало периоди на зближување и оддалечување, привремено раскинување на културните врски, но и нивно интензивно обновување. Временски најактивните контакти помеѓу Киевска Русија и Византија во сферата на уметничкото творештво биле од крајот на X до средината на XII век. Центарот на културните врски меѓу Византија и Русија во тоа време бил Киев. Тој бил непосредно поврзан со престолнината на Империјата. Имено, во Киев од Константинопол пристигнувале дипломатски мисии со богати дарови од византиските императори, пристигнувале византиски духовници со задачи испратени од константинополскиот патријарх, овде доаѓале карвани со византиски трговци кои носеле раскошни предмети и производи од византиската уметност. Киевските кнезови први започнале од Византија да ги поканувааат византиските мајстори: архитекти, сликари

[612]Г. Г. Литаврин, Культурные связи Древней Руси с Византии в X-XII вв. (опыт исторической характеристики), 255

(зографи), каменорезбари, мајстори за мозаици и јувелири. Имено, во Киев, со помош на византиските архитекти започнале да се градат палати.[613]

Стара Русија со сила (по пат на војна) ѝ се наметнала на Византија како партнер (сојузник) во системот на нејзините меѓудржавни односи. Но во исто време Киевска Русија потпаднала во сферата на влијанието на високата византиска цивилизација. Несомнено културните контакти во тоа време биле сè уште површински, но не е можно тие целосно да се одрекуваат. По првиот руски поход на Константинопол во 860 г. дел од Русите го прифатиле христијанството и тоа довело до спроведување на официјални мерки за организирање на христијанска црква во Русија. Веќе во X век во Киев постоела црквата Св. Илија. Првиот, дохристијанскиот период од културните контакти помеѓу Византија и Киевска Русија имале „подготвителен " карактер, но не треба во целост да се елиминира неговото значење. Во тоа време во Русија започнало да проникнува еден важен културен фактор, а тоа е словенската писменост.[614]

Веќе видовме дека В. Мошин успеал да докаже дека првите словенски книги за богослужба во Киевска Русија дошле од Охрид, а биле испратени од цар Самуил. Нив во Русија ги донел првиот епископот на Новгород Јоаким. Новгородските листови, како што открил В. Мошин, биле остаток од македонски евангелски кодекс, којшто Самуил ги испратил во Русија во 991 г. Најстариот датиран руски ракопис Остромировото евангеле создадено во 1056-57 г. претставува препис од ова мекадонско евангелие.

По прифаќањето на христијанството како државна религија на целата територија на Киевска Русија, започнал нов период во византиско-руските односи. Стара Русија влегла во византиската религиозно-културна сфера. Во овој период Стара Русија ги освоила и се адаптирала на основните вредности на византиската цивилизација. Во тоа време во целост се формирале и основите на Староруската култура во до монголското време. Византија пак, се стремела со максимална целост да го зацврсти во Русија своето културно и идеолошко влијание.[615]

Византиското влијание во културата на Староруската држава најмногу се одразило во архитектурата на Киевска Русија. Од Византија во Русија кон крајот на X и почетокот

---

[613] З. В. Удальцова, Культурные связи Древней Руси с Византии, 27-28

[614] Г. Г. Литаврин, Культурные связи Древней Руси с Византии в X-XII вв. (опыт исторической характеристики), 256

[615] Исто, 257

на XI век било прифатено византиското каменорезбарство. За разлика од Западна Европа каде што во тоа време само во одредени региони се случувал бавен и тежок процес на преод од дрвени конструкции кон камени сводови, Киевска Русија веќе многу порано добила од Византија во суштина готова форма на софистициран систем на сводни и куполни подови. Првиот храм изграден од камен во Киевска Русија бил храмот посветен на Пресвета Богородица т.н Десетинска црква, градена во периодот од 989 до 996 г. и тој според рускиот летопис бил изграден од византиски мајстори. Овој храм се градел под покровителство на великиот кнез Владимир.[616]

Имено, во врска со изградбата на овој храм интересно е мислењето на Олег Јоанисјан кој според најновите археолошки ископувања на Десетинската црква во Киев констатирал дека за градењето на ваков голем храм биле потребни мајстори какви што во тоа време во Русија немало. Тој дошол до заклучок дека црквата е од базиликален тип, какви што во Византија веќе одамна не се граделе, додека пак, ваквиот тип на градење на цркви сè уште била актуелна кај Јужните Словени. Според О. Јоанисјан имало можности мајсторите што ја граделе Десетинската црква во Киев да дошле од словенскиот Југ, односно од Балканот.[617]

Друг важен културен елемент којшто дошол од Византија во Киевска Русија заедно со христијанството е византиската уметност. Веќе од средината на XI век црквата Св. Софија во Киев и нејзината мозаична декорација претставувале пример за многубројните градби кои ги граделе византиските мајстори кои биле во служба на руските кнезови. Русите, познавајќи ги во поголема или помала мера византиските планови, како материјал за изградба на своите цркви користеле дрво. Планот на овие цркви најчесто бил во облик на грчки крст со истакната апсида, но куполата била заменета со кров во вид на пирамида.[618]

Од крајот на X до крајот на XI век стара Русија се преобразила во една од цивилизираните земји во Европа. Таа располагала со сопствен кадар на високо образовани луѓе не само помеѓу духовниците, туку и помеѓу световните лица. Но веќе од крајот на XI век меѓудржавните односи помеѓу Византија и Киевска Русија значително се измениле

---

[616]З. В. Удальцова, Культурные связи Древней Руси с Византии, 28

[617]Ѓ. Поп Атанасов, Охридската книжевна школа во времето на царот Самоил..., 25

[618] L. Breje, Vizantijska Civilizacija, Beograd, 1976, 494

Трговските врски го изгубиле поранешното значење во надворешната политика на руските кнезови. Веќе кон крајот на XI век во Киевска Русија била основана руската зографска школа. Познавањето на високо уметничките идеали на византиското занаетчиство несомнено резултирало со брз прогрес на руската применета уметност. Византиските работилници за производство на стакло за мозаици и на уметничко стакло биле отворени во Киев веќе на крајот на X и почетокот на XI век. За едно столетие ситуацијата се изменила, односно, биле отворени руски работилници за производство на стакло за мозаици и на уметничко стакло, кои им биле конкуренти на византиските.[619]

Културните врски помеѓу Византија и Киевска Русија одиграле голема историска улога во развојот на Староруската култура. Влијанието на најразвиената земја во средновековна Европа во периодот од IX до XI век, било плодотворно и многуобразно. Благодарение на тоа Киевскаа Русија пристапила кон богатствата на античката, во суштина хеленистичка цивилизација, кон морално-естетичките идеали на ранохристијанската епоха, кон традиционалната блескава византиска уметност. Активно и творечки примајќи го и преработувајќи го тоа богато наследство, Стара Русија го нашла сопствениот пат на културниот развој: таа самата станала извор на високо културни вредности.

Соседството со светот на мног уразгранетата византиска цивилизација необично го проширила хоризонтот на рускиот човек. Културното општење со Византија содејствувало со оформување на Староруската народност, со осознавање на Русите самите со себе како посебна историска, етничка, политичка и културна заедништа.[620]

---

[619]Г. Г. Литаврин, Культурные связи Древней Руси с Византии в X-XII вв. (опыт исторической характеристики), 258-259
[620]Исто, 262




Слика 2: Византиската Империја по смртта на императорот Василиј II (976-1025 г.) во 1025 г.

## ЗАКЛУЧОК:

Во текот на VIII век Византија се наоѓала под постојан притисок од своите соседи Арабјаните и Бугарите, кои вршеле напади како во пограничните области, така и во внатрешноста на Империјата. Поради ова Византија често водела војни против нив, кои имале променлив карактер. По арапската опсада на Константинопол во 717-718 г. Арабјаните кои претрпеле пораз пред престолнината на Источната Римска Империја се повлекле и во текот на наредните неколку години конфликтите помеѓу Империјата и Калифатот добиле карактер на погранични судири. Значајно е да се напомене дека Хазарите биле сојузници на Византија во војните против Арабјаните. За да го зацврсти византиско-хазарскиот сојуз императорот Лав III го оженил својот син со ќерката на хазарскиот владетел. Сепак во истиот овој временски период, кога на Исток стивнала заканата од Арабјаните, на Запад Византија започнала војните со Бугарите.

Со доаѓањето на власт на императорот Лав III Исавриец во Византија започнало иконоборското движење. Ова движење е антицрковно и верско движење кое гизабранува иконите, фреските, киповите, реликвите и други визуелни претстави за светците. Иконоборското движење во Византија траело речиси сто години.

Константин V Копроним наследникот на Лав водел дури девет воени походи против Бугарите, а овие походи не секогаш завршувале со победа за Византијците. Копроним бил еден од оние императори коишто речиси целиот живот го поминале на боиштето. Тој за време на последниот поход против Бугарите и починал.

Додека Византија ги зајакнувала своите позиции на Исток, односно водела војни за спас на Империјата со Арабјаните и Бугарите, до промена дошло на Запад во Италија. Византија ја изгубила Италија, во 751 г. Лангобардите го освоиле градот Равена со што престанал да постои Равенскиот егзархат. Равенскиот егзархат претставувал центарот на византиската моќ во Италија, а истиот бил основан од императорот Маврикиј во 584 г. Во 756 г. откако Франките ги победиле Лангобардите, а поголемиот дел од териториите кои го опфаќале егзархатот ги предале на папата. Во 756 г. била формирана папската држава.

По смртта на императорот Лав Хазарецот во Византија владеела неговата сопруга Ирина како регент на нивниот син Константин VI. Интересно е да се спомене дека во тоа време иконоборството било обновено, а во 787 г. во градот Никеја бил одржан Седмиот Вселенски собор, познат како Втор никејски собор. Соборот бил свикан од младиот император Константин VI и неговата мајка Ирина. Целта на овој собор било повторно да се воведат иконите како предмет на почитување во црквата, кои според одлуките донесени на соборот од 754 г. одржан во Констанинопол, а свикан од императорот Константин Копроним, биле забранети. Императорката Ирина покрај тоа што била паметна и убава, таа била и властољубец, па така во 797 г. по нејзина наредба бил ослепен нејзиниот син императорот Константин VI. Таа самостојно управувала со Империјата од 797 до 802 г.

Додека во Византија ситуацијата била сложена и тешка, а власта се наоѓала во рацете на еднажена, на  Запад се родила моќната Франечка држава, во тој временски период предводена од еден од најголемите средновековни владетели, Карло Велики.

Карло Велики бил еден од одние владетели кои се одликувале со храброст, мудрост дипломатски вештини, но во исто време бил и амбициозен. Тој откако ги решил проблемите на папата, во знак на благодарност од страна на папата во 800 г. на 25 декември бил крунисан за император. Покрај ова тој отишол уште подалеку, односно сакал да се ожени со императорката Ирина. Откако не успеал  додека бил жив Константин VI да ја омажи својата ќерка со него, Карло ѝ предложил брак на Ирина, но и до овој брак не дошло бидејќи во 802 г. во Византија бил направен преврат, Ирина била симната од власт, а на престолот седнал императорот Никифор I.

Додека Византија се борела против надворешните непријатели, внатре во државата започнало иконоборското движење, на Север од нејзините Црноморски владенија полека но сигурно се формирала нова држава која наскоро ќе започне непријателски дејствија против Империјата.

Иако Јорданес е прв којшто го споменува називот Рос, сепак сепак прв извор кој дава попрецизна географска местоположба на народот Рос е „Описот на светот“ – средина на VI век - којшто претставува анонимен додаток на Хрониката на сирискиот писател Захарије Ритор. Според овој извор народот Рос живеел Северно или Северозападно од прицрноморските степи. Според пишаните извори називот Рус и Руска земја се употребуваат во поширока смисла, односно за целото руско етничко подрачје кое ја

опфаќа територијата од Ладошкото Езеро до реката Дњестар и од Карпатите до реката Волга, но исто така и во потесна смисла. Називот во потесна смисла се однесува на областа околу Киев, на подрачјето околу реката Рос која е притока на реката Дњестар, западниот дел на подоцнежното Перејеславско кнежество и југозападниот дел на Черниговското кнежество, па до градовите Курск и Трубичевск. Ова е подрачјето на „Внатрешна Русија“ коешто претставува јадро на подоцнежната Киевска држава, односно Киевска Русија. Освен пишаните извори, докази и податоци црпиме и од археолошките – материјалните - извори. Во гробовите на воините биле пронајдени големо количество на накит и оружје, дел од домашно, а дел од византиско потекло. Најголем број наоди биле најдени во долниот тек на реката Рос во околината на тврдината Родња која подоцна позната како Кнежева Гора. Ова подрачје може да се смета за средиште на племето или народот Рос.

За развојот на Киевска Русија значајни се двата државотворни центри кои допринеле за развојот на оваа средновековна држава. Првиот е градот Новгород кој се наоѓал, а и денес се наоѓа на реката Волхов, каде што во 862 г. започнал да владее кнезот Рјурик и вториот е Киев којшто во 882 г. го освоил кнезот Олег и таму ја пренел престолнината. Дотогаш Новгород бил престолнина на Русија. Всушност од овој момент може да се каже дека државата го добила името Киевска Русија.

Со Киевска Русија почнувајќи од 862 г. владеела династијата позната како Рјуриковци чиј основоположник бил кнезот Рјурик којшто според легендата дошол од Скандинавија. Имено, династијата која владеела со државата, како и болјарите и повидните војсководци биле по потекло од Скандинавија, односно биле Варјази или имале варјашко потекло. Ситуацијата со обичното население пак, е поинаква. На територијата на Русија живееле Источни Словени кои го чинеле мнозинството од населението, додека пак за време на експанзијата на Викинзите, но и уште пред неа, во Русија дошле Скандинавци познати како Варјази-Викинзи. Според ова може да се каже дека на територијата на Русија дошло до мешање помеѓу Словените, кои биле мнозинство и Варјазите кои биле малцинство и со текот на времето тие се словенизирале. Како официјален јазик бил користен старословенскиот, а исто така бил почитуван и пантеонот на словенските богови.

До првите контакти помеѓу Византија и Киевска Русија дошло кон крајот на VIII в. Односно според житието на Св. Стефан Сурожски кој починал по 787 г. набргу по смртта

на светецот дошло до руски напад врз градот Сурож. Нападот според овој извор завршил со покрстување на рускиот водач и на Русите. Сепак поради фактот дека станува збор за легендарни податоци, а и бидејќи други извори за ова не зборуваат  за ваков напад, дали се случил или не останува отворено. Неколку години подоцна, односно во првата половина на IX според житието на Св. Ѓорѓи Амастридски, дошло до втор руски напад врз Византиски поседи. Односно според податоците од житието овој пат Русите ја нападнале и ограбиле областа Пафлагонија која се наоѓала на северниот Малоазиски брег на Црното Море. Сепак поради тоа што дека и за овој напад исто како и за првиот немаме податоци од други извори не можеме со сигурност да кажеме дали се случил напад, и ако се случил како се одвивал истиот.

Податоци за руско пратеништво испратено во Константинопол, а потоа и во Ингелхајм – престолнина на Франечката држава - наоѓаме во Бертинијанските анали. Имено, според податоците од аналите во дворецот на Франечкиот крал Лудевик Побожниот во 838/9 г. заедно со пратеници од Византија дошле и пратеници Руси. Овде било открено дека тоа се всуштност Швеѓани и дека дошле сѐ со цел да шпијунираат. Што се случило со овие руски пратеници понатаму од аналите не е познато. Значајно е да се спомене дека, според аналите руската држава била управувана од каган (кан) што значи дека таа била каганат.

До прв и од изворите со сигурност познат руски напад врз престолнината на Византија дошло во 860 г. Иако овој напад бил датиран во 866 г. како што соопштува рускиот летопис, со откривањето на Бриселската хроника се докажало дека тој се случил во 860 г. Водачи на овој напад биле киевските кнезови Асколд и Дир. Нападот бил неуспешен, а според Окружното послание на патријархот Фотиј и според биографијата на императорот Василиј I напишана од Константин Порфирогенит по нападот и руското повлекување од под бедемите на градот, од Киев дошле руски пратеници во Константинопол и побарале тие да бидат покрстени.

По рускиот напад на Константинопол во 860 г., императорот Михаило III за да го зацврсти сојузот со Хазарите ги испратил во 861 г. Свв. Кирил и Методиј во мисија.

Во низата неуспешни напади врз престолнината на Византија спаѓа и нападот предводен од кнезот Олег во 907 г. Не гледаме причина за да не го прифатиме фактот дека овој напад, како што сметаат некои историчари, не се случил. Како единствен извор кој

говори за овој напад го имаме рускиот летопис кој иако на моменти неверодостоен, е од големо значење за проучувањето на ова прашање. Нападот на кнезот Игор во 941 г. кога неговата флота била катастрофално поразена од византиската флота вооружена со „грчки оган“, бил поразителен за рускиот кнез, но две години подоцна се случил и вториот поход. Во врска со вториот руски напад се и преговорите кои биле водени на реката Дунав по што Русите земајќи богати дарови од императорот Роман Лакапин се вратиле во својата татковина.

Кнегињата Олга, која владеела како регент во име на малолетниот Свјатослав е првиот руски владетел кој заминал во официјална посета во Константинопол. Таа ја посетила престолнината на Византија во 946 г. Која била целта на нејзината посета од изворите нам не ни е познато, но може да се претпостави дека таа отишла таму за да го обнови договорот потпишан меѓу Византија и Киевска Русија во 944 г. Во 954-955 г. според податоците кои ги дава Јаков Мниха кнегињата Олга се покрстила и со тоа станала првиот руски владетел којшто ја прифатил христијанската религија. По покрстувањето таа го добила името Елена според мајката на императорот Константин I Велики.

Свјатослав не тргнал по стапките на својата мајка, тој сакал да ја издигне својата држава по пат на војна и со силата на оружјето. Речиси целиот свој живот тој војувал. Во 965 г. го уништил Хазарскиот каганат.

Револтиран од постапката на Бугарите императорот Никифор II Фока започнал војна против нив, но бидејќи војувал во Азија тој решил да ги искористи Русите и тие да ја нападнат Бугарија. Во 968 г. започнала руско-бугарската војна, Русите предводени од кнезот Свјатослав во својство на сојузници на Византија ги нападнале Бугарите. Согледувајќи дека Русите освоиле мноштво градови во Бугарија, императорот Никифор ги потплатил Печенезите кои го нападнале Киев со што Свјатослав со дел од војската заминал да го брани градот. Откако го спасил Киев, ја погребал својата мајка и ја поделил државата помеѓу неговите синови, тој летото во 969 г. се вратил во Бугарија. Но оваа византиско-руска војна завршила со руски пораз и со мировен договор склучен во 971 г. Договорот бил склучен помеѓу кнезот Свјатослав и императорот Јован Цимискиј, наследникот на Никифор II. Додека траела византиско-руската војна, а престолот во Бугарија бил празен по смртта на царот Петар I, во Македонија избувнало востанието на комитопулите, кои за кратко време освоиле големи територии. Во 971 г. било ликвидирана

бугарската држава. Наследникот на Петар, неговиот син Борис II бил одведен во Константинопол.

Во 976 г. по смртта на Цимискиј на престолот седнал Василиј II, кој владеел сè до 1025 г. По смртта на Цимискиј избувнало второт востание на комитопулите кое било против Византија. Поради тоа што неговото владеење било загрозено од страна на узурпатори тој за помош се обратил кон рускиот кнез Владимир, синот на Свјатослав. Василиј испратил пратеништво во Киев со цел да побараат воена помош, а како награда на рускиот кнез му била ветена византиската принцеза Ана, сестрата на Василиј. Услов за Ана да му стане жена на Владимир било тој и неговиот народ да се покрстат. Рускиот кнез на ова се согласил. Во 988 г. 6.000 воини Варјази дошле во Византија и со нивна помош Василиј успеал да ги порази узурпаторите и да ја спаси Империјата. Откако минала опасноста, византискиот император не сакал да ја испрати својата сестра во Киев, иако истата таа 988 г. рускиот кнез се покрстил и наредил истото да го сторат и жителите на Киевска Русија. Револтиран од постапката на императорот, кнезот Владимир бил цврсто решен да го добие она што му било ветено, па така тој извршил опсада на градот Херсонес. Во тоа време најверојатно започнала, според мислењето на некои историчари и соработката на кнезот Владимир со македонскиот цар Самуил. Откако Василиј ја согледал ситуацијата и Херсонес бил освоен тој ја испратил својата сестра Ана во Херсонес каде што таа и Владимир биле венчани. Во 989 г. во Киев, кнезот Владимир наредил да започне изградбата на Десетинската црква која била завршена во 996 г., а била осветена на 12 мај истата година.

Секој од руските напади врз престолнината на моќната Византија завршувал со склучување на мировен договор. Мировните договори биле склучени после рускиот напад од 907 г. кога под бедемите на Константинопол бил склучен прелиминарен договор, а конечниот договор бил потпишан во 911 г. Договорот бил потпишан во име на кнезот Олег иимператорот Лав. Вториот мировен договор бил потпишан во 944 г. во име на кнезот Игор и императорот Роман Лакапин. За разлика од првиот договор според кој руските трговци имале големи трговски привилегии и биле ослободени од царински давачки, со вториот договор дошло до ограничување, односно укинување на привилегиите и повторно воведување на царински такси. Сето ова е секако резултат на катастрофалниот пораз во 941 г. кој Русите го претрпеле пред Константинопол. Со овој договор исто како и

со претходниот Русите биле обврзани да испраќаат свои воини во служба на Империјата. Договорот од 971 г. склучен меѓу императорот Јован Цимискиј и кнезот Свјатослав бил во корист на Византија.

Иако кнегињата Олга е првиот руски владетел којшто ја прифатил христијанската религија, Владимир е тој руски владетел којшто прв прифатил христијанството да стане официјална религија во Киевска Русија. Христијанизацијата на државата започнала уште многу одамна, ако им веруваме на податоците од житието на Св. Стефан Сурожски тогаш може да се каже дека таа започнала уште кон крајот на VIII век. Според податоците кои ги дава патријархот Фотиј по првиот руски напад на Константинопол од 860 г. еден дел од Русите и нивните кнезови Асколд и Дир се покрстиле, а во X век во Киев постоела и црквата Св. Илија, а воедно со тоа и црковна општина. Во договорот од 944 г. забележуваме дека меѓу руските пратеници имало христијани и нехристијани што значи дека, христијанството веќе во голема мера било познато во Киевска Русија. Конечното покрстување го извршил кнезот Владимир во 988 г. Тој лично, но и негвиот народ се покрстиле и со тоа пристапиле кон христијанскиот комонвелт и кон редот на цивилизираните европски држави. Освен ова со прифаќањето на христијанството под патронажа на Византија, Русија се нашла и во византиската сфера на влијание. Откако се покрстил, а потоа и го освоил Херсонес тој ја добил за жена принцезата Ана и со тоа стапил во роднински врски со императорот Василиј II. Откако се покрстил кнезот Владимир го добил името Василиј, според името на императорот Василиј II.

Рака под рака со прифаќањето на христијанството, а уште и во времето кога руските пратеници доаѓале во Константинопол за да преговараат во врска со склучување на мировните договори во Киевска Русија започнала да проникнува и византиската култура. Руските трговци кои заминувале да тргуваат во Византија, освен производи специфични за Империјата на враќање во Киев со себе доведувале и мајстори од Византија. Присуството на византиски мајстори, градители, зографи, каменорезбари и архитекти се зголемило по 988 г.

Првите црковни книги на старословенски јазик за богослужба во Киевска Русија пристигнале во 991 г., а биле испратени од Охрид како подарок на царот Самуил за кнезот Владимир. Овие книги во Киев ги донел епископот на Новгород Јоаким Херсонец. Според најстарите црковни записи во Киев создадени во X век, може да се заклучи дека

влијанието на Охридската книжевна школа било широко распространето во Русија. Освен црковните книги кои од Охрид биле однесени во Киев, од Балканот, а можеби и од Македонија биле и мајсторите кои ги граделе црквите во Киевската држава.

Први руски светци се браќата Борис и Глеб, кои кога се покрстиле ги добиле имињата Давид и Роман, синови на кнезот Владимир, а биле убиени во 1015 г. Тие биле канонизирани во 1072 г.

Со примањето на христијанството во Киевска Русија започнала нова ера, таа во очите на нејзините соседи престанала да биде варварска држава и започнала да чекори по патот по кој веќе оделе цивилизираните европски држави. Придобивките од покрстувањето на оваа, млада и сè уште во фаза на развивање држава, биле значајни и за самата Русија но и за Византија. Со воведувањето на Киевска Русија во светот на христијанството, но и во византиската сферата на влијание, Византија успеала да реши еден проблем кој ја вознемирувал еден век. Освен тоа Русија како христијанска земја, а по женидбата на кнезот Владимир со принцезата Ана стапилаи во роднински врски со владетелите во Византија, можела на Империјата да и пружа солидна воена помош, која во критичните моменти за Империјата ѝ била од огромно значење.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

### а) Извори


1. *Беретинские анналы – Annales Beretiniani*, PDF, библиотека Восточная Литература.
2. *Всеобщая история Степ'аноса Таронского Асох'ика по прозиванию*, писателя XI века, переведена с армянского и обьяснена Н. Эминым, Москва, 1864 г.
3. *Две византийские хроники X века - Псамфийская хроника и Иоанн Камениата Взятие Фессалоники*, редактор М. Я Сюзумов, Москва, 1959
4. *John Skylitzes, A Sinopsis of Byzantine History 811-1057*, Translated by John Wortley, Cambridge University Press, New York, 2010 g.
5. Constantini Porphyrogeniti imperatoris, *De ceremoniis aulae Byzantinae*, libri duo, Rsc. I. I. Reiske, Bonnae, 1829, V.1
6. Константин VII Багрянородный, *Об упралениии империей*, Наука, Москва, 1991г.
7. Константин Порфирогенит, *Отемама - О народима*, Мандала, Београд, 2014 г.
8. Лев Диакон, *История,* Наука, Москва, 1988 г.
9. *Leonis Diaconi, Historiae – Льв Дякон, История*, Гърцките извори за българската история, том V, София, 1964 г.
10. *Leo Grammaticus - Лав Граматик*, Гърцките извори за българската история, том V, София, 1964 г.
11. *Летопись византийца Феофана от Диоклетиана до царей Михаила и сына его Феофилакта*, Москва, 1858 г.
12. Лиудпранд Кремонски, *Разплата - История на Отон - Пратеничество в Константинопол*, Предговор, превод од латински и коментар Лиляна Симеонова, София, 2015 г.
13. Никифор Константинопольский, *Краткая история со времени после царствования Маврикия*, Часть II, PDF

14. *Память и похвала князу русскому Владимиру Иаков Мниха и Житие князя Владимира*, reprinted from the editions of V. I. Sreznevskij (S.Petersburg, 1897) and A. A. Zimin (Moscow, 1963)
15. *Панонски легенди*, Ј. Таковски, Д. Миловска, Скопје, 2001 г.
16. *Патриярх Фотий, Окружное послание 867 года*, В. П. Кузенков, Российский Православный Университет Св. Апостола Иоанна Богослова, Москва,
17. *Памятники русского права. Выпуск первий. Памятники права Киевского государства X - XII в.*, составил А. А Зимин, Москва, 1952 г.
18. *Повесть временных лет,* Augsburg, Москва, 2003 г.
19. *Продолжатель Феофана. Жизнеописания византийских царей*, Наука, Санкт-Петербург, 1992 г.
20. *Sinopsis Historiarum incipines A Nikiphori Imperatoris á Genicis obitu ad Isacii Comneni imperium conscripta A Joanne Scylitze Curopalata и Magno Drungario Vigiliae* - http://bdh-rd.bne.es/viewer.vm?id=0000022766
21. *Scylitzes-Cedrenus – Скилица-Кедрин*, Гръцките извори за българската история, том VI, София, 1965 г.
22. Угриновска-Скаловска Р., Басотова Љ., *Сведоштва за Кирил и Методиј (словенски и латински извори)*, Скопје, 1989 г.
23. Успенский Порфирий, *Четирые беседы Фотия Святейшего архиепископа Константинопольскаго и расуждение о них*, Императорская Академия Наук, Санк-Петербург, 1864 г.

**б) Литература**

1. Ангелов Д., Чолпанов Б., *Българска военна история през средновековието X-XV век*, БАН, София, 1994 г.
2. Антолјак Стјепан, *Средновековна Македонија,* том I, Мисла, Скопје, 1985 г.
3. Ариньон Жан-Пол, *Международные отношения Киевской Руси в середине X в. и крещение княгини Ольги*, ВВ, том 41, 1980 г.

4. Атанасовски Александар, *Влијанието на Русија за создавање на Самуиловата држава и црковните врски на Самуил со Киевска Русија*, Материјали од Третата македонско-руска научна конференција, Охрид 9-11. 08. 2001, Руско-македонските јазични, литературни и културни врски, 3, Скопје, 2006 г.
5. Атансовски Александар, Саракински Војислав, *Кои биле комитопулите и од кого „отпаднале?“*, Самуиловата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на македонија, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, Струмица, 2015 г.
6. Атанасовски Александар, *Молкот на жените во Византије меѓу каноните и реалноста*, Годишен зборник на Филозофски Факултет-Скопје, том 69, Скопје, 2016 г.
7. Аџиески Коста, Петровски Бобан, *Историја на Европа во раниот среден век*, Скопје, 2009 г.
8. Беляев Сергей О., *О названии церкви, в которой был крещен князь Владимир*, Древняя Русь. Вопросы медиевистики, № 2 (4), 2001 г.
9. Бибиков Михаил В., *BYZANTINOROSSICA Свод византийских свидетельств о Руси*, том I, Языки славянской культуры, Москва, 2004 г.
10. Бибиков Михаил В., *BYZANTINOROSSICA Свод византийских свидетельств о Руси – Нарративные памятники*, том II, Рукописные памятники древней Руси, Москва, 2009 г.
11. Бибиков Михаил В, *Русь в византийской дипломатии: Договоры Руси с греками X в.*, PDF.
12. Божилов И., Гюзелев В., *История на Средновековна България VII - XIV век*, том I, Анубис, София, 1999 г.
13. Богданова Н. М., *О времени взятия Херсона князем Владимиром*, ВВ, том 47, 1986
14. Brandt Miroslav, *Povijest Rusije u srednjem vijeku*, SNL, Zagreb, 1981 g.
15. Брайчевский М. Ю., *Утверждение христианства на Руси*, (Перевод с украинского), Киев, 1989 г.
16. Васильев Александр А., *История Византийской империи*, том I, Петроград, 1917 г.

17. Vasilev Alexander A., *The Russian attack on Constantinople in 860*, The Mediaeval academy of America, Cambridge-Massachusettes, 1946.
18. Vasilev Alexander A., *The second Russian attack on Constantinople*, Dumberton Oaks Papers, Vol. 6, 1951.
19. Васильевский Василий Г., *Труды*, том I, Санкт-Петербург, 1908 г.
20. Васильевский Василий Г., *Труды*, том II, Выпуск первий, Санкт-Петербург, 1909 г.
21. Васильевский Василий Г., *Труды*, том III, Типография императорской Академии Наук, Петроград, 1915 г.
22. Вернадский Георгий М., *Древняя Русь*, Леан, Тверь; Аграф, Москва, 1996 г.
23. Vernadsky George, *Kievan Russia*, New Haven-Yale University Press, London, 1948.
24. Величко Алексей М., *История Византийских императоров*, том III, Вече, Москва, 2012 г.
25. Величко Алексей М., *История Византийских императоров*, том IV, Вече, Москва, 2012 г.
26. Голубинский Евгений Е., *История Русской Церкви*, томъ I, Москва, 1901 г.
27. Dvornik F., *Byzantine missions among the Slavs. SS. Constantine-Cyril and Methodius*, The State University of New Jersey, 1970 g.
28. Димитриу А., *К вопросу о договорах русских с греками*, ВВ, том II, 1895 г.
29. Дил Шарл, *Византиске слике*, књига I, Београд, 1927 г.
30. Златарски Васил, *История на Българската държава през средните векове, том I, първо Българско царство, част I, Епоха на хуно-българското надмощие*, трето фототипно издание, София, 2007 г.
31. Златарски Васил, *История на Българската държава през средните векове, том I, Първо българско царство, част II, От славянизацията на държавата до падането на Първото царство*, трето фототипно издание, София, 2007 г.
32. Иванов Сергей А., *Византийское миссионарство-можно ли сделать из „варвара“ христианина?*, Языки Славянской Культуры, Москва, 2003 г..
33. Карпов Алексей П., *Владимир Святой*, Молодая гвардия, Москва, 2004 г.
34. Карпов Алексей П., *Княгиня Олга*, Молодая гвардия, Москва, 2009 г.
35. Карташев Антон В., *Очерки по истории Русской Церкви*, том I, Париж, 1959 г.

36. Карышковски Петр О., *О хронологии Русско-Византийской войны при Святославе,* ВВ, томV, 1952 г.
37. Карышковски Петр О., *К истории Балканских войн Святослава*, ВВ, том VII, 1953 г.
38. Kazhdan Alexander P., *The Oxford Dictionary of Byzantinum,* New York-Oxford, Oxford University Press, 1991 g.
39. Коматина Предраг, *Црквена политика Византије од краја иконоборства до смрти Василија I,* Белград, 2014 г.
40. Constantelos J. D., *The Greek missionary background of the Christianization of Russia and the respect for its cultural identity,* ΘΕΟΛΟΓΙΑ, Τομος Ξ, Τεύνχος 4, 1989 g.
41. Кузенков Павел В., *Топография походов Руси на Константинополь в IX-XI вв.*, ВВ, том 74, 2015 г.
42. Кузенков Павел В., *Поход 860 г. на Константинополь и первое крещение руси в средновековных писменых источниках,* Древнейшие государства Восточной Европы. 2000 г., Проблемы источниковедения, редактор Л. Д. Столярова, Москва, 2003.
43. Лебедев Глеб Сергеевич, *Шведские погребения в ладье VII – XI веков,* Скандинавский сборник XIX. – Таллин „Ээсти Раамат“, 1974 г.
44. Лебедев Глеб Сергеевич, *Эпоха Викингов в Северной Европе и на Руси*, Евразия, Санкт-Петербург, 2005 г.
45. Левченко Митрофан В., *Очерки по истории Русско-византийских отношений,* Издательство Академия Наук СССР, Москва, 1956 г.
46. Левченко Митрофан В., *Русско-Византийские договоры 907 и 911*, ВВ, том V, 1952 г.
47. Левченко Митрофан В., *Взаимоотношения Византии и Руси при Владимире,* ВВ, том VII, 1953 г.
48. Leszka M. J., Marinow K., *Carstwo Bułgarskie, polytika-społeczeństwo-gospodarka-kultura 866-971,* Warszawa, 2015,

49. Литаврин Геннадий Г., *Культурные связи Древней Руси с Византии в X-XII вв. (опыт исторической характеристики)*, Балканские исследования проблемы истории и культури, Москва, 1976 г.
50. Литаврин Геннадий Г., *Путешествие Русской княгини Ольги в Константинополь. Проблеми источников*, ВВ, том 42, 1981 г.
51. Литаврин Геннадий Г., *Условия пребывания древних русов в Константинополе в X в. и их юридический статус*, ВВ, том 54, Москва, 1993
52. Литаврин Геннадий Г., *Византия, Болгария и Древная Русия*, Алетейя, Санкт-Петербург, 2000 г.
53. Литаврин Геннадий Г., *К вопросу од обстоятельствах, месте и времени крещения княгини Ольги*, Приводится по изданию Г. Г. Литаврин. Византия и Славяне. СПб., Алетейя, 2001 г.
54. Мошин Владимир А., *Хельгу хазарского документа*, Slavia, XV, Prague, 1937-1938 г.
55. Мошин Владимир, *Новгородски листићи и Остромирово јеванђеље,* Охридската Архиепископија и покрстувањето на Русија, Зборникот излегува по повод 1000-годишнината од покрстувањето на Руситe, Скопје, 1988 г.
56. Мутафчиев Петър, *Лекции по история на Византия*, София, 2014 г.
57. Назаренко Александар В., *Древняя Русь на международных путях, Междисциплинарные очерки культурных, торговых, политических отношений IX—XII веков,* Языки русской культуры, Москва, 2001.
58. Назаренко Александар В., *Когда же княгиня Ольга ездила в Константинополь,* ВВ, том 80, 1989 г.
59. Назаренко Александар В., *Еще раз о дате поездки княгини Ольги в Константинополь: Источниковедческие заметки,* Древнейшие государства восточной Европы, материалы и исследования 1992-1993, Москва, Наука, 1995 г.
60. Николић Драган, *Древноруско словенско право*, Јавно предузећ службени лист СРЈ, Београд, 2000 г.
61. Оболенски Димитри, *Византискиот комонвелт, Источна Европа 500-1453 г.*, Слово, Скопје, 2002 г.

62. Obolensky Dimitri, *Russia and Byzantium in the Mid-Tenth Century: The Problem of the Baptism of Princess Olga*, The Greek Orthodox Theological Review 28, n. 2, summer 1983 g.
63. Острогорски Георгије, *Историја Византије*, Просвета, Београд, 1970 г.
64. Острогорски Георгије, *Поход кнеза Олега на Цариград 907 године*, Византија и Словени, Сабрана дела, кн. IV, Просвета, Београд, 1970 г.
65. Острогорски Георгије, *Кијевска кнегиња Олга и Византија*, Византија и Словени, Сабрана дела, кн. IV, Просвета, Београд, 1970 г.
66. Острогорски Георгије, *Кијевски кнез Владимир и Византија*, Византија и Словени, Сабрана дела, кн. IV, Просвета, Београд, 1970 г.
67. Острогорски Георгије, *О веровању и схватању Византинаца*, Сабрана дела, кн. V, Просвета, Београд, 1970 г.
68. Пашуто Владимир Т., *Внешняя политика Древней Руси*, Наука, Москва, 1968 г.
69. Пентковский Алексей М., *„Охрид на Руси": Древнорусские богослужбеныекниги как источник для реконструкции литургической традиции Охридско-преспанского региона в X – XI столетиях*, Кирилометодиевската традиција и Македонско-Руските духовни и културни врски (по повод 1150 години од Моравската мисија и од словенската писменост), Охрид, 2013 г.
70. Петрухин Владимир Я., *Крещение Руси: от язычества к христианству*, АСТ: Астрель, Москва, 2006 г.
71. Петрухин Владимир Я., *Русь в IX—X веках. От призвания варягов до выбора веры*, 2-е изд., испр. и доп., Москва, Форум - Неолит, 2014 г.
72. Половой Н. Я., *О дате второго похода Игоря на Греков и похода русских на Бердаа*, ВВ, том, 14, Москва, АНСССР, 1958 г.
73. Половой Н. Я., *К вопросу о первом походе Игоря против Византии (Сравнительный анализ русских и византийских источников*), ВВ, том 18, Москва, АНСССР, 1961 г.
74. Поленаковиќ Харалампие, *Дипломатскиот значај на мисиите на браќата Кирил и Методиј со особен осврт на Моравската мисија*, Во мугрите на словенската писменост, Скопје, 1988.

75. Поп-Атанасов Ѓорѓи, *Охридската книжевна школа во времето на царот Самуил и почетоците на руската црковна книжевност*, Кирилометодиевската традиција и Македонско-Руските духовни и културни врски (по повод 1150 години од Моравската мисија и од словенската писменост), Охрид, 2013 г.
76. Приселковь Михаил Д., *Очерки по Церковно-политической истории Киевской Руси X-XII в.*, Наука, Санкт-Петербург, 2003 г.
77. Пчелов Евгений В., *Рюрик и начало Руси,* К 1150-летию российской государственности, Москва, 2012 г.
78. Розен Виктор Р., *Император Василий Болгаробойца извлечения из летописи Яхьи Антиохийскаго*, Санкт-Петербург, 1883 г.
79. Рыбаков Борис А., *Рождение Руси*, АиФ Принт, Москва, 2004 г.
80. Рапов О. М., *Русская Церковь в IX - первой трети XII в. Принятие христианства,* 2-е издание, Москва, 1998 г.
81. Сахаров Андрей Н., *Дипломатия Древней Руси*, Москва, 1982 г.
82. Сахаров Андрей Н., *Дипломатия Святослава*, Москва, 1982 г.
83. Соловьев Александр В., *Византийское имя России*, ВВ, том XII, Москва, 1957 г.
84. Соловьев Сергей М., *Исторія Россіи сь древнейших времень,* кн. I, том I-V, Санкт-Петербург, 1851-1879 г.
85. Трендафилов Х., *Хазарската полемика на Константин-Кирил*, София, 1999 г.
86. Удальцова Зинаида В., *Културные связи Древней Руси и Византии*, ВВ, том 42, 1981 г.
87. Успенский Федор И., *История Византийской империи*, том II, Деловная книга, Екатеринбург, 2013 г.
88. Успенский Федор И., *Русь и Византия в X веке,* Речь произнесенная 11 мая 1888 г. в торжественном собрании Одесского славянского благотворительного общества в память 900 - летнего юбилея крещения Руси. — Одесса, Кирилло-Мефодиевский кн. склад при Одесском славянском о-ве, 1888 г.
89. Франклин Саймон, Шепард Джонатан, *Начало Руси 750-1200,* Санкт-Петербург, 2000 г.
90. Хапаев Вадим В., *Корсунский поход князя Владимира в контексте Византийской смуты 70 - 80–х гг X в.,* III Международные Севастопольские

Кирилло-Мефодиевские чтения, сборних научных работ, Том II, Севастополь, 2009 г.

91. Herrin Judith, *Women in purple: Rulers of medieval Byzantium*, Weidenfeld & Nicolson, London, 2001 g.
92. Hiti Filip, *Istorija Arapa od najstarijih vremena do danas,* Veselin Maslesa, Sarajevo, 1967 g.
93. Цукерман К*., Русь, Византия и Хазария в середине X века: проблемы хронологии*, Славяне и их соседи Гречейски и славянский мир в середние века и ранее новое время, Москва, 1996 г.
94. Цукерман К., *Два этапа формирования Древнерусского государства*, Славяноведение, № 4, Москва, 2001 г.
95. Schecht S., *Au Unknown Khazar Document,* Jewish Quarterly Review, N.S. vol. III, 1912–1913 г.
96. Шахматов Алексей А., *Разысканя о древнейшихь Русскихь летописныхь сводахь,* Санкт-Петербург, 1908 г.
97. Шрайнер П., *Miscellanea Byzantino-Russica*, ВВ, том 52 (77), Наука, Москва, 1991 г.